СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

70 ГОДИНИ 1946 – 2016

СЗПМ

# ПЕНЗИОНЕРСКИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОЧИТ

МОНОГРАФИЈА

Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

СЗПМ

# ПЕНЗИОНЕРСКИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОЧИТ

70 години

1946 – 2016

СКОПЈЕ 2016

**ИЗДАВАЧ:**
Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ:**
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
м–р Илија Адамоски
Ѓорге Андонов
Душан Ристоски
Спирко Николовски
д–р Веле Алексоски
д–р Крсте Ангеловски
Баки Бакиу

**АВТОРИ:**
Драги Аргировски
Станка Трајкова
Калина Сливовска – Андонова
м–р Илија Глигоров
Мендо Димовски

**ГЛАВЕН УРЕДНИК:**
Драги Аргировски

**УРЕДНИК:**
Калина Сливовска – Андонова

**РЕЦЕНЗЕНТ:**
Александар Димковски

**КОМПЈУТЕРСКО, ГРАФИЧКО И ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ:**
Томе Ангеловски

**ЛЕКТУРА:**
Верица Тоциновска

**ПЕЧАТИ:**
РИ–ГРАФИКА

**ПРЕДГОВОР**

# ГОДИНАТА НА 70-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ ЌЕ БИДЕ ЗАПАМЕТЕНА

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во 2016 година одбележа голем несекојдневен јубилеј: 70 години од пензионерското организирање во Македонија. Во својот развој оваа пензионерска асоцијација прерасна во најмасовна и најактивна невладина мултиетничка граѓанска организација во Република Македонија, во респектабилен фактор во општеството со значајни постигања во интерес на корисниците на пензии. Посебно импресивни резултати и активности се остварени во јубилејната 2016 година, кои не само што не можат да се заборават, туку ќе бидат забележани со големи златни букви.

И најголемите оптимисти меѓу нас не можеа да претпостават дека во јубилејната 2016 година сите поставени задачи ќе бидат така точно, обмислено, целовито и инспиративно исполнети. Тоа го постигнавме со здружени сили, со ентузијазам чекорејќи по патот на вистината.

Уште на почетокот на годината СЗПМ го доби најпосакуваниот подарок од државата за 70–годишниот јубилеј, новите современи работни простории коишто се користат без надомест. Ова значеше и нов поттик и подобри можности за севкупните активности. Во март со весникот „Нова Македонија” свечено го одбележивме 50–тиот број на заедничкиот прилог „Пензионерски видици“, чие излегување во јануари 2005 година значеше прв светол зрак во разбивањето на тогашниот информативен мрак за пензионерската проблематика во Република Македонија.

Меѓу поистакнатите и поголеми наши активности во јубилејната година беа и 14–тите регионални ревии на песни, музика и игри на кои успешни домаќини беа здруженијата на пензионерите од Пехчево, Бутел – Скопје, Крива Паланка, Штип, Велес, Гази Баба – Скопје, Битола и Кичево. Шестата ревија на државно ниво се одржа во Скопје, со поддршка на Министерството за култура и поради квалитетот како најдобра досега одржана пензионерска културна манифестација беше прогласена од државата за настан од национален интерес во културата, а пензионерите за верни чувари на македонското фолклорно богатство, пример за пензионерите од земјите на нашето опкружување и Европа. Достоинствено и со успех тоа го докажаа и покажаа и нашите годинашни претставници на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана, културно–уметничките друштва од ЗП Битола и ЗП Демир Хисар. Поради постигнатите резултати на фестивалот за делегацијата на СЗПМ, премиерот на Словенија д–р Миро Церар приреди посебен прием.

Во годината на јубилејот со успех беа организирани и 21–те регионални спортски натпревари во скопски Чаир и Ѓорче Петров, Демир Хисар, Дебар, Кавадарци, Куманово, Лозово и Делчево, како и Републичката пензионерска олимпијада во Радовиш со рекордни над 500 натпреварувачи.

Рекорден број од 35.000 пензионери годинава имаше и на пикник–средбите во Ораовец, Лесново, Еленец, Дојран, Пелинце, Пантелеј и други, а се организираа и голем број собири и дру–

жења, екскурзии во земјата и во странство, хуманитарни акции за поплавените подрачја и слично.

Забележителна промоција имаше за книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината" како континуитет на хрониката за третата доба во нашата земја, којашто е одговор на некои неосновани лаги и манипулации во врска со дејствувањето на Сојузот и случувањата во областа на пензионерската проблематика. Во годината на јубилејот продолжија поволностите за подобрување на стандардот на пензионерите. Досега околу 38.000 пензионери користеле бесплатна бањска рекреација, околу 6.000 туристички викенд, над двесте илјади бесплатен железнички и автобуски превоз, масовно се користеа и намалените цени на влезниците за театарски и други претстави и посети на музеи, се одржаа работилници во рамки на проектот „Фондот на ЗОМ поблиску до пензионерите", се намалија и цените на повеќе лекови, се отворија нови подвижни аптеки, голем број пензионери со ниски пензии користеа и бесплатно болничко лекување и слично. Но уште позначајно е што преку целата година пензиите редовно се исплатуваа во првите денови од месецот, а од 1 ноември 2016 година тие се зголемени во вкупната маса за 5 отсто, така што просечната пензија во Република Македонија изнесува 13.745 денари или 223 евра и е една од највисоките во регионот.

Круна на сето ова беше успешното организирање на Свечената академија по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија на која претседателот на државата д–р Ѓорге Иванов на СЗПМ свечено му го врачи одликувањето „Повелба на Република Македонија" како благодарност за активностите и постигањата на полето на пензионерското организирање. Ова е прво одликување во долгогодишната историја на Сојузот, па затоа е и најмило. И како што нагласи претседателот Иванов ова државно признание е за сите пензионери, за нивниот придонес за заедницата за време на работниот век, но и по заминувањето во пензија. Од пензионерите со право се очекува да го пренесат акумулираното знаење, искуство и мудрост, без кои ниту едно општество не може да функционира. Радува фактот што целата свеченост во преполнатa сала во Домот на АРМ мина во вонредно убава атмосфера која долго ќе се памети.

Импресионирани од сето ова во очекувана многу пријатна достоинствена атмосфера јубилејни манифестации се одржаа и во Битола, Прилеп, Куманово, Штип, Радовиш, Велес, Гевгелија, Солидарност – Аеродром, Крушево, Крива Паланка, Демир Хисар, Демир Капија, Свети Николе и во други градови.

Истовремено, по повод јубилејот, делегации на СЗПМ примија претседателот на Собранието на РМ Трајко Вељановски и премиерот на РМ Емил Димитриев.

Овие постигања за почит беа редовно презентирани преку нашиот бесплатен пензионерски весник „Пензионер плус" кој во јубилејната 2016 година, го доживеа своето 100 издание. Весникот „Пензионер плус" е остварување на уште една визија. Во оваа пригода треба да се потсетиме на првиот број на „Пензионер плус" од 25 јули 2008 година. Историски гледано, во тоа време да се има свој весник на 16 страници во 6.000 примероци беше нов квалитет, нова победа во информирањето на пензионерите, но и за поширокaта јавност. Основниот концепт што беше предложен беше пензионерите и нивните семејства, како и државните институции да бидат поефикасно навремено и точно информирани за значајните одлуки од делокругот на пензионерското интересирање, за активности што се значајни за нивниот живот и дејствување. Весникот започна да ја информира јавноста за значајните збиднувања во пензионерската организација, за работата на фондовите на ПИОМ и ЗОМ, како и на другите релевантни фактори, со акцент на решавање или ублажување на секојдневните проблеми од животот на ветераните на трудот.

Така успешно се ширеше вистината за и околу нив. Се договоривме во информирањето да се почитува строгото правило за одговорноста на пишаниот збор, со проверка на фактите во интерес на вистината. Речиси истовремено воведовме и наша веб–страница.

Со овие зафати ја импресиониравме пензионерската популација и јавноста. Од број до број, од година на година, воведувавме и нови содржини и во духот на времето се остваруваа крупни исчекори во обласа на информирањето. Во 2011 година, воведовме и страница на албански јазик, како и страница за пензионерите во весникот на албански јазик „Koxa“. Ја развивме и дописната мрежа, со каква што не можат да се пофалат и поголемите медиуми во нашата земја. Според квалитетот, содржината и бројот на читателите „Пензионер плус“ стана лидер и репер за пензионерско информирање на Балканот, на Југоисточна Европа и пошироко.

Доброто информирање овозможи да се создаде реална слика за животот на пензионерите во Република Македонија. Придонесе да се создадат нови импулси за подобри пензионерски денови, за здраво и активно стареење. Да се има свој весник, независен, самостоен е многу крупно достигнување што треба и натаму да се негува, бидејќи само добро и навремено информиран пензионер е добар за себе и за општеството.

Сето ова, докажува и покажува дека Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија гордо и незапирливо чекори по патот на вистината, по интерактивното ширење на позитивната енергија и меѓусебното почитување. Придонесува позитивните примери да бидат поттик за сегашните, но и за идните пензионери. Треба да бидеме горди на постигнатото, за остварените визии и дела, за зголемениот рејтинг на СЗПМ, за постигнатите резултати кои се за почит за кои свој значаен удел имаат раководствата во Сојузот, Извршниот одбор, работните тела, раководствата на здруженијата и сите волонтери пензионери ширум нашата земја.

Сојузот на здруженијата на пензионерите опстојува 70 години и почива на другарство, меѓусебна почит и соживот.

Објавените текстови, автентични фотографии и анализи во Монографијава за 70 години од пензионерското организирање во Македонија насловена „Пензионерски активности за почит“, ги потврдуваат изнесените факти и податоци.

**Драги Аргировски**
**Претседател на СЗПМ**

**Александар Димковски, главен и одговорен уредник на „Нова Македонија“**

# ГОДИНИ ИСПОЛНЕТИ СО ДРУЖЕЊЕ, СОЖИВОТ И АКТИВНОСТИ

Со посебно задоволство и одговорност ја прифатив понудата да бидам рецензент на Монографијата „Пензионерски активности за почит“, што излегува по повод 70 години од пензионерското организирање во Република Македонија. Предизвикот е дотолку поголем што станува збор за оценка на дело на најголемата по бројност организација во државата и веројатно највлијателната непартиска, невладина и мултиетничка организација која во 2016 година го одбележа својот голем 7–децениски јубилеј.

Како главен и одговорен уредник на првиот македонски дневен весник „Нова Македонија“, кој директно повеќе од една деценија соработува со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија преку издавање на месечниот прилог „Пензионерски видици“, но и професионално следејќи ги сите нивни активности првично сметав дека рецензијата ќе биде главно рутинска задача. Но, по препрочитувањето на првите страници и запознавањето со поглавјата и содржината, сфатив дека пред мене е обемна, но благородна обврска – да се проникне во суштината на нешто што претставува неизбришлива историска трага и печат на времето за пензионерското дејствување.

Читајќи ги страниците на Монографијата пред вас се отвора хоризонт на непроценливо богатство од податоци. Како своевиден музеј на значајни артефакти, во ова дело се опфатени и подредени сите значајни настани од почетоците во 1946 година, кога биле регистрирани околу 2 600 пензионери, па до денес кога Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија брои над 250 000 членови.

Пред да се осврнам подетално на секое поглавје, би сакал да истакнам дека всушност станува збор за стручна монографија во која се остварени сите параметри за едно вакво дело. Тука мислам на користење релевантни, непристрасни извори на податоци и информации при обработка на содржините, а секоја тема се карактеризира со оригиналност, содржајност, исцрпност и вистинитост; додека пак квалитетот на насловите, рубриките, подрубриките, како и на фотографиите и илустрациите е на високо професионално ниво.

Голем број историски настани, подзаборавени и пожолтени страници од минатото, сега повторно оживуваат пред читателите преточени во оваа монографија. Затоа со полно право може да се констатира дека со ова дело нејзините творци ја испишуваат не само својата животна историја, туку и генезата и историјата на пензионерското организирање во државата. На овој начин им се остава на идните генерации едно непроценливо дело – богатство и база на податоци и непобитни факти, собрани и систематизирани на едно место.

Структурално Монографијата „Пензионерски активности за почит“ е поделена во 10 поглавја.

Во **првиот дел,** на почетокот, поместен е најголемиот настан – доделената награда на СЗПМ „Повелба на Република Македонија“, од страна на претседателот на државата проф. д–р Ѓорге Иванов. Сосема логично и оправдано е на почетокот од книгата да се најде највисокото

државно одликување, кое на пензионерите им се доделува за нивниот придонес во развојот и изградбата на нашата земја, но и за активностите, за нивната сплотеност, заедништво кои можат да им служат за пример на сите во државата.

Во **вториот дел** се презентирани почетоците или првите две децении од развојот на пензионерското организирање, со детални хронолошки прегледи на законските акти и уредби со кои започнало и се востановило правото на пензионерско и социјално осигурување. Тоа е поткрепено и со факсимили и илустрации од сите важни документи од тоа време. Ќе наидете и на податок дека во 1952 година, тогашната Влада донела одлука за воведување социјална пензија на преживеаните учесници од Илинденското востание кои биле прифатени во Здружението на пензионерите. Ова покажува дека многу труд, многу работа, многу прелистани документи и архивски материјали било потребно да се соберат, да се анализираат податоците и потоа сублимирано да се преточат во еден ваков труд. Во тој контекс Монографијата со своите поглавја, покрај книжевната и документарна вредност, претставува и своевиден историски бележник со енциклопедиска тежина, која ќе им послужи на идните генерации.

Во **третиот дел** се набележани сите најзначајни активности и резултати, како и Правниот статус, организацијата и делокругот на задачите. Солидарноста на пензионерите секогаш била позитивна карактеристика. Веројатно малку е познато, а во монографијата ќе прочитате, дека единствен доброволен посмртен фонд за заемна помош бил донесен уште во 1955, кој е дополнет и обновен во 1962 година.

**Четвртиот дел** е посветен на меѓународната соработка на СЗПМ. И во овој дел како и низ другите поглавја ќе се наиде на уникатни, но истовремено и фасцинантни сознанија. Даден е и детален преглед на пензионерските асоцијации од други држави со кои СЗПМ има воспоставено соработка. Низ сите овие активности СЗПМ се реализира и во една сосема друга улога – како успешен промотор и амбасадор на Македонија во опкружувањето, во Европа и пошироко.

**Петтиот дел** е посветен на меѓугенерациското дружење. Она што треба да се истакне во овој дел е феноменот на генерациска сплотеност и обединетост што е карактеристично за сите манифестации кои ги организира СЗПМ. На многу од нивните настани се присутни припадници од сите генерации. Тие се на пикниците во природа, а на орото има и стари и средновечни и млади и дечиња. Кога оваа генерациска сплотеност ќе се поврзе со соживотот и мултиетничката толеранција, што е одлика на СЗПМ, добивате еден успешен концепт кој само треба да се преслика во поимањето на политиката и на живеењето воопшто.

**Шестиот дел** носи наслов: „Пензионерите верни чувари на културното богатство на Република Македонија". И ова е една голема вистина. Во ера на глобализација и силен наплив на надворешни влијанија во сите сфери, како и во културата, музиката и уметноста, пензионерите не се само чувари на нашето културно богатство, туку и негови автентични пренесувачи на помладите. Ревиите на песни, музика и игри се традиционална и препознатлива манифестација, која е поддржана и од Министерството за култура. Но пензионерите се активни и на многу други полиња, со поттикнување и негување на литературното творештво, преку многубројни изложби на уметнички дела и ракотворби, преку учество на манифестации кои промовираат традиционални јадења итн. Низ сето тоа има една заедничка нишка – чувањето на изворот, патриотизмот, љубовта кон татковината, идентитетот и традицијата, за што не можеме, а да не им бидеме благодарни.

**Седмиот дел** е посветен на спортот и спортските активности во третата доба. Од одбраните текстови во ова поглавје може да се види дека и на овој план се постигнати високи резултати. Спортската пензионерска олимпијада во 2015 година, се одржа по 20–ти пат и прерасна во голем настан тргнувајќи од фактот дека спортувањето во поодминати години од животот овозможува да се одржува физичката и интелектуалната функција на човековиот организам и да се создава во здраво тело, здрав дух.

Во **осмиот дел** е обработен сегментот за информирањето на пензионерите, како една од приоритетните активности на СЗПМ. Почетоците биле во далечната 1952 година, кога Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија се договорило да има своја страница во рамките на веќе постојниот весник на српските пензионери, соработка која траела 16 години. Подоцна македонските пензионери создале и свој весник „Наш ЗБОР“ кој се појавува на 31 март 1967 година. Од историска гледна точка, кога е во прашање информирањето, многу значајно е што на 28 јануари 2005 година, во „Нова Македонија“, излегува првиот број на заедничкиот прилог „Пензионерски видици“, што значеше и прв светол зрак во разбивањето на дотогашниот информативен мрак на пензионерската проблематика во Македонија, прилог кој излегува и денес и постојано добива на популарност и читаност. Од 25 јули 2008 година, започнува да излегува и весникот на СЗПМ „Пензионер плус“ кој стана лидер и репер за пензионерско информирање на Балканот, на Југоисточна Европа и пошироко. Тука е и веб–страницата и електронското издание на весникот. Ова говори дека пензионерите не само што ја следат технологијата, туку и умешно ја користат и сето тоа е во функција на информацијата. Во 2011 година, е воведена страница за пензионерите во весникот на албански јазик „Koha“, што е уште еден придонес кон меѓуетничката толеранција, меѓусебното почитување и соживот – што е одлика на СЗПМ. Сојузот има и широко развиена дописничка мрежа каква што посакуваат многу медиуми и која заедно со секторот за информирање и уредувачкиот тим во СЗПМ се одликуваат со висока професионалност. Кога станува збор за информирањето би го издвоил клучното мото на СЗПМ кое гласи: **Само информиран пензионер е добар за себе, за општеството и за сојузот.** На ова нема што да се додаде или одземе.

**Деветтиот** дел на Монографијата е посветен на доделените награди и признанија по повод јубилејот 70 години од пензионерското организирање, а во последното **Десетто** поглавје се претставени 53–те здруженија, членки на Сојузот. Од прикажаното, станува јасно дека се работи за голем динамичен организам кој пулсира во ритамот на напредокот, успехот и многубројните активности на Здружението во целата држава.

Монографијата „Пензионерски активности за почит“ е значајно дело богато со разновидни содржини кои даваат детален и објективен приказ за пензионерското организирање, дејствување и постигнати резултати во изминатите седум децении. Композицијата и структурата на дадените содржини е логички распоредена во јасни и прегледни делови кои заедно прават хомогена целина со обемен и стручно втемелен концепт. Поглавјата се обработени аналитички и изобилуваат со факти и аргументи, задржувајќи го вниманието на читателот; притоа покрај информативност нудат и занимливост и едукативност. Иако делото во добар дел обработува историски и фактографски податоци за активностите на пензионерите и нивното организирање, тоа несомнено во себе носи и визија за иднината. Тоа е така, затоа што меморијата не е само бележење и присетување на одредени етапи и настани од историјата, туку таа претставува и основа за толкување и предвидување на иднината. Ваквиот квалитет би го именувал – додадена вредност на Монографијата. Како своевиден репер „бенчмарк“ што ги зацртува високо стандардите за пензионерско дејствување во иднина во земјава, но и пошироко. Истовремено во актуелните општествено–политички услови на опстанување се покажува дека токму концептот и моделот на разбирање и дејствување на СЗПМ има смисла и дава резултати. Монографијата е само уште еден показател за тоа.

# I ДЕЛ




# „ПОВЕЛБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ЗА СЗПМ

# „ПОВЕЛБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ЗА СЗПМ

## 1. СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ

На 16 септември 2016 година во Скопје се одржа Свечена академија по повод одбележувањето на 70 години од пензионерското организирање во Македонија на која претседателот на државата, неговата екселенција д–р Ѓорге Иванов, на СЗПМ свечено му врачи одликување „Повелба на Република Македонија” за придонесот на пензионерите во развојот и изградбата на нашата земја, но и за нивните активности, за нивната сплотеност и заедништвото со кои треба да се гордее и да служи за пример оваа најбројна, многу активна и мултиетничка асоцијација.






На Академијата присуствуваа високи гости од земјата и од странство и тоа: дополнителниот заменик–министер за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на ССМ Живко Митревски, генералниот секретар на Црвениот крст на РМ Саит Саити и градоначалниците на општините Ѓорче Петров, Илинден и Петровец, Сокол Митревски, Жика Стојановски и Борче Митевски, генерал Мирче Ѓорговски од АРМ, и од странство: заменик на потпретседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија Јоже Жнидарич, претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија Кол Николај во придружба на заменик–претседателот Аниса Субаши.

Свечената академија се одржа во присуство на околу 700 пензионери и гости кои со почит, гордост и аплаузи го следеа обраќањето на првиот човек во нашата земја, претседателот на државата д–р Ѓорге Иванов кој истакна:

– Почитувани пензионери, драги гости, дами и господа,

Пред четврт век, Република Македонија прогласи независност и сувереност. Најголем удел во тој голем историски потфат имаа генерациите кои беа работоспособни и кои на своите рамена, со својот труд, искуство и знаење придонесуваа кон градењето на младата држава. Голем дел од таа, клучна генерација веќе не се млади, ниту вработени. Денес сум тука со вас, во својство на покровител на прославата на седум децении пензионерско организирање во Република Македонија. Особено ми е драго што на денешнава академија ќе имам и можност на Сојузот на здруженија на пензио–



нери на Република Македонија да им доделам Повелба на Република Македонија како благодарност за сите нивни активности на полето на пензионерското организирање.

Јубилеите се убава можност да се направи рекапитулација на сработеното.

Благосостојбата на една држава може да се согледа од тоа како ги третира најмладите и најстарите граѓани. Државата треба да продолжи со своите програми и проекти да ви овозможи достоинствен живот. Овој јубилеј е можност да се еволуираат програмите и активностите и, секако, со нова енергија да се продолжи во унапредувањето на правата и должностите на пензионерите. Велам должности, бидејќи вие сте многу важен дел од општеството.

Пензионирањето од работа не значи пензионирање од општеството. Напротив, пензионерите со своите активности и помагање во рамките на домот и семејството, но и во пошироката заедница, преку учество во најразлични иницијативи со своето искуство и интелектуален капацитет се активни чинители на општествените текови. Сево ова на соодветен начин треба да биде максимално исползувано и верифицирано од нашето општество.

Навистина е импресивна листата на активности, иницијативи, програмски содржини, организирани, иницирани и реализирани од здруженијата на пензионери во сите делови на нашата земја. Исто така впечатливи се активностите на полето на културата и уметноста, особено во музиката. Неодминлив дел се и спортските пензионерски натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Ја поздравувам и меѓународната соработка која ја остварува Сојузот на здруженијата на пензионерите на Република Македонија. Секако, кога се зборува за она што е дејност на Сојузот не може да се изостави медиумската активност, пред сè издавањето на месечникот „Пензионер плус“, но и редовно ажурираната веб–страница на Сојузот, кои нудат неопходни и корисни информации.

Драги пензионери,

„Повелбата на Република Македонија“ е и признание за сите пензионери, за нивниот придонес за заедницата за време на работниот век, но и по заминувањето во пензија. Но, истовремено и очекување од вас. Да го пренесете вашето акумулирано знаење, искуство и мудрост, без кои ниту едно општество не може да функционира. Да ни помогнете да не ги повторуваме грешките што се правеле во минатото. Да им дадете пример на младите.

На крајот од моево обраќање би сакал од сè срце да ви посакам со радост и во добро здравје да уживате во вашите пензионерски денови, кои сте ги заслужиле макотрпно работејќи. Со мислата за благосостојба на сите наши граѓани и за силна и просперитетна Република Македонија, дозволете ми, на самиот крај, уште еднаш да ви го честитам големиот јубилеј и да ви посакам среќни и исполнети пензионерски денови.

По обраќањето претседателот Иванов, во многу свечена атмосфера му ја врачи Повелбата на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој примајќи го ова највисоко признание кое СЗПМ го има добиено во изменатите 7 децении, заблагодарувајќи се рече:

– Почитувани пензионерки и пензионери, драги гости, дами и господа.



Во овој свечен миг, дозволете ми најпрвин во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и во лично име најискрено да се заблагодарам на претседателот на Република Македонија, Неговата екселенција д–р Ѓорге Иванов за врученото одликување на

Сојузот кое значи признание за 250 илјади пензионери – членови на една од најстарите, најмасовните, најактивните невладини, неполитички, мултиетнички граѓански организации во Република Македонија. Одликувањето „Повелба на Република Македонија“ е највисокото признание во седумдецениската историја на пензионерското организирање во нашата земја. Затоа, голема, голема благодарност на претседателот на Република Македонија и на соодветната комисија. Голема благодарност



кон почитуваниот наш претседател кој со оваа Повелба им прави чест и почит на сите пензионери во нашата земја.

Им благодариме за присуството на сите владини претставници, на државните институции, на раководители на значајни компании со кои соработуваме, на сите добитници на јубилејни плакети и признанија, на учесниците во програмата на Свечената академија, на членовите на гардата на претседателот, на гостите од пензионерските сојузи на Словенија и Албанија, на медиумите, на сите вас кои со своето присуство го зголемивте значењето на ова величествено одбележување на 70–годишнината од пензионерското организирање во нашата земја. Тоа е редок јубилеј кој заслужува посебен респект и од пошироката јавност.

Пред точно 70 години, во далечната 1946 година, во Народна Република Македонија, имало само 2.600 старосни, семејни и инвалидски пензионери со што започнува и пензионерското организирање во Македонија. Во 1950 година, пензионерите се под заштита на синдикатите, при што биле формирани и комисии за прашања од пензискиот систем, за здравствена заштита, за повластени патувања, за користење синдикални одморалишта и слично. Во 1951 се регистрирани 3.700 пензионери, а во 1960 година 15.300. Десет години потоа, тој број е зголемен на 51.500, во 1980 на околу 85.000 и во 1986 година на 122.800 пензионери.

Во 1991 година во независна, суверена и самостојна Република Македонија бројот на пензионерите се зголемува на 166.200. Тогаш СЗПМ се определува да биде самостојна невладина и неполитичка мултиетничка асоцијација, која во континуитет ги штити и унапредува правата на пензионерите утврдени со закон. Во времето на транзицијата во нашата земја, неправилната приватизација на општествениот капитал и големата инфлација придонесоа значително да се намали стабилноста на пензискиот систем. Во 1996 година бројот на вработените од 600.000 е намален на 412.000 или за 188.000, а бројот на пензионерите е зголемен на 220.300 или за 90.000. Истовремено односот вработен – пензионер од 4,6:1 во 1990, во 1996 година се намалува на 1,8:1. На прагот на новиот милениум во 2000 година во Република Македонија има 241.000 пензионери, а во 2011 околу 278.000 од кои 235.000 членови на СЗПМ и 35.000 членови на трите сојузи на корисници на инвалидска пензија. Денес со зголемувањето на бројот на вработените соодносот вработен – пензионер е 2,4: 1, а СЗПМ брои околу 250.000 членови. СЗПМ развивајќи се во континуитет, остава траги и во развојот на државата и со своите 53 доброволно здружени здруженија на пензионери е и вистински репрезент на неговото височество пензионерот.

Во сите овие години основна цел на Сојузот е заштита и унапредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, здравствената заштита, хуманитарните активности, културните и спортските настани и анга–

жираност за создавање достоинствени услови за живот и стандард за здраво и активно стареење. Во тој контекст се очекува и донесување Закон за пензионерско организирање во Македонија и за стари лица, за што раководството на СЗПМ подготви Предлог–закон.

Како што е познато, во последните неколку години Сојузот во интерес на пензионерите остварува многу добра соработка со Министерството за труд и социјална политика, со Министерството за култура, со Фондот на ПИОМ, со Фондот за здравствено осигурување, со Сојузот на синдикатите на Македонија и со Црвениот крст на Македонија. Благодарение на таа соработка и ангажираност неколку години во континуитет остварена е редовна исплата на пензиите за сите пензионери секоја прва седмица од месецот, а најниската од 4.330 денари во 2006 година сега изнесува 8.241, односно е зголемена за 84 отсто, додека пак просечната пензија од 7.688 сега изнесува 13.077 денари што е за 70 отсто повеќе. Со новото петпроцентно покачување на пензиите од ноември, просечната пензија ќе биде 223 евра и ќе е значително повисока од нашите соседи Србија, Бугарија, Албанија и Косово, кај кои и трошоците за живот се повисоки. За македонските пензионери тоа значи многу, бидејќи многумина од нив издржуваат една до две генерации. Истовремено, за пензионерите посебно значење има и зголемувањето на бројот на вработените од младите генерации, бидејќи на тој начин повеќе средства остануваат за подобар живот на самите пензионери.

За подобар стандард на пензионерите свој придонес имаат и неколку успешни владини проекти поддржани од СЗПМ. Да ги спомнам бенефициите само на некои од нив. За шест години седумдневна бесплатна бањско-климатска рекреација користеа 37.000 пензионери со ниски примања, што придонесува и на развојот на бањскиот туризам во Република Македонија. Во последните две години над 80.000 пензионери користеа бесплатен железнички превоз, а во Скопје и во некои други градови воведен е бесплатен градски автобуски превоз. Со настојување на Сојузот голем број пензионери со пензија до 12.600 денари добија право на бесплатно болничко лекување и друго. Во овој период здруженијата на пензионерите самостојно или во соработка со локалната самоуправа отворија и повеќе клубови на пензионери, кои неделно ги посетуваат по околу 150.000 членови за да се дружат, да играат шах, домино и табла и да се информираат. Иако, сè уште недоволно, отворени се и неколку центри за дневен престој и повеќе приватни старски домови, а е поттикната и изградбата на нови пензионерски домови, така што овој проблем почна да се ублажува.

Веќе неколку години СЗПМ дава акцент и на средбите на зелено, кои од година на година стануваат помасовни, а годинава во чест на јубилејот се остварени рекордни посети од 6.000 во Дојран, 7.000 во Еленец до 9.000 во Ораовица, а ваква масовност се очекува и на средбата овој месец во Лесново. Притоа, на овие средби до израз доаѓа меѓусебното почитување и ширење пријателство. Во заедничкото оро играат Македонци, Албанци, Срби, Турци, Роми и Власи, се пеат заеднички песни, со чувство на заедништво, сплотеност и припадност кон државата. Тоа се средби на незаборавот, кои шират позитивна енергија меѓу пензионерите и остануваат запаметени како пример за сегашните и идните генерации.

Во нашето опкружување, но и пошироко, во Европа, познати се нашите манифестации на културно и спортско ниво. СЗПМ веќе 14 години во континуитет организира регионални ревии на песни, музика и игри и шест години Републичка ревија, кои Министерството за култура ги прогласи за манифестации од национален интерес за културата во нашата земја. Првата регионална ревија е одржана во 2003 година во Пробиштип, со само 7 здруженија учесници, а годинава се одржаа 8 регионални ревии со учество на 50 здруженија. Посебно фолклорно обележје имаше Шестата републичка ревија што на 7 јуни се одржа во Скопје, која е најдобра досега. Тука треба да се додаде дека последните неколку години пензионерите масовно посетуваат културни настани, како резултат на одлуката на Министерството за култура пензионерите да добиваат влезници со 50% намалени цени.

Во духот на јубилејот се одржаа и осум регионални спортски пензионерски натпревари со учество на 52 здруженија, со над 2.000 натпреварувачи во 11 дисциплини. За споредба на првите натпревари во Охрид 1996 година учествуваа само 13 здруженија со вкупно 45 натпреварувачи во три дисциплини. Посебен успех е остварен на 21–те републички спортски натпревари што се одржаа на 3 септември 2016 година, на спортските терени на рекреативниот центар „Шампион“ во Радовиш во присуство на околу 1.200 учесници од кои рекорд–

ни 500 беа натпреварувачи. Овие факти се показатели за развојот и квалитетот на пензионерските спортски игри во нашата земја и за нивното значење во ширењето во здраво тело здрав дух.

СЗПМ подолго време соработува и со пензионерски асоцијации од Србија, Словенија, Албанија, Хрватска, Бугарија и Црна Гора. Се настојува оваа меѓународна соработка да се збогати, со цел да се користат европските искуства за подобро сознавање на пензионерските проблеми и постигања. Посебно за поздравување е нашата соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија, каде што веќе седма година имаме забележително учество на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана. Со голема финансиска помош од фестивалот на оваа престижна меѓународна манифестација во минатите шест години учествуваа ансамблите на здруженијата на пензионерите од Куманово, Пробиштип, Кочани, Тетово, Прилеп, Радовиш и Македонска Каменица, а овој месец таа чест ќе им припадне на Битола и Демир Хисар. За квалитетно и успешно учество на овој фестивал, СЗПМ доби меѓународно признание.



Карактеристика на периодот од новиот милениум е отстранувањето на информативниот мрак за пензионерската проблематика, со излегувањето на „Пензионерски видици“ во 2005 година како прилог на весникот „Нова Македонија“, со воведувањето емисии на Македонската телевизија и Радио Скопје, а во 2008 година почна да излегува и весникот за сегашните и идните пензионери „Пензионер плус“ со страница на албански јазик. Воведена е и современа веб–страница на СЗПМ, како и прилог за пензионерите во весникот на албански јазик „Koxa“. Во сите нив се негува методот на ширење на вистината и на фактите. Тоа придонесува пензионерите и јавноста навремено, правилно и точно да бидат информирани и со непобитни аргументи да ја негуваат вистината. Со ваквото богато информирање Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е единствен на Балканот.

Сите наведени активности и резултати се за почитување. Кога станува збор за пензионерската проблематика, СЗПМ е категоричен дека сите политички фактори треба да имаат единствен позитивен став, бидејќи тоа се битни прашања за пензионерите и во интерес и на државата. Очекуваме успешно да продолжиме да чекориме по патот кој сме го одбрале со нашето искуство, знаење и мудроста и по кој чекориме седум децении. Мудроста и искуството ги красат постарите, а силата е кај помладите – заедно постигнуваме повеќе.

Да живее Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија! Да живее независна Република Македонија!

Во салата се слушаше аплауз помешан со радост и со гордот. Сите беа радосни и заради високото признание, но и свесни дека признанието е и обврска за постигнување уште повисоки резултати и поголема ангажираност за подобар стандард и поквалитетни исполнети пензионерски денови.

Во рамки на Академијата беше изведена и пригодна културно–уметничка програма со учество на пејачки и игроорни групи и музичари од здруженијата на пензионерите: Гази Баба, Кисела Вода, Центар, Солидарност – Аеродром, Чаир и Ѓорче Петров.

По повод 70–годишниот јубилеј на СЗПМ, на истакнати личности, на институции, на градоначалници, на здруженија на пензионери, на претседатели на здруженијата на пензионерите и други активисти, им беа доделени вкупно 259 признанија од кои 97 плакети и 162 благодарници.

# 2. ДОДЕЛУВАЊЕ ПЛАКЕТИ НА ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

## 2.1 ПЛАКЕТА ОД СЗПМ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Д-Р ЃОРГЕ ИВАНОВ




Претседателот на државата д–р Ѓорге Иванов на македонските пензионери – членови на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија со своето покровителство им направи голема чест и почит.

Првиот пат тоа беше 2011 година, кога беше покровител на свечената академија по повод „65 години од пензионерското организирање во Македонија“.

Вториот пат кога по повод 70–годишниот јубилеј на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија му додели „Повелба на Република Македонија“.

Сојузот му се заблагодари на претседателот Иванов со доделување на Плакета на СЗПМ за особен придонес во развојот на пензионерското организирање во Македонија, на неговата Екселенција лично, и на државата.

## 2.2. ПЛАКЕТА НА СЗПМ ЗА СОБРАНИЕТО НА РМ

По повод 70 годишниот јубилеј на СЗПМ, претседателот на Собранието на Р. М. Трајко Велјановски ги прими претседателот на Сојузот Драги Аргировски и потпретседателот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски. Притоа претседателот Аргировски свечено му ја врачи Плакетата од СЗПМ на претседателот Велјановски за особен придонес на Собранието во развојот на пензионерското организирање во Македонија. Претседателот Аргировски во своето обраќање на средбата истакна дека Сојузот успешно и достоинствено го одбележа големиот јубилеј со низа манифестации, а посебен акцент даде на историскиот континуитет и на постигањата во последните години кога СЗПМ стана пример и лидер на пензионерското дејствување во опкружувањето и пошироко меѓу земјите на Балканот. Заблагодарувајќи се за признанието претседателот на Собранието на Р.М. Велјановски го истакна значењето на работата на оваа најмасовна и многу активна невладина мултиетничка организација и им посака нови успеси и постигања на сите пензионери во нашата земја.




## 2.3. ПЛАКЕТА НА ВЛАДАТА НА РМ

И премиерот на Владата на Република Македонија Емил Димитриев, на 25 октомври





2016 година прими делегација од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија предводена од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Во делегацијата беа претседателот на Собранието Бесник Поцеста, секретарот на Извршниот одбор Станка Трајкова и членовите на Извршниот одбор Калина Сливовска – Андонова и Ѓорѓи Серафимов. Повод на посетата беше врачување Плакета од Сојузот на премиерот, по повод големиот јубилеј 70 години пензионерско организирање во Македонија и запознавање со активностите и постигањата на СЗПМ во изминатите седум децении, со посебен акцент на последната и најактивна декада, во која СЗПМ стана лидер и пример на пензионерска асоцијација во опкружувањето и пошироко на Балканот, но и битен фактор во државата.

Најнапред претседателот на СЗПМ Аргировски официјално му ја врачи Плакетата на премиерот Димитриев, како знак на успешната и плодна соработка со Владата на Македонија во целиот период од 70 години. Притоа тој искажа голема благодарност за поддршката и низата проекти со кои Владата и соодветните министерства поврзани со оваа популација, ги реализираа за подобар и поквалитетен живот на пензионерите во Македонија. Со Плакетата му ја врачи и својата најнова книга „Аргументите ја осветлуваат вистината”, поврзана со луѓето од третата доба, која е една од неговите 20 публицистички дела, а седма, поврзана со пензионерската популација.

Во пријатна атмосфера, премиерот Димитриев беше запознаен со активностите и успесите на Сојузот во изминатите години, со посебен акцент на резултатите во оваа јубилејна година. Меѓу другото беше запознаен со потребата од изградба на нови старски и пензионерски домови во Скопје и во внатрешноста, од потребата на проширување на социјалната и здравствена заштита, од неминовноста од донесување Закон за пензионерско организирање во Македонија, од редовна исплата на пензиите и од консензус на сите чинители во земјата кога се во прашање правата на оваа многубројна популација и при тоа истакна:

– Патот по кој чекориме е патот на вистината, чесноста и соживотот. Така е до сега, така и ќе продолжиме, во тоа сме убедени а и во




Сојузот и во сите 53 здруженија доброволно здружени со иста цел.

Премиерот Димитриев се заблагодари на честа која му ја даваат најстарите жители во земјата со доделување на Плакета по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија и меѓу другото рече:

– Ми претставува особена чест што сте ми гости. Ме радуваат вашите успеси и резултати. Од вас треба да учат помладите генерации особено на полето на соживотот и етничката толеранција. Владата и досега и во иднина ќе ги поддржува пензионерите и ќе ги разгледува сите ваши предлози во границите на своите можности, и забелешки кои се во ваш интерес и во интерес на државата. Се разбира дека секогаш може и треба да биде подобро и повеќе. Ни забележуваат дека сите проекти и бенефиции се заради придобивање на пензионерскиот глас. Таквите мислења нема да не де–

фокусирааат да работиме како и до сега. Треба да сме единствени и економски јаки. Другото ќе си дојде само по себе, иако глобализацијата има влијание насекаде, па и кај нас. Пензионерите се искусни и мудри луѓе. Тие секогаш се на страната на она што е добро за нив, но и за државата.

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски му врачи Плакета на Министерот за одбрана Зоран Јолевски по повод 70–годишниот јубилеј на пензионерската организација во Македонија, и притоа се заблагодари за поддршката што ја дава Министерството на Сојузот и на здруженијата на пензионери.



На средбата стана збор за збогатување на соработката во повеќе области.

## 2.4. ПРАЗНУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЈА

По Свечената академија по повод одбележувањето на 70–годишниот јубилеј на пензионерското организирање, празнувањето и доделувањето признанија продолжи достоинствено на свечената средба во ресторанот „Ханибал“, каде што претседателот на СЗПМ Драги Аргировски на дополнителниот министер за труд и социјална политика Диме Спасов и на двајцата високи гости и претставници од Словенија и Албанија, им врачи плакети на СЗПМ со порака за натамошно продолжување и збогатување на соработката со двата сојуза. Заблагодарувајќи се на признанието, Јоже



Жнидарич во име на Сојузот на пензионерите на Словенија, на претседателот Драги Аргировски му подари уметничка слика со мотиви од словенечкото поднебје. Исто така, голема благодарност и честитки за празникот упати и Кол Николај, претседател на Конфедерацијата на албанските синдикати во чии рамки функционира и пензионерската организација. Поздравни телеграми на свеченоста беа прочитани и од претседателите на сојузите на здруженијата на пензионерите од Србија и Црна Гора, Ѓуро Периќ и Бранко Вешовиќ и од досегаш–



ниот претседател на словенечките пензионери Антон Донко.

Големиот јубилеј на сите пензионери од Република Македонија им го честиташе и дополнителниот заменик–министер за труд и социјална политика Диме Спасов кој примајќи го признанието за особен придонес за развојот на



пензионерското организирање во Македонија, во свое лично и во името на наградените со топли зборови се заблагодари и меѓу другото рече:

– Секогаш со задоволство присуствувам на манифестациите и активностите кои ги ор–

ганизира Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. И во оваа прилика сакам да ја потенцирам нашата соработка. Министерството и во иднина ќе поттикнува проекти и програми од интерес на пензионерите и ќе ја продлабочува соработката. Од името на сите кои добија признанија се заблагодарувам за честа што ни ја направи Сојузот доделувајќи ни признание за стореното, и во исто време од сè срце ви го честитам големиот јубилеј и високата награда „Повелба на Република Македонија“ со која бевте одликувани од претседателот на државата д–р Ѓорге Иванов. Вие ја заслужувате оваа награда како најактивна, најмасовма невладина мултиетничка организација. Ви посакувам уште многу награди, јубилеи, многу здравје и активно исполнето стареење, – рече Спасов.

На свеченоста во „Ханибал“ беа врачени плакетите на ССМ што ја прими претседателот д–р Живко Митревски, како и на градоначал-




ниците на Илинден и Петровец Жика Стојановски и Борче Митевски.

Јубилејот на сите пензионери на свој начин, со слика од „цвеќето на мирот” им го честиташе познатиот ликовен уметник и хуманист Живко Поповски – Цветин. Прославата про-



должи во заедничко дружење, со меѓусебни честитки и забава.

На посебна свеченост беа доделени плакети на СЗПМ на градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, на Црвениот крст на РМ ко-



јашто ја прими генералниот секретар д–р Саит Саити, на Фондот на ПИОМ која ја прими генералниот директор Шаип Зенељи, на Фондот




на ЗОМ која во името на фондот ја прими д–р Стефановски, а свечени академии и свечености се одржани и во здруженијата на пензионерите во Битола, Прилеп, Куманово, Штип, Солидарност – Аеродром, Чаир, Струмица, Струга, Пробиштип, Радовиш и Конче, Велес, Охрид и Дебрца, Кочани, Македонска Каменица, Демир Хисар, Демир Капија и други.

Добитници на плакети се и 23 градоначалници кои имаат голем придонес во збогатувањето на соработката со здруженијата на пензионерите, а особено во отворањето клубови и поддршка за други активности.

# II ДЕЛ



Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

Поштарината е платена во готово

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

29 | 28 IX 1946 год. | Год II

Службен весник на Народна Република Македонија излегуе повремено. Ракописите се праќаат на адреса: Редакција „Службен весник на Н. Р. М." Скопје. Ракописите не се враќат

Цена 5 динари од табак. Претплата за 6 месеци 135 динари за една година 250 динари. Огласите се примат по тарифата објавена во „Службен весник на НРМ бр. 7/46 Чек. смет. при Пошт. штед. бр. 83-109

**Цитати:**

**ЗАКОН**

**за пензионирање и востановуење правото на пензија на службениците на бившите административно-политички самоуправни заедници на подрачието на Народна Република Македонија**

Се признава право на лична пензија на бившите службеници на бановинските, обласните, жупаниските, окружните, околијските, градските и општинските самоуправни тела, самоуправните привредни претпријатија и установи на подрачието на Народна Република Македонија, кои биле на должности со право на пензија по односните прописи како и право на семејна пензија на членовите на нивните семејства во границите на овој Закон.

Службениците означени во овој Закон се ставаат во пензија со денот 6. XI.1945 г. Досегашните пензии начелно се признаваат, но подлежат на ревизија.

Исплатата на пензиите по овој Закон паѓа на терет на буџетот на НР Македонија и се врши преку Фонд согласно Финансовиот закон на ФНРЈ за 1946 г.

Право на пензија по овој Закон припаѓа од 1 јули 1946 г.

Број 698 Скопје 10 септември 1946 г.

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

# ПРВИТЕ ДВЕ ДЕЦЕНИИ НА РАЗВОЈОТ

# ПОЧЕТОЦИ НА ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

## 1. ФОРМИРАЊЕ СОЦИЈАЛЕН СИСТЕМ И ВОСПОТАНОВУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПЕНЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Како почеток на пензионерското организирано здружување во Народна Република Македонија е земено донесувањето на три темелни закони и тоа:

– „Уредба за востановување право на пензија” донесена на 25.10.1945 г., објавена во „Службен лист“ на Демократска Федеративна Југославија, број 86 од 06.11.1945 година, која стапила во сила на 01.01.1946 година;

– „Закон за социјално осигуреување на работниците, намештениците и службениците” донесен на 26 јули 1946 г., објавен во „Службен лист“ на ФНРЈ бр. 65. од 13.08.1946, а спроведувањето започнало од 01.01.1946 година;

– „Закон за пензионирање и воспостановување на правото на пензија на службениците на поранешните административно–политички самоуправни заедници на подрачјето на Народна Република Македонија”, донесен на 10 септември 1946 г., објавен во „Службен весник“ на НРМ бр. 29 од 28.09.1946 година.

Ова условило во 1946 година да бидат регистрирани околу 2.600 пензионери и овозможило да започне пензионерското организирање во Македонија, за што во 2016 година СЗПМ одбележа 70–годишнина. Најнапред пензионерите учествувале во работата на разни комисии и во други здруженија и општествено–политички организации. Зголемувањето на бројот и квалитетот на активностите на пензионерите во Македонија било резултат на зголемувањето на бројот на пензионираните работници како и од нивното дополнително просветување и образование.

Со уредби со законска сила и со други прописи на Демократска Федеративна Југославија (ДФЈ), во1945 година започнало формирањето и дејствувањето на „систем за социјално осигурување“ во новите услови, кога бил основан и Средишен завод за социјално осигурување, како единствен за целата ДФЈ. Во Скопје бил основан Земски завод за социјално осигурување со повеќе филијали. За решавање на спорови во врска со овие права, имало Суд за социјално осигурување. Тогаш била воведена единствена стапка на придонес за социјално осигурување во висина од 20 отсто од бруто–платата, наменета за: социјално осигурување во случај на болест, незгода и *пензиско* осигурување. На 25.10.1945 г., била *донесена* Сојузна уредба со законска сила со наслов: „Уредба за востановување право на пензија“, и *објавена* во „Службен лист“ на Демократска Федеративна Југославија, број 86 од 06.11.1945


СМРТ НА ФАШИЗМОТ – СЛОБОДА НА НАРОДОТ

СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИА

Уторак, 6 ноември 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 86 ГОД. 1

УРЕДБА
ЗА ВОСТАНОВУЕЊЕ ПРАВО НА ПЕНЗИЈА

**Право на пензија ПО ОВАА УРЕДБА припагја од 1 јануари 1946 година.**

По членот 5 на Одлуката на Националниот комитет за ослободуење на Југославија од **19 декември 1944** нема да се постапуе.

Се овластуе сојузниот Министер за финансии да издаде **Правилник** во кој ќе ги сврсти личните пензионери по звањата и положајните групи во пензиски основи од членот 6 на оваа Уредба, а фамилијарните пензионери во групите на фамилијарните пензии по чл. 10 на оваа Уредба, ќе предвиди случаи кога на лицата кои со оваа Уредба губат право на пензија поради недоволни години на служба или години на живот може да биде одредена помокј, ќе пропише што има да се смета како ефективна служба, ќе изврши поделба на пензионерите на сојузни и земски, ќе пропише подробни одредби за извршување на оваа Уредба и ќе дава потребни објаснувања и толкуења за примена на оваа Уредба.

Претседател на Министерскиот совет, Министер за народна одбрана и застапник на Министерот за надворешни работи, Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

година. Таа стапила *во сила* на 01.01.1946 година и непосредно го уредувала пензионирањето на сојузно и републичко ниво. И пред ова имало прописи според коишто работниците добивале пензија, меѓутоа „de facto" се зема дека ова е прв системски закон во оваа област. На 26 јули 1946 година бил *донесен* „Закон за социјално осигуреење на работниците, намештениците и службениците" *објавен* во „Службен лист" на ФНРЈ бр. 65. од 13.08.1946 г., а *спроведувањето* на социјалното осигурување по тој Закон започнало од 01.01.1947 година. Тој е многу важен системски закон за социјалното осигурување во кој биле регулирани и правата за стекнување старосна, семејна и инвалидска пензија. Натамошниот развој на трудовото право, преку работничкото осигурување, бил рефлектиран преку нов „Закон за социјално осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии", *донесен* на 21.01.1950 г, а објавен во „Службен лист" на ФНРЈ бр. 10. од 8.2.1950 г. Со овој закон било проширено и усовршено социјалното осигурување како најважен дел за решавање на прашањата за заштита на работниците и службениците. Овој закон предвидел повторно пресметување на сите пензии според новите прописи, независно дали за време на вработувањето биле пензиски осигурени или не. На овој начин бил заокружен нов систем за социјално осигурување.

Пензиското и инвалидското осигурување е комплексна гранка на социјалното осигурување. Тоа е во непрекинат развој и приспособување гледано од хуманитарен и економски карактер. Пензионерите како дел од населението имаат општи и заеднички потреби како и другото население, меѓутоа тие имаат и специфични потреби. Развојот на пензискиот систем во Македонија имал неколку карактеристични периоди:

– повоениот период, сè до 1964 година;

– периодот по 1964 година се до новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување објавен во „Сл. весник на СРМ" бр. 46 од 1972 година, новите прописи донесувани во периодот од 1982 до 1993 г.;

– периодот од 1.1.1994 до 31.12.2005 г.; и период којшто врз основа на законите донесени по 2000 година, почна од 1.1.2006 година.

За секоја демократска држава важно е постоењето (задолжително) осигурување со сите облици на осигурување на работниците. Многу значаен вид на социјална сигурност е инвалидското (во случај на болест, повреда) и пензиското осигурување (внесени придонеси, години на стаж и години како возраст). Секаде е потребно да се врши усовршување на пензискиот систем.

Системот на пензиското и инвалидското осигурување од 1945 г. наваму се спроведува преку државна институција која претрпела организациски промени и го менувала називот и надлежностите. Историски гледано во Република Македонија прв државен систем за социјално осигурување (во чии рамки е и пензиското осигурување) бил воспоставен со „Закон за социјално осигурување на работниците, намештениците и службениците" којшто стапил на сила на 01.01.1947 година. Со овој закон организацијата на осигурувањето била поставена на целосно нови основи, според принципот: „социјалното осигурување е државно, сеопфатно, целосно и единствено". Државниот Завод за социјално осигурување бил носител на ова осигурување со Дирекција во Белград, со надлежност за целата држава, а во републиките биле формирани филијали и во претпријатијата – експозитури. Во тоа време сè уште постоеле разлики помеѓу социјалното осигурување на работниците и државните службеници. На сила биле повеќе разни прописи за определување на пензиите на државните службеници, така што нивните пензии не ги определувал органот на социјалното осигурување, туку надлежниот ресорен министер. Уредбата за востановување право на пензија, донесена на 25.10.1945 г., заедно со Законот за социјално осигурување на работниците и службениците од 26.07.1946 година и следствените подзаконски прописи *се вреднуваат како основа на новото пензионерско организирање*.

Бројот на пензионерите во Македонија во тој период бил мал.

**Преглед на пензионери во Македонија во периодот од 1946-1949 г.**

| Година | Старосна пензија | Семејна пензија | Инвалидска пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1946 | 792 | 956 | 850 | **2598** |
| 1947 | 1101 | 1208 | 1294 | **3603** |
| 1948 | 1257 | 1447 | 1613 | **4317** |
| 1949 | 1585 | 1642 | 1708 | **4935** |

# 2. СОЗДАВАЊЕ ПЕНЗИОНЕРСКО ЗДРУЖЕНИЕ

Пензионерите се значајна група од населението. Староста не е пречка за активен социјален живот и за создавање. Како и другите граѓани, согласно со законот, и тие имаат право на здружување во граѓански организации. Таквото право во тогашна Југославија има почетоци во законите донесувани веднаш по Втората светска војна, кога започнало и формирањето на републички пензионерски здруженија во југословенските републики и покраини. По формирањето, републичките пензионерски здруженија воспоставиле меѓусебна соработка, договарање и усогласување по значајни прашања, разменување искуства и заемни посети.

Кон крајот на 1950 година, бил формиран Иницијативен одбор за основање македонско здружение. Тој подготвил „Правила“ (Статут), „Програма“ и „Финансиски план“. Иницијативниот одбор побарал одобрение за основање и регистрација од надлежниот државен орган. Министерството за внатрешни работи на НРМ, на 4 ноември 1950 година донело Решение за основање и работа на „Здружение на пензионерите на Народна Република Македонија“ и истото е објавено во „Службен весник на НРМ“ бр. 13 од 18 април 1951 година во кој е објавено Решението за основање и работа на Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија.


Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ“ — Скопје, и не се враќаат. | СКОПЈЕ Среда, 18 април 1951 година Број 13 Год. VII | Овој број чини 2 дин. Претплата за една година изнесува 250 дин. Чековна сметка бр. 801.901812

Министерството за внатрешни работи на НРМ – Скопје, надлежно по чл. 13 буква г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување оснивањето и работата на Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија со седиште во град Скопје, донесе следното:

РЕШЕНИЕ
ЗА ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Одобрува оснивањето и работата на „Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје, а со право на дејност на подрачјето на Народна Република Македонија.

Такса по тар. бр. 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.
Решено во Министерството за внатрешни работи на Народна Република Македонија на ден 4-XI-1950 год, под бр. 22122/50
II—25—466

На 28 декември 1950 година било одржано **Основачко собрание** на кое бил избран првиот „Земски одбор“ во состав: Ѓорѓе Ристиќ, претседател, Пане Фидановски, потпретседател, Стеван Симиќ, секретар, Воислав Никодијевиќ, благајник, и членовите: Елисавета Ѓеоргиева, Тодор Велев, Александар Цветковиќ, Данило Томовски, Здравко Здравковски, Мухамед Мудеризовиќ и Новак Буковиќ. Првиот Надзорен одбор бил во состав: Михајло Санев, Џемаил Катана и Миливоје Кајевиќ. Според секундарните извори, **Конститутивното собрание** било одржано дури во јуни 1951 година, непосредно пред основањето на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија. Во финансиски, организациски и акционен поглед републичкото пензионерско здружение било формирано како самостојна организација составена од подружници (здруженија) и финансирана од членарината на своите членови. Првата задача на подружниците била организирање на пензионерите на територијата и нивното ангажирање во сите активности во општеството, како што се, во тоа време актуелните доброволни работни акции и учеството во работата на органите на народната власт на сите нивоа.

Во 1951 г., Земскиот извршен одбор на ЗПНРМ, се обратил до Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија со молба за вклучување како колективен член во Сојузот на синдикатите на Југославија. Поблиската соработка на ЗПНРМ со синдикатите започнала по прифаќањето на молбата на Вториот конгрес на ССЈ, исто така во септември 1951 година.

Бил основан и заеднички „Сојуз на здруженијата на пензионерите на Југославија – **СЗПЈ**“, на основачки Конгрес на 20 и 21.6.1951 година. На овој Конгрес биле избрани раководните органи: Сојузен одбор и Надзорен одбор. Во Сојузниот одбор од НР Македонија биле избрани: Ѓорѓе Ристиќ, Михајло Јанев, Џемаил Катана, Петар Димовски и Крсто Коруновски, а нивни заменици биле: Панде Фидановски, Манојло Јанев и Благој Боцевски. Сојузниот одбор имал претседателство, а за негов прв претседател бил избран Ѓуро Гашпарац, а потпретседатели биле Ѓорѓе Ристиќ и Лазар Матковиќ. Приходите за буџетот на СЗПЈ биле одредени според квота за уплата од секое републичко здружение сразмерно на бројот на пензионерите.

Првото претседателство на СЗПЈ

Za Predsjednika izabran je Gašparac Đuro, za potpredsjednike: Matković Lazar, predsjednik Zemaljskog odbora UPNRB i H i Ristić Đorđe, predsjednik Zemaljskog odbora UPNRM, za Sekretara Klicin Predrag, predsjednik UP Autonomne Pokrajine Vojvodine.



Predsjedništvo Saveza Udruženja penzionera Jugoslavije (s lijeva na desno) 1. Ristić, predsjednik Z O N R H, 2. A. Petrović, potpredsjednik Z O B i H, 3. M. Sauer, tajnik Z O N R M, 4. Predrag Klicin, predsjednik PO V i sekretar Saveza U P F N R J, 5. R. Matković, predsjednik Z O B i H, 6. Draga Stefanović, član Z O N R S, 7. Đuro Gašparac, predsjednik Z O U P N R H i predsjednik Saveza, 8. Ivan Vrkljan, tajnik U P N R H, 9. Novica Sekulović, predsjednik Z O N R Crne Gore, 10. Andrej Sieli, predsjednik društva Upokojencev L R S, 11. Valentin Bidovec, pravni referent društva Upokojencev L R S.

Соработката на републичките пензионерски здруженија со синдикатите била регулирана по Тринаесеттиот пленум на Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија, во ноември **1950** година. Тогаш било *препорачано* здруженијата на пензионерите од републиките да бидат примени во состав на ССЈ, без обврската за плаќање членарина.

Според извештајот, во јули 1952 година, ЗПНРМ имало 28 подружници со околу 6.500 пензионери. Владата донела одлука за воведување социјална пензија на преживеаните учесници од Илинденското востание кои биле прифатени во ЗПНРМ. По регистрирањето и Конститутивното собрание на ЗПНРМ се размислувало за пензионерско информативен весник. Немајќи можности за издавање сопствен, македонското здружение се договорило да има своја страница во рамките на веќе постојниот весник на српските пензионери.

Во меѓувреме Сојузната влада донела Уредба да се организираат градски, околиски и републички заводи за социјално осигурување во чии собранија биле бирани и пензионери. Во поединечни подружници биле формирани „спомагателни каси“, а од буџетот на ЗПНРМ се исплатувала посмртна помош и помош за бањско–климатско лекување. Според промените во територијалната поделба, Здружението, организациски се приспособувало на децентрализацијата. Како што се спроведувале реорганизации во органите на власта во државата, така биле вршени реорганизации и на раководните органи во Здружението и се вршело самоуправно преструјување на организацијата. *Второто годишно собрание* на Земскиот одбор на ЗПНРМ било одржано на 15 април 1953 година, по претходно одржаните годишни изборни собранија во подружниците на пензионерите. На ова Собрание гости биле претседателот и секретарот на СЗПЈ и претставник на Здружението на пензионерите на НР Србија. Во тој период ЗПНРМ имало 30 општински подружници со 8.038 членови и сè уште значаен број незачленети пензионери. Таа година во Белград, на 5 ноември, бил одржан Вториот конгрес на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија, со делегати од сите републички здруженија. На Конгресот било појаснето како се остварувала одредбата во тогаш важечкиот Закон за социјално осигурување за пензионерите од државниот буџет, при смрт на осигуреник да се исплатува износ од две пензии, а при смрт на член на неговото семејство, кое тој го издржувал, да се исплатува износ од една пензија. На Третото годишно Собрание на Земскиот одбор, од 28 јуни 1954 година, бил избран *Извршен одбор* на ЗПНРМ, Надзорен одбор и делегати за СЗПЈ. На 2 август 1954 г. свечено бил отворен Културно–просветен дом на пензионерите во скопските прв и втор реон.

Нов Правилник за Единствениот доброволен посмртен фонд на ЗПНРМ и Упатство за работата на Единствениот доброволен посмртен фонд на ЗПНРМ биле донесени во 1955 г. Тогаш било соопштено, дека, е завршено формирањето на Здружението на трудови инвалиди, а во составот на ЗПНРМ и натаму имало секции на инвалидските пензионери. Пензионерските организации активно соработувале со Сојузот на борците и заемно се помагале. Развојот во општеството влијаел и врз развојот на Здружението. На Петтото годишно Собрание на Републичкиот одбор на ЗПНРМ кое било одржано на 28 јуни1956 година, со делегати од 32 подружници (во коишто имало 11.500 членови пензионери) биле усвоени нови Правила (Статут) од кога престанало важењето на Правилата на ЗПНРМ кои биле донесени на основачкото собрание на 28.12.1950 година. Бил донесен и Правилник за другарските судови. За време на седумгодишното постоење, организацијата на пензионерите постигнала забележителни резултати, стабилност и искуство во заштитата на интересите на пензионе–

рите. Таа година ССЈ инсистирал за децентрализација и промени во републичките пензионерски здруженија со цел да се зајакнат и осамостојат општинските организации преку промени во статутот и со пренесување на раководните надлежности на општинско ниво. Ова може да се смета како прва фаза за организирање и регистрирање општински пензионерски здруженија како самостојни правни лица, до донесувањето нови статути и нов закон за здруженијата.

Број на пензионери на подружниците
во декември 1959 год.

| | **ПОДРУЖНИЦА** | **Бр. членови пензионери 30.12.1959 г.** |
|---|---|---|
| 1 | Берово | 85 |
| 2 | Битола | 1192 |
| 3 | Брезово | 69 |
| 4 | Брод | 54 |
| 5 | Гевгелија | 243 |
| 6 | Гостивар | 323 |
| 7 | Дебар | 142 |
| 8 | Делчево | 57 |
| 9 | Демир Капија | 38 |
| 10 | Ѓорче Петров – Скопје | 127 |
| 11 | Идадија – Скопје | 1304 |
| 12 | Кавадарци | 210 |
| 13 | Кале – Скопје | 971 |
| 14 | Кисела Вода – Скопје | 994 |
| 15 | Кичево | 348 |
| 16 | Кочани | 225 |
| 17 | Кратово | 68 |
| 18 | Крива Паланка | 160 |
| 19 | Крушево | 118 |
| 20 | Куманово | 858 |
| 21 | Неготино | 57 |
| 22 | Охрид | 711 |
| 23 | Прилеп | 638 |
| 24 | Радовиш | 88 |
| 25 | Ресен | 142 |
| 26 | Ростуша | 103 |
| 27 | Свети Николе | 45 |
| 28 | Струга | 377 |
| 29 | Струмица | 397 |
| 30 | Тетово | 350 |
| 31 | Титов Велес | 610 |
| 32 | Штип | 273 |
| | **ВКПУПНО во НРМ** | **11.377** |

Во новодонесените „**Правила**” било нагласено: „Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија е доброволна општествена организација. Здружението е правно лице. Тоа е составна организација на Сојузот на синдикатите на Југославија, го усвојува неговиот Статут и ја усмерува својата работа спрема Одлуките на неговите органи. ЗПНРМ претставува организациона единица за себе, со самостојно одлучување за своите организациони, финансиски и други прашања. Член на ЗПНРМ може да биде секој старосен, личен, инвалидски, фамилијарен пензионер и илинденците од територијата на Народна Република Македонија. Подружница е основна организација на Здружението на пензионерите на НР Македонија. Подружницата ги опфаќа сите старосни–лични, инвалидски и фамилијарни пензионери од подрачјето на едно место или околија. Секоја новоформирана подружница се регистрира кај Републичкиот одбор. Одлука за формирање нови подружници донесува Републичкиот одбор на Здружението. Подружницата има Извршен одбор со претседател, потпретседател, секретар и благајник и Надзорен одбор, коишто се бираат секоја година на редовно собрание на подружницата.“

На 13 септември 1960 година било одржано Десеттото редовно годишно собрание. Била одржана Првата свечена седница на Здружението на пензионерите на НР Македонија со прослава по повод Десетгодишниот јубилеј од основањето. Од 1961 година па натаму било регулирано „републичко изборно собрание да се одржува секоја трета година.“ Во 1962 година биле зголемени активностите за обезбедување културно–просветни домови и клубови, а во Скопје и пензионерски дом со станови, клуб и деловни простории.

Во 1963 година Здружението имало 17.278 членови, организирани во 36 општински здруженија, а во Републиката сè уште имало незачленети пензионери. Во тоа време од вкупниот буџет за пензиите се издвојувала сума од 4 отсто, којашто се уплатувала во Републичкиот фонд за станбена изградба, а подоцна на посебна сметка за станбена изградба во рамките на Републичкиот завод за социјално осигурување. По донесувањето на новиот Устав во 1963, во документите се појави ново именување на здружението, најпрво како „Здружение на пензионерите на Социјалистичка Република Македонија“. Наскоро биле донесени и нови Правила со промената: „Сојуз на здружение на пензионерите и инвалиди на трудот на Социјалистичка Република Македонија – СЗПИТСРМ“. По катастрофалниот земјотрес во Ско–

пје канцеларијата на Републичкиот одбор на Сојузот била преместена во зградата *„Работнички дом“*, на шести кат во соба бр. 185.

Во јануари 1966 година, бил избран нов Републички одбор и биле извршени значајни промени во организациската структура. За нов претседател на СЗПИТСРМ бил избран Перо Стојановски. Била организирана и Втората свечена седница по повод Петнаесеттата годишнина од основањето на Здружението на пензионерите на СР Македонија. Таа година била донесена Одлука послабите да се спојат со подобрите здруженија. Биле споени здруженијата: с. Брезово било припоено кон Демир Хисар, Демир Капија кон Неготино, Ѓорче Петров кон Идадија – Скопје, Лазарополе кон Гостивар, Пехчево кон Берово, а Ростуша кон Гостивар. Наместо укинатите здруженија во тие места функционирале „повеpенства“ претставени со делегати во здружението кон кое се припојувале. Било формирано и општинско здружение во Виница. Републичката заедница за социјално осигурување донела Одлука: средствата за станбена изградба да се издвојуваат во посебен фонд за кредити за изградба и адаптација на домови и станови за пензионерите и инвалидите во сопственост на здруженијата, а наместо бенефицираната карта „К–15“ за превоз на пензионерите, здруженијата добивале 1,5 отсто од буџетот за пензии со што биле собрани финансиски средства за изградба на Дом за лекување и рекреација во Катлановска Бања. Во 1967 година на Вонредно собрание на Републичкиот одбор на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ, бил усвоен нов Статут на СЗПИТСРМ, а била донесена и Одлука за издавање посебен весник како орган на Републичкиот одбор на СЗПИТСРМ и со тоа престанала соработката со српскиот пензионерски весник.



Македонските пензионери формирале своја нова редакција и почнале да издаваат свој весник, како прилог во дневниот весник „Вечер“.

На 19.2.1967 година бил донесен нов Статут на „Сојуз на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на Социјалистичка Република Македонија“. Тогаш бил усвоен и Правилник за материјално и финансиско работење, како и Правилник на Единствениот фонд за заемна помош при Републичкиот одбор на СЗПИТСРМ. Во овој период биле воспоставени и поцврсти врски и соработка помеѓу пензионерскиот сојуз на Македонија со пензионерските сојузи во Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Бројот на *пензионери и инвалиди* на трудот со состојба на 1.10.1967 година во СРМ бил: 41.581 пензионер, од кои во Сојузот биле зачленети 35.196 што значи дека 6.385 (15,35%) не биле членови на организацијата. Во 1967 година било поставено барање во самоуправните органи во Заедницата за социјално осигурување и Фондот на инвалидско–пензиското осигурување да има претставници на осигурениците кои ќе имаат право да влијаат врз содржината и донесувањето на одлуките.

Во 1968 г., Советот на синдикатите испратил писмо до сите општински синдикални совети, во своите раководства да кооптираат претставници од пензионерите. По повод 65 години од Илинденската епопеја во пензионерскиот весник биле објавени имињата и местото на живеење на сите живи илинденци, членови на Сојузот.

По повод јубилејот *„20 години од основањето на ЗПНРМ“* била одржана Свечена седница на 30 јуни 1970 година, за којашто било направено посебно лого и биле доделени признанија „СПОМЕНИЦА“ на пензионери кои учествувале во основањето на Републичкото или на општинските здруженија.



По повод дваесет годишнината
од основањето на
Сојузот на здруженијата
на пензионерите и инвалидите на трудот
на С Р Македонија
се доделува оваа
Споменица
на

за учество во основањето и пројавениот труд во развивањето на организацијата.
Скопје, 30 јуни 1970

Секретар,
Претседател,



Во тоа време Заводот за социјално осигурување донел Одлука за ослободување на одредени категории пензионери од трошоците (задолжителното учество) во лекувањето. Побарано е ослободување и за другите пензионери.

Во 1970 година било формирано Здружение на пензионерите од ОВР со седиште во Скопје, а во другите градови тие членувале во секции во рамките на општинските здруженија на пензионерите. Тогаш бил формиран „Градски одбор на пензионерите од Скопје" како координативно тело за здруженијата „Идадија", „Кале", „Кисела Вода" и „Здружението на пензионираните работници од органите на ОВР". По двегодишно успешно работење на Градскиот одбор, Градскиот сојуз на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот од подрачјето на Скопје, под раководство на претседателката Трајанка Колева на 10 мај 1972 година ја одржал својата *прва изборна конференција*.

Името на македонското здружение на пензионерите помеѓу другото, било условено и од измените на законските прописи, но сепак тоа го продолжува континуитетот на првоформираното здружение. Вака гласеле промените на називот на организацијата на македонските пензионери од 1950 до 2016 година:

– „Здружение на пензионерите на Народна Република Македонија" (првата регистрација во МВР на РМ била на 04.11.1950, а објавена била во „Службен весник на Народна Република Македонија" бр. 13 на 18.04.1951 година);

– „Здружение на пензионерите на Социјалистичка Република Македонија" (1963 година);

– „Сојуз на здружението на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот на Социјалистичка Република Македонија – СЗП–ПИТСРМ" (22.01.1966 година);

– „Сојуз на пензионерите на Македонија – СПМ" (29.05.1975 година);

– „Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија – СЗПМ" (21.12.1998);

– „Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија – СЗПМ" (22.12.2015).

**Преглед на имињата на претседателите на пензионерската организација од 1950-2016***

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л И**


Ѓорѓе Ристиќ


Перо Стојановски


Крсте Крстевски


Наќо–Кочо Мешковски


Перо Лазаревски


Стојче Николовски


Петар Кабранов


Вите Исјановски


Душко Шурбановски


Драги Аргировски

*** Напомена: можни се извесни пропусти поради немањето оригинални документи од изборите одржани помеѓу 1978 и 1986 година**

# III ДЕЛ



З.Г.бр.174/98

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ, надлежен за водење на регистар за здруженија на граѓани и фондации, одлучувајќи во вонпроцесна постапка преку судијата поединец Весна Живкова согласно член 11 од ЗВП и согласно член 76 и 77 од Законот за здруженија на граѓани Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија со седиште во Скопје со Законот за здруженија на граѓани и фондации и упис во регистарот на здруженија на граѓани и фондации, вон рочиште на ден 25.05.1999 година го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

I. Барањето за промена на име на Сојузот на пензионерите на Македонија – Републички одбор Скопје во Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија СЕ УВАЖУВА.

II Се утврдува дека програмата и статутот на здружението на граѓани Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија со скратено име СЗПМ со седиште во Скопје со својство на правно лице од 27.04.1971 година се во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

III. Во регистарот на здруженија на граѓани и фондации при Основниот суд Скопје I Скопје под Рег.бр.243 се запишува здружението на граѓани СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА со скратено име СЗПМ со седиште во Скопје на ул.12 Ударна Бригада број 2 кое го застапува неговиот претседател М-р Вите Исјановски.

# ЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ

# ЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ

## 1. ПРАВЕН СТАТУС, ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ЗАДАЧИ

Нов Статут на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ бил донесен на Вонредно собрание на Републичкиот одбор на Сојузот одржано на 19 февруари 1967 година, и истот бил дополнет на редовно Собрание на споменатиот одбор, одржано на 1 јули 1970 година.


РЕПУБЛИЧКИ ОДБОР НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СТАТУТ
на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот

ПРАВИЛНИК
за финансиско-материјално работење на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот

ПРАВИЛНИК
на Единствениот Фонд за взаемна помош при Републичкиот одбор на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот

СКОПЈЕ
1967

Во согласност со целите и задачите, Сојузот се поставува организационо преку функционирање на:

- Републички одбор – Пленум на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот, како раководно тело на целокупната организација на територијата на СРМ;
- Општински здруженија, односно здруженија на пензионерите и инвалидите на трудот како основна организација на Сојузот, на територијата на една општина и
- Месни организации каде што за тоа се укажува потреба.

Републичкиот одбор како и општинското здружение се правни лица и самостојно одговараат за своите обврски кон трети лица. Нив ги претставува претседател, односно неговиот одреден заменик.

Значајно е да се забележи дека Сојузот на здруженија на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ бил колективен член на организацијата на Сојузот на синдикатите на СРМ..

Целта на Републичкиот одбор на тогашниот Сојуз е да работи на спроведување на единствената политика и да настојува здруженијата да имаат единствени ставови по принципиелни и практични прашања од заеднички интерес за пензионерите и инвалидите на трудот и нивните организации, организационо да ги опфати сите пензионери: старосни, семејни и инвалиди на трудот и други носители на пензиско право, како и да ја развива и помага културно–уметничката активност на членовите на организационите единици на Сојузот. Во таа смисла Републичкиот одбор на Сојузот ја координира и усогласува работата на здруженијата на територијата на СРМ и ги застапувал пред државните органи.

Што се однесува до членството во Сојузот тоа е на доброволна основа и член може да стане секој уживател на пензија, личен, семеен, трудов инвалид, лица со исклучителна пензија и други лица кои остваруваат право на пензија, а живеат на територијата на СРМ. Значајна околност е тоа дека тие се во обврска да го прифатат Статутот на Сојузот и со задача да постапуваат според неговите одредби. Малолетните деца – уживатели на семејна пензија можеле да бидат членови на здружението само преку нивниот законски старател.

Зачленувањето го вршело општинското здружение односно здружението на подрачјето на општината каде што членот имал посто–

јано место на живеење. Доколку во некоја општина не постоело здружение, пензионерите се зачленувале во едно од најблиските општински здруженија. При зачленувањето членот плаќал одредена уписнина и членарина и при тоа добивал членска карта. Рамноправноста била присутна преку фактот што членовите на Сојузот имале еднакви права и должности. Матерјалните права на членовите на Сојузот што произлегувале од неговото членство можеле да се остварат шест месеци по непрекинато членување. Сите членови во здружението имале еднакви права согласно Статутот. Секој член имал активно и пасивно избирачко право, да користи парична помош врз основа на актите на здружението, да ги користат читалните и библиотеките како и другите културно забавни реквизити на здружението. Многу значајна статутарна одредба е обврската членовите да го чуваат угледот на пензионерите, да ја спречуваат секоја негативна појава што може да ги оштети интересите на заедницата односно здружението. Членот имал обврска со своето учество и залагање да го помага здружението во остварување на неговите цели и задачи, да ги извршува и почитува неговите одлуки и редовно да ја уплатува членарината. Членарината била еднообразна за сите членови на Сојузот, а висината на истата ја утврдувало Собранието на Сојузот односно Републичкиот одбор – Пленум според месечниот износ на пензиските примања и се одредувала прогресивно. Членството во едно здружение можело да престане на неколку начини и тоа: ако членот изјави писмено дека истапува од членството на здружението, членот се реактивира, го изгуби правото на пензија, не плаќа редовно членарина, најмалку една година, а Извршниот одбор на здружението не му го оправда неплаќањето, со исклучување од здружението и со смртта. Со бришењето на членот од евиденцијата на членството ги губи правата согласно со Статутот како и правото на враќање на уплатената уписнина и членарина. Но, начинот на исклучување на членот од здружението можело да настане и во следните случаи: ако членот на кој и да е начин со својата работа односно со зборови или дело го нарушува угледот и ја спречува работата на општинското здружение или на Сојузот во целина. Предлог за поведување постапка за исклучување на член од здружение може да го стори секој член или орган врз основа на доказен материјал. Одлуката за исклучување ја донесува Извршниот одбор кој формира посебна комисија која имала за задача да ја утврди фактичката состојба. На решението за исклучување постоела двостепеност на постапката. Исклучениот член можел да биде повторно член во здружението доколку престанат околностите поради кои бил исклучен. Органи на Сојузот се:

1. **Собрание,**
2. **Републички одбор,**
3. **Претседателство на Републичкиот одбор и**
4. **Надзорниот одбор.**

Републичкиот одбор – Пленум одлучува самостојно за своите организациони, финансиски и други прашања во согласност со одредбите на Статутот и Правилникот за финансиско–материјално работење на Сојузот. Делокругот на работата на Републичкиот одбор – Пленум ја опфаќал територијата на Социјалистичка Република Македонија. Републичкиот одбор – Пленум има статус на правно лице и него го претставува неговиот претседател, а во негово отсуство потпретседателот на Републичкиот одбор, или лицето одредено од Претседателството. Собранието од редот на делегатите и членството избирало Републички одбор – Пленум, а овој орган од своја страна избирал Претседателство од 9 до 15 членови. Претседателството пак од своја страна избирало: претседател, потпретседател, секретар и благајник. Републичкиот одбор – Пленум ги одржувал своите седници по потреба, а најмалку еднаш во годината. Седниците на Републичкиот одбор ги свикува Претседателството.

Што се однесува до задачите на Републичкиот одбор слободно може да се каже дека тие биле многубројни. Имено, тој имал за задача да ја помага, усогласува и обединува дејноста на сите организациони единици на Сојузот за што поефикасно извршување на поставените задачи пред Сојузот, да управува со имотот на Републичкиот одбор и имотот на заедничките фондови, да укажува помош на членството во остварување на нивните права што произлегуваат од законите за пензиското и инвалидското осигурување како и да дава предлози до надлежните органи и воспоставува тесна соработка со работата на Републичкиот завод на СРМ. Исто така овој одбор се грижел за материјалната и социјалната положба на членовите на Сојузот, по пат на изнао-

ѓање на пооделни форми на меѓусебна соработка. Ја развивал и ја помагал културно–политичката активност на членовите на организационите единици на Сојузот, соработувал со државните, синдикалните и другите општествени организации. Одборот работел на прашањата од интерес за пензионерите, како и на други општествени прашања, да одгледува и развива другарска љубов меѓу пензионерите на СРМ и братските републики, да настојува да се изградат домови за културно– просветна работа и забава на пензионерите, а за извршување на наведените задачи да формира и соодветни комисии. Како посебен орган во Сојузот бил Надзорниот одбор кој се состоел од 3–5 членови кои се избираат на годишно Собрание на Сојузот со задача во секое време по потреба да врши преглед на финансико–материјалното работење на Републичкиот одбор на Сојузот, а најмалку еднаш на шест месеци. Овој орган за својата работа поднесувал извештај за состојбата на финасиското и материјалното работење на Претседателството и на Републичкиот одбор – Пленум како и на годишното собрание.

На вондредно собрание на Сојузот на пензионерите на Македонија одржана на 29 мај 1975 година донесен е нов Статут и ново име


СОЈУЗ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

СОЈУЗ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 472
19.06 5
СКОПЈЕ

СТАТУТ

Скопје
1975

„Сојуз на пензионерите на Македонија". Сојузот и понатаму се дефинира како единствена, доброволна, општествено–хуманитарна организација на уживателите на пензии на територијата на Социјалистичка Република Македонија. СПМ и понатаму дејствува во составот на Сојузот на синдикатите на Македонија како негов колективен член. Во овој статут во однос на организационата поставеност најпрво се ставаат месните организации, што можат да се формираат на подрачјето на една или повеќе месни заедници каде што живееле повеќе од 50 пензионери, општински организации на Сојузот на територијата на општината, со седиште во местото во кое е седиштето на Општината и Сојузот на пензионерите на Македонија со седиште во Скопје, кој го претставува Републичкиот одбор. И овој пат Сојузот и општинските организации имаат статус на правно лице што не е случај со месните организации кои работат врз основа на овластувања и упатства на својата општинска организација. И понатаму членството во Сојузот е доброволо и пензионерот може да биде зачленет само во една општинска организација. Се зајакнува правната рамка за исклучување на член од организацијата и во случај исклучувањето да биде тенденциозно организацијата се обврзува да подигне постапка против подносителот на таквите податоци. Висината на уписнината и членарината, како и висината на процентот за квотата што општинските организации ја даваат на Сојузот ја определува Собранието на Сојузот по претходно прибавено мислење на општинските организации. Органите на месната организација е собрание на сите пензионери на месната организација и месниот одбор, а општинската организација ги има следните органи:

**а) Собрание;**
**б) Извршен одбор;**
**в) Надзорен одбор;**
**г) Комисии.**

Мандатот на сите органи трае четири години. Комисиите како помошни тела биле утврдени со Статутот како комисии за: организациони, статутарни и кадровски прашања, следење на системот на пензиското и инвалидското осигурување и материјалната положба на пензионерите, станбени прашања, одмор и рекреација на пензионерите, културно–забавен живот и грижа и социјална помош на пензионерите. Се забележува дека со овој Статут е регулирано дека органи на Сојузот се:

**1) Собрание;**
**2) Републички одбор; и**
**3) Надзорен орган.**

Републичкиот одбор како извршен орган ги има скоро истите комисии како во општинските организации со тоа што во рамките на Сојузот работела и комисија за прашања за

воени пензионери, прашања на пензионерите од ОВР и комисија за развивање на концепцијата за општонародна одбрана. Со овој Статут сè уште постои силна вертикална поврзаност на општинските организации и Сојузот, со правна основа Републичкиот одбор на Сојузот да може да распушти општинска организација врз основа на претходно прибавено мислење на општествено–политичките организации во општината ако работи спротивно на одредбите на Статутот на Сојузот и кога со својата постапка го нарушува угледот на Сојузот и општествената заедница. Со одредбите на овој Статут Здружението на пензионираните работници на ОВР – СРМ е во состав на Сојузот со посебен правен статус, но со истите права и обврски како и другите пензионерски организации. На крајот кога станува збор за Статутот на Сојузот донесен во 1975 година се вградува статутарна одредба со која се утврдува дека во Скопје се формира Градски одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите со обврска да ја координира и обединува работата на здруженијата во градот и да ја претставува пред општествено–политичките и други органи и организации во градот.

Со Статутот од 1982 година Сојузот бил сè уште колективен член на Сојузот на синдикатите на Македонија. Во овој и во претходните статути заради вертикалната поврзаност на Сојузот со општинските организации содржи одредби за општинските организации и Сојузот. Според овој статут во општинските здруженија постоела Конференција на здружението кое го чинат сите корисници на пензија на подрачјето на која дејствува здружението, таа избира Претседателство и Одбор за општествена контрола. Во овој статут ги среќаваме и општинските сојузи на пензионерите каде што највисок орган е Конференцијата која ја сочинувале делегати од месните заедници. Што се однесува до Сојузот како органи се:

**1) Конференција**
**2) Одбор на општествена контрола.**

Со Статутот за измени и дополнување на Статутот на Сојузот на пензионерите на Македонија од 1984 година, се забележува дека на територијата на Македонија како организации на корисниците на пензија постојат:

**1. Месна организација на Сојузот на пензионерите од подрачје на една или повеќе месни заедници;**

**2. Општински Сојузи на пензионерите и трудовите инвалиди на град Скопје;**

**3. Сојузот на пензионерите на Македонија во кој се здружуваат општинските сојузи на пензионерите и Градскиот сојуз на пензионерите на град Скопје.**

На 26 мај 1987 година се одржал состанок со претседателите на здруженијата на кој е дискутирано за најавените рестриктивни мерки за намалување на пензиите. Во 1990 година, на Годишното изборно собрание на Сојузот на пензионерите на Југославија за претседател на сојузното претседателство бил избран м–р Вите Исјановски. При тоа се расправало за одредување на титуларот на сопственоста на многу објекти на пензионерите.

Во 1991 година, со осамостојувањето на Република Македонија, СПМ истапува од членството во Сојузот на пензионерите на Југославија. Со Статутот на Сојузот на пензионерите на Македонија донесен од Републичкиот одбор на седницата одржана на 5 јули 1991 година, веќе е присутна поизразена автономија во дејствувањето на СПМ бидејќи во начелните одредби е утврдено дека Сојузот како општествена организација е самостоен во организирањето и остварувањето на целите и активностите, а како органи се утврдуваат Републички одбор и Надзорен орган. Републичкиот одбор има Извршен одбор избран од делегати од својот состав. Извршниот одбор заседавал по потреба, а не помалку од 4 пати во годината. Записниците од Извршниот одбор се доставувале до членовите на Извршниот одбор на општинските сојузи на пензионерите и Градскиот сојуз на пензионерите на град Скопје.

Новиот Статут на Сојузот на пензионерите на Македонија бил донесен на седница одржана на 27 октомври 1994 година и е многу значаен за пензионерското организирање, бидејќи Сојузот не е веќе во состав на Сојузот на Синдикатите на Македонија и не е нивен колективен член. Сојузот како општествена организација бил самостоен во организирањето и остварувањето на своите цели и активности. Организационата поставеност останува иста со тоа што во овој статут статутарно се регулира дека организирањето на организациите се врши исклучително на територијален принцип. Организационата поставеност останува иста, а досегашните конференции на месните организации се заменуваат со Собрание како

највисок орган во кој членуваат сите зачленети пензионери кои живеат на нејзиното подрачје. Овој статут кореспондира и со новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување на автономна и независна Република Македонија. Во Сојузот се зачленуваат корисници на пензија (старосни, инвалидски, семејни, воени и земјоделски пензионери) бидејќи со ЗПИО се опфатени сите категории на осигуреници и престануваат да важат посебните закони кои ја регулираат пензионерската проблематика.

Со овој статут повеќе место се отстапува за Градскиот сојуз на пензионерите и негови органи се:

**1. Градски одбор на пензионерите и**
**2. Надзорен одбор.**

Градскиот одбор на здруженијата на пензионерите и трудовите инвалиди на град Скопје го сочинуваат членовите избрани од општинските здруженија и други пензионери членови на Сојузот кои ги избирал Градскот одбор на предлог на Кандидациона комисија. Градскиот одбор имал и Извршен одбор со членови избрани од својот состав со мандат од 4 години. И понатаму органи на Сојузот се Републички одбор и Надзорен одбор и Извршен одбор кој бил биран од Републичкиот одбор. Исто така и со овој статут се создава основа да може Сојузот со посебен правилник да го уредува матерјално–финансиското работење. Во повеќе од статутите на Сојузот е утврдено дека наредбодател за извршување на финансискиот план на Сојузот е претседател на Извршниот одбор, а во негово отсуство потпретседателот и секретарот. И тогаш нагласена била определбата за непартиско организирање, со единствен став дека Партија на пензионери е непопуларна и некорисна за македонските пензионери.

Најзначајна новина во пензионерското организирање беше донесување на Статутот на седница на Собранието одржано на 30 ноември 1998 година, со ново име – **Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија**. Потребата од донесување на нов, односно усогласен Статут, произлегува од членот 37 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 31/98) според кој постојните општествени организации и здруженија на граѓани се должни нивните програми и статути да ги усогласат со одредбите на споменатиот закон во рок од 6 месеци од денот на неговото влегување во сила. Поконкретно, правната основа за донесување на овој статут произлегува од член 5 на Законот за здруженија на граѓани и фондации бидејќи имал големо влијание на одредбите на тогашниот Статут. Со самиот закон за граѓански организации се пропишани органите на здружението и нивната надлежност, свикување на седниците на органите на здружението како и потребното мнозинство членови на органите за донесување на полноважни одлуки. Законот го уредува и прашањето за престанок на здружението и за имотот, за начинот на стекнување и располагање со средствата на здружението. Со овој закон се регулира дека организациите може и да се здружуваат во сојуз или друг облик на здружување, па затоа овој статут претставува акт на здружените организации на пензионерите, односно Сојузот на пензионерите ги обединува и презентира интересите и правата на сите корисници на пензија на ниво на нашата земја. Здруженијата доброволно се здружуваат во Сојуз конституирајќи ги органите на Сојузот од нивните делегати, учествувајќи во нивната работа и на тој начин остварувајќи ги најнепосредно интересите на корисниците на пензија, членови на здруженија. Така од овие законски детерминанти произлегува и карактерот и надлежноста на СЗПМ. Органи на Сојузот се:

**1. Собрание (општ репрезент на сите пензионери на Македонија)**
**2. Извршен одбор и**
**3. Надзорен одбор.**

Основна законска премиса за самостојноста на дејствувањето на здруженијата, најде место во овој статут на Сојузот. Имено, сега здруженијата автономно го уредуваат начинот на внатрешното организирање, основање на ограноци како основни клетки на организацијата и слично.

Пензионерското организирање изразено преку повисок облик на здружување во Сојуз со 52 членки е респектибилен субјект кога станува збор за правата и интересите на пензионерите за нивното остварување право на пензија. Статутот од 1998 година, како највисок акт е под постојана анализа со цел тој да биде акт кој ќе биде што подемократичен. Во тој контекс во 2011 година, беше подготвен и усвоен нов Статут на СЗПМ. Во истата година по неколкугодишна пауза за членка на СЗПМ се врати Здружението на пензионерите на Битола со околу 17.000 членови, а при крајот на




2014 година, согласно со Статутот се раздружија 4 здруженија на инвалидски пензионери од Прилеп, Охрид, Кавадарци и Велес со вкупно околу 4.000 членови и пристапија во Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија.

Во 2015 година се пристапи кон измени и дополнување на Статутот на СЗПМ. Основни










причини за измените е подоследно усогласување со Законот за здруженија и фондации, со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со збогатување на целите и задачите на СЗПМ, надминување на кумулацијата на функциите, предвидување на правна основа за донесување на акт за уредување на прашањата од доменот на материјало–финансиското работење како и пропишување понагласено решение дека здруженијата со здружување во СЗПМ не ја губат својата независност и автономија. Со овој статут се решава и надминува прашањето на кумулација на функции и избраните претставници во органите на Сојузот извршуваат само една функција. Така, досегашното решение „претседател на Собрание на СЗПМ е и претседател на Извршен одбор" се изменува и предвидува постоење претседател на Собрание, како посебна функција и претседател на Извршен одбор, кој истовремено е и претседател на Сојузот. Со натамошни решенија содржани во Статутот се унапредува пензионерското решение дека ЗП не треба да предлагаат членови за Собранието на Сојузот само по функција, туку и од поширока делегатска база на здружението. Со овој статут на ниво на статутарна одредба се и решенијата кои се однесуваат на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина односно Работите на Регистрираната организација ги врши СЗПМ по претходна согласност на другите сојузи на пензионерите во РМ. Регистрираната организација има Одбор кој усвои правилник со кој се регулира работењето на оваа организација која ги решава сите прашања за солидарен фонд и членарина. Прв претседател на Одборот на Регистрираната организација беше Душко Шурбановски, потоа Методија Тошевски и Салтир Каровски.

## 2. СОЛИДАРЕН ФОНД

Солидарноста на пензионерите секогаш била позитивна карактеристика. Познато е дека Единствен доброволен посмртен фонд за заемна помош бил донесен уште во 1955 година, кој е дополнет и обновен 1962 година. Во 1967 година согласно со Правилникот, во состав на Републичкиот одбор на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ работел Единствен фонд за заемна помош, кој бил формиран од посебен членски влог, наменет за укажување заемна помош во случај на смрт на членот на Фондот

за членовите на неговото семејство. Фондот бил доброволна институција. Делокругот на Фондот се одвивал на ниво на целата територија. Интересно е што тој имал статус на правно лице, а дејноста се одвивала преку Републичкиот одбор на Сојузот, непосредно и преку општинските здруженија. За членувањето во Фондот го вршеле општинските здруженија на пензионерите и инвалидите на трудот според



условите предвидени во овој правилник. Член на Фондот можел да биде секој пензионер кој членува во некое од општинските здруженија на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ и кој ги усвојувал правилата на Фондот. Со зачленувањето во Фондот пензионерот истовремено ја осигурувал помошта за себе и за членовите на неговото семејство во износ од 50% од износот определен за членовите. Меѓутоа, доколку членот на Фондот сакал да обезбеди исти права и за брачниот другар тоа можел да го постигне со негово зачленување и со обврска и за него да уплатува иста членарина. Должноста на членот на Фондот била: редовно да си ја уплатува членарината, да се заложува за омасовување и зајакнување на Фондот и да извршува и други обврски предвидени со Правилникот.

Овој фонд функционирал до 1986 година кога државата започнува да ги покрива средствата за погребнина на пензионерите, со што солидарниот фонд стагнира. Меѓутоа, со осамостојувањето на Република Македонија со инфлацијата и другите проблеми на транзицијата висината на државните средства во случај на смрт на пензионерите станува безначајна. Поради тоа Сојузот на пензионерите на Македонија анализира како најсигурно ќе може да се соберат тие средства. Во 1993 година се склучува договор со „Кјуби Македонија" за исплата на средства од Солидарниот фонд за погребнина, меѓутоа 12 здруженија на пензионерите формирале самостојни фондови, со тоа што биле осигурани и брачни другари кои не се пензионери. Овој пример подоцна го прифатиле и други здруженија на пензионери и формирале самостојни фондови за оваа намена. Во 1998 година на овие здруженија ФПИОМ престанува да им ги уплаќа средствата за солидарен фонд, поради што доаѓа до судски спорови, а по барање на СЗПМ и ангажирање на професор д–р по правни науки Асен Групче, Уставниот суд на Македонија со одлука го затвора овој спор во корист на пензионерите кои беа единствени во одбрана на солидарните фондови.

Историски гледано најсигурна варијанта на прибирање на овие средства била опцијата тоа да се врши преку Фондот на ПИОМ, од орган кој вршел пресметка и исплата на пензијата на секој пензионер. Меѓутоа, како пречка се поставило непостоењето правна основа за извршување на оваа работа од страна на Фондот. Во разрешувањето на ова прашање и реализација на оваа опција најголем придонес има Киро Зрмановски, тогашен директор на



ФПИОМ. За реализација на оваа иницијатива се подготвиле повеќе информации за подоцна за оваа хумана работа да се определи и согласи тогашниот пензиски фонд со јасно барање од сојузите на пензионерите дека овие средства се во лична сопственост на пензионерот и се во исклучителна надлежност на Сојузите. Ваквите правни прашања со проблематиката на солидарен фонд биле регулирани од страна на органите на Сојузот, а Фондот на ПИОМ бил должен да постапува по истите. Средствата од Солидарниот фонд се префрлувале на здруженијата кои согласно со нивните одлуки ги исплатувале на членовите на семејствата. Меѓутоа, во функционирањето

на Солидарниот фонд и членарината се појавиле проблеми од аспект на миграција на членовите од едно во друго здружение, формирање паралелни здруженија, постоење различни износи на висината на посмртната помош, префлување средства од овој фонд на инвалидските организации, каде што главно членувале инвалиди на трудот со намалена работна способност, што довело до тоа инвалидските здруженија да добиваат само 50% од средствата за членарина и се појавил недостиг на средства за исплата на погребните трошоци, така што на семејството се исплатувале на рати или со задоцнување од неколку месеци. Незадоволни здруженијата на инвалидските пензионери од Велес, Кавадарци, Прилеп и Охрид побарале и биле примени за членки во СЗПМ. Заради олеснување на работата на ФПИОМ, Собранието на СЗПМ донело одлука дека ново здружение може да се формира доколку во општината имало најмалку 500 членови – пензионери. Се заострува односно не се примаат паралелни здруженија за да не се зголемува нивниот број и да не се отежнува работата на ФПИОМ во врска со задршката на средства за солидарните фондови и членарината. Прашањето на солидарен фонд се подига на степен на закон и се регулира со ЗПИО. Се предвидува посебна глава X Солидарен фонд – посмртна помош и членарина (член 115–117) и се уредува дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување (членарина). Со оглед дека тоа се средства на пензионерите законодавецот прашањата поврзани со Солидарниот фонд ги регулира со акт и ги утврдува Регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионерите во Македонија. Со СПОГОДБА бр.165 од 17.12.2008 година меѓу 4–те сојузи (СЗПМ, Националниот сојуз на инвалидите на трудот на Република Македонија, Сојузот на здруженијата на инвалидските пензинери на Република Македонија, Сојузот на здруженијата на инвалидите на трудот – корисници на инвалидска пензија на РМ) се утврдува Регистрирана организација која формира Одбор во состав од 7 членови од кои 4 избира СЗПМ, другите сојузи избираат по еден член. Одборот донесува Правилник за својата работа со кој се утврдува начинот на работа, висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплата на посмртната помош, начин и постапка за исплата на посмртната помош, начин на распределба на членарината по сојузите и начин на увидот на исплата на овие средства. Согласно со ЗПИО исплатата на посмртната помош од средствата на Солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку нејзините филијали. Според споменатиот закон средствата по основа на членарината Фондот ги доставува на сметката што ја определува Регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите. Поблиските односи меѓу Фондот на ПИОМ и СЗПМ се договарени со Спогодба, а во поново време меѓу Фондот на ПИОМ е склучен и Договор за соработка за размена на документи и податоци од службените евиденции, регистри и збирки на лични податоци со што тој на СЗПМ му доставува податоци за членарината која врз основа на актите на одборот се доставува до здруженијата на СЗПМ и другите сојузи. Согласно со договорените релации на соработка на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, два пати во годината се подготвуваат и разгледуваат информации за посмртната помош и членарината.

Така според доставените и исплатените средства за Солидарен фонд за починатите корисници на пензија во период јануари–ноември 2016 година, а врз основа на донесената Одлука бр. 02–02/847 на Одборот на Регистрираната организација на сојузите на пензионерите на Македонија, висината на задршката за Солидарен фонд изнесува 120 денари, а висината на членувањето во здружението изнесува 30 денари, или вкупно задршки во износ од 150 денари. Посмртната помош е во износ од 30.000 денари согласно со одлуката на Одборот на Регистрираната организација.

Средствата за Солидарен фонд – посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка со назнака „Средства за Солидарен фонд – посмртна помош на корисниците на пензија“. Во периодот јануари – ноември 2016 година, пресметани и задржани се средства за Солидарен фонд – посмртна помош во вкупен износ од 381.148.800 денари од просечно 286.173 корисници на пензија на кои им се врши задршка и истите се доставени по месеци на посебната сметка за оваа намена.

Бројот на корисниците на пензија и пресметани средства за Солидарен фонд за период јануари – ноември 2016 година е прикажан во следната табела:

| Месец | Корисници на пензија кои плаќаат средства за Солидарен фонд | Средства за Солидарен фонд (денари) |
|---|---|---|
| Јануари | 284.231 | 34.367.640 |
| февруари | 283.737 | 34.326.840 |
| март | 284.792 | 34.534.440 |
| април | 285.139 | 34.451.880 |
| мај | 285.716 | 34.595.160 |
| јуни | 286.346 | 34.669.440 |
| јули | 286.680 | 34.677.840 |
| август | 286.956 | 34.722.240 |
| септември | 287.514 | 34.833.960 |
| октомври | 287.933 | 34.862.280 |
| ноември | 288.861 | 35.107.080 |
| **Вкупно** | | **381.148.800** |

се исплатени средства за посмртна помош за корисниците на пензија во износ од 381.090.000 денари. Салдото на сметката на 31.11.2016 година изнесува 97.344 ден.

Поради ваквата состојба со средствата на Солидарниот фонд, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се наоѓа во состојба да не може редовно да ја сервисира исплатата на посмртната помош за починатите корисници на пензија, а со тоа истата ја пролонгира за наредниот месец по исплата на пензиите и пренесување на средствата од задршката на жиро–сметката на Фондот, средства за исплата на Солидарниот фонд во Трезорот на Министерството за финансии за исплата на Солидарен фонд.

Средствата за исплата на Солидарен фонд – посмртна помош и бројот починати корисници на пензија за периодот јануари – ноември 2015/2016 година се прикажани во следната табела:

| Р.бр | Месеци | Починати 2015 година | Исплатени средства 2015 година | Починати 2016 година | Исплатени средства 2016 година | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | (5–3) |
| 1. | јануари | 1.229 | 36.870.000 | 1.146 | 34.380.000 | –2.490.000 |
| 2. | февруари | 1.120 | 33.600.000 | 1.144 | 34.320.000 | 720.000 |
| 3. | март | 1.122 | 33.660.000 | 1.151 | 34.530.000 | 870.000 |
| 4. | април | 1.123 | 33.690.000 | 1.149 | 34.470.000 | 780.000 |
| 5. | мај | 1.134 | 34.020.000 | 1.153 | 34.590.000 | 570.000 |
| 6. | јуни | 1.137 | 34.110.000 | 1.156 | 34.680.000 | 570.000 |
| 7. | јули | 1.136 | 34.080.000 | 1.156 | 34.680.000 | 600.000 |
| 8. | август | 1.137 | 34.110.000 | 1.157 | 34.710.000 | 600.000 |
| 9. | септември | 1.139 | 34.170.000 | 1.161 | 34.830.000 | 660.000 |
| 10. | октомври | 1.142 | 34.260.000 | 1.162 | 34.860.000 | 600.000 |
| 11. | ноември | 1.145 | 34.350.000 | 1.168 | 35.040.000 | 690.000 |
| | **Вкупно** | **12.564** | **376.920.000** | **12.703** | **381.090.000** | **4.170.000** |

Во периодот јануари – ноември 2016 година, во Фондот се исплатени средства за посмртна помош во износ од 381.090.000 денари за 12.703 починати корисници на пензија и споредбено со истиот период во 2015 година кога се исплатени 376.920.000 денари за 12.564 починати корисници, во 2016 година тој број е зголемен за 139 и се исплатени повеќе средства во износ од 4.170.000 денари. Според погоре изнесените податоци, се констатира дека во периодот јануари – ноември 2016 година, по основа на задршки на средства за Солидарниот фонд се акумулирани средства во износ од 381.148.800 денари, кои заедно со пренесените средства за 2015 година, во износ од 29.744 и уплати од задршки за Солидарниот фонд во износ од 8.800 денари изнесуваат вкупно 381.187.344 денари. Во истиот период

Треба да се земе предвид дека средствата за исплата на посмртна помош за бројот на починатите корисници на пензија во просек од околу 1.154 корисници месечно изнесува околу 34.620.000 денари, а просекот на месечниот износ на средствата кои се наменети за исплата на Солидарен фонд изнесува 34.649.891 денари. Овие средства оваа година не беа доволни да ја покријат тековната исплата на средствата за посмртна помош на починатите корисници на пензија, бидејќи оваа година бројот на починати корисници на пензија за кои се исплаќа посмртна помош е поголем во однос на претходната година за 139 корисници.

Од ова, произлегува дека Фондот месечно во просек врши исплата од 1.154 барања, колку што изнесува и просечната месечна задршка за Солидарен фонд. Меѓутоа до крајот на

секој месец по исцрпувањето на месечните средства остануваат неисплатени уште по 500 барања кои чекаат за исплата откако ќе биде исплатена пензијата за тековниот месец, а средствата од задршките да бидат префрлени на сметката на Солидарниот фонд.

# 3. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЧЛЕНАРИНА

Во информацијата за членарина за членување во здруженијата на пензионерите заклучно со ноември 2016 година се истакнува дека согласно со член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на корисникот на пензија, со негова согласност, му запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здруженијата на пензионери (членарина).

Издвојувањето на посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензија, освен од семејната пензија на дете остварена по основа на школување. Согласно со член 116, став 2 од истиот закон, висината на задршката за посмртна помош и членарина со акт (Одлука) ги утврдува Регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Според Одлуката на ОРО во 2011 год., висината на задршката за членарината е 30,00 ден. и истата Фондот ја доставува на сметката што ја определува Регистрираната организација, по секоја исплата на пензиите за тековниот месец, а распределбата по сојузите ја врши СЗПМ. Во 2016 година, за членување во здруженијата заклучно со ноември истата година, се доставени средства во вкупен износ од 95.362.500 милиони денари. Бројот корисници кои плаќат членарина и пресметаните средства за периодот јануари–ноември 2016 година:

Од вкупниот број пензионери заклучно со месец ноември 2016 година кој изнесува 305.883 (работнички, воени и земјоделски), на 289.340 корисници на пензија им се врши задршка членарина во износ од 8.778.930 денари, и истите се доставени на посебната сметка на Регистрираната организација на сојузите на пензионерите на Македонија, и се дели на 4–те сојузи, и тоа:

**1. На СЗПМ = 7.786.732 или 88.70% од кои:**
- За СЗПМ = 651.878 или 8.37%
- За здруженијата на пензионерите – членки на СЗПМ = 7.134.854 или 91.63%

**2. На СЗИТ КИП = 503.887 или 5.74%**

**3. На Националниот сојуз на инвалиди на трудот = 310.979 или 3.54% и на**

**4. Сојуз на здруженијата на инвалидските пензионери на Македонија = 177.332 или 2.02%.**

Од вкупниот број корисници на пензија од кои не се задржува членарина заклучно со ноември 2016 година, 2.916 корисници се деца на школување до 26–годишна возраст.

| Р. бр | Месец | Број на корисници на пензија | Членарина | Средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари | 283.361 | 30 | 8.570.430,00 |
| 2 | Февруари | 284.416 | 30 | 8.622.330,00 |
| 3 | Март | 284.762 | 30 | 8.601.660,00 |
| 4 | Април | 285.339 | 30 | 8.637.540,00 |
| 5 | Мај | 285.972 | 30 | 8.656.140,00 |
| 6 | Јуни | 286.306 | 30 | 8.658.240,00 |
| 7 | Јули | 286.584 | 30 | 8.669.460,00 |
| 8 | Август | 278.144 | 30 | 8.697.420,00 |
| 9 | Септември | 287.565 | 30 | 8.704.530,00 |
| 10 | Октомври | 288.496 | 30 | 8.765.820,00 |
| 11 | Ноември | 289.340 | 30 | 8.778.930,00 |
| | **Вкупно:** | | | **95.362.500,00** |

# 4. РАБОТИЛНИЦИ ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ЧЛЕНКИ НА СЗПМ

Со цел финансиското работење на здру–женијата членки на Сојузот да биде според Законот за финансиско работење на не–профитни организации, како и финансиските планови на здруженијата, Сојузот организира работилници за сметководители на здружени–јата членки на СЗПМ, и издава Прирачник за таа проблематика Такви работилници се одржани 4.

Во организација на Сојузот на здруженија–та на пензионери на Македонија, на 29–ти ја–нуари, во ресторанот „Панини" на Велешко Езеро, беше одржана работилница за составу–вање финансиски извештаи и годишна сметка во здруженијата на пензионери и Сојузот на која присуствуваа: сметководителите и прет–седателите на ЗП членки на СЗПМ, претседа–телот на СЗПМ Драги Аргировски, потпретсе–дателот на Собранието Бесник Поцеста, пот–претседателот на ИО Салтир Каровски, изгот–вувачот на материјалот Димитар Тодевски и претседателот на Надзорниот одбор на СЗПМ Митре Стојановски.

Работилницата ја отвори претседателот на СЗПМ Драги Аргировски при што го нагласи заначењето на едукацијата на претседателите и сметководителите за правилно финансиско и домаќинско работење, што се покажа мошне корисно и се потврди во практика минатите четири години. Благодарение на ваквата грижа за законско работење во рамките на Сојузот во изминатиот период нема констатирано сла–бости и негативни состојби од инспекциските и надзорните органи.




Авторот на прирачникот за составување финансиски извештаи – годишни сметки за 2015 година, Димитар Тодевски, ги образложи прашањата поврзани со оваа проблематика и ги назначи проблемите кои можат да се поја–ват во разни случаи и да предизвикаат репер–кусии доколку не се постапува според пропи–шаните регулативи, а посебно според Правил–никот за сметководство на непрофитните ор–ганизаци. На работилницата беа расчистени сите дилеми околу изготвувањето на финан–сиските извештаи и завршната сметка во ЗП и СЗПМ, а сите поединости и специфичности во разни случаи и примери се содржани во при–рачниот материјал што им беше поделен на сметководителите.

# 5. ПОЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЈУБИЛЕИ

Сојузот на пензионери на Македонија интензивно настојувал да се доближи до членството, да се изградува и развива со цел да му служи и да ги брани интересите на пензиионерите, со вградување на современо, помодерно, поплодно и покорисно организира–но дејствување. Со оглед на амбициозните програмски активности, било договорено, во сите општински организации на пензионерите како и во Извршниот одбор на СПМ, да се во–спостави задолжително работно време на ра–ководството од четири часа, наместо претход–ната практика со повремено периодично на–враќање во работните простории. На тој начин се направил континуитет во работата и редо–вно присуство на раководните луѓе, па пензи–онерите можеа да се информираат, да побара–ат мислење, совет или одговор на прашањата од нивен интерес и пошироко.

Во 1986 година по повод 40 години од до–несувањето на првиот Закон за пензиско и ин–валидско осигурување на Македонија, донесе–

но е решение и на **20.11.1986 година** одржано е свечено одбележување на оваа годишнина. Прославата претставува и прво поголемо јавно промовирање на СПМ. На седницата беше поднесен реферат со декларирана програма за дејствување во општеството преку Сојузот на Синдикатите како и преку самостојни активности. На свечената седница присуствувале членовите на Републичкиот одбор, по два члена од општинските организации, пет членови од Градската организација Скопје, како и многу поканети гости. Со пригодни поздравни говори, најпрво се обратил тогашниот претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија Томе Георгиевски и претседателот на Сојузот на пензионерите на Југославија. Рефератот „40 години живот и работа на пензионерите на Македонија“ го поднел претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија Вите Исјановски.




На крајот од работниот дел на свечената седница едногласно била усвоена нова, програма за работа, во која особено било акцентирано:

– секоја година на *20* септември да биде одбележувана годишнината на формирањето на Сојузот на пензионерите на Македонија, со пригодни средби, реферати, разни културни и спортски приредби и друго;

– на секои 10 години да има позначајно одбележување на животот и работата на Сојузот на пензионерите на Македонија.

– по повод 40–годишнината на пензионерското организирање СПМ свечено доделил голем број „Благодарници“.

На **20 септември 1996 година,** по повод 50 години пензионерско организирање во Македонија во Домот на АРМ во Скопје се одржа пригодна прослава. На свечената седница




присуствувале членовите на Републичкиот одбор и по 5 члена од секоја општинска организација на пензионерите. Присуствувале и претседателот на Републиката Киро Глигоров со својата сопруга, претседателот на Собранието на РМ Тито Петковски со група пратеници на Собранието, претседателот на Владата на РМ, Бранко Црвенковски со повеќе министри од неговиот кабинет и други гости.

Пригоден реферат насловен „50 години живот и работа на македонските пензионери“ поднел претседателот на Сојузот на пензионерите на Македонија м–р Вите Исјановски. Широката јавност во Република Македонија имаше можност јавно и отворено да гиислуша резултатите на Сојузот на пензионерите на Македонија низ педесетгодишната работа. Тоа беше еден вид јавен дијалог за некои отворени прашања што ги измачуваат пензионерите како интегрален дел од македонскиот народ. Во дневниот печат и на ТВ, имаше пригодни написи за оваа манифестација. Пензионерите оваа годишнина ја одбележаа и со многу други богати и содржајни активности. Програмите за работа беа со нови амбиции, со нови содржини за поголемо ангажирање и за остварување на европските дострели во пензионерското организирање, со цел да се создава животен амбиент соодветен на нивниот стандард и исполнување на време со мошне богати и осмислени актив–

ности. Пензионерите донесоа генерализирана порака со мерка за реалност и меѓусебен респект, готови да го понесат својот дел од одговорноста за подобар животен стандард и посреќен живот. За сумирање на резултатите од свечената седница издадена е публикација „50 години на Сојузот на пензионерите на Македонија 1946 – 1996“ која целосно е преведена и на англиски јазик, за презентирање на животот и работењето на Сојузот на пензионерите на Македонија, како во соседните земји, така и во земјите членки на Европската унија и пошироко.

На изборите одржани на **12 декември 2002 година** за претседател на СЗПМ беше избран Душко Шурбановски, за потпретседател на ИО Андон Марковски и за секретар на ИО Чедо Георгиевски.

На третата седница на Собранието на СЗПМ на **29 април 2003** година, беше усвоен протокол за соработка со Фондот на ПИОМ за сервисирање средства за членарина од 20 денари и за Солидарениот фонд за погребнина 120 денари.

Во **2006** година поради објективни и субјективни причини многу скромно беше одбележана 60–годишнината на пензионерското организирање во Македонија.

На изборната седница на Собранието на СЗПМ на **20 декември 2006 година** Душко Шурбановски повторно беше избран за претседател, Андон Марковски за потпретседател на ИО и Чедо Георгиевски, за секретар на ИО.

По две години Андон Марковски даде оставка од лични причини, а за потпретседател на ИО беше избран Чедо Георгиевски.

На петтата седница на Собранието на СЗПМ на **16 март 2009 година** за нов секретар на ИО беше избран Драги Аргировски.



На редовни избори на седницата на Собранието на **31 март 2011** за нов претседател на СЗПМ беше избран Драги Аргировски, за потпретседател на Собранието Бесник Поцеста, за потпретседател на ИО Методија Тошевски и за секретар на ИО Станка Трајкова.




По четиригодишен успешен мандат Собранието на СЗПМ на седницата одржана на 24 март 2015 година за претседател повторно го избра Драги Аргировски, за претседател на Собранието Бесник Поцеста, за потпретседател на ИО Методија Тошевски и за секретар на ИО Станка Трајкова. Во декември истата година Извршниот одбор за нов потпретседател го избра Салтир Каровски, на местото на Методија Тошевски.



На **20 септември 2011** година свечено беше одбележан јубилејот 65 години пензионерско организирање во Македонија, заедно со 20–годишнината од прогласувањето на независноста на Република Македонија. По тој повод под покровителство на претседателот на Република Македонија д–р Ѓорге Иванов, во Домот на АРМ во Скопје се одржа Свечена академија. На пензионерите кои беа присутни во голем број и на гостите од земјата и од странство им се обратија и ги поздравија: прет–

седателот на Република Македонија д–р Ѓорге Иванов и министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски. Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски пред да го прочита свечениот реферат, ги поздрави присутните, меѓу кои и гостите од странство со кои СЗПМ има добра соработка: Владимир Ножариќ, заменик на претседателот на Матицата на пензионерите на Хрватска, Рајко Јариќ, секретар на Сојузот на пензионерите на Србија, Андреј Јус, директор на Европскиот институт „Хевреќа" од Љубљана и Марјан Шифтар од Фестивалот за трета животна доба во Љубљана, долгогодишен амбасадор на Република Словенија во нашата држава и високите гости од многуте институции поврзани со оваа популација, како што се ФПИОМ, ФЗОМ, градоначалниците и други. На гостите од странство и на доајените на пензионерското организирање во Македонија, Душко Шурбановски, Андон Марковски и Бесник Поцеста, на свечен начин им беа доделени благодарници.

На **1 ноември 2011** година за првпат надвор од Скопје во легендарното Крушево се одржаа три конструктивни средби на Собранието на СЗПМ и неговиот Извршен одбор, на претседателите на здруженијата и на активите на пензионерките на кои беа позитивно оценети досегашните активности и дадени насоки за нова динамика во севкупната работа.






Таа година, во историјата на СЗПМ и на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе биде забележана како мошне значајна и плодна. Сепак, сѐ уште не се исцрпени сите инструменти за влијание и дејствување преку раководството на СЗПМ, кое дава иницијативи, сугестии и предлози за законските регулативи во интерес на пензионерската популација и е подготвено да учествува во работата на некои државни органи, во советите и комисиите. Успешно се менаџирани повеќе активности кои го олеснуваат староењето, релаксираат, духовно збогатуваат, го зачувуваат и зацврстуваат здравјето, тоа, во прв ред, се: спортските, рекреативните, културните и забавните форми. СЗПМ настојува да обезбеди максимална инклузија и опфатеност на членството во разни активности. Во овој период настанува подем во пензионерското организирање. Во СЗПМ се подготви Закон за пензионерско организирање бидејќи има многу специфичности во пензионерското организирање каде што се здружени 53 здруженија со 252.000 членови пензионери.

Голем напредок и реафирмација доживува и развојот на социјално–хуманитарната активност и 2012 година, беше прогласена за „**Година на солидарност**" што вроди плод. Потоа по низа години во услови на поинаква организациона поставеност на здруженијата, во 2014 година, се донесе и Правилник за единствените критериуми во материјално–финанасиското работење на здруженијата на пензионерите и СЗПМ во кој заеднички за сите здруженија се утврдуваат единствени критериуми со определување граници за користење на средствата собрани од членарината. Во развојот на социјалната компонента беше и усвојување на Проектот за Пензионерска социјална карта која се спроведе во ЗП „Ѓорче Петров", а во тек е имплементирањето на овој социјален документ во едно од најголемите здруженија во Скопје, ЗП Кисела Вода.

Една многу значајна активност во овој период беше и **Проектот за средување на архивската документација во СЗПМ** за подолг период. За одбележување е донесување на **Правилникот за арбитража** кој има цел по

мирен пат преку Комисија за арбитража да се решаваат споровите меѓу здруженијата со цел да се спречи неосновано трошење на пензионерските пари собрани од членарината. Извршниот одбор донесе и Листа на арбитри кои за конкретен спор изборот е во диспозиција на Здруженијата на пензионерите.

СЗПМ континуирано ја осовременува својата работа, а со тоа им помага и на пензионерските здруженија како негови членки. Имено, заради располагање со лични податоци за пензионерите донесен е **Правилник за техничките и организациските мерки за заштита на личните податоци** на основно ниво компатибилно за СЗПМ и здруженијата кои се во обврска да го применуваат.

По барање на претседателите на здруженијата од страна на СЗПМ подготвен е и Проект – Волонтерсво во современи услови на работење на здруженијата на пензионерите. Проектот го промовира развојот на волонтерски активности како помош на пензионери при набавка на продукти, плаќање сметки, посета на здравствени институции и друго со можност самите здруженија да го развиваат, дополнуваат и имлементираат според своите материјални можности.

На **16 септемви 2016 година** јубилејната 70–годишнина од пензионерското организирање во Македонија се одбележи со голема свечена академија во полната сала на Домот на



АРМ. При тоа претседателот на Република Македонија д–р Ѓорге Иванов на СЗПМ свечено му го врачи големото државно признание „Повелба на Република Македонија“. Пред пензионерите и големиот број гости на свечената академија говореа претседателот на државата д–р Ѓорге Иванов и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Свечените активности се одвиваа и преку целата 2016 година во СЗПМ и во сите здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

**ПРЕГЛЕД**
**Број на пензионери по здруженија за месец ДЕКЕМВРИ 2016 година**

| | |
|---|---|
| ЗП Берово | 2.257 |
| ЗП Битола | 17.714 |
| ЗП Богданци | 1.464 |
| ЗП Валандово | 1.839 |
| ЗП Вевчани | 403 |
| ЗП Велес | 8.880 |
| ЗП Виница | 2.611 |
| ЗП Гевгелија | 3.885 |
| ЗП Гостивар | 6.581 |
| ЗП Дебар и Центар Жупа | 2.111 |
| ЗП Делчево | 3.175 |
| ЗП Демир Капија | 711 |
| ЗП Демир Хисар | 1.590 |
| ЗП Дојран | 590 |
| ЗСП – Илинден Скопје | 2.016 |
| ЗП Кавадарци | 5.860 |
| ЗП Кичево | 4.479 |
| ЗП Кочани | 6.457 |
| ЗП Кратово | 1.825 |
| ЗП Крива Паланка | 3.099 |
| ЗП Крушево | 1.605 |
| ЗП Куманово | 13.895 |
| ЗП Лозово | 435 |
| ЗП Македонски Брод | 1.297 |
| ЗП Македонска Каменица | 1.290 |
| ЗП Неготино | 3.059 |
| ЗП Ново Село | 1.386 |
| ЗП Охрид и Дебрца | 9.763 |
| ЗП Пехчево | 1.009 |
| ЗП Прилеп | 13.581 |
| ЗП Пробиштип | 1.951 |
| ЗП Злетово | 454 |
| ЗП Радовиш и Конче | 3.922 |
| ЗП Ресен | 2.809 |
| ЗП Свети Николе | 2.880 |
| ЗП Струга | 4.109 |
| ЗП Лабуништа | 665 |
| ЗП Струмица | 10.349 |
| ЗП Тетово | 12.262 |
| ЗП Штип и Карбинци | 8.432 |
| ЗП Солидарност – Аеродром – Скопје | 11.515 |
| ЗП Бутел – Скопје | 5.533 |
| ЗП Гази Баба – Скопје | 11.956 |
| ЗП Ѓорче Петров – Скопје | 6.516 |
| ЗП Карпош – Скопје | 5.160 |
| ЗП Тафталиџе – Скопје | 6.704 |
| ЗП Кисела Вода – Скопје | 12.954 |
| ЗП Сарај – Скопје | 1.901 |
| ЗП Центар – Скопје | 9.785 |
| ЗП Чаир – Скопје | 7.845 |
| ЗП Шуто Оризари – Скопје | 1.318 |
| Здружение на воени пенз. – Скопје | 1.281 |
| ЗП ОВР на РМ | 1.633 |
| **ВКУПНО** | **256.801** |

# 6. СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ ВО ИНТЕРЕС НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

На пензионерската организација во Македонија од формирањето до денес значајна е соработката со државните органи и институциите со заложбата за решавање на проблемите и за подобар стандард на пензионерите. По осамостојувањето на Република Македонија СЗПМ соработуваше со сите влади во нашата земја со настојување пензиите да се исплатуваат редовно, да се усогласуваат и зголемуваат, но и да се создаваат нови услови за достоинствен живот на оваа многубројна популација.

● Во **октомври 1996** година претседателот на Република Македонија Киро Глигоров ја примил делегацијата на СПМ предводена од



претседателот Вите Исјановски при што станало збор за многу актуелни прашања од пензионерското живеење во нашата држава, а посебно со намалувањето на пензиите во 1993 година за 8 осто. Делегацијата била примена и од премиерот Бранко Црвенковски и од претседателот на македонскиот парламент Тито Петковски.

● На **28 јануари 2005** година претседателот на Владата на Република Македонија Владо Бучковски примил делегација на СЗПМ предводена од претседателот Душко Шурбановски. Средбата била иницирана со цел премиерот да биде изворно запознаен со положбата на македонските пензионери во државата и за проблемите на кои наидуваат тие. Посебно била истакната потребата да продолжи со исплатата на разликата на пензиите од 8 отсто што во 1999 година со посебна одлука била внесена во основиците на корисниците на пензија кои тоа право го стекнале пред 1993 година, а по оваа основа во 2.000 година започнала исплатата. На оваа средба со премиерот било договорено да биде почитувана Спогодбата меѓу СЗПМ и Фондот на ПИОМ за исплата на пензиите и солидарниот фонд.

● На **10 јуни 2006** година тогашниот претседател на Владата Владо Бучковски и претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски потпишаа Меморандум за разбирање за подобрување на условите и стандардот на пензионерите.

● Во февруари истата година делегација на СЗПМ ја примил и претседателот на Собранието на РМ Љупчо Јордановски при што претседателот Шурбановски информирал за иницијативата за измени и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

● На **15 февруари 2007** година новиот претседател на Владата на Република Македонија Никола Груевски ја примил делегацијата на СЗПМ на чело со претседателот Душко Шурбановски, при што се говорело за зголемување на пензиите и за измена на усогласувањето кое било 40 отсто од порастот на трошоците на животот и 20 отсто од порастот на платите. За оваа проблематика се зборувало и на 2 април 2007 година кога делегацијата на СЗПМ ја примил и претседателот на Собранието на РМ Љубиша Георгиевски.

● На **9 мај 2008** година СЗПМ потпиша Меморандум за соработка со ЗЕЛС со што започна поинтезивна соработка помеѓу здруженијата на пензионерите и локалните самоуправи за отворање на пензионерски клубови и други заеднички активности. Благодарејќи на сето тоа денес во Република Македонија има над 350 клубови на пензионери.

● На **20 март 2009** година претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски во Демир Хисар имаше средба со претседателот на СЗПМ  Душко Шурбановски и новиот секретар на ИО Драги Аргировски, на која присуствуваа и пензионери од Југозападниот регион. При тоа претседателот Црвенковски истакнал дека посебно го радува што пензионерите во нашата земја се активни, се ангажираат за своите права, вршејќи корисен притисок за зголемување на пензиите и надминување на сиромаштијата и за подобра здравствена заштита, а паралелно со тоа се и организатори на спортски и културни активности и на незаборавни дружења и среќавања. Проблемите на



пензионерското живеење треба да се решаваат, бидејќи Република Македонија и според уставот е социјална држава и таа треба да води сметка подеднакво за сите структури на граѓани, а посебно за оние кои целиот свој живот го вложиле во изградбата на нашата земја, како што се членовите на СЗПМ.

● На **26 август 2012** година претседателот на Владата на РМ Никола Груевски, придружуван од министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и министерот за здравство Никола Тодоров, оствари работна



средба во просториите на СЗПМ со раководството на Сојузот на чело со претседателот Драги Аргировски. Ова за прв пат се случува во долгогодишната историја на СЗПМ да ги посети премиер, при што беше информиран за постигањата, проблемите и планирањата на активностите на најмасовната невладина, неполитичка мултиенична организација. Премиерот Груевски посебно беше задоволен од она што го прават пензионерите за самите себе и за своето активно стареење. Беше предложено сите пензионери со примања до просечна пензија да добијат бесплатно болничко лекување.

● На **26 септември 2012** година премиерот Никола Груевски прими делегација на СЗПМ која овој пат ја предводеше претседателот Драги Аргировски. На седницата присуствуваше и вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставревски и министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски. На средбата премиерот Груевски соопшти дека 270.000 пензионери со мартовската пензија во 2013 година ќе добијат покачување за 7 проценти, односно 5 проценти зголемување од Буџетот и 2 проценти усогласување.

– Од оваа одлука на Владата ние сме задоволни и тоа ќе го поздрават сите пензионери, бидејќи се знае каква е економската криза во Европа, поради што индексацијата во многу земји е укината и некаде и пензиите се намалуваат, а ние редовно ги земаме во првата недела во месецот, – истакна претседателот Аргировски и додаде дека на овој начин донекаде се ублажува сиромаштијата што ја носи секоја криза во економијата.

● За одбележување е дека во 2012 година за постигањата во СЗПМ Редакцијата и чи-






тателите на весникот „Нова Македонија“ претседателот на СЗПМ Драги Аргировски го прогласија за личност на годината.

Во 2013 година тој ја доби и највисоката државна награда „11 Октомври“ за животно дело во областа на новинарството и публицистиката.



● На **6 март 2013** и на **4 октомври 2015** година вицепремирот Зоран Ставревски и министерот за труд и социјална политика Диме Спасов го посетија СЗПМ каде што со раководството разменија мислења за зголемувањата на пензиите, за проектот бесплатна бањска рекреација на корисниците на пензија, за поттикнување изградба на пензионерски и старски домови, како и за новите проекти за бесплатен туристички викенд и за бесплатен превоз во железничкиот сообраќај.

● На **25 октомври 2016** година претседателот на Владата на РМ Емил Димитриев прими делегација на СЗПМ што ја предводеше претседателот Драги Аргировски. Повод за средбата беше врачување на Плакета на СЗПМ на Владата на Република Македонија по повод големиот јубилеј, 70 години пензионерско организирање. Премиерот Димитриев истакна дека го радуваат постигнатите успеси и резултати и дека од пензионерите треба да учат помладите генерации, особено на полето на соживотот и меѓуетничката толеранција.

● По повод јубилејот и претседателот на Собранието на РМ Трајко Вељановски прими делегација на СЗПМ. При тоа претседателот Драги Аргировски свечено ја врачи плакетата на СЗПМ за особен придонес на македонскиот парламент во развојот на пензионерското организирање во Македонија. Заблагодарувајќи се за признанието Вељановски го истакна значењето на работата на СЗПМ како најмасовна и многу активна невладина мултиетничка организација и им посака нови успеси и постигања на сите пензионери во нашата земја.

# 7. СОРАБОТКА НА СЗПМ СО ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Историски гледано постојана соработа Сојузот остварувал со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Во далечните почетоци на пензионерското организирање Фондот располагал со повеќе средства на својата сметка. Тој на барање од Сојузот во тоа време издојувал средства кои оделе во Фондот за станбена изградба (пензионерски домови, одморалишта, клубови). На највисоките органи на Фондот постојано биле поставувани и темите поврзани со пензионерите. Се разгледувале предлози на законски проекти, прашања за усогласување на пензиите, материјалниот статус на пензионерите со ниски пензии, при што се побарувала и согласност од пензионерската асоцијација. Редовно, на седниците на органите на тогашниот Фонд имало претставници од Сојузот. Кога имало потреба на седниците на Републичкиот одбор на Сојузот присуствувале највисоки стручни лица од Фондот да дадат стручни одговори по сите прашања што ги поставувале пензионерите. Фондот нашиот Сојузот го помагал и со административна поддршка во извршувањето на својата дејност како највисок облик на граѓанска асоцијација. За одбележување е дека во Управниот одбор на поранешните органи на Фондот имало членови пензионери и задолжително член од Сојузот. Исто така, се забележува и фактот дека претседатели на Комисијата за решавање во втор степен по предметите од пензиското и инвалидското осигурување беа претставици од Сојузот **(Андон Марковски, Лазар Лабачевски)** кои професионално и навремено ја вршеле својата работа со цел пензинерите што побрзо да добијат решение по поднесената жалба.

Во еден период таа соработка беше замрена за повторно да се сфати дека е неминовна и потребна. Во последните неколку години соработката на Фондот со Сојузот може да се



каже дека е на завидно ниво. Имено, во 2013 година, за член на Управниот одбор беше избран претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, со што се збогатува ангажирањето во сите сегменти и прашања за пензионерите, а најголемата соработка се остварува во делот на солидарниот фонд и членарината. Истата година ФПИОМ усвои и Протокол за соработка со СЗПМ за сервисирање средства за членарина и солидарен фонд. На општо задоволство сите прашања од солидарниот фонд заеднички се решаваат. Исто така, во овој период остварени се низа средби на раководствата на СЗПМ и Фондот на ПИОМ во однос на размена на податоците, поддршка и спроведување проекти од интерес за пензионерите (навремена исплата на пензијата, усогласување на пензиите, бањско–климатска рекреација, информирање на пензионерите и друго).

Во прегледот што го подготви ФПИОМ за движењето на просечната пензија и за усогласувањето во изминатите 20 години очигледен е растежот.

**ПРОСЕЧНИ ПЕНЗИИ ОД 1997 - 2016**

| Вкупно просечна пензија по години | | | Најниска трета група пензија (од 1997) | Највисок износ на пензија | Вкупно усогласување |
|---|---|---|---|---|---|
| година | просечна пензија (во денари) | коментар | | | |
| **1997** | 5.778 | | 3.238 | 20.570 | 1,10% |
| **1998** | 5.760 | **нема усогласување** | 3.238 | 20.570 | **нема усогласување** |
| **1999** | 6.251 | | 3.301 | 20.969 | 1,94% |
| **2000** | 6.431 | | 3.362 | 21.362 | 1,88% |
| **2001** | 6.535 | | 3.422 | 23.632 | 1,79% |
| **2002** | 6.955 | | 3.647 | 25.026 | 6,57% |
| **2003** | 7.346 | | 3.856 | 26.460 | 5,73% |
| **2004** | 7.428 | | 3.903 | 26.780 | 1,21% |
| **2005** | 7.463 | | 3.919 | 26.887 | 0,40% |
| **2006** | 7.684 | **вкупна просечна пензија од семејна, инвалидска и старосна пензија** | 4.024 | 27.605 | 2,67% |
| **2007** | 7.848 | – // – | 4.092 | 28.071 | 1,69% |
| **2008** | 9.541 | – // – | 5.262 | 32.075 | 21,66% |
| **2009** | 10.057 | – // – | 5.556 | 33.868 | 5,59% |
| **2010** | 10.273 | – // – | 5.634 | 34.343 | 1,40% |
| **2011** | 10.628 | – // – | 5.796 | 35.328 | 2,87% |
| **2012** | 11.038 | **вкупна просечна пензија од семејна, инвалидска, старосна, земјоделска и воена пензија** | 5.895 | 35.933 | 1,71% |
| **2013** | 11.845 | – // – | 6.562 | 37.173 | + 5% дополнително усог. Вкупно 7% |
| **2014** | 12.487 | – // – | 7.162 | 37.773 | **фиксно 600 Ден.** |
| **2015** | 13.095 | – // – | 7.783 | 38.394 | **фиксно 621 ден.** |
| **2016** | 13.754 | – // – | 8.437 | 47.128 | **фиксно 654 ден.** |

За осигурениците кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, највисоката пензија не може да изнесува повеќе од 80% до 2015 година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во членот 52 став (1) од овој Закон од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати.

Врз основа на член 230 од ЗПИО, Сл. весник бр. 98/2012 од 01.08.2012 највисоката пензија во 2016 година изнесува 47.128 денари односно просечна плата остварена во 2015 година 21.906 денари помножено со 2,7 пати, помножена со 79,68 заменска стапка и е добиена највисоката пензија за корисниците кои го оствариле правото во 2016 година. Бројот на корсиници на пензија за овој износ на пензија за декември 2016 година се 43 корисници.

**Состојба на корисниците на пензија по вид, по стекнато право и просечна пензија за декември 2016 година**

| декември 2016 г.<br>Вид на пензија | Корисници по работно право | Корисници по воено право | Корисници по земјоделско право | Вкупен бр. Корисници |
|---|---|---|---|---|
| Семејна пензија | 76.790 | 850 | 258 | 77.898 |
| Инвалидска пензија | 38.343 | 190 | 0 | 38.533 |
| Старосна пензија | 190.633 | 447 | 99 | 191.179 |
| **Вкупно:** | **305.766** | **1.487** | **357** | **307.610** |

| Вид на пензија | Просечна пензја |
|---|---|
| Семејна пензија | 11.052,00 |
| Инвалидска пензија | 12.449,00 |
| Старосна пензија | 15.062,00 |
| Земјоделска пензија | 6.849,00 |
| Воена пензија | 20.851,00 |
| Вкупно: | **13.754,00** |

**Вкупен просек на исплатена пензија за месец декември 2016 година 13.754,00**




**Графикон 1. Структура на пензионери по износ на пензија за декември 2016 година**



Бесплатна бањско–климатска рекреација за седум години од 2010 до 2016 година иско–ристиле вкупно 37.020 корисници на пензија, а за две години на бесплатен викенд престоју–вале 4.740 пензионери.

Присутна е соработката и во подобрува–ње на условите во пензионерските домови со кои стопанисува ФПИОМ со што се докажува дека грижата на Фондот за остварување на правата на корисниците на пензија не престанува. Во Република Македонија има вкупно 37 домови на пензионери од кои ФПИОМ стопанисува со 13, а остана–тите 24 се на здруженијата на пензионе–рите. Фондот располага со околу 340 стана во 11 градови. За подобрување на условите за сместување во последно време беше извршена санација на скопс–ките домови на пензионерите – Аеродром, Ав–токоманда, Ѓорче Петров и Чаир, како и во не–колку домови со помал капацитет во другите градови во нашата земја. Сепак СЗПМ поради недостиг на легла за сместување во овие до–мови, подолго време настојува овој проблем да се реши со изградба на нови државни домови





на пензионерите во Скопје, Кочани, Штип, Охрид, Тетово, Кавадарци и други градови. Радува фактот што во рамките на Националната стратегија за стари лица 2010–2020 година се подготвува идеен проект за изградба во три фази на нов државен дом во Скопје со 510 легла за пензионери и стари лица со пониски примања.

Во Кочани е подготвен идеен проект за современ пензионерски дом, а во Штип изградбата е во тек.

За одбележување е дека во минатата година ФПИОМ заедно со СЗПМ потпишаа договор за соработка со Сава осигурување за бенефити за осигурување на пензионерите и нивните семејства.

По повод 70 години пензионерско организирање на 18 февруари 2016 година СЗПМ за првпат во долгогодишната историја, преку ФПИОМ го доби најпосакуваниот подарок од државата – нови деловни простории. Сето тоа придонесува за создавање на модерна и европска пензионерска организација во Република Македонија.

# 8. СОРАБОТКА НА СЗПМ СО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) е основан со Законот за здравствено осигурување како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување, од 2000 година. Фондот врши дејност од јавен интерес. Со работата на Фондот управува Управен одбор, во кој има претставник на пензионерите. ФЗОМ се залага пензионерите на најдобар можен начин да го остваруваат правото на лекување со задолжителното здравствено осигурување и за поквалитетна здравствена услуга. ФЗОМ обезбедува ефикасно користење на расположливите средства и ресурси, финансиска стабилност и ефикасност. Заедно со другите чинители на здравствениот систем се вршат масовни превентивни скрининг прегледи, а со невладините организации се води кампања за промоција на здравјето преку подигнување на јавната свест за добрите и се укажува за штетните навики.

Во ФЗОМ се практикуваат годишни средби на раководните органи на ФЗОМ со претставници од СЗПМ при што се разговара за утврдување на потребите и барањата на пензионерите и за подобрување на услугите кои се во надлежност на ФЗОМ. Посебен интерес за пензионерите е снабдувањето со лекови, проектот „Електронска здравствена картичка", едукативните работилници „Фондот поблиску до пензионерите" и редовното информирање на пензионерите за сите новини и поволности во здравственото осигурување. Специфична новина се поволностите од амбулантите и аптеките во руралните места и подвижните аптеки. Трендот на намалување на цените на лековите



резултира со зголемување на бројот на лековите кои се обезбедуваат за осигурените лица. Постои тенденција бројот на лековите кои се без доплата и понатаму да се зголемува. Регулирано е за хроничните болести да може да се добиваат рецепти за шест месеци и други поволности.

Во знак на признание за големиот придонес во областа на обезбедувањето на здравс-




твените услуги за пензионерите, а по повод прославата за 70–годинишнината на пензионерското организирање во Македонија на 16.9.2016 година, на Фондот за здравствено осигурување му е доделена Плакета од СЗПМ.

# 9. СОРАБОТКА НА СЗПМ СО СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СОЈУЗОТ НА БОРЦИТЕ И ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА

Сојузот на пензионерите има неколку децениска плодна соработка со Сојузот на синдикатите и Сојузот на борците, како и со Црвениот крст на Македонија. Уште на почетокот на пензионерското организирање во нашата земја здруженијата на пензионерите стануваат како дел на единствените синдикати, а соработката многу години се остваруваше по прашања од заедничките интереси.

По прогласувањето на независноста на Република Македонија Сојузот на пензионерите започнува посамостојно да дејствува, но останува повеќе години да користи деловни простории под кирија во зградата на ССМ.

Во последно време соработката е интензивирана, особено по потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу СЗПМ и ССМ. Притоа претседателот на ССМ д–р Живко Митревски ја истакна потребата за поактивно заедничко дејствување и размена на искуства, бидејќи пензионерите  како ветерани на трудот, се дел од работничката популација и имаат слични проблеми со припадниците на синдикатот. Синдикалната заложба за зголемување на платите и на вработеноста  е во полза и на пензионерите поради сигурноста на изворите на пензија. Впрочем, ветераните на трудот заслужуваат да имаат подобри услови за активен живот.




Забележителна соработка пензионерите остваруваат со Сојузот на борците на Македонија особено во негувањето на традициите  со заеднички посети на историски места, одбележување на историски настани и слично. Во многу здруженија на пензионерите активно работат историски секции. Во врска со ова СЗПМ има потпишано Меморандум за соработка со Сојузот на борците на Македонија.

И движењето на меѓународната организација на Црвениот крст во Македонија има долга традиција со активности во корист на населението и пензионерите. Се истакнува дека волонтери на Црвениот крст биле многу граѓани на различна возраст вклучувајќи многубројни пензионери кои и денес не се откажуваат од доброволното учество во акциите на Црвениот крст. Во повоениот период, кога имало раздвоени семејства, голем број инвалидизирани лица, многу сиромашни и болни луѓе на сите возрасти, Црвениот крст на Македонија уште од своето формирање на 17 март 1945 година се вклучил во помагањето на сите, до кои можеле да стигнат неговите волонтери. Направени се многу активности и до денес помогнато е на десетици илјади луѓе во Македонија. Црвениот крст на Република Македонија (ЦКРМ) е доброволна, масовна, самостојна, невладина, непартиска и независна *хуманитарна* организација на граѓаните на Република Македонија. Како водечка хуманитарна организација ЦКРМ *се грижи и за старите изнемоштени и сиромашни лица*. Црвениот крст организира посети во колективни и во индивидуални домови за стари, приредува јавни манифестации за подигање на свеста за потребите на старите и организира донаторски акции за материјално помагање на социјалните случаи. За пензионерите, голем број волонтери на ЦКРМ вршат лекарски прегледи, ги посетуваат и разговараат со нив, тоа е и психолошка поддршка, им носат поклони и им даваат и други потребни услуги, набавки на лекови, артикли за домот, спроведуваат акции за мерење крвен притисок, земање крв за лабораториска анализа и слично. Со осамените стари и изнемоштени лица, волонтери од Црвениот крст редовно контактираат и им помагаат. Во Скопје под туторство на Црвениот крст има Центри и клубови за дневен престој на старите лица во Маџари, во Чаир, во Сарај и во Домот „Даре Џамбаз”.

Во 1974 година во рамките на соработка–



та помеѓу СПМ и ЦКРМ била воспоставена „Недела на грижата за старите лица" која се спроведува до денес. Неделата поакцентирано ја организираат и реализираат активности за помош на старите. Традиционално во оваа недела се вклучувале организациите на Црвениот крст, општествено одговорни компании, владини институции и здруженијата на пензионерите.

Во програмите за работа на СЗПМ, преку неговите органи и комисии, како и во здруженијата на пензионерите континуирано била планирана и на теренот била воспоставена соработка со ЦКРМ. Во раководните органи на Црвениот крст биле вклучувани и претставници на пензионерите. Со цел за официјализирање на соработката помеѓу СЗПМ и Црвениот крст на Република Македонија во 2008 година бил потпишан Меморандум. Со него се регулирале заемните односи и обврски за натамошна поуспешна соработка. Имплементацијата на Меморандумот придонесува за зголемување на грижата за старите лица.

Здруженијата на пензионерите во долг временски период имаат одлична соработка со општинските организации на Црвениот крст. Неколку здруженија на пензионерите имаат и посебни клубови или основни пензионерски организации како колективен член во Црвениот крст во која тие волонтираат независно дали активноста се однесува на пензионерите или за други групи од населението. СЗПМ и здруженијата учествуваат и со скромна, но добродојдена финансиска помош во акциите на Црвениот крст насочени за санирање на поголеми несреќи или катастрофи како што се земјотреси, поплави, одрони и сл. Здруженијата на пензионерите во соработка со Црвениот крст организираат едукативни предавања од здравствената и социјалната област, заеднички акции за превентивни прегледи и советувања, мерењена крвниот притисок, шеќер и холестерол во крвта и друго.

Има пензионери кои и сега се зачленуваат во Црвениот крст и се вклучуваат како волонтери во многу негови активности. Човечката хуманост е важна. Дарувњето своја крв, дел од скапоцената течност значи да спасуваш живот. Дарители со најбројни дарувања крв има повеќе меѓу пензионерите. Тие започнале како млади и не престанале. Да се негува таквото чувство е повеќе од хумано, величествено и заслужува искрено восхитување. Понекогаш примерот го следат и најблиските во семејството и средината. За тие хумани луѓе во знак на благодарност Црвениот крст има воспоставено пригодни награди и средби за одбележувања.

По повод 70–годишнината на пензионерското организирање во Македонија, делегација од СЗПМ на 18.10.2016 година, беше во Републичкиот Црвен крст кадешто ги прими генералниот секретар Саит Саити. На оваа средба



претседателот Драги Аргировски свечено ја врачи Плакетата на СЗПМ по повод јубилејот, при што искажа голема благодарност за взаемната долгогодишна соработка, поддршка и помош во интерес на пензионерите и граѓаните на Македонија. Генералниот секретар на Црвениот крст на РМ, д–р Саит Саити се заблагодари за овој убав гест и изрази честитки за големиот јубилеј на СЗПМ, за сите минати активности, но и за активностите кои ќе произлезат од заедничката соработка во иднина.

# IV ДЕЛ



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ

## 1. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ 1946-1989

Раководството на македонските пензионери уште од формирањето се интересирало за случувањата во пензионерските здруженија во другите југословенски републики, како и во други држави.

Уште тогаш, била воспоставена практика на годишните собранија на републичките сојузи да присуствуваат гости од сојузите од другите југословенски републики. Според документите, првата официјална, билатерална соработка и размена на искуства и консултации започнала со договорна посета кај македонските пензионери од раководството на Сојузот на пензионерите на СР Србија, во 1967 година.



Подоцна биле воспоставени поцврсти врски и соработка помеѓу Сојузот на пензионерите на Македонија со пензионерските сојузи во Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Во 1971 функционери од пензионерските здруженија од Србија и Војводина престојувале во Македонија и притоа имале интензивни средби, разговори и размена на искуства со македонските пензионери. Возвратна посета во Белград и Нови Сад, на македонското пензионерско раководство уследила во октомври истата година. Во меѓувреме се одвивала и т.н. „прекугранична соработка“ при што се збратимиле неколку општински здруженија од едната и од другата република. Од тогаш пензионерите од сите здруженија започнале да организираат екскурзии во соседните републики и околните држави. Заради добрата соработка СП на СР Србија му доделува признанија и благодарност на Сојузот на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот на СР Македонија, на 3. декември 1973 г.



САВЕЗ ПЕНЗИОНЕРА
СР СРБИЈЕ
за успешан и плодоносан рад
одаје
признање
и захвалност
СР Македоније
за дугогодишњи и заслужни рад
на унапређењу друштвеног живота
пензионера и њихових организација
РЕПУБЛИЧКИ ОДБОР
САВЕЗА ПЕНЗИОНЕРА СР СРБИЈЕ
у Београду
СЕКРЕТАР
ПРЕДСЕДНИК

Во средината на 1972 година во Белград била потпишана Повелба за збратимување помеѓу Сојузот на здруженијата на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот на Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Србија.

Наскоро по збратимувањето помеѓу пензионерските сојузи од Македонија и Србија уследиле збратимувања и помеѓу пензионерските здруженија од двете републики и тоа: ЗП Кисела Вода со ЗП Приепоље, ЗП Штип со ЗП Земун, ЗП Титов Велес со ЗП Нов Белград, ЗП ОВР Скопје со ЗП Лазаревац, ЗП Прилеп со ЗП Крагуевац, ЗП Куманово со ЗП Врање, ЗП Идадија со ЗП Нови Сад, ЗП Кале со ЗП Ниш и други.


САВЕЗ ПЕНЗИОНЕРА СР СРБИЈЕ
РЕПУБЛИЧКА КОНФЕРЕНЦИЈА
БЕОГРАД
24. децембар 1980. године

Савез пензионера Македоније

*У знак захвалности и признања за дугогодишњу сарадњу и допринос унапређивању друштвено–економског положаја пензионера, и њихових организација, Републичка конференција Савеза пензионера СР Србије додељује вам монографију „САВЕЗ ПЕНЗИОНЕРА СР СРБИЈЕ 1946–1979".*

ПРЕДСЕДНИК
РЕПУБЛИЧКЕ КОНФЕРЕНЦИЈЕ

Во знак на благодарност СП на СР Србија на 24 декември 1980 година на Сојузот на пензионерите на СР Македонија му доделува Благодарница и Монографија 1946–1979.

На прославата по повод 35–годишнината од формирањето на Сојузот на друштвата на пензионерите на Словенија, како благодарност и признание за дотогашната успешна работа и соработка во корист на пензионерите и нивните здруженија, на Сојузот на пензионерите на Македонија му била доделена ЗЛАТНА ЗНАЧКА од Сојузот на друштвата на пензионерите на Словенија, Љубљана декември 1981 година.


ob 35 letnici

ZVEZE DRUŠTEV UPOKOJENCEV SLOVENIJE

prejme

*Sojuz na penzionerite na Makedonija*

ZLATO ZNAČKO

ZVEZE DRUŠTEV UPOKOJENCEV SLOVENIJE

v zahvalo in priznanje za uspešno delo v korist upokojencev in njihovih društev.

Ljubljana 1981

tajnik — predsednik

Збогатувањето на меѓународната соработка ја зголемувало и репутацијата на Сојузот на пензионерите на Македонија и овозможува обострани придобивки, развој и зајакнување на активностите во корист на пензионерите и организацијата. Во седумдесеттите и осумдесеттите години на 20–тиот век била интензивирана соработката со словенечкото и хрватското пензионерско раководство, која станала традиционална и долготрајна.

## 2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ 1990 - 2016

По осамостојувањето на нашата држава меѓународната соработка со сродни организации на пензионерите во непосредното опкружување и пошироко во Европа почнала да се развива во зголемен обем. Во согласност со целите и задачите определни со Статутот и со програмите за работа, бил продолжен континуитетот на билатералната соработка со пензионерите од поранешните југословенски републики. Во претходниот период, до 1990 година, тие функционирале според исти законски прописи и во многу слични ситуации, а периодот на адаптирање на новите услови носел нови искуства, па јасна е причината и интересот за нивно меѓусебно разменување, а биле разгледувани и искуствата од земјите од Европската унија. Според податоците што ги презентирал тогашниот претседател на СПМ Вите Исјановски, била воспоставена соработка со пензионерските организации во поранешните југословенски републики освен со БиХ, а соработувале и со Албанија, Италија и Шведска. Пензионерските организаци од другите земји многу се интересирале за македонските искуства и за функционирањето на солидарниот посмртен фонд.

Во тоа време биле остварени неколку значајни средби со словенечкото раководство на пензионерите. Македонското раководство било заинтересирано да ги дознае искуствата од вклучувањето на Словенија во ЕУ, а словенечкото имало интерес да го сознае напредокот на реформите во македонскиот пензиски систем и да помогне за натамошно приспособување кон европските практики и законодавството.

Хрватските пензионери како домаќини на меѓународниот симпозиум под покровителство на федерацијата на пензионерите од Италија, овозможиле македонското пензионерско раководство да учествува и да има поблиски контакти со Конфедерацијата на пензионерите од Европската унија (FERPA). Делегација на СПМ учествувала и на Конгресот на италијанските пензионери. А во возвратна посета дошла италијанската делегација во Македонија и дала финансиска помош за македонските пензионери во времето на бегалската криза предизвикана од Косовските настани 2000–та година.

Македонска делегација била на средба и разговори и со српските пензионери во Белград.

Црногорските пензионери организирале десетдневен престој на претседателот на СПМ во Игало, кајшто биле остварени неколку заеднички средби. Делегацијата била и во Шведска каде што се запознале со тамошниот систем на социјална инклузија на пензионерите. Делегација на македонските пензионери присуствувала на Медитеранска пензионерска средба во Алжир, каде биле презентирани состојбите и реформите на пензискиот систем.

Федерацијата на француските пензионери и Романската организација во Р. Македонија, организирале симпозиум за развој и насоки на пензионерските организации на патот кон зачленување во ЕУ.






Во 1999 година, потпретседателот на СПМ Андон Марковски бил на студиско патување во САД. Тој остварил повеќе средби и разговори со раководители на пензионерски организации меѓу кои и најголемата организација во Вашингтон. Била организирана и двонеделна обука на кадри за раководење со невладини организации.

Македонска делегација присуствувала на Обединувачкиот конгрес на пензионерите во Бугарија во 2002 г., а имало и возвратна посета. Во 2002 година на иницијатива на бугарските пензионерски организации се одржала Балканска пензионерска конференција во Софија, со заклучок во рамките на заедничката соработка да се одржи Балкански фестивал на фолклор и пејачки групи и да се разменат посети на делегации од сите балкански држави заради развивање соработка на културен план. Според информациите од нашата делегација, од Конференцијата понесено е непријатно доживување поради опструкциите кон македонската делегација, кои биле со политичка конотација.

На 11 септември 2004 г., во Струга била одржана средба на претставници на пензионерските организации: Пензионерскиот синди-



кат на Албанија, со претседателот професор д–р Исак Горица; Обединетиот сојуз на пензионерите на Бугарија, со претседателот Сава Гарбузанов; Демократскиот сојуз на пензионерите на Бугарија, со претседателот Георги Мерџанов; Сојузот на здруженијата на пензионерите на Црна Гора, со претседателот проф. д-р Љуба Секулиќ; Сојузот на пензионерите од јавните служби на Република Турција, со претседателот Ирфан Јенѓинѓуи и како домаќин Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија претставен со претседателот Душко Шурбановски. Биле поканети, но не дошле преставниците на пензионерите од: Босна и Херцеговина, Србија, Словенија, Грција и Романија. На средбата биле разменети информации за искуствата од организираноста на пензионерите, за пензиските системи, финансирањето на дејноста на пензионерската асоцијација, за начинот на усогласувањето на пензиите со животните трошоци, за здравствената заштита на пензионерите, за погребните трошоци и друго. Едногласно била поддржана идејата да се организираат Балкански пензионерски спортски натпревари и да се работи на создавање Балканска асоцијација на пензионерските организации. За подготвување основачко собрание биле избрани Иницијативен одбор, а за претседател Душко Шурбановски. Меѓутоа поради разни објективни и субјективни причини оваа иницијатива не се реализирала.

На 1 октомври 2005 г., претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски, со делегација, учествувал во работата на 18. конгрес на Европската асоцијација за заштита на стари лица (ЕУРАГЕ) во Љубљана, Словенија. Притоа настапил со реферат и ја претставил монографијата „50 години пензионерско организирање во Македонија", како и билтени за спортските игри и фолклорната ревија на СЗПМ. Било договорено на наредниот Конгрес во 2008 година во Мадрид, СЗПМ да биде примен за офи-

цијален член на оваа асоцијација, меѓутоа поради финансиски проблеми тоа не било остварено.

Комисијата за соработка при ИО на СЗПМ во текот на 2006 година, донела програма за соработка со меѓународни пензионерски асоцијации, со асоцијации во одделни држави со нагласка на организации од земјите во опкружувањето, настојувајќи при тоа да се интензивираат контактите на здруженијата на пензионерите во пограничните региони со здруженијата во соседните држави. СЗПМ искажал интерес за комуникација и соработка и со меѓународните организации и фондации: „Отворено општество", УСАИД, Европската агенција за реконструкција, со МЦМС и со ЗЕЛС, со настојување да има и претставници на СЗПМ во овие субјекти.

Во СЗПМ, во декември 2006 г., на пригодна свеченост, на почесниот претседател на македонските пензионери м–р Вите Исјановски му било врачено признанието Почесен член на „Конфедерацијата на синдикатот на пензионерите од Поградец, Р Албанија", за долгогодишната соработка. Признанието во Скопје го донела делегацијата на ЗП Тетово која била во посета на Конфедерацијата на синдикатот на пензионерите од Подградец, во рамките на заемната соработка, при што се разговарало и за идејата за размена со организирано летување на пензионерите.

За време на одржувањето на Републичките пензионерски спортски натпревари, во септември 2007 г., во Крани, престојувала и делегација предводена од Назим Далјани, претседател на Конфедерацијата на синдикатот на пензионерите од Подградец, Р Албанија. При тоа биле разменети искуства од работата.

На 7 април 2010 г., во Скопје, престојувала делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите инвалиди на трудот на Република Косово. На средбата во СЗПМ тие се интересирале за искуствата на организацијата на пензионерите во нашата земја во заштитата на правата на пензионерите, за здравствената грижа на старите лица, за висината на пензиите и за генерациската солидарност.

Во посета на СЗПМ, во Скопје, на 20 април 2010 година, престојувала делегација на Сојузот на друштвата на пензионерите на Словенија (ЗДУС). Цел на посетата била воспоставување и продлабочување на соработката меѓу ЗДУС и СЗПМ. Притоа била упатена покана до СЗПМ за учество на фестивалот за третата животна доба во Љубљана, Словенија.

На 16 октомври 2010 година, во Поградец, на седница на Конфедерацијата на синдикатот на пензионерите, присуствувала делегација на СЗПМ. За значењето и очекувањата на меѓусоседската пензионерска соработка на Конфедерацијата говорел Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ. Притоа за успешната соработка на претседателот од Поградец Назиф Дајлани, од ЗП Охрид и Дебрца му била доде-



лена Повелба за почесен член на Здружението, а од ЗП Дебар Документ за прогласување за почесен член на дебарското здружение.

Меѓународната соработка е битна за пензионерското ангажирање. Во Програмата за работа на СЗПМ за 2011 и 2012 г., било потенцирано развивањето на меѓународната соработка со сојузи и здруженија од соседните земји: Србија, Бугарија, Албанија и Косово, Словенија и Хрватска, и за зголемување на размената на искуства со земјите од Европската унија.

Во рамките на програмата Европа за граѓаните, на 23 февруари 2011 г., во Загреб, Хрватска, се одржала тркалезна маса на проектот „За толерантен општествен соживот на сите генерации" на која говореле претставници на пензионерските асоцијации од Словенија, Италија, Македонија и Хрватска.

На 27 април 2011 г., во Загреб, била одбележана 65–годишнината од основањето и дејствувањето на Матицата на пензионерите на Хрватска – МУХ. На ова одбележување присуствувал претседателот на СЗПМ Драги Аргировски притоа бил потпишан Договор за соработка помеѓу СЗПМ и МУХ.

На 20 септември 2011 година, по повод јубилејот 65 години од пензионерското организирање во Македонија, во Скопје, на Владимир Ножариќ, заменик на претседателот на Мати-

цата на пензионерите на Хрватска, на секретарот на Сојузот на пензионерите на Србија Рајко Јариќ, на Андреј Јус, директор на Европскиот институт „Еурека“ од Љубљана и Марјан Шифтар од Фестивалот за трета животна доба во Љубљана, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски им врачил благодарници за плодната соработка меѓу СЗПМ и нивните организации со желба и надеж таа да биде уште подобра и поплодна.

На 19 јуни 2012 година, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за труд и социјални работи и заштита на потрошувачи на Република Австрија и Филозофскиот факултет – Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“ – Скопје, организирале Меѓународна конференција на тема „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност“. Во рамките на тематската сесија бил презентиран реферат од Драги Аргировски и Илија Глигоров, претставници од СЗПМ.

Делегација на СЗПМ, на 21 јуни 2012 г., престојувала во Тирана на покана на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија. Претседателот Драги Аргировски, потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста и претседателот на Здружението на пензионерите на Охрид и Дебрца Ѓорги Трпчески, ги примил претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија Кол Николај. На средбата била потенцирана потребата за збогатување на меѓусебната соработка во интерес на пензионерите на двете држави. Претседателот Аргировски ја искажал иницијативата на СЗПМ за одржување Балканска пензионерска спортска олимпијада и за Балканска ревија на песни, музика и игри.





На 15 јули 2012 г., била реализирана средба помеѓу претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, професорот по историја Лионел Дебаре и пензионерката Жанин Дисел, кои биле активисти на француските асоцијации „Ветерани на Големата војна” и „Француски спомени и зачувување на местата каде што загинале борците”. Гостите од Франција искажале благодарност за грижата и почитта кон гробовите на француските војници кои се на неколку места во Македонија. Тие најмалку се виновни за војувањето на туѓи територии и во туѓи земји.

Трочлена делегација, предводена од Олег Серозин, шеф на Одделот за техничка соработка при Секторот за социјална политика и развој на Одделот за економски и социјални работи во Секретаријатот на ООН (УНДЕСА), придружуван од Соња Таневска, помошник претставник на Фондот за население на ОН (УНФПА) и Душан Томшиќ, претставник од Министерството за труд и социјална политика, на 29 мај 2014 г., го посетила СЗПМ со цел непосредно да се запознаат со мисијата на Сојузот. Посебно било дискутирано за иницијативата за изработка на пензионерска социјална карта. Средбата завршила со договор за повторно видување и преземање конкретни чекори и помош од Фондот за население на Обединетите нации наменета за вакви дејности.

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, во септември 2014 г., го посетил Сојузот на пензионерите на Србија каде што имал состанок со неговиот претседател и со секретарот. Притоа тие размениле искуства од работата и за можностите за подобрување на соработката помеѓу двата сојуза. Било констатирано дека општинските и градските здруженија на пензионерите од Србија и Македонија – Ниш, Врање, Лесковац, Куманово, Охрид и Битола одржуваат мошне интезивна соработка.

Во октомври 2014 г., во организација на „Arbaiter Samaritarien Bond“ од Германија, во Охрид се одржал семинар на тема „Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации“, на кој учествувале претставници од Албанија и од СЗПМ. Била акцентирана потребата за воспоставување „Пензионерски волонтерски сервис” по примерот на ЕУ, кајшто учеството на пензионерите во поддршка на општеството се поттикнува и е од исклучително значење за неговиот развој.

На 11 март 2015 година, средба со раководството на СЗПМ имаа претставници на најголемите пензионерски асоцијации од Шведска кои имаат над 450.000, Милан Стојчевски, претседател на општинската организација „Св. Кирил“ во Гетеборг и Јани Ди–

мовски. Гостите од Шведска информирале дека цела година подготвувале проект за соработка и туристички посети на шведски пензионери во Македонија. Било разговарано пензионери од Шведска да доаѓаат во Македонија, почнувајќи од мај 2015 година. На средбата е договорено висока пензионерска делегација од Шведска да ја посети Македонија и тоа да биде прв официјален чекор во соработката, но тоа не е остварено.



Во 2015 г., делегација од Албанија, предводена од претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија Кол Николај, придружуван од претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на пензионерите на Поградец Назим Даљани, се сретнала со раководството на СЗПМ. Тие разговарале за резултатите и активностите на СЗПМ кои се пример за опкружувањето. Делегацијата од Албанија присуствувала и на традиционалната мултиетничка средба на пензионерите во Тетово.



Во средината на 2015 година, во Скопје, била остварена меѓународна билатерална средба со пензионери од Словенија за размена на искуства и договор за активности во 2015 година. Делегацијата на Сојузот на здруженијата на пензионерите од Словенија предводена од тогашниот потпретседател Антон Донко, разговарала за повеќегодишната успешна соработка и поддршка, но и за наредните заеднички проекти. Притоа се дискутирало и за спроведување на заедничките проекти со финансирање од Европската унија за подобрување на стандардот и условите за живот на пензионерите.



Во мартовскиот број 2016 г., во весникот „Македонија” од Торонто, Канада, весник на Македонците бил објавен напис за одбележувањето на 70–годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија и активностите по тој повод.


MACEDONIA
Македонија
NEWSPAPER
д-р Јовица Палашевски новоназначен Генерален Конзул на Република Македонија во Торонто
BOLERO BAND


70-годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија ќе биде достоинствено одбележан
ПЕНЗИОНЕР

Од СЗПМ била остварена кореспонденција со главниот уредник на весникот „Македонија“, Соња Лозановска, и главниот и одговорен уредник на нашиот весник „Пензионер плус“ Калина С. Андонова договорена соработка меѓу двата весника на теми кои ќе бидат од ин–



терес на македонските пензионери и пошироко.

На 16 септември 2016 година, по повод јубилејот 70 години пензионерско организирање во Македонија, со Одлука на Извршниот одбор на СЗПМ биле доделени плакети на поединци и организации од странство, со кои има остварено соработка и кои имаат придонес во работата на СЗПМ. Плакети биле доделени: на Андреј Јус од „Еурека“ Љубљана, на Антон Донко од СЗП на Словенија, на Марјан Шифтар од СЗП на Словенија, на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија, на Конфедерацијата на синдикати на Албанија, на Кол Николај претседател на КСА, и на Назиф Далјани претседател на КС Поградец, Албанија.

## 3. ФЕСТИВАЛ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА

По препорака на ООН, воспоставен е „Ден посветен за грижа за старите луѓе“, кој се одбележува секоја година на 1 октомври. Во Република Словенија почнувајќи од 2001 г., на тој ден се одржува Фестивал.

На јубилејниот **10. фестивал** за третата животна доба, во **2010 година** во Љубљана, за првпат учествуваа пензионерите од Македонија со делегација од раководството на СЗПМ и КУД „Ѓоко Симоновски“ од ЗП Куманово. Во уметничкиот дел на отворањето на Фестивалот за првпат настапил ансамбл од друга држава и тоа токму од Македонија, КУД „Ѓоко Симоновски“ од Куманово. На тркалезната маса во рамките на Фестивалот реферат на тема „Кон новото време на пензионерското живеење и стареење со достоинство“ поднел Драги Аргировски, шеф на македонската делегација. Имало заклучок и предлог фестивали од овој вид во иднина да се одржуваат и во другите балкански држави. На саемската манифестација во рамките на Фестивалот македонските пензионери имале информативен штанд.

Наредната година, од **27 до 30 септември 2011 година**, во Љубљана, Словенија, на 11–тиот Фестивал за третата животна доба учествувала делегација од СЗПМ и групата гајдаџии од







КУД „Весели пензионери” од ЗП – Пробиштип. Во таа прилика амбасадорот на Македонија во Словенија Игор Попов организирал прием. Во рамките на стручните предавања на Фестивалот, д–р Илија Глигоров имал излагање на тема „Волонтерството ги поврзува генерациите“.

Во **2012 година**, посветена на активното стареење и генерациската соработка и соживот, во Љубљана, од 1 до 3 октомври на 12–тиот Фестивал на третата животна доба, веќе традиционално по трет пат учествувале пензионерите од Македонија. Со делегацијата од СЗПМ било и




Културно–уметничкото друштво на пензионерите од ЗП Кочани. Претставникот од СЗПМ д–р Илија Глигоров за образовно–конференцискиот дел го поднел рефератот со наслов „Влијанието на медиумите врз социјалната инклузија на пензионерите” од авторите Драги Аргировски и Илија Глигоров, за што добиле сертификат.

Во **2013 година на 13. фестивал** во Љубљана учествувала делегација од СЗПМ и пензионерите од ЗП Тетово со два ансамбла. Тие се претставиле со македонски и албански песни и обичаи,





а Гојко Ефтовски поднел реферат со наслов „Остварување на програмските задачи на пензионерите во меѓуетничка средина”.

На **14. фестивал** за трета животна доба, во **2014 година**, учествувале две културно–уметнички друштва „Пензионер“ и „Пенка Котеска“ од ЗП Прилеп заедно со делегација од СЗПМ.






Тогаш биле поднесени рефератите: од Драги Аргировски и д–р Илија Глигоров на тема „Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како стимулатор на семејните вредности“, како и „Пензионерското организирање во Република Македонија” поднесен од м–р Илија Адамоски. По повод петгодишното редовно и многу афирмативно и успешно учество на пензионерите од СЗПМ, на свечениот дел од Фестивалот било доделено Признание за СЗПМ, како прво значајно

меѓународно признание. На свеченоста во големата сала на Цанкарев дом признанието го врачила министерката за труд, семејство, социјални прашања и еднакви можности во Владата на Словенија Ања Копач Мрак, а го прими претседателот Драги Аргировски.

Во **2015 година** на Фестивалот се претставиле пензионерите од ЗП Радовиш и Конче и од ЗП Македонска Каменица со кои учествувала и делегација од СЗПМ. Излагање на Меѓународ–






ната конференција во рамките на Фестивалот имал Драги Аргировски на тема „Како до активно стареење“. На 1. октомври, во рамките на Фестивалот во Љубљана се одржал и состанок на кој присуствувале: Андон Донко, претседател на ЗДУС, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, Андреј Јус од ЗДУС, претседателот на Сојузот на пензионерите на Бугарија Цветан Минков, потпретседателот на Сојузот на пензионерите на Србија Василије Белобрковиќ и претседателот на Сојузот на пензионерите на Црна Гора Бранко Вешовиќ, при тоа станал збор за меѓусебна билатерална соработка. На состанокот претседателот на СЗПМ Драги Аргировски беше прогласен за доајен и лидер на пензионерското организирање на Балканот.

Во рамките на **16. фестивал** на третата животна доба, во Љубљана, **2016 година**, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија одржал Свечена академија и прослава на 70–





годишнината од формирањето на Сојузот. На Фестивалот и на свеченостите учествувале: хорот „Сирма Војвода“ од ЗП Битола и Културно–уметничкото друштво со игроорна група од Демир Хисар, заедно со делегација на СЗПМ која беше примена и од премиерот на Р Словенија д–р Миро Церар.

## 4. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА ЧЛЕНКИ НА СЗПМ

Меѓународната соработка на здруженијата на пензионерите, членки на СЗПМ, најчесто се одвивала преку заемни посети на свечености, прослави, приредби, фестивали, спортски манифестации и натпревари, хуманитарни акции, донации, семинари и др. Текстов е кратка, сумирана информација за меѓународната соработка на повеќе здруженија.

Почнувајќи од 1966 година, со тогашните општествени промени настанувале и промени во програмите за работа на здруженијата на пензионерите. Биле планирани разни облици меѓуна–

родна соработка, која во почетокот била помеѓу здруженијата од југословенските републики, а подоцна и со здруженија и организации од другите европски држави. Податоци за оваа соработка најмногу има објавено во монографиите издадени од одредени здруженија како и во други написи. За ЗП Прилеп има податоци дека подолго време соработувало и одржувало пријателски врски со ЗП Крагуевац. На 11 октомври 1969 г., овие две здруженија потпишале Повелба за збратимување.

Делегација на ЗП Прилеп била во посета на белгиската провинција Флемиш Брабант, при што дошло до размена на искуства.

Средбите, разговорите и дружењето се одлични форми за создавање мостови за соработка и пријателство меѓу здруженијата долги години. Делегации и групи на пензионери од здруженијата на СЗПМ во минатите години реализирале повеќе меѓународни возвратни посети и соработка со здруженија од соседните држави.



Со пензионерски организации од *Република Бугарија* соработувале македонските здруженија на пензионерите од: Берово, Гази Баба, Делчево, Охрид и Дебрца, Радовиш, Куманово, Пробиштип и други.



Со пензионерски организации од *Република Албанија* соработувале здруженија на пензионерите од: Дебар и Центар Жупа, Охрид и Дебрца, Кавадарци, Гостивар, Чаир, Сарај, Бутел, Куманово и други.

Со пензионерски организации од *Република Србија* соработувале здруженија на пензионерите од: Куманово, Битола, Бутел, Воените пензионери Скопје, ОВР Скопје, Кавадарци, Гази Баба, Крива Паланка, Охрид и Дебрца и Пробиштип.



Со пензионерски организации од *Република Хрватска* соработувале македонските здруженија на пензионерите од: Битола, Кочани и други.



ЗП Пробиштип воспоставило соработка со поединци, групи и здруженија од Холандија, Белгија, Германија, Јапонија, Косово и Словенија.

ЗП Берово имало соработка и гости од здруженија од Холандија и Групата „Village Harmony“ од САД.

ЗП Кочани соработувало со пензионери од Србија и од други држави.

ЗП Куманово воспоставило соработка со пензионерски организации во Албанија, Србија, Бугарија, Косово, Хрватска и Романија. Хорот на ЗП Куманово на 11–тите меѓународни културни

средби на пензионерите во Софија добил Меѓународна благодарница и СТАТУЕТКА, највисоко признание за квалитетниот настап. Меѓународната соработка на пензионерите од Куманово била изразена и со одржувањето Меѓународен фестивал на хорови, на 12 јуни 2016 година. ЗП Куманово години со ред организирало Меѓународни пензионерски средби „Еко Хепенинг” во Пелинце.

ЗП Ѓорче Петров со играорната група учествувало на 21–от интернационален фолклорен фестивал во Прага, Р. Чешка. За успешниот настап на Фестивалот добило Меѓународно признание и Сертификат.




# 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗП НА ГРАД СКОПЈЕ

Во мај 1975 година на голем свечен собир во Загреб била потпишана Спогодба за збратимување на здруженијата на пензионерите од град Скопје, Белград, Титоград, Сараево, Љубљана, Загреб, Нови Сад и Приштина (пензионерски здруженија или сојузи од главните градови на тогашните републики и покраини во Југославија). Од овој собир направен е и посебен голем албум со слики кој се чува во Градскиот сојуз на пензионерите во Скопје.

Делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје во 2014 г., престојувала во Белград, Србија, во посета на Здружението на пензионерите на Белград. Делегацијата ја сочинувале претставници на здруженијата на пензионерите од: Центар, Аеродром, Чаир, Сарај, Илинден, Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Бутел и ЗВП. Цел на посетата била размена на искуства околу работата на здруженијата на град Скопје и на Белград. При враќањето, делегацијата имала средба и со раководството на ЗП Јагодина.



На 22, 23 и 24 ноември 2015 година делегација составена од претседателите на десетина здруженија членки на Сојузот на здруженијата на град Скопје, биле во тридневна посета на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија. Се разговарало со претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија и со неговите соработници. Притоа биле разменети искуства од работата на двете мултиетнички асоцијации.



На 30 и 31 октомври и на 1 ноември 2016 година, делегација на СЗП на град Скопје со 12 пензионери од речиси сите скопски здруженија престојувала во Сараево, БиХ. Имале средби, разговори и размена на мислења и искуства со раководителите на Сојузот на здруженијата на пензионерите од кантонот Сараево.



# V ДЕЛ




# МЕЃУГЕНЕРАЦИСКО ДРУЖЕЊЕ И СОЖИВОТ

# МЕЃУГЕНЕРАЦИСКО ДРУЖЕЊЕ И СОЖИВОТ

## 1. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКО ДРУЖЕЊЕ

Европската унија 2012 година ја прогласи за Година на меѓугенерациската соработка и солидарност и во рамките на пензионерското организирање таа беше одбележена со многу активности.

Меѓугенерациското дружење е многу битно за луѓето од третата доба бидејќи кога сме заедно со младите се враќаме во годините кога ние сме биле млади, потоа со младоста секогаш е поврзан оптимизам и радост и трето, мудроста и искуството на





старите споено со енергијата на младите дава секогаш добри резултати. Дружењето со младите се практикува во повеќе здруженија.

На многу настани се присутни припадници на сите генерации. На пикниците на зелено, на орото има и стари и средовечни, и млади и дечиња. На многу манифестации и прослави присутни се и бабите и дедовците и нивните внучиња. Како пример за тоа се пикник–средбите во Ореовица, Еленец, Лесново, Дојран...

На 2 август – Илинден, во Богомила, општина Чашка, Здружението на пензионерите – Велес го пушти во употреба реновираниот Рекреативен дом за пензионери и младинци „Петар Поп Арсов“. Руинираниот објект здружението го доби на користење од општината Чашка, го реновираше и во него можат да се сместат повеќе посетители кои ќе сакаат да уживаат во убавините на Азот. Свеченоста ја отвори актерката Весна Димитриева Бобески, а потоа на гостите им се обрати претседателот на ЗП Велес д–р Веле Алексоски:

– Рекреативниот дом е наменет за пензионери и младинци. Зошто и за младинци? Затоа што и тие еден ден ќе бидат пензионери, а ние, актуелните пензионери, имаме стратегија за интергенерациска соработка. Во објектот на овој дом се наоѓаат десетина соби со по 3–4 кревети и поливалентна спортска сала во којашто, пред сѐ, ќе се одржуваат подготвителни тренинзи за: фудбал, одбојка, кошарка, тенис, ракомет, пинг–понг и друго. Имаме на располагање и спортски терен за голем фудбал. – Горанчо Пановски, градоначалник на општината Чашка, го изнесе задоволството од отво–



рањето на Рекреативниот дом за пензионери и младинци, како и многу добрата соработка со Здружението на пензионерите во Велес, која и понатаму ќе продолжи. Поздравувајќи го собирот претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, истакна:

– Ова е втор ваков дом во Македонија, по оној во Скопје. И покрај практичната примена, битно е користење на природните убавини со можност за прошетки и рекреации на чистиот воздух. И уште поважно, овој дом со мали административни измени, односно, користење од типот на јавно приватно партнерство, многу брзо може да се преадаптира во Дом за престој на стари и немоќни лица.

Од градот на Вардар е и примерот кога на 9 март неколку девојки и момчиња од СОУ „Коле Неделковски" заедно со своите професори беа гости на Активот на пензионерките од ЗП Велес. Влегоа во салата на Домот и со букет цвеќиња им го честитаа празникот 8. Март. Еден ден подоцна, здружението го посетија и учениците од први клас од СОУ Гимназија „Кочо Рацин". Тие дојдоа да соопштат една убава идеја.

– Ние секој ден кога одиме или се враќаме од училиште гледаме како некои пензионери едвај ги искачуваат скалите до Домот. Некои одат и со патерици, а некои и со колички ги внесуваат нивните блиски, па решивме да се потрудиме заедно со вас и со Црвениот крст на Р Македонија да изградиме пристапна рампа за сите оние кои не можат да се искачат по скалите.

Кога го слушнаа ова на присутните пензионери им потекоа солзи од очите. Не од жал, не од радост, туку од вниманието, грижата и љубовта која ја искажаа младите кон нив. На средбата, претседателот на здружението Веле Алексоски, заблагодарувајќи се истакна:

– Малку е да кажеме дека сме ви благодарни. Ова е голема работа. Идејата и да остане само идеја доволно зборува дека има некој кој се грижи за нас. Ние се радуваме на заедничките планови и проекти со младите. Еве уште отсега ќе се обврземе да ви помогнеме да се реализира вашата идеја, а би сакале да ни бидете гости и соработници и на други полиња, како на пример да учествувате на заеднички поетски и културни средби, да спортуваме заедно, играме, да пееме. Ве каниме да ни бидете гости и во рекреативните домови што започнавме да ги градиме во повеќе прекрасни места. Еве, во населба Отовица на проектот кој започна да се реализира ќе има простор и за вас. Ќе има сала за пинг–понг и место за дружење и средби.

Тука е и примерот на ЗП Охрид и Дебрца и Основното училиште „Христо Узунов" кои на 20–ти ноември 2015 година, ја организираа петтата Меѓугенерациска средба на пензионерите од Месниот огранок „Горна влашка маала" и учениците од училиштето. Традиционалната манифестација е проект на Европската унија, а во реализација на ЗП Охрид и Дебрца – членка



на СЗПМ. По заедничката средба на пензионерите и учениците и разговорот за тоа како се станува пензионер и кои се активностите и придобивките на пензионерите, беше изведена богата едночасовна културно–уметничка приредба. Меѓугенерациската средба беше збогатена и со настапот на пензионерската пејачка група „Далги" и на драмско–рецитаторската дружина „Развигорче."

За успешната организација, придонесот и учеството во Меѓугенерациската средба, која одбележа мал јубилеј – пет години од постоењето, претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески на директорот на ОУ „Христо Узунов" м–р Тони Симоноски, му врачи Пофалница.

За одбележување се и активностите на ЗП Пробиштип во рамките на „Неделата за грижа за стари лица" во соработка со Црвениот

крст. Од градот на рударите се спроведоа повеќе активности во кои се вклучија Здравствениот дом „Нада Михајлова“, детската градинка „Гоце Делчев“ и СОУ „Браќа Миладиновци“, каде што секој на свој начин се трудеше да внесе трошка среќа во животот на старите лица. Екипа составена од доктор и медицинска сестра и волонтери на Црвениот крст посети



30 стари и изнемоштени лица од неколку села во Општината со извршен целосен лекарски преглед, мерење крвен притисок и шеќер во крвта, а од Црвениот крст им беа доделени пакети со топла облека.

Еден ден во рамките на неделата беше посветен на едукативни предавања од областа на здравството спроведени од докторките волонтерки во Црвениот крст во Пробиштип д–р Маријка Андоновска и д–р Татјана Анастасовска. Тие говореа за настинките и вирусните заболувања карактеристични за зимскиот период, за начинот на нивно препознавање како и правилно лекување, правилната исхрана и физичката активност во третата животна доба. По многубројните прашања поставени од присутните и исцрпните одговори, се пристапи кон мерење на крвниот притисок и шеќерот во крвта и давање поединечни здравствени совети.

Завршните активности во рамките на „Неделата за грижа за стари лица“ беше интересна и емотивна бидејќи станарите во пензионескиот дом беа посетени од  дечињата од детската градинка „Гоце Делчев“ клон „Срнички“. На дечињата за нивното присуство им се заблагодари претседателот на ЗП Пробиштип Груица Манасијев, а на пензионерите им посака многу здравје и среќни и безгрижни пензионерски денови со желба уште многу години вака да се сретнуваат. Од име на Црвениот крст на пензионерите им се обрати секретарот Митко Георгиевски кој исто така им посака многу здравје и пријатни мигови во овој заеднички дом каде што ги минуваат деновите дружејќи се како едно семејство.

Одбележуваме и еден пример од Охрид. По повод 66–годишнината од формирањето на ЗП Охрид и Дебрца и патрониот празник „Свети Кирил и Методиј“ на Основното училиште „Братство единство”, како и големиот јубилеј – 70 години од пензионерското организирање во Македонија, во Охрид беше организирана Прва меѓугенерациска средба како нов облик на мултиетничка соработка помеѓу пензионерите и учениците. Средбата започна со заедничка дружба меѓу учениците и раководството на пензионерите на која припадниците на најмладата генерација се интересираа за улогата и придонесот на највозрасните граѓани во семејството и општеството. Културно–забавниот дел од манифестацијата паралелно се одвиваше на три јазици, а започна со настапот на училишниот хор со три хорски композиции на македонски, албански и турски јазик.

Кон присутните гости, пензионери, родители и ученици на средбата, најпрво се обратија директорот на училиштето Муамер Доко и претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчевски кои веруваат дека ова средба ќе стане традиционална, покажувајќи на дело како треба да се негува соживотот и меѓугенерациската соработка. Од името на СЗПМ присутните ги поздрави потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста.

Заменик–градоначалникот на Општината Охрид  Ангел Јанев поздравувајќи ги присутните истакна дека пензионерите се пример како и во кој дух треба да се воспитуваат младите без оглед на нивната верска, расна и етничка припадност. Крајот на оваа средба го заклучи драмско–рецитаторската секција при Здружението во соработка со учениците, изведе рецитал посветен на Охрид, училишниот живот и пензионерите, пренесено низ шега и хумор. Првата заедничка меѓугенерациска и мултиетничка средба помеѓу пензионерите и учениците заврши со настапот на КУД „Далги“ од ЗП Охрид и Дебрца, кое исполни неколку старо–градски охридски песни.

Мисијата на меѓугенерациското дружење се забележува и во ЗП Струга каде што се отвори школа за шахисти.



- Откако се пензионирав, веднаш се вклучив во активностите на ЗП Струга и заедно со претседателот Милорад Трпоски, голем љубител на шахот и шаховски судија, формиравме школа за млади шахисти, која работи во клубот на пензионерите. Бидејќи се пријавија многу деца, ги поделивме во две групи, а Здружението на пензионерите ни обезбеди простор, затоплување и шаховска опрема. Исто така, интернационалниот мајстор во шах за жени Кабриела Коскоска, која е по потекло од Струга, донираше пет шаховски гарнитури и пет табли за потребите на школата  и на здружението.

– Бесплатната спортска школа за шах наменета за основците во Струга претставува вистински предизвик за сите љубители на оваа игра коишто посакуваат да се движат по стапките на славните шахисти од овој град, – со задоволство истакна претседателот Милорад Трпоски.

За одбележување е и четиридневниот семинар за млади волонтери од општината Велес и членови од ЗП Велес „Хуманоста пред сè“. Здружението на пензионерите од Велес заедно со младинци–волонтери, а во организација на



општината Велес одржаа четиридневен семинар, заедничко дружење, на тема „Како да им се помогне на старите и немоќни лица“. На „седенките“ се разговараше за тоа кој се и на каков начин може да добие помош. Во спогодбата потпишана од Здружението и општината Велес се внесоа заклучоци меѓу кои како најглавни беа: помош на лица на кои им недостасуваат средства за лекување, помош при опожарени куќи, несреќни случувања, помош на млади по повод разни настани како на пример спортски натпревари, учество на светски или други првенства, печатење книги и слично.

Овие четири дена поминаа брзо, зашто заедничкото дружење меѓу старите и младите сепак беше интересно.

Негувањето на меѓугенерациската соработка и солидарноста е присутно и во ЗП Прилеп преку проектот „Супер Марио” кој функционира според европските стандарди. Вклучени се 13 волонтери кои се грижат за околу 100 стари лица за кои нема кој да се грижи или пак нивните деца или роднини не се во Прилеп и не



можат често да доаѓаат кај нив. Волонтерите ги посетуваат старите лица неколку пати неделно, им купуваат прехранбени продукти, лекови, им ги плаќаат сметките, им го средуваат домот, но и едноставно се дружат и разговараат со нив. – Планираме идната година да се прошири овој проект – истакна Марјан Ристески, градоначалник на Прилеп, при потпишувањето на новиот договор.

Вакви примери има и во други општини во нашата земја, но секако треба да бидат и побројни.

## 2. МУЛТИЕТНИЧКА ТОЛЕРАНЦИЈА И СОЖИВОТ

СЗПМ како невладина, неполитичка мултиетничка асоцијација посебен акцент дава и на развојот на соживотот меѓу членовите и пошироко. Тоа е очигледно на сите пензионерски собири и дружења. Соживотот на луѓето од третата доба е присутен на



секоја ревија на песни, музика и игри. И на регионалните и на републичките. На ревиите секогаш доаѓа до израз различноста, и во песната, и во орото, таа беше собрана во еден збор, во една мисла: соживот на сите кои живеат на овие простори без разлика на јазик и вера бидејќи сите имаме една цел и желба: просперитет на нашата земја и среќен живот на генерациите кои доаѓаат. Низ песната и ората пензионерите покажуваат како се сака својата земја, како се чува идентитетот, како се гради соживот, како се почитува традицијата и обичаите на другиот и дека други патишта и начини не постојат! Соживотот е присутен и на спортските настани, на регионалните, на републичките и на натпреварите помеѓу здруженијата. Сите навиваат и се радуваат на резултатите без разлика на вера и националност. Соживотот е непроценливо богатство и тоа се забележува и на средбите во клубовите на пензионерите, на екскурзиите и другите дружења, како што е хуманитарната манифестација „Блакцата на баба“ и слично.

Во април 2005 година во организација на Здружението на пензионерите на Тетово беше реализиран проектот на ОБСЕ за поголемо интегрирање на пензионерките од сите националности од полошкиот регион со колешките од другите делови на Република Македонија. Околу 500 пензионерки Македонки, Албанки, Турчинки, Ромки, Србинки, Влаинки и Црногорки од градот под Шара, Битола, Гостивар, Куманово, Прилеп, Кавадарци, Велес, Штип, Дебар и други градови од нашата земја се дружеа и во практика покажаа како треба да се негуваат меѓуетничките односи и дека Тетово по конфликтот не е ризично за посета. Година дена подоцна во мај 2006 година слична средба се одржа кај манастирскиот комплекс „Свети Атанасиј“ во с. Лешок кај Тетово.

На 28 мај 2011 година, слична мултиетничка средба се одржа на брегот на Мавровското Езеро во организација на ЗП Гостивар на која присуствуваа над 1.700 пензионери од сите краеви на земјата.

Во септември 2014 и 2015 година, во Рекреативно спортскиот комплекс во Сарај кај Скопје, се одржа меѓуетничка пикник–среба која треба да прерасне во традиционална, а која е во организација на ГСП на град Скопје.

И на двете средби присуствуваа по околу 2.000 пензионери од повеќе здруженија во нашата земја, при што се говореше, пееше и играше во знакот на изворите на заедништвото и соживотот.

Тие доминираа и на пикник–средбите во Ореовица, Еленец – Цера, во Дојран, Пелинце, Драгобраште, насекаде. Од дружењето и соживотот во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија можат да учат и сегашните и идните млади генерации. Така е и на мултиетничките вечери кои по 21 пат се одржуваат секоја година во ЗП Тетово, и на меѓуетничките традиционални средби во Гостивар на кои се собираат по 600 пензионери од цела Македонија. Се пее на македонски, албански, српски, турски, влашки, ромски, бошњачки...

На средбите во Липково, Кумановско, се разменуваат искуства и се градат мостови на пријателство и соживот. Примери има многу.



Затоа во Сојузот чекориме сплотени и заеднички постигнувајќи успеси и резултати.

Покажуваат пензионерите секаде и секогаш дека само сплотени ќе опстоиме. Заедништвото е нашата сила и потпора. Така било, така и ќе биде! Така не учи нашата мудрост и искуство собирано со годините.

# VI ДЕЛ



# ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВЕРНИ ЧУВАРИ НА КУЛТУРНОТО БОГАТСТВО НА МАКЕДОНИЈА

# ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВЕРНИ ЧУВАРИ НА КУЛТУРНОТО БОГАТСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ПЕСНИТЕ, ОРАТА И ОБИЧАИТЕ - ОБЕЛЕЖЈА НА ИДЕНТИТЕТОТ НА СИТЕ ШТО ЖИВЕАТ ВО ЗЕМЈАТА

Културно–забавниот живот во пензионерската организација се практикувал уште со нејзиното формирање како облик на искажување на афинитетите на поединци кон определена уметност со која професионално или аматерски се занимавале од порано. Пензионирањето било добредојдено за реафирмирање на ваквите активности со кои се исполнувало слободното време, а наедно се создавале услови за активно и релаксирано живеење во третата доба. Со текот на времето созревала идејата за здружување поради помасовно и организирано искажување на културните вредности, така што и во пензионерската организација овде–онде низ Македонија почнале да никнуваат културно–уметнички друштва и ансамбли, кои и до ден–денес опстануваат и успешно функционираат.

Културно–уметничките активности во здруженијата на пензионерите стануваат секојдневје, а носители на истите се пензионери ентузијасти меѓу кои поединци се афирмирале како добри музиколози, пејачи, игроорци и интерпретатори на други облици од областа на културата, кои биле подготвени за омасовување и организирано настапување во рамките на сопствените здруженија и пошироко во СЗПМ. Така, всушност, се родила и идејата за организирање прва ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти, која ја реализирала Комисијата за културно–забавен живот при Извршниот одбор на СЗПМ, во состав: Душко Перески – претседател и членовите: Милевка Здравковска, Павле Спасев, Фруска Костадиновска и Лилјана Фишиќ.



Во мај 2003 година Комисијата поведе иницијатива за одржување Ревија на културно–уметнички самодејности на здруженијата на пензионерите на Република Македонија. Беше решено да се испрати анкетен прашалник до сите здруженија на пензионерите да доставаат податоци за формираните секции на културно–уметничките самодејности. Тоа го направиле само 9 здруженија на пензионери: ЗП Пробиштип, ЗП Гевгелија, ЗП Прилеп, ЗП Кавадарци, ЗП Лозово, ЗП Берово, ЗП Кочани, ЗП Гази Баба од Скопје и ЗП Куманово.

### 1.1. ПРВА ПЕНЗИОНЕРСКА РЕВИЈА НА ФОЛКЛОРНИ АНСАМБЛИ, ПЕЈАЧКИ ГРУПИ И ИНСТРУМЕНТАЛИСТИ

Пробиштип, 12 ноември 2003 година

Првата пензионерска ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти се одржа на **12 ноември 2003 година** во Домот на културата во **Пробиштип,** каде што веќе постоеше културно–уметничко друштво кое долги години наназад го негуваше фолклорот и учествуваше на фолклорни приредби по повод разни свечености и фестивали. Матичното здружение на

пензионерите од Пробиштип беше домаќин на оваа културна манифестација. Ревијата се одржа со 196 учесници од пријавените здруженија и претставници скоро од сите здруженија на пензионери и гости и граѓани од градот домаќин со над 300 присутни.

На Првата ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти прв на присутните им се обрати претседателот на Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ **Душан**






**Перески**, кој се заложи оваа манифестација да стане традиционална.

Поздравен говор одржа и градоначалникот на Пробиштип **Стефан Стојанов** и претседателот на ЗП Пробиштип **Тодор Аксентиев.** Отворајќи ја ревијата претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски,** изрази желба во манифестацијата да се вклучат повеќе здруженија.

Здруженијата на пензионерите учесници на ревијата се претставија со изворни народни и староградски песни и ора придружувани со музички групи од народни и изворни инструменти. Таа посебно значење имаше во поттикнувањето на културните активности во здруженијата.

Меѓу придружните манифестации на Првата ревија на изворен фолклор беше изложбата на експонати – слики од Лесновската ликовна колонија, која предизвика големо внимание и интерес кај учесниците и гостите. На заедничкото дружење во хотелот „Сан Нико“ претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски во знак на признание на сите здруженија – учесници им врачи дипломи.

### 1.2. ВТОРА ПЕНЗИОНЕРСКА РЕВИЈА НА ФОЛКЛОРНИ АНСАМБЛИ, ПЕЈАЧКИ ГРУПИ И ИНСТРУМЕНТАЛИСТИ

Штип, Велес и Куманово, септември – октомври 2004 година

Во 2004 година беа одржани Вторите регионални ревии во Штип, Велес и Куманово. **На 17 септември 2004** година, во регионалниот центар **Штип** се сретнаа учесниците на ревијата од здруженијата на пензионерите од: Кочани, Ново Село, Лозово, Берово, Струмица, Виница, Радовиш, Свети Николе, Делчево и Штип како домаќин.




**На втори октомври 2004 година Велес** беше домаќин на учесниците на ревијата од здруженијата на пензионерите од: Прилеп, Богданци, Валандово, Гевгелија, Неготино, Велес и Кавадарци.

**Во Куманово** на пензионерската фолклорна ревија на **23 октомври 2004 година** учествуваа здруженијата: Карпош, Гази Баба и Центар од Скопје, и Пробиштип, Гостивар, Кратово и Куманово.

Ревиите во Штип, Велес и Куманово ги отвори претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, а говореше и претседателот на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ **Душко Перески**. Ревијата во Штип ја поздрави градоначалникот на Општината **Димитар Ефтимов**, а во Велес градоначалникот **Аце Коцевски**.

На трите регионални манифестации во рамките на Втората пензионерска ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти во споменатите градови настапија 510 учесници од 24 здруженија на пензионери од Републиката пред околу 2.200 посетители. Распеаните пензионери се претставија со сопствен избор на песни и игри од богатата ризница на македонското фолклорно творештво, а освен на македонски, се пееше и на албански и на турски јазик. На Ревијата се покажа дека третата доба во животот може да биде интересна и исполнета со содржини кои го разубавуваат стареењето и создаваат среќни мигови. Исто така се покажа дека оваа манифестација ги поттикна здруженијата во осмислувањето на културното живеење, формирањето нови фолклорни ансамбли и музички секции, што се забележува и од трипати зголемениот број учесници во однос на претходната година.

На маргините на Втората пензионерска фолклорна ревија во третиот регион во Куманово беше реализирана и придружната манифестација – Изложба на домашни ракотворби која предизвика посебен интерес и внимание кај посетителите.

### 1.3. ТРЕТА РЕГИОНАЛНА ПЕНЗИОНЕРСКА РЕВИЈА НА ФОЛКЛОРНИ АНСАМБЛИ, ПЕЈАЧКИ ГРУПИ И ИНСТРУМЕНТАЛИСТИ

Тетово, Неготино и Кочани, јуни – јули 2005 година

Охрабрен од успехот на фолклорните ревии во 2004 година, Извршниот одбор на СЗПМ донел одлука да се одржат пензионерски ревии на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти во веќе востановените три региони Тетово, Неготино и Кочани.

Фолклорната приредба во **Тетово** се одржа во Домот на културата, **на 16 јуни 2005** година, со учество на здржениајта на пензионерите од: Гостивар, Куманово, Тетово и Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир од Скопје. Во ревијата зедоа учество 180 директни учесници, пред околу 450 гледачи. На свеченото отворање на музичката манифестација во името на домаќините се обратија **Славко Лазаревски**, претседател на ИО на Здружението на пензионерите на Тетово и **Нервет Јашари,** претседател на Собранието на ова здружение. Тие истакнаа дека во градот под Шара со векови се негува фолклорната традиција, а посебно музиката на кавали, зурли и тапани.



На присутните им се обрати и претседателот на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ **Душан Перески**, а за програмските определби и значењето на ревиите говореше претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, залагајќи се за натамошно збогатување на културните самодејности на пензионерите. Благодарници на учесниците на Ревијата им врачи Андон Марковски, потпретседател на СЗПМ.

Во **Неготино** настапија здруженијата на пензионерите од Богданци, Валандово, Велес, Гевгелија, Кавадарци – старосни и Кавадарци –инвалидски, Неготино, Лозово, Охрид и Прилеп. Се одржа во Домот на културата, на **17 јуни 2005 година,** со настап на 200 изведувачи пред 400 гледачи. Тие се претставија со изворни народни песни, пред сè старогрaдски, придружувани со оркестри и соло–инструменталисти.

Во името на домаќинот учесниците и гостите ги поздрави претседателот на ЗП Неготино **Коста Ќупов**, а кратко обраќање имаше и претседателот на Комисијата за КЗЖ при Сојузот, **Душан Перески**.

Пригодна реч имаше и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** кој ја истакна заложбата и посветеноста на претставниците во подготовките за настап на Ревијата. На сите здруженија учесници на Ревијата во Неготино, благодарници во име на СЗПМ им врачи секретарот на ИО Чедо Георгиевски.

На **2 јули 2005 година** во Домот на Културата **во Кочани** настапија 310 изведувачи од здруженијата: Берово, Виница, Делчево, Злетово, Кратово, Кочани, Крива Паланка, Македонска Каменица, Ново Село, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип, пред 500 гледачи.

Срдечно добредојде на учесниците и на гостите им посака **Иван Јорданов**, претседател на ЗП Кочани, а ревијата ја поздрави и членот на Советот на Општината **Петар Ефремов**. Исто така, како и во претходните ревии, обраќања до присутните имаа претседателот на Комисијата за КЗЖ **Душан Перески** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, кој, прогласувајќи ја ревијата за отворена нагласи дека со квалитетот и содржината ревиите обезбедуваат оваа традиција да добие на интензитет. Во знак на сеќавање на учеството на Ревијата благодарници на претставниците на здруженијата им врачи потпретседателот на ЗП Кочани Стојче Трајанов.

На трите регионални ревии во 2005 година учествуваа вкупно 32 здруженија на пензионери пред 1.300 гледачи.

## ПРВА РЕПУБЛИЧКА ФОЛКЛОРНА РЕВИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Скопје, 7 октомври 2005 година

Успешноста на регионалните пензионерски ревии во 2005 година, без сомнение, најдобро ја потврди Првата републичка фолклорна ревија на пензионерите која се одржа во Универзалната сала во Скопје на 7–ми октомври 2005 година. На неа настапи импресивна бројка учесници (300), пред публика од 1.000 гледачи. Изборот на учесниците, со помош на Комисијата за КЗЖ, го направи стручно жири предводено од професорот д–р Ѓорѓи Ѓорѓиев кое ги следеше регионалните ревии и ги селектираше најдобрите претставници од здруженијата на пензионерите. На ревијата настапија вокално–инструментални групи, солисти и играорци од здруженијата на пензионерите од: Гостивар, Гевгелија, од скопските општини Гази Баба, Центар и Кисела Вода, од Прилеп, Пробиштип, Неготино, Кавадарци, Виница, Кочани, Тетово, Берово, Делчево и Куманово.






Прв на оваа Прва републичка ревија се обрати претседателот на Комисијата за КЗЖ **Душан Перески,** кој истакна дека се оствари желбата пројавена уште на Првата регионална фолклорна ревија во Пробиштип 2003 година да се одржи Републичка фолклорна ревија. За значењето на Ревијата говореше претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски,** пожелувајќи оваа културно–забавна манифестација на пензионерите да добие форма и димензии на фестивал на песни и игри на пензионерите во Македонија и пошироко.

Првата републичка ревија на пензионерите покажа дека за оро, добра музика и песна не се важни годините, но дека е потребна дарба, слух и елан.

На пензионерските здруженија што учествуваа на Ревијата пригодни подароци им врачи

**Чедо Георгиевски**, секретар на ИО на СЗПМ, а дружењето продолжи во скопскиот ресторан Опатија.

Како мошне значајна културна манифестација на пензионерите Ревијата предизвика голем интерес и кај електронските и печатените медиуми во Македонија и пошироко.

### 1.4. ЧЕТВРТА РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ФОЛКЛОРНИ АНСАМБЛИ, ПЕЈАЧКИ ГРУПИ И ИНСТРУМЕНТАЛИСТИ

Јуни – септември 2006 година

Одржувањето на регионалните и меѓурегионалните пензионерски фолклорни ревии во 2006 година се совпадна со одбележувањето на 60–годишнината од пензионерското организирање во Македонија. Тоа беше нов поттик и импулс оваа културна манифестација на пензионерите да добие на значење и да се воздигне на повисоко рамниште. Извршниот одбор на СЗПМ донесе одлука да се организираат три регионални и две меѓурегионални ревии на песни, музика и игри за да се одржи континуитет во негувањето и развивањето на културните традиции во Македонија. За реализација на оваа одлука беше формиран Организационен одбор.

**На 15 јуни 2006** година, во срцето на Овчеполијата – **Свети Николе,** беше одржана Регионалната пензионерска фолклорна ревија на здруженијата на пензионерите од ова поднебје. На ова манифестација учествуваа културно–уметнички друштва, фолклорни и пејачки групи, инструменталисти и солисти од здруженијата на пензионерите од: Берово, Струмица, Пробиштип, Кратово, Штип, Кочани, Виница, Радовиш, Делчево, Злетово, Ново Село, Лозово и Свети Николе.

Присутните најпрво ги поздрави и срдечно добредојде им посака градоначалникот на Општината **Слободан Даневски и** претседателот на ЗП Свети Николе **Мирко Данаилов.**

– Почнавме скромно во Пробиштип, а сега имаме над 32 секции или друштва кои работат во состав на здруженијата на пензионерите. Резултатите не се само во бројноста, туку и во квалитетот кој секоја година бележи нагорна линија, – рече секретарот на ИО на СЗПМ **Чедо Георгиевски** на отворањето на ревијата.

На ревијата учествуваа 215 изведувачи кои настапија пред околу 490 гледачи.

**Регионалната ревија** во повардарскиот регион се одржа на **21. 6. 2006** година во **Велес** во Градското кино, со учество на здруженијата од: Богданци, Валандово, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Охрид, Прилеп и градот домаќин. На оваа средба имаше 149 директни учесници кои настапија пред 400 гледачи.

Пред почетокот на програмата говореа претседателот на ЗП Велес **Момчило Марковски**, градоначалникот **Аце Коцевски** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски.**

**На 28.6.2006** година во **Гостивар** во Домот на културата на Регионалната ревија се сретнаа учесниците од здруженијата на пензионерите од: Гази Баба, Карпош, Кисела Вода и Центар од Скопје, Гостивар, Тетово и Куманово со 142 директни учесници пред околу 320 гледачи. Пред почетокот на ревијата говореа претседателот на ЗП Гостивар **Андреа Огњаноски** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски.**

**Првата меѓурегионална ревија во 2006** година се одржа на **22 септември** во **Струмица** во Центарот за култура „Антон Панов“. На манифестацијата учествуваа здруженијата на пензионерите од: Берово, Виница, Делчево, Злетово, Кочани, Кратово, Лозово, Ново Село, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип. Непосредни изведувачи беа 298, а гледачи околу 450. На отворањето говореа претседателот на ИО на Собранието на ЗП Струмица **Тома Спасов,** претседателот на Советот на Општината **Зоран Ристов** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**.

По завршувањето на програмата, потпретседателот на ИО на Собранието на СЗПМ Андон Марковски**,** им додели посебни признанија на претставниците од здруженијата што учествуваа.

**Втората меѓурегионална ревија во 2006 година** се одржа во **Прилеп** на **29 септември**, со учество на 15 здруженија и тоа: Богданци, Валандово, Велес, Гази Баба, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кисела Вода, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп и Центар и КУД „Сирма Војвода“ од Битола, со околу 320 изведувачи и околу 550 гледачи во Домот на културата „Марко Цепенков“. На отворањето говореше претседателот на здружението на пензионерите на Прилеп **Пандо Бачаноски** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**.




Признанија на здруженијата учесници им даде Душан Перески, претседател на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

На сите 5 ревии (регионални и меѓурегионални) учествуваа 28 здруженија на пензионери со 1.124 директни изведувачи пред повеќе 2.200 гледачи. На овие средби се појавија и нови здруженија учесници со свои групи и поединци.

На ревиите се пееја песни и на албански и на турски јазик. Дружењата беа вистинска радост за учесниците и присутните гости. Здруженијата домаќини се покажаа како добри домаќини, а организацијата од страна на СЗПМ беше соодветна на Одлуката на ИО.

### 1.5. ПЕТТА РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ФОЛКЛОРНИ АНСАМБЛИ, ПЕЈАЧКИ ГРУПИ И ИНСТРУМЕНТАЛИСТИ

Јуни – септември 2007 година

Планираните активности од областа на културата во 2007 година во рамките на СЗПМ беа сведени на организирање и реализација на фолклорните пензионерски ревии на кои здруженијата – учесници настапуваа со изворни народни и старградски песни, музички нумери и народни ора, со свои претставници солисти, дуети и поголеми групи, хорски и оркестарски состави и игроорни групи. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија одлучи да се одржат четири регионални ревии и тоа: за здруженијата од **југозападниот регион во Охрид**, за **северозападниот регион во Куманово**, за **југоисточниот регион во Валандово** и за **североисточниот во Штип.** Во 2007 година беа организирани само регионални пензионерски фолклорни ревии (без меѓурегионални, односно Републичка ревија) со цел да се избегне повторување на програмите и дуплирање на трошоците.

Во **Охрид** на **22 јуни** во Домот на културата „Григор Прличев", со свои програми настапија здруженијата од: Прилеп (со две пензионерски КУД), Кичево, Крушево и Охрид. Настапи и збратименото здружение на пензионерите на Охрид – „Стара Загора", Република Бугарија. Вкупно учествуваа 90 изведувачи пред околу 500 гледачи. Се пееше на македонски, влашки и бугарски јазик. Песните беа изворни и старградски. Се свиреше на современи, но и на типични народни инструменти – гајди, кавали и тапани.

На средбата говореа градоначалникот на Охрид **Александар Петревски**, претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески**, претседателот на БНПС од Стара Загора **Иван Чапразов**, претседателот на Собранието на СЗПМ **Душко Шурбановски,** кој ја прогласи ревијата за отворена, а секретарот на ИО на СЗПМ Чедо Георгиевски им додели признанија на учесниците. На приредбата и претходеше дефиле од Чинарот до Домот на културата.

Во **Куманово** на **29 јуни** во Центарот за култура „Трајко Прокопиев", на Регионалната ревија со свои програми настапија здруженијата на пензионерите: Гази Баба, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Кратово, Тетово и Куманово со вкупно 251 исполнители пред околу 800 гледачи. Претходно, поради топлото време, се одржа кратко дефиле пред Домот. Програмата беше разновидна: покрај изворни и старградски песни и изворна народна музика изведена од солисти, дуети и пејачки групи, имаше и инструментални состави, хорови и игроорни групи и народни носии од наши краеви. На приредбата како гостин присуствуваше и Надежда Касабова, претседателка на пензионерите на Софија, Република Бугарија, која изрази желба и настапи со македонската песна „Земјо македонска".




Ревијата беше поздравена од преседателот на здружението домаќин од Куманово, **Спирко Николовски**, градоначалникот на Куманово, д–р **Зоран Дамјановски** и од секретарот на ИО на СЗПМ **Чедо Георгиовски**, кој ја прогласи ревијата за отворена, а Душан Перески на учесниците им додели признанија. На ревијата и претходеше изложба на домашни ракотворби подготвени од Кумановското здружение на пензионери.

На **6 јули 2007** година во **Валандово** на „Отворената летна сцена“**,** на која се држи познатиот Валандовски фестивал на народна музика, се одржа и фолклорната ревија на здруженијата на пензионерите од овој регион. Летниот ден овозможи дефиле во делот на градот околу центарот и сцената. Со свои програми се претставија здруженијата од: Богданци, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Неготино и Валандово со вкупно 122 изведувачи пред околу 350 гледачи. Гостите и присутните ги поздравија претседателот на ЗП од Валандово **Леонид Манчев**, градоначалникот **Николче Чурлинов**, претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, кој ја прогласи ревијата за отворена, а признанијата на учесниците ги додели потпретседателот на ИО на СЗПМ Андон Марковски. На ревијата доминираа пејачки групи и хорови со староградски песни и главно староградски носии.

Во **Штип** на **27 септември** во Домот на културата „Ацо Шопов” на Регионалната ревија настапија најголем број здруженија и тоа од: Берово, Виница, Делчево, Злетово, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип, со 153 учесници пред повеќе од 400 гледачи. Ревијата беше поздравена од претседателот на ЗП Штип **Михајло Кралев** и секретарот на ИО на СЗПМ **Чедо Георгиевски**, кој воедно ја прогласи ревијата за отворена, а претседателот на Комисијата за КЗЖ Душан Перески ги подели признанијата.

Програмата беше разновидна, со изведби на традиционални народни и староградски песни придружувани со изворни инструменти, со разновидни кореографии и разнобојни носии. На ревијата и претходеше кратко дефиле (поради дожд).

На четирите ревиски настапи по назначените региони учествуваа 28 здруженија на пензионери со 616 изведувачи, пред повеќе од 2.000 посетители. Не се оствариja очекувањата дека ќе се зголеми бројот на здруженијата – учесници. Исто така, немаше забележливи иновации, главно имаше повторувања од претходната година. Единствена новина беше тоа што се пееше и на влашки, покрај македонскиот и албанскиот јазик, а на бугарски јазик како гостин пееше здружението од Стара Загора.

### 1.6. ШЕСТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Јуни – октомври 2008 година

Извршниот одбор на СЗПМ донесе одлука во 2008 година да се организираат пет регионални ревии на песни, музика и игри. Во исполнување на програмата зедоа учество 500 изведувачи од 30 здруженија на пензионери, а СЗПМ за успешно одржување на ревиите по региони обезбеди потребни материјални и финансиски средства.

На **27 јуни 2008** година **во Радовиш** настапија здруженијата на пензионерите од: Пробиштип, Кратово, Лозово, Злетово, Штип и градот домаќин Радовиш. По дефилето на учесниците низ градот, средбата ја отвори претседателот на ЗП Радовиш и Конче **Јован Ефтимов**, посакувајќи им добредојде и успех на учесниците. Со пригодна реч средбата ја поздрави и градоначалникот на Радовиш д–р **Роберт Велков**, а ревијата за отворена ја прогласи **Чедо Георгиевски**, секретар на ИО на СЗПМ. За успешното учество на ревијата на претставниците на здруженија–

та благодарници им врачи Андон Марковски, потпретседател на ИО на СЗПМ.

На **28 јуни 2008** година во Домот на културата **во Кичево** учествуваа КУД „Пензионер“ и КУД „Пенка Котеска“ од ЗП Прилеп, како и пејачки групи и солисти од здруженијата на пензионерите од Охрид, Кичево и Крушево и поетесата Спаса Јанкуловска од Демир Хисар. Добредојде на учесниците им посака претседателот на ЗП Кичево **Стојан Станковски**. Со пригоден говор се обрати и ревијата ја прогласи за отворена претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**, а благодарници на учесниците им врачи претседателот на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ Душан Перески.



На **11 јули 2008** година **во Гевгелија,** во Домот на пензионерите пред многубројната публика настапија претставниците на здруженијата на пензионерите од: Струмица, Богданци, Валандово, Велес, Кавадарци, Неготино и Гевгелија. Почетокот на ревијата беше со настапувањето на младите претставници на познатиот ансамбл „Бојмија“ како симбол на спојот помеѓу младоста и искуството. Добредојде на гостите им посака претседателот на здружението домаќин од Гевгелија, **Драгиша Јовановиќ**. Во име на СЗПМ ревијата ја отвори секретарот на ИО, **Чедо Георгиевски**, а на крајот претседателот на ККЗЖ Душан Перески им врачи благодарници на учесниците. Со своите изведби, речиси сите здруженнија имаа впечатлив настап, а ревијата заврши со мелозвучна песна посветена на човековите права.

На **10 октомври 2008** година **во Кочани** во Центарот за култура „Бели мугри” со свои пејачки групи, соло–пејачи, музичари и игроорци настапија здруженијата на пензионерите од Берово, Виница и Кочани. На ревијата најпрво говореше претседателот на кочанското здружение на пензионерите **Ѓорѓи Серафимов**. Во името на локалната самоуправа на општината Кочани се обрати **Венцо Бојков**, а за отворена Ревијата ја прогласи **Чедо Георгиевски**, секретар на ИО на СЗПМ, додека признанија на учесниците им врачи Мирослава Петровска, член на ИО на СЗПМ и на Комисијата за КЗЖ. Со музика и игри беше создадена пријатна атмосфера за дружење во ресторанот „Слив“ кај Виница.

На **15 октомври 2008** година **во Скопје** домаќин беше **ЗП Гази Баба.** На ревијата во ресторанот „Ханибал“ учествуваа здруженијата на пензионерите: Гази Баба, Гостивар, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Куманово, Сарај, Тетово и Чаир. Учесниците и гостите, прв ги поздрави и им посака успех и добредојде, претседателот на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ наедно и претседартел на ЗП Гази Баба **Душан Перески**.

Собирот на пензионерите го поздрави и **Коце Трајановски**, градоначалник на општината Гази Баба и претседател на ЗЕЛС кој истакна дека ќе настојува сообразно со потпишаниот Меморандум сите градоначалници од Скопје повеќе и понепосредно да соработуваат со скопските здруженија на пензионерите.

Ревијата за отворена ја прогласи **Чедо Георгиевски**, секретар на ИО на СЗПМ, при што се осврна на позитивната шестгодишна традиција во одржувањето на оваа културна манифестација на пензионерите. Во име на СЗПМ Душан Перески ги врачи признанијата на учесниците на ревијата.

### 1.7. СЕДМА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Јули – септември 2009 година

Во соработка со претседателите на здруженијата на пензионерите беа одредени пет регионални центри за одржување на ревиите и тоа: Пробиштип, Тетово, Крушево, Кавадарци и Берово.

На **30 јуни** Регионална ревија се одржа во **Пробиштип,** на која настапија здруженијата на пензионерите од: Радовиш, Штип, Пробиштип, Куманово, Свети Николе, Крива Паланка, Злето–

во и Кратово. На присутните прв им се обрати претседателот на ЗП Пробиштип **Тодор Аксентиев**, а добредојде во име на градот домаќин им посака градоначалникот **Тони Тоневски**. Со пригодно обраќање средбата ја отвори потпретседателот на ИО на СЗПМ **Чедо Георгиевски**, а на завршниот дел од ревијата признанијата на учесниците им ги врачи Душан Перески, претседател на ККЗЖ.

На **3 јули** во **Тетово,** на Регионалната ревија на песни, музика и игри, со пејачки групи, солисти, дуети и инструменталисти, настапија скопските здруженија на пензионери: Кисела Вода, Гази Баба, Центар, Чаир, Ѓорче Петров, Сарај и Шуто Оризари, како и Гостивар и Тетово. Во Центарот за култура, во градот под Шара, добредојде на сите присутни им посака претседателот на Собранието на ЗП Тетово **Нервет Јашари**, во име на градоначалникот на гостите им се обрати советникот **Куртиш Куртиши**, а ревијата за отворена ја прогласи **Драги Аргировски**, секретар на ИО на СЗПМ. Имајќи ја предвид богатата мултиетничка програма на изворен и староградски фолклор, Аргировски нагласи дека културното дружење на пензионерите придонесува за збогатување на нашата фолклорна ризница, како и зачувување од заборав на фолклорот, обичаите, традициите и нашиот идентитет.

Ревијата мина во знакот на мултиетничка програма на изворен и староградски фолклор на македонски, албански, српски и ромски јазик. Признанијата на учесниците им ги врачи потпретседателот на ИО на СЗПМ Чедо Георгиевски.

На **5 јули** во **Крушево** на Регионалната ревија на песни, музика и игри настапија здруженијата на пензионерите од: Прилеп (со две КУД), Охрид, Кичево, Крушево, Демир Хисар, Дебар и Македонски Брод. На фолклорната средба говореа претседателот на здружението домаќин **Крсто Стојановски**, градоначалникот на Крушево **Василчо Дамчески** и претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски**. Во програмата, покрај македонски, беа исполнети и влашки, албански и српски песни. На учесниците на ревијата признанија им врачи Драги Аргировски, секретар на ИО на СЗПМ.

На **17 септември во Кавадарци** Регионалната ревија на песни, музика и игри беше одржана во знак на одбележување на Денот на пензионерите. Со свои пејачки групи и ансамбли настапија здруженијата на пензионерите од: Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово, Богданци, Гевгелија и Струмица. Во име на домаќинот учесниците и гостите ги поздрави **Илија Пемов**, претседател на ИО на ЗП Кавадарци, а срдечно добредојде на присутните им посака и градоначалникот на градот домаќин **Александар Панов**. Пригодно обраќање имаше и секретарот на ИО на СЗПМ **Драги Аргировски**, а признанија на учесниците им врачи Душан Перески, претседател на Комисијата за КЗЖ. Според програмата со свои творби учествуваа и ученици од 2 училишта од Кавадарци.

На **Денот на пензионерите – 20 септември, ЗП Берово** беше домаќин на Регионалната ревија на песни, музика и игри. Свеченоста ја отвори градоначалникот на Општината **Драган Наџински**, а манифестацијата за отворена ја прогласи **Чедо Георгиевски**, потпретседател на ИО на СЗПМ. На ревијата со богата содржина и во амбиент на шарени осоговски носии, се претставија ансамбли, пејачки групи, солисти и инструменталисти од здруженијата на пензионерите од: Кочани, Виница, Македонска Каменица, Берово и Пехчево. Признанија за учество на претседателите на здруженијата им врачи Драги Аргировски, секретар на ИО на СЗПМ.




За одбележување е дека на **Седмата ревија на песни, музика и игри - 2009,** која се одржа по региони во одредените градови, учествуваа вкупно 37 здруженија на пензионерите, што е значително повеќе од претходната година, меѓутоа нема големи оправдувања за здруженијата Делчево, Карпош,

Ресен, Струга и некои други што не зедоа учество. На регионалните ревии вкупно имаше 250 директни учесници, кои настапија пред околу 2.500 гледачи. Забележително учество имаа градоначалниците на општините и други претставници на локалната самоуправа.

### 1.8. ОСМА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ
Јуни – октомври 2010 година

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија по осми пат, успешно ги организираше регионалните фолклорни ревии кои станаа традиција во културното живеење на пензионерите. Напредок е забележан во омасовувањето на настапите, така што за 2 здруженија се зголеми бројот на учесниците во однос на претходната година, од 37 на 39, а значително беа подобрени квалитетот и придонесот кон зачувувањето на културното богатство. И овие ревии беа организирани во 5 региони и тоа во градовите: Свети Николе, Прилеп, Виница, Ѓорче Петров и Струмица.

Во **Свети Николе** Ревијата на песни, музика и игри се одржа во Домот на културата „Крсте Мисирков“. На оваа традиционална приредба настапија здруженијата на пензионерите од Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип, Злетово, Штип, Радовиш и градот домаќин. Пригодни говори одржаа **Мирко Данаилов**, претседател на ЗП Свети Николе и градоначалникот **Васко Пешев,** а ревијата за отворена ја прогласи **Чедо Георгиевски**, потпретседател на ИО на СЗПМ. Успешниот настап на здруженијата го поздрави и претседателот на Комисијата за КЗЖ **Душан Перески** кој ги врачи признанијата.

На **13 јули** во Центарот за култура **во Прилеп** беше одржана пензионерска ревија на песни музика и игри од југозападниот регион на која учествуваа здруженијата од: Охрид, Крушево, Демир Хисар, Македонски Брод, Кичево, Дебар, градот домаќин и ЗП Штип, како гостин. Настапија соло–пејачи, дуети, поети, пејачки групи со македонски, албански и влашки мелос и две КУД од Прилеп, со голема застапеност на изворни народни песни и творби со патриотски мотиви. Како и на претходните 7 и на оваа 8–ма ревија во овој регион не настапија здруженијата од Ресен и Струга. Учесниците и гостите во преполната сала (околу 650) ги поздрави претседателот на ЗП Прилеп **Кирил Ѓорѓиоски**, а за развојниот пат на оваа фолклорна манифестација зборуваше **Драги Аргировски**, секретар на ИО на СЗПМ. Душан Перески, претседател на ККЗЖ при СЗПМ, им врачи признанија на учесниците.

На **4 септември** во **Виница** во Домот на културата успешни настапи имаа пејачки групи, ансамбли, дуети, соло–пејачи и поети од здруженијата на пензионерите од: Кочани, Берово, Македонска Каменица, Пехчево и градот домаќин, а две години по ред не учествуваше ЗП Делчево. Присутните на ревијата ги поздравија **Младен Петров**, претседател на ЗП Виница и градоначалникот **Емил Дончев,** а со пригодно обраќање ревијата ја отвори **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ. Признанијата на учесниците им ги врачи Чедо Георгиевски, потпретседател на ИО на СЗПМ.

**На 22 септември** во ресторанот на **Езерото Треска кај Скопје**, се одржа планираната Регионална ревија на песни, музика и игри, на која со пригодни програми настапија здруженијата на пензионерите од: Тетово, Гостивар и скопските здруженија на пензионерите – Кисела Вода, Гази Баба, Карпош, Центар, Чаир и Бутел, Сарај, Шуто Оризари и домаќинот Ѓорче Петров.

За значењето на оваа културна манифестација говореа **Методија Новковски**, претседател на ИО на ЗП Ѓорче Петров, **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ и градоначалникот **Сокол Митровски** кој ја прогласи ревијата за отворена. Признанијата на учесниците им ги врачи Драги Аргировски, секретар на ИО на СЗПМ.

Ресторанските услови негативно се одразија врз квалитетот на оваа ревија, па се наметна размислувањето манифестациите да се држат на отворена сцена, или во соодветни сали опремени за таа намена.

**Осмите фолклорни ревии** на песни, музика и игри **во 2010** година завршија со петтата средба на здруженијата на **7 октомври во Струмица**. Во Домот на културата главно со пејачки групи и оркестри настапија претставниците на здруженијата од: Велес, Валандово, Богданци, Гевгелија, Дојран, Неготино, Кавадарци со старосни и инвалидски пензионери и од градот домаќин, а пејачка група од ЗП Гази Баба учествуваше како гостин. Се слушнаа повеќе успешни ста–




роградски песни и серенади.

На отворањето на ревијата говореа **Данче Даскаловска**, претседател на ИО на ЗП Струмица и градоначалникот **Зоран Заев**, а во името на организаторот – СЗПМ, **Душко Шурбановски**, претседател на Сојузот. На крајот, со пригодно обраќање признанијата на учесниците им ги врачи **Чедо Георгиевски**, потпретседател на ИО на СЗПМ. Како и претходните, и оваа средба заврши со заедничко дружење, со песни и ора, со размена на искуства, со ширење на пријателства и слично.

Извршниот одбор на СЗПМ одлучи на Меѓународниот фестивал за трета доба во Љубљана – Словенија, да го претставува Сојузот и Република Македонија Здружението на пензионерите од Куманово. Со настапот на ЗП Куманово со ансамблот „Ѓоко Симоновски", СЗПМ и културното творештво што го негуваат пензионерите од Македонија почна значајно да се афирмира и на меѓународен план.

### 1.9. ДЕВЕТТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ
Јуни – септември 2011 година

Во 2011 година според Програмата за работа на СЗПМ и одбележувањето на 65–годишнината од пензионерското организирање во Македонија, Деветтите пензионерски регионални ревии на песни, музика и игри, во: Скопје (домаќин Здружението на воените пензионери), Валандово, Крива Паланка, Кичево и Македонска Каменица.

Во **Скопје,** на **18 јуни 2011 година,** во Домот на АРМ се одржа регионална ревија на песни, музика и игри, на која со свои претставници настапија здруженијата на пензионерите: Гази Баба, Кисела Вода, Солидарност – Аеродром, Карпош, Тафталиџе, Центар, Бутел и Чаир, Воени пензионери, Ѓорче Петров, Шуто Оризари и Сарај од Скопје и здруженијата на пензионерите од Гостивар и Тетово. Учесниците и гостите прв ги поздрави домаќинот, претседателот на ЗВП **Драган Бозаревски**, а инспиративно излагање за значењето на ревиите имаше претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Покрај другото, тој истакна дека на овие фолклорни ревии СЗПМ настојува да се зачува изворното творештво и да се развиваат културните вредности на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Власите и на другите што живеат во Македонија, а потоа ја прогласи ревијата за отворена.

Признанијата на учесниците им ги врачи потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста.

На **15 јуни, Валандово -** градот на калинките, смоквите и песните, беше домаќин на Деветтата ревија на песни, музика и игри. Сцената на Валандовскиот фестивал ги собра здруженијата на пензионерите од Повардарјето за да ја покажат својата подготвеност за настап. Учесниците од: Струмица, Дојран, Богданци, Кавадарци (старосни и инвалидски пензионери), Неготино, Велес, Гевгелија и Валандово, прв ги поздрави и им посака добредојде, претседателот на ЗП Валандово **Леонид Манчев**. Исто така, во име на градот домаќин, присутните ги поздрави градоначалникот **Николче Чурлинов**, а во име на организаторот СЗПМ, пригодно обраќање имаше секретарот на ИО **Станка Трајкова,** при што ја прогласи ревијата за отворена. Во рамките на

меѓуопштинската соработка, на ревијата настапија и претставници од здруженијата на пензионерите на Битола и Прилеп.

На **30 јуни,** во **Крива Паланка,** во кино–салата на Центарот за култура се одржа регионална ревија на песни, музика и игри. На манифестацијата учествуваа 9 здруженија и тоа: Крива Паланка (домаќин), Злетово, Пробиштип, Лозово, Радовиш и Конче, Штип и Карбинци, Кратово, Свети Николе и Куманово. На ревијата и претходеше дефиле на учесниците низ градот, а добредојде на сите им посака претседателот на здружението домаќин **Славко Стојановски**. Пригодни говори одржаа потпретседателот на ИО на СЗПМ **Методија Тошевски** и градоначалникот на Крива Паланка **Арсенчо Алексовски**. Признанијата на учесниците им ги врачи Арсен Илиевски, член на Комисијата за информирање во СЗПМ.

**Регионалната ревија** на песни, музика и игри во југозападниот регион се одржа на **3-ти септември** 2011 во Центарот за култура во **Кичево.** Настапија здруженијата на пензионерите од: Кичево, Крушево, Македонски Брод, Прилеп, Дебар, Охрид и Дебрца, Демир Хисар и Гостивар како гостин. Најпрво учесниците и гостите ги поздрави **Љубомир Лукароски**, претседател на здружението домаќин, а во пригодното обраќање градоначалникот на Кичево **Благоја Деспотоски** на сите им го честиташе двојниот јубилеј, 21–годишнината од осамостојувањето на РМ и 65 години пензионерско организирање во Македонија. На средбата на македонски и на албански јазик се обрати **Бесник Поцеста**, потпретседател на Собранието на СЗПМ, кој го нагласи значењето на мултиетничкиот карактер на ревијата. Учесниците со своите изведби мошне автентично ги прикажаа изворните обичаи и традициите како обележја на идентитетот и на културното богатство. Признанијата им ги врачи потпретседателот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски.



**Регионалната ревија** на песни, музика и игри во источниот регион**,** се одржа на **4-ти септември** во киносалата во **Македонска Каменица**. На оваа културна манифестација на пензионерите учествуваа здруженијата од: Кочани, Берово, Виница, Пехчево, Делчево и Македонска Каменица. Учесниците и гостите прв ги поздрави претседателот на здружението домаќин **Видан Коневски**, а пригодно обраќање имаше градоначалникот **Дарко Митевски**. Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, прогласувајќи ја ревијата за отворена, се осврна на значењето на оваа манифестација и го оцени напредокот во организирањето и збогатувањето на содржините, при што истакна дека во 5–те региони зедоа учество 43 здруженија на пензионери, што е речиси за петпати повеќе од првата ревија што се одржа 2003 година во Пробиштип.

Признанија на учесниците им врачи Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ.

При согледувањето на успешноста на Деветтите пензионерски регионални ревии на песни, музика и игри, беше определено ЗП Пробиштип да учествува на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана – Словенија, што се одржува на 1–ви октомври по повод Денот на старите лица. На оваа значајна манифестација ЗП Пробиштип настапи со КУД „Распеани пензионери“.

### 1.10. ДЕСЕТТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Јуни – септември 2012 година

СЗПМ во 2012 година внесе новини во организацијата и одржувањето на фолклорните пензионерски ревии. Најпрво почна со реорганизирана Комисија за КЗЖ во чиј состав влегоа: Милевка Здравковска (претседател), Леонид Манчев, Нурие Кадриу, Видан Коневски, Славица Ламбаша, Вања Марковска, Боривоје Бојаџиев, Илија Ѓорѓев и Цветанка Ангелковска. Се извршија

незначителни измени и во прегрупирањето на здруженијата по региони и наместо 5, како во претходните години, беа утврдени 6 региони, а се пристапи и кон посоодветно регулирање на критериумите за учество и настап на ревиите. Исто така, за селектор на ЗП за учество на Републичката ревија беше избран режисерот Тихомир Бачовски. Истовремено раководството на СЗПМ во оваа година почна поинтензивно да соработува со Министерството за култура на РМ, како и со локалните самоуправи ширум Републикава, а во таква корелација на односите покровители на Десеттите јубилејни ревии на песни, музика и игри беа Министерството за култура и градот Скопје.

**Регионалните ревии** на песни, музика и игри во **2012 година,** започнаа на **6-ти јуни** во **Пробиштип**, во градот каде што во 2003 година беше одржана и Првата фолклорна ревија. Јубилејната десетгодишнина на ревиите доби на значање и со прогласувањето на 2012–та за година на меѓугенерациска солидарност и соработка и под ова мото се одржаа и регионалните и Републичката ревија. Со таква симболика започна и регионалната ревија во Пробиштип со настапот на учениците – виолинисти од Нижото музичко училиште, кои изведоа познати композиции. На средбата пригодни говори одржаа претседателот на ЗП Пробиштип **Груица Манасиев**, претседателот на Советот на Општината **Ранко Давитков** и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски,** кој се осврна на значењето на ревиите низ годините и придонесот на оваа манифестација во зачувувањето и возобновувањето на културното наследство како сведок на нашето опстојување. Потоа на сцената се појавија здруженијата учесници од: Штип и Карбинци, Лозово, Пробиштип, Свети Николе, Злетово, Радовиш и Конче и Струмица. Признанија за успешниот настап им врачи Александар Захариев, член на ИО на СЗПМ.

На **8 јуни** регионална ревија се одржа во **Кавадарци**, а на истата настапија здруженијата на пензионерите од: Неготино, Нов Дојран, Кавадарци, Валандово, Богданци, Велес, Гевгелија и Инвалидските пензионери од градот домаќин. На свеченото отворање во Домот на културата во Кавадарци говореа**: Ристо Анѓушев**, претседател на ИО на ЗП Кавадарци, градоначалникот **Александар Панов** и **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ, а признанијата ги врачи Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

На **16 јуни** во Центарот за култура во **Куманово** Регионалната ревија на песни музика и игри мина во најдобар ред и организација. Се претставија здруженијата на пензионерите од: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Центар, Гази Баба, Кисела Вода, Воени пензионери и Солидарност – Аеродром. Средбата со пригодни обраќања ја поздравија претседателот на ЗП Куманово **Спирко Николовски**, градоначалникот на Куманово **Зоран Дамјановски** и секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова**, која ја отвори ревијата, а признанијата на учесниците им ги врачи Доне Тодоровски, член на ИО на СЗПМ.

На **27 јуни** во Ценатрот за култура во **Тетово** се одржа ревија за учесниците од 5–тиот регион во која со интересна и разновидна програма се претставија здруженијата од: Чаир и Бутел, Ѓорче Петров, Гостивар, Карпош, Сарај, Шуто Оризари, Тафталиџе и Тетово. Во име на домаќинот средбата ја поздравија **Гојко Ефтовски**, претседател на Собранието и **Шабан Азизи,** претседател на ИО на ЗП Тетово, кој зборуваше на албански јазик, а ревијата за отворена ја прогласи потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста**, додека признанијата на учесниците им ги врачи Вања Марковска, член на Комисијата за КЗЖ.




На **1 септември,** во Центарот за култура во **Кочани,** добредојде на учесниците од здруженијата на пензионерите: Берово, Виница, Македонска Каменица, Пехчево, Кочани и Делчево, прв им посака претседателот на здружението домаќин **Ѓорѓи Серафимов,** а средбата ја поздрави и претседателот на Советот на Општината **Спирко Георгиев**. Во име на

организаторот СЗПМ пригоден говор одржа секретарот на СЗПМ **Станка Трајкова**, која наедно ја прогласи ревијата за отворена. На учесниците им беа врачени и признанија за учество.

**Регионална ревија** на песни, музика и игри за учесниците од југозападниот регион се одржа на **2 септември во Битола, здружение кое повторно стана членка на Сојузот.** На најмасовната пензионерска манифестација во градот на конзулите настапија здруженијата на пензионерите од: Охрид и Дебрца, Прилеп, Македонски Брод, Демир Хисар, Битола, Кичево, Крушево и Дебар. Учесниците и присутните прв ги поздрави **Томе Илиоски**, претседател на ИО на ЗП Битола, а на свеченото отворање на средбата се обратија градоначалникот на Битола **Владимир Талески** и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Средбата заврши со заедничко дружење во ресторанот „Император“, а признанија на учесниците во име на огранизаторот СЗПМ им врачи Илија Адамоски, член на ИО на СЗПМ.

## ВТОРА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Скопје, 25 септември 2012 година

На **25 септември 2012 година** во Универзалната сала **во Скопје**, се одржа Втората републичка ревија на песни, музика и игри. Селекторот Тихомир Бачовски со помош на Организациониот одбор и Комисијата за КЗЖ за Републичката ревија избра 33 најдобри претставници од здруженијата на пензионерите учесници на регионалните ревии кои настапија пред повеќе од 1.500 присутни. Првпат на ваква манифестација присуствуваа и говореа министерката за култура **Елизабета Канческа-Милевска** и градоначалникот на Скопје и претседател на ЗЕЛС **Коце Трајановски,** а меѓу присутните беа и министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и претседателот на ССМ Живко Митревски. Инспиративен говор одржа и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој од повеќе аспекти го истакна значењето на регионалните и Републичката ревија. Успешен домаќин на ревијата беше Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје на чело со претседателот Крсте Ангеловски, а дополнителен спонзор беше и компанијата „Тинекс“. За успешниот настап на здруженијата им беа врачени благодарници, а на дружењето во хотелот „NEW STAR“ во Визбегово со бендот „Дрим тим” настапи познатата пејачка Ирена Спасовска. Најдобрите учесници на Втората републичка ревија на песни, музика и игри – ЗП Кочани, присуствуваа на Фестивалот за трета доба во Љубљана – Словенија и во најдобро светло го претставија Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Република Македонија.







## 1.11. ЕДИНАЕСЕТТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Мај – јуни 2013 година

Единаесеттите регионални и Третата републичка ревија на песни музика и игри во 2013 година беа организирани според одлуката и насоките на Извршниот одбор на СЗПМ. За домаќини и соорганизатори на СЗПМ беа здруженијата на пензионерите: Гостивар, Охрид и Дебарца, Делчево, Радовиш и Конче, Кисела Вода и Велес.

На **9 мај** на ревијата одржана во **Гостивар** настапија здруженијата на пензионерите од: Ѓорче Петров, Карпош, Сарај, Тафталиџе, Тетово, Чаир, Бутел, Шуто Оризари и Гостивар. На присутните прв им се обрати претседателот на здружението домаќин **Нијази Џелили**, а во име на СЗПМ средбата ја поздрави **Бесник Поцеста**, потпретседател на Собранието на Сојузот. Признанија на учесниците им врачи Ванѓелица Марковска.

На **11 мај** Центарот за култура во **Охрид** беше центар каде што се одржа Ревијата на песни, музика и игри на здруженијата на пензионерите од тој регион. Настапија здруженијата од: Охрид и Дебрца, Прилеп, Битола, Крушево, Кичево, Дебар, Демир Хисар, Струга, Македонски Брод и како гостин Фолклорниот ансамбл од ЗП Врање. На средбата се обратија претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески**, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и претседателот на Советот на Општината **Гордана Коњаноска**, која ја отвори ревијата. По успешното претставување на учесниците на здруженијата со народни, староградски изворни песни и фолклорни изведби, признанија им врачи Цветанка Ангелковска, член на Комисијата за КЗЖ.

**На Ревијата** на песни, музика и игри **во Делчево** на **12 мај** учествуваа шест здруженија на пензионери од источниот регион и тоа: домаќинот Делчево, Берово, Пехчево, Кочани, Виница и Македонска Каменица. Добредојде на учесниците и гостите им посака претседателот на ЗП Делчево **Славчо Димитровски**, а пригодна реч одржа потпретседателот на ИО на СЗПМ **Методија Тошевски**. Ревијата започна со дефиле низ градот и мина во добра организација и успешен настап на учесниците на кои признанија им врачи Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

На **16 мај,** Регионалната ревија на песни, музика и игри во **Радовиш** се одржа во Центарот за култура „Ацо Караманов", а започна со дефиле низ улиците на градот. Покрај претседателот на ЗП Радовиш и Конче **Јордан Костадинов**, на ревијата се обратија и двата градоначалника на општините чие име го носи здружението **Сашко Николов** и **Благој Јованов**, а со пригоден говор во име на СЗПМ ревијата ја отвори **Станка Трајкова**, секретар на ИО. Настапот на учесниците од здруженијата на пензионерите од: Штип, Лозово, Радовиш и Конче, Пробиштип, Струмица, Ново Село, Свети Николе и Злетово, беше проследен со бурни аплаузи од многубројната публика. Благодарници на учесниците им врачи Боривој Бојаџиев, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.




На **17 мај** во Домот на АРМ во **Скопје**, ЗП Кисела Вода во улога на домаќин ги дочека и ги поздрави учесниците на Ревијата на песни и игри од здруженијата на пензионерите од: Гази Баба, Солидарност – Аеродром, Куманово, Воени пензионери, Кратово, Крива Паланка, Центар и Кисела Вода. На учесниците и гостите им се обратија: **Благоје Арсиќ**, претседател на ИО на ЗП Кисела Вода, **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ и градоначалничката на Кисела Вода **Билјана Беличанец - Алексиќ.** Изведувачите на програмата се претставија со богат фолклорен колорит, со песни, игри, музика, обичаи и други изведби од богатото културно творештво на ова поднебје. Признанија на учесниците им врачи, Нурие Кадриу, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Регионалната ревија** на песни, музика и игри во 2013 година се одржа на **18 мај** во **Велес**, а домаќин беше матичното здружение. Настапија учесници од здруженијата на пензионерите: Богданци, Неготино, Нов Дојран, Кавадарци – старосни и инвалидски пензионери, Гевгелија и Валандово. Говореа претседателот на ЗП Велес **Љубомир Ѓорѓиев**, претседателот на Советот на Општината **Александар Колев** и секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова**, која наедно ја прогласи ревијата за отворена. Благодарници на учесниците за успешниот настап во име на организаторот СЗПМ им врачи Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за КЗЖ. Завршниот дел беше со заедничко дружење на Велешко Езеро.

## ТРЕТА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Скопје, 4 јуни 2013 година

На 4–ти јуни 2013 година во Универзалната сала во Скопје под покровителство на Министерството за култура и градот Скопје се одржа Третата републичка ревија која веќе стана и традиционална. Потпирајќи се на искуствата од претходните години, Републичката ревија беше добро организирана и стана мошне интересна и за медиумите во Републикава. Организациониот одбор и Комисијата за КЗЖ со помош на селекторот, искусниот ТВ–режисер Томче Стојков, изврши избор на најдобрите учесници на регионалните ревии и на сцената на оваа завршна културна манифестација се појавија претставници од 30 здруженија на пензионери. Средбата се одржа во знак на одбележувањето на 50–годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес.



На почетокот претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** ги поздрави учесниците и гостите, меѓу кои беа и претседателот на ССМ Живко Митревски и директорот на Универзалната сала Вера Бошковска и укажа на значењето на оваа мултиетничка и мултикултурна пензионерска манифестација и придонесот во зачувувањето и негувањето на фолклорното богатство и традициите во Македонија.




За оваа димензија на ревиите говореше и министерката за култура **Елизабета Канческа - Милевска** со посебен акцент на мисијата во пренесувањето на овој аманет на младите генерации. Имајќи ги предвид сите аспекти од придонесот на ревиите на песни, музика и игри, Министерството за култура на РМ истите ги прогласи за културни манифестации од државен интерес.

Ревијата ја следеа повеќе од 1.500 граѓани главно пензионери, но и припадници на помладите генерации и кај сите присутни остави силен впечаток. Според стручното жири најдобар настап имаше ЗП Тетово кое беше одредено за учество на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана – Словенија, каде што нашите претставници од градот под Шара настапија со две фолклорни групи и програми на македонски и на албански јазик.

### 1.12. ДВАНАЕСЕТТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ
Мај – јуни 2014 година

Традиционалната културна манифестација на пензионерите од Македонија што се одржува на регионално и републичко ниво беше назначена како 12–та по ред и започна на 3–ти мај 2014 година. Одржувањето на ревиите беше организирано, следено и финансиски поддржано од СЗПМ, а истите и оваа година беа прогласени за менифестации од државен интерес за културата на Република Македонија. Дванаесеттите регионални ревии на песни, музика и игри се одржаа во 6 регионални центри и тоа:

**Берово - 3 мај 2014 година -** Настапија учесници од здруженијата на пензионерите: Виница, Делчево, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево и Берово. Говореа претседателот на здружението домаќин **Љупчо Готовски**, градоначалникот **Драги Наџински** и во име на СЗПМ, потпретседателот на ИО на СЗПМ **Методија Тошевски**. Благодарници на учесниците им врачи Ѓорѓи Серафимов, член на ИО на СЗПМ.

**Свети Николе - 9 мај 2014 година -** Настапија учесници од здруженијата: Пробиштип, Лозово, Ново Село, Штип и Карбици, Струмица, Злетово, Радовиш и Свети Николе. Говореа претседателот на ЗП Свети Николе **Никола Атанасов,** претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и градоначалникот на Св. Николе **Зоран Тасев**. Признанијата на учесниците им ги врачи Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за КЗЖ.

**Струга - 11 мај 2014 година -** Говореа претседателот на ЗП Струга **Лиман Положани**, потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** и градоначалникот на Струга **Зијадин Села**. Признанијата на учесниците им ги врачи Цветанка Ангелковска, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Неготино - 15 мај 2014 година -** Говореа претседателот на ЗП Неготино **Петар Захарчев**, секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова** и градоначалникот на Неготино **Ванчо Апостолов**. Учесниците беа наградени со признанија кои им ги врачи Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Солидарност - Аеродром - 20 мај 2014** – Говореа претседателот на ЗП Солидарност – Аеродром **Димитрија Богатиноски**, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и градоначалникот на општината Аеродром **Ивица Коневски**. Признанија на учесниците во име на СЗПМ им врачи Вангелица Марковска, член на Комисијата за КЗЖ.




**Ѓорче Петров - 28 мај 2014 година** – Говореа претседателот на ЗП Ѓорче Петров **Методија Новковски**, потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** и градоначалникот на општината Ѓорче Петров, **Сокол Митровски**. Руфат Рамадани, член на ИО на СЗПМ им врачи признанија на учесниците на манифестацијата.

## ЧЕТВРТА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ
Скопје, 10 јуни 2014 година

Ревијата се одржа на **10 јуни 2014** година во Универзалната сала во Скопје под покровителство на Министерството за култура и градот Скопје. Со свои претставници учествуваа 35 здруженија на пензионерите. Пред околу 1.500 гледачи говореа: претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, градоначалникот на Скопје и претседател на ЗЕЛС **Коце Трајановски** и



министерката за култура **Елизабета Канческа - Милевска**, која нагласи дека Ревијата на песни музика и игри е проект од национален интерес со кој генерално се збогатува културниот и јавен живот во Македонија и токму затоа Министерството за култура и натаму ќе ја поддржува оваа исклучително значајна манифестација. Признанија на учесниците на заедничкото дружење во хотелот „NEW STAR“ им доделија претседателот на СЗПМ



Драги Аргировски и претседателот на Градскиот сојуз на ЗП Крсте Ангеловски, како домаќин на ревијата.

Како претставник на СЗПМ и на Македонија на Фестивалот за трета животна доба во Љубљана – Словенија беше избрано ЗП Прилеп, кое настапи со 2 КУД – „Пензионер“ и „Пенка Котеска“ со богата програма од културното милје на прилепскиот крај и пошироко на Македонија.

### 1.13. ТРИНАЕСЕТТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ
Мај – јуни 2015 година

СЗПМ во 2015–тата година презеде низа мерки и активности за понатамошно унапредување и подобрување на културно–забавниот живот на пензионерите во нашата земја. За подобро остварување на културните дејности во здруженијата на пензионерите, главно преку ревиите на песни, музика и игри, беа извршени измени и дополнувања на Правилникот за ревии со што се изврши проширување на регионите – од шест на осум. Извршниот одбор на СЗПМ на втората седница во новиот состав на 15 април 2015 година изврши и реизбор на **Комисијата за културно-забавен живот** (ККЗЖ) при СЗПМ, така што во новиот состав беа избрани: Мендо Димовски (претседател), Милевка Здравковска, Цветанка Ангелковска, Вангелица Марковска, Славица Ламбаша, Нурие Кадриу, Ванѓа Пенева, Борис Грковски и Леонид Манчев.

Како и претходната година, така и оваа 2015 година, ревиите беа одржани под покровителство на Министерството за култура на Република Македонија, на кои учествуваа 43 здруженија на пензионерите во 8 региони:

**Охрид и Дебрца - 23 мај 2015 година -** Учествуваа здруженијата на пензионерите од Струга, Кичево, Гостивар, Дебар и Центар Жупа, Македонски Брод и Охрид и Дебрца. Добредојде на учесниците им посака претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески,** а за значењето на Ревијата говореше претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Учесниците ги поздрави и манифестацијата ја отвори заменик–градоначалникот на Охрид **Ангел Јанев.** Признанија на учесниците во име на организаторот СЗПМ им врачи **Душан Ристески,** член на ИО на СЗПМ.

**Демир Хисар - 24 мај 2015 година -** Во Домот на културата „Илинден“ во Демир Хисар учесниците од здруженијата на пензионерите од Прилеп, Битола и Крушево, прв ги поздрави прет–

седателот на здружението домаќин **Пере Петрески**, а пригодни обраќања имаа претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и градоначалникот на Демир Хисар **Љупчо Блажевски**. Признанија на учесниците им додели Цветанка Ангелковска, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Воени пензионери - Скопје 26 мај 2015 година -** Во Домот на АРМ во Скопје настапија дел од здруженијата на скопскиот регион: ЗП Воени пензионери како домаќин, Кисела Вода, Сарај и Гази Баба. Добредојде на учесниците им посака претседателот на ЗВП **Ѓорѓи Зарински,** а во име на Генералштабот на АРМ присутните ги поздрави полковникот **Борко Симоски**. Пригоден говор одржа и ревијата ја отвори претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста**. Признанија на учесниците им врачи Мендо Димовски, претседател на Комисијата за КЗЖ.

**Гевгелија - 27 мај 2015 година -** Учесниците од здруженијата на пензионерите од повардарскиот регион: Богданци, Кавадарци, Неготино, Велес и Гевгелија, настапија во Народниот театар, каде што најпрво ги поздрави претседателката на ИО на ЗП Гевгелија **Лена Семенакова,** а добредојде на присутните им посака и градоначалникот на Гевгелија **Иван Франгов.** Ревијата ја отвори претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, при што го истакна значењето и придонесот во негувањето и збогатувањето на културното творештво и традициите. Признанија на учесниците им врачи Мендо Димовски, претседател на Комисијата за КЗЖ.

**Карпош - 28 мај 2015 година -** Ревијата се одржа во Драмскиот театар во општината Карпош, а на истата учествуваа здруженијата: Карпош, Тафталиџе, Бутел, Тетово, Ѓорче Петров и Шуто Оризари. Гостите и учесниците прв ги поздрави **Јован Гиновски,** претседател на Собранието на ЗП Карпош, а во име на организаторот – СЗПМ, на македонски и на албански јазик говореше претседателот на Собранието на Сојузот, **Бесник Поцеста**. Признанијата на учесниците им ги врачи Вангелица Марковска, член на Комисијата за КЗЖ.




**Куманово - 1 јуни 2015 година -** Учесниците на Регионалната ревија во Куманово од здруженијата на пензионерите: Куманово, Кратово, Крива Паланка и ЗП Центар, Чаир и Солидарност – Аеродром од Скопје, фолклорната приредба ја започнаа со дефиле низ градот, а настапија во Центарот за култура „Трајко Прокопиев“. Присутните прв ги поздрави претседателот на Здружението домаќин **Спирко Николовски,** а во името на организаторот СЗПМ ревијата ја отвори секретарот на ИО **Станка Трајкова.** Признанија на учесниците им врачи Мендо Димовски, претседател на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Струмица - 2 јуни 2015 година -** Во Домот на културата во Струмица настапија здруженијата на пензионерите: Пробиштип, Штип и Карбинци, Свети Николе, Злетово, Радовиш и Конче, Ново Село и Лозово. На присутните им се обратија: претседателката на ИО на ЗП Струмица **Данче Даскаловска**, претседателот на Советот на општината Струмица **Јосиф Христов** и **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ, која ја отвори Ревијата. На учесниците признанија им додели Милевка Здравковска, член на Комисијата за КЗЖ.

**Виница - 3 јуни 2015 година -** Учесниците од здруженијата: Виница, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево, Ревијата ја започнаа со дефиле низ градот, а настапија во спортската сала на гимназијата „Ванчо Прке” во Виница. На пензионерската манифестација говореа: претседателот на ИО на ЗП Виница **Драган Петков**, градоначалникот на Виница **Емил Дончев** и секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова**. Признанија на учесниците им додели Ѓорѓи Серафимов, член на ИО на СЗПМ.

## ПЕТТА ЈУБИЛЕЈНА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Скопје, 9 јуни 2015 година

Најмасовната културна манифестација на пензионерите во 2015 година се одржа на 9–ти јуни во салата на Македонската опера и балет во Скопје. На оваа фолклорна приредба настапија претставници од 25 здруженија на пензионери кои, како најдобри беа избрани од Комисијата за КЗЖ при СЗПМ и селекторот Томче Стојков. Пред повеќе од 900 гледачи учесниците се претставија како вистински чувари на културното творештво и традициите како обележје на нашиот идентитет и вековното опстојување. Повеќе од два часа се слушаа пријатни звуци и рефрени од народни песни, староградски песни и евергрини, се преплетуваа бои на изворни народни носии, се играше и се пееше на македонски, на албански, ромски, влашки, српски... се нижеа оро до оро, песна до песна, обичај до обичај и традиции и се градеше мозаикот наречен Македонска фолклорна ризница. Значењето на Ревијата го потенцираа и





говорниците, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, градоначалникот на Скопје **Коце Трајановски** и заменик–министерот за култура **Драган Недељковиќ**. Со внимание и респект кон изведувачите и организаторот СЗПМ, ревијата ја следеше и министерот за труд и социјална политика Диме Спасов. Пријатниот амбиент, по завршувањето на манифестацијата се пренесе и на заедничкото дружење во хотелот „NEW STAR“ во Визбегово, каде што претседателот на СЗПМ Драги Аргировски им врачи признанија на учесниците.

Организациониот одбор и Комисијата за КЗЖ дадоа придонес и во изборот на здруженијата на пензионерите кои учествуваа на 15–тиот меѓународен фестивал за третата животна доба, кој се одржа на 29 и 30 септември 2015 година во Љубљана – Словенија. На меѓународната манифестација **ЗП Радовиш и Конче** и **ЗП Македонска Каменица** достојно ја претставија Република Македонија и дадоа придонес во афирмацијата на СЗПМ во поширoки размери.

### 1.14. ЧЕТИРИНАЕСЕТТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Април – јуни 2016 година

Во чест на јубилејното одбележување на 70–годишнината од пензионерското организирање и 25 години од осамостојувањето на Република Македонија во 2016 година учествуваа 50 здруженија на пензионерите членки на СЗПМ, освен Дојран, Вевчани и Лабуништа, со над 1.000 свои претставници во осум региони:

**Штип и Карбинци - 27 април 2016 година -** Во Домот на културата „Ацо Шопов” во Штип настапија здруженијата: Штип и Карбинци, Струмица, Лозово, Ново Село, Злетово, Свети Николе, Радовиш и Конче и Пробиштип. На учесниците и гостите им се обратија: претседателот на ЗП

Штип и Карбинци **Михаил Василев**, градоначалникот на Штип **Илчо Захариев** и потпретседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**. Благодарници на учесниците им врачи Милевка Здравковска, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Крива Паланка - 4 мај 2016 година -** На оваа ревија во Домот на културата во Крива Паланка учествуваа здруженијата на пензионерите од општините: Крива Паланка, Кратово, Куманово и Центар, Солидарност – Аеродром и Чаир од Скопје. Пригодни говори одржаа: претседателот на ЗП Крива Паланка **Славко Стојановски**, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и градоначалникот на Крива Паланка **Арсенчо Алексовски.** Ревијата ја следеа и градоначалникот на општината Ранковце  Момчило Алексовски и потпретседателот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски. Признанија на учесниците им врачи Славица Ламбаша, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Велес - 5 мај 2016 година -** На Регионалната фолклорна манифестација во Велес се сретнаа здруженијата на пензионерите од повардарскиот регион и тоа: Кавадарци, Богданци, Неготино, Гевгелија, Валандово, Демир Капија и домаќинот ЗП Велес. На учесниците им се обратија претседателот на ЗП Велес **Веле Алексоски** и претседателот на СЗПМ  **Драги Аргировски**. Благодарници на претставниците на здруженијата на пензионерите им врачи Леонид Манчев, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Пехчево - 9 мај 2016 година -** Во Домот на културата „Јане Сандански“ настапија здруженијата од: Пехчево, Виница, Кочани, Делчево, Берово и Македонска Каменица. Поздравни говори одржаа: претседателот на ЗП Пехчево **Борис Заринскi**, градоначалникот на Пехчево, **Игор Поповски** и потпрседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**. Признанија на учесниците им врачи Ѓорѓи Серафимов, член на ИО на СЗПМ.




**Гази Баба - 10 мај 2016 година -** Во домот на АРМ во Скопје настапија здруженијата на пензионерите: Сарај, Воени пензионери, Кисела Вода, Солидарни пензионери – Илинден, ОВР Скопје и домаќинот ЗП Гази Баба. Говореа: преседателот на ИО на ЗП Гази Баба **Ѓорге Андонов**, градоначалникот на општината Гази Баба **Тони Трајковски** и секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова**. Признанија на учесниците им додели претседателот на Комисијата за КЗЖ Мендо Димовски.

**Битола - 11 мај 2016 година -** Во салата на Народниот театар при Центарот за култура во градот на конзулите, регионална фолклорна средба одржаа здруженијата на пензионерите од Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар и за прв пат ЗП Ресен. На учесниците им се обратија: претседателот на ИО на ЗП Битола, **Томе Илиоски**, претставникот на Советот на општината Битола **Соња Трпезанова** и преседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Признанија на учесниците им врачи Цветанка Ангелковска, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Бутел - 17 мај 2016 година -** Во спортската сала во населбата Радишани кај Скопје на Регионалната ревија учествуваа здруженијата: Тетово, Шуто Оризари, Тафталиџе, Карпош, Ѓорче Петров и домаќинот – ЗП Бутел. Средбата ја поздравија: претседателот на ЗП Бутел, **Љупчо Димовски**, градоначалникот на општината Бутел, **Петре Латиновски** и претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста,** кој зборуваше на македонски и на албански јазик. Признанија на учесниците им врачи Нурие Кадриу, член на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ.

**Кичево - 19 мај 2016 година -** Над 200 учесници од ЗП: Кичево, Македонски Брод, Охрид и Дебрца, Гостивар, Струга, Дебар и Центар Жупа, во Домот на културата „Кочо Рацин” во Кичево се претставија на Регионалната ревија на песни музика и игри. На отворањето на оваа културна манифестација на присутните им се обратија: претседателот на ИО на ЗП Кичево **Љубомир Лукаровски** и претседателот на Собранието **Мемет Мехмети**, кој зборуваше на албански јазик.

Исто така, на македонски и на албански јазик се обрати и претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста.** Признанија на учесниците во име на СЗПМ им додели Душан Ристески, член на ИО на СЗПМ.

## ШЕСТА РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Скопје, 7 јуни 2016 година

На 7 јуни 2016 година во Домот на АРМ во Скопје се одржа Шестата републичка фолклорна ревија. Избраните претставници од 27 здруженија на пензионерите (661 директни учесници) настапија со интерсни и разновидни изведби кои на најубав начин го прикажаа културното богатство и нашите фолклорни традиции, што станаа неодминлива активност во културното живеење на пензионерите. Распеаните и разиграни пензионери предизвикаа внимание посебно со изворниот мелос и презентирањето на богатата колоритност на нашето културно наследство како израз на идентитетот и сплотеноста во разноличноста, што не одржало со векови.



На ревијата се обратија претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, министерката





за култура **Елизабета Канческа - Милевска** и градоначалникот на Скопје и претседател на ЗЕЛС **Коце Трајановски.** Оваа најмасовна културна манифестација на пензионерите со посебно внимание и респект ја следеше и министерот за труд и социјална политика Диме Спасов. Заедничкото дружење во хотелот „NEW STAR“ во Визбегово, каде што беше извршено врачувањето признанија на учесниците, беше уште еден придонес кон ширењето на пријателството и создавањето пријатни мигови што го облагородуваат животот и го продолжуваат активното стареење.

Републичката ревија на песни, музика и игри, според сите критериуми, оваа година се одржа во најдобра организација и со забележителен квалитет на сите учесници. Ревијата целосно беше медиумски покриена. Организациониот одбор и Комисијата за КЗЖ за учество на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана – Словенија, по предлог на селекторот Томче Стојков, ги избраа ЗП Битола и ЗП Демир Хисар, кои имаа мошне успешен настап.

**Ревии - табела 2003 - 2016**

| Ревии | Година | Здруженија | Учесници | Посетители |
|---|---|---|---|---|
| Прва регионална | 2003 | 9 | 196 | 500 |
| Втора регионална | 2004 | 24 | 500 | 900 |
| Трета регионална | 2005 | 32 | 700 | 1.500 |
| Прва републичка | 2005 | 5 | 300 | 2.000 |
| Четврта регионална | 2006 | 28 | 650 | 1.600 |
| Меѓурегионална | 2006 | 2 | 300 | 1.500 |
| Петта регионална | 2007 | 28 | 620 | 2.050 |
| Шеста регионална | 2008 | 30 | 516 | 2.000 |
| Седма регионална | 2009 | 37 | 250 | 2.500 |
| Осма регионална | 2010 | 39 | 40 | 1.980 |
| Деветта регионална | 2011 | 43 | 900 | 2.800 |
| Десетта регионална | 2012 | 45 | 1.050 | 2.500 |
| Втора републичка | 2012 | 33 | 600 | 1.600 |
| Единаесетта регионална | 2013 | 47 | 1.100 | 2.300 |
| Трета републичка | 2013 | 31 | 800 | 1.600 |
| Дванаесетта регионална | 2014 | 45 | 1.000 | 2.000 |
| Четврта републичка | 2014 | 33 | 850 | 1.600 |
| Тринаесетта регионална | 2015 | 43 | 1.300 | 2.600 |
| Петта републичка | 2015 | 25 | 600 | 1.200 |
| Четиринаесетта регионална | 2016 | 50 | 1.000 | 2.700 |
| Шеста републичка | 2016 | 27 | 661 | 1.200 |

## 2. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Постојат разновидни традиционални културни настани и активности во здруженијата на пензионерите членки на Сојузот, коишто се надвор од Програмата на СЗПМ и на Комисијата за



културно–забавен живот, но се мошне актуелни и значајни во негувањето и пренесувањето на традициите и културното живеење на пензионерите. Овие активности се практикуваат при одбележување на културни настани, јубилеи, државни и верски празници и многу други манифестации по разни поводи, на кои пензионерите како организатори или учесници се потврдуваат како верни чувари, продолжувачи и пренесувачи на традициите и на културното богатство во Македонија. Дел од тие активности се и информативно–едукативните екскурзии, организираните посети на културно историски места и споменици, следење на драмски претстави, на музички концерти и активно вклучување на пензионерите во вакви манифестации. Во последните години забележително интересирање кај пензионерите имаше за посета на новиот театар во Скопје, на музејот на македонската борба и на Археолошкиот музеј. Од поширокиот спектар активности, најкарактеристични, најзначајни и најзастапени во културното живеење на пензионерите се следните:

### 2.1. ТРАДИЦИОНАЛНИ КУЛТУРНО-ЗАБАВНИ СРЕДБИ И МАНИФЕСТАЦИИ



Покрај ревиите на песни, музика и игри, кои се во организација на СЗПМ, слични манифестации се реализираат во здруженијата на пензионерите ширум Републикава. Такви традиционални активности од областа на културата, главно се организираат во здруженијата од Повардарскиот регион, почнувајќи од Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово, Богданци, Гевгелија, Дојран и здруженијата од Западна Македонија – Прилеп и Битола. Тие со години наназад ја одржуваат манифестацијата „Пензионерите пеат". Средбите се одржуваат по четири пати во годината, што значи секое здружение, учесник во манифестацијата, е домаќин на две години. На репертоарот главно се хорски изведби проткаени со традиционални народни и староградски песни, придружувани со музички народни и изворни инструменти карактеристични за регионите од кои потекнуваат изведувачите. Овие средби завршуваат со заедничко дружење, каде што повторно песната, музиката и орото ја плетат сплотеноста и го зацврснуваат заедништвото и пријателството, почитувајќи го идентитетот на учесниците и припадниците на мултиетничките заедници.

Исто така, здруженијата на пензионерите се учесници, но и иницијатори и организатори на традиционални регионални средби кои имаат обележје на културни манифестации и се одржуваат во разни краеви и периоди, а поврзани се со значајни датуми, настани и народни и верски празници. Такви манифестации се: Традиционалните културни средби на здруженијата од Западниот регион, Средба во Прилеп по повод Денот на востанието, Мултиетнички средби во Тетово, масовни пензионерски средби и дружења во Стар Дојран, Еленец – Македонска Каменица, Ораовица – Радовиш, Средба кај манастирот Пантелеј – Кочани, Еко–хепенинг во Пелинце – Куманово, Традиционално дружење во Лесново – Пробиштип, Средба во Сарај – Скопје, Традиционална средба на пензионерките во Струга, учество на манифестациите Охридско и Штипско културно лето, „Томина недела" во Виница, „Свети Трифун" – закројување на лозјата во Кавадарци итн.

Со свои претставници здруженијата учествуваат и на Фолклорниот фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски" во Прилеп и во Долнени, Фестивалот на народни песни и игри „Илинденски денови" во Битола, Меѓународниот фестивал „Тодорица" во Свети Николе, Фестивалот на влашки песни на Пониква – Кочани и на други фестивали и културни манифестации во земјата и во странство.

### 2.2 МАНИФЕСТАЦИИ ШТО ПРОМОВИРААТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ЈАДЕЊА

Во неколку градови, здруженијата на пензионерите во соработка со локалната самоуправа организираат манифестации преку кои, покрај музичко–забавниот дел ги промовираат и нашите традиционални јадења. Во Велес веќе од 22 години се одржува „Благцето на баба", во Пробиштип „Зелникот на баба" и „Велигденски хепенинг", во Македонска Каменица „Баница на планина", во ЗП Кисела Вода „Коријада" и слични манифестации како што се: пастрмалијади, пивтијади, сомунијади и други јадења, кои се специфични за одредени краеви и подрачја во Македонија. На овие манифестации, покрај изразот на традицијата и способноста на вештата македонска жена, подготвените специјалитети се продаваат на присутните пензионери и граѓани, а собраните парични средства се донираат во хуманитарни цели. Традиционални и карактеристични се



разнобојните облеки и носии на учесниците во манифестациите, а средбите главно завршуваат со песни, музика и игри и со заеднички дружења и веселби.

### 2.3 ПОТТИКНУВАЊЕ И НЕГУВАЊЕ НА ЛИТЕРАТУРНОТО ТВОРЕШТВО

Има средби и на полето на поезијата на кои пензионерите ја покажуваат вештината на пишаниот збор, читаат свои творби и поезија од познати автори. Така ЗП Куманово со години организира целовечерни концерти и поетско–музички вечери, како што се манифестациите „Мајски и ракувања" и „Пензионерите за својот град", а Драмската работилница при КУД „Ѓоко Симоновски" од ова здружение традиционално успешно подготвува претстави и кабареа, со кои, во разни пригоди редовно настапува пред пензионерите и друга публика во Куманово, но и во други градови. Посебна афирмација Драмската работилница доживеа со битовите драми „Ленче кумановче" од Васил Иљовски и „Печалбари" од Антон Панов, како и хумористичкиот сценски приказ „У кафанче карши Станче" на кумановски говор. Работилницата голем успех постигна и со драмските претстави „Шути и рогати" на кумановски дијалект, „Сомнително лице" од Бранислав Нушиќ, драмата „Р" од Јордан Плевнеш (прва награда за машка улога на ДАФ Кочани), а традиционално учествува и во „Шегобијната разгледница" по повод 1–ви април, Денот на шегата.



Значаен придонес во негувањето на литературното творештво дава и „Клубот на љубители на книгата", кој подолго време успешно функционира при ЗП Солидарност – Аеродром во Скопје. Во Клубот се организираат средби и се промовираат книги главно од автори пензионери, но и од наши познати писатели, со цел да се поттикне читањето кај пензионерите и да се следи творештвото во литературата.

### 2.4 ИЗЛОЖБИ НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА И РАКОТВОРБИ

Во здруженијата се организираат изложби како самостојни или придружни активности на културно–забавните манифестации од уметници аматери. Изложби на уметнички слики, на ракотворби, на рачни плетени и везени изработки и други експонати, речиси редовно се приредуваат во рамките на ревијалните културно–забавни средби на регионално и републичко ниво, а поголема застапеност се бележи кај здруженијата организатори и домаќини на ваквите манифестации. Такви изложби речиси редовно приредува ЗП Куманово, а се практикуваат и во ЗП Крива Паланка, Штип и Карбинци, Пробиштип, Струмица, Кисела Вода, Воени пензионери, Солидарност – Аеродром, Гази Баба, Кичево, Охрид и Дебрца, Велес и во други здруженија. Покрај тоа, во ЗП Велес, успешно твори и создава уникатни уметнички дела од оризови зрнца пензионерката уметник Снежана Лазарова – Луна, која има приредено неколку успешни изложби во родниот град и во други места.





# VII ДЕЛ



# СПОРТУВАЊЕ И ДРУЖЕЊЕ ЗА ЗДРАВО ТЕЛО И ЗДРАВ ДУХ

# СПОРТУВАЊЕ И ДРУЖЕЊЕ ЗА ЗДРАВО ТЕЛО И ЗДРАВ ДУХ

Пред 21 година во чест на Денот на пензионерите на Македонија, 20–ти септември, во далечната 1996 година на иницијатива на дел од раководството на Сојузот и на некои здруженија започна реализација на една убава идеја: организирање масовни спортски натпревари на пензионерите во Македонија. Реализацијата на оваа идеја се базира на фактот дека спортувањето во поодминати години од животот овозможува да се одржува физичката и интелектуалната функција на човековиот организам и да се создава во здраво тело, здрав дух. Иницијативата била доставена до сите тогашни 34 здруженија на пензионерите, при што се добиле различни мислења и предлози. Кај многумина постоело извесно сомневање дека ќе нема интерес кај пензионерите за спортување и дали ќе се обезбедат најнеопходните материјални и други средства за таа намена. По анализата се заклучило дека во одговорите преовладуваат оптимизмот и корисноста од спортското организирано дружење бидејќи покрај придобивките за здравјето, спортувањето ќе помогне и за ширење пријателства и за надминување на монотонијата во животот на пензионерите.

## 1996

На Првите републички пензионерски спортски натпревари (РПСН) одржани во Охрид на **28. август 1996 година**, учествувале само 13 здруженија од: Охрид, Куманово, Тетово, Струмица, Радовиш, Гостивар, Ресен, Кичево, Велес, Неготино, Кочани, Пробиштип и ОВР Скопје со вкупно 150 учесници, од кои 45 натпреварувачи во шах, стрелаштво и пикадо. Во шах победила екипата на ОВР–Скопје, во стрелаштво од Тетово и во пикадо – жени од ЗП Куманово. Првите републички пензионерски натпревари за отворени ги прогласил **Андон Марковски**, тогашен потпретседател на Сојузот на пензионерите на Македонија. Иако биле постигнати скромни резултати, значајно е што на овие балкански простори тоа биле првите пензионерски спортски игри.



Како минувале годините тие станувале сè помасовни и поквалитетни, а за тоа потврдуваат податоците од годинешниве 21–ви републички пензионерски спортски натпревари што се одржаа во чест на 70–годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија, а на кои присуствуваа над 1.200 пензионери. Во 11 дисциплини се натпреваруваа 500 пензионери и пензионерки што е за над 11 пати повеќе од првите.







## 1997

Во **1997 година,** на Вторите РПСН во **Дојран**, учествувале 80 натпреварувачи и 270 навивачи и гости од 19 здруженија: Берово, Битола, Гостивар, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Свети Николе, Струмица, Тетово, Штип и ОВР, Кисела Вода и Гази Баба од Скопје. Домаќин на средбата било ЗП Гевгелија, а пензионерите се натпреварувале во 6 дисциплини: шах, домино, стрелање, трчање, пикадо и тегнење јаже. Претходно регионални спортски натпревари се одржале во: Скопје, Струмица, Кавадарци и Кратово. Треба да се напомне дека за првите две републички средби не се објавени информативни билтени, поради што изостануваат поцелосни податоци.

## 1998

Во **1998 година** Сојузот презема пошироки активности за посестрано, посеопфатно и поквалитетно организирање на слободното време на пензионерите, особено на полето на спортот. На 20 септември на спортските терени кај Кумановска Бања во **Куманово** се одржале Третите по ред РПСН со учество на 500 учесници од кои над 100 биле натпреварувачи во 6 дисциплини. На свеченото отворање говореле **Чедо Георгиевски**, претседател на Општинскиот организационен одбор и **Борис Протиќ**, тогашен градоначалник на општината Куманово, а со пригоден говор средбите свечено ги отворил **Вите Исјановски**, тогашен претседател на Сојузот на пензионерите на Македонија.




Според објавениот Информативен билтен, во шах во силна конкуренција победила екипата на ЗП Битола, а кај жените на ЗП Гази Баба. Во тегнење јаже – мажи најдобра била екипата на ЗП Берово, а кај жените на ЗП Тетово. Во пикадо – мажи најдобра била екипата на ЗП Делчево, а кај жените на ЗП Кавадарци. Во стрелаштво најдобри биле стрелците од ЗП Тетово, а кај жените ЗП на ОВР – Скопје. Во поединечна конкуренција во фрлање ѓуле победил Димитрија Кузмановски од ЗП Тетово, а кај жените Љубица Кузмановска од ЗП Куманово. Во трчање најбрз бил Јован Дупкарски од ЗП Берово, а кај жените Љубица Кузмановска од Куманово.

## 1999

Четвртите РПСН се одржани во **Виница** на **18-ти септември 1999** година. Учествувале 550 пензионери и над 100 натпреварувачи во 7 дисциплини. Во шах – мажи победила екипата на ЗП Битола, предводена од Борче Илиевски, а кај жените најдобра била екипата на ЗП Штип со Вера Огњанова. Во пикадо мажи победила екипата на ЗП Радовиш со најдобар поединец Маринко Тодоров, а во женска конкуренција најдобра била екипата на ЗП Кочани предводена од Борислава Димитрова. Во стрелаштво победила екипата на ЗП Тетово со најдобар поединец Јордан Пауновски, а кај жените благодарејќи на Ленче Митановска победила екипата на ЗП ОВР – Скопје. Во атлетски дисциплини во трчање победил Јован Дупкарски од ЗП Берово, а кај жените претставничката на ЗП Тетово. Во фрлање ѓуле победиле претставниците на ЗП Тетово и ЗП Делчево, а во новата дисциплина скок, победил претставникот на ЗП Охрид Ѓорѓи Трпчески. Во тегнење јаже – мажи победила екипата на ЗП Кисела Вода, а кај жените екипата на ЗП Тетово. Домаќин на игрите било ЗП Виница, меѓутоа и за овие спортски натпревари не е објавен Информативен билтен.

## 2000

На **2 септември 2000** година Петтите РПСН се одржани во **Крани -** на брегот на Преспанското Езеро, со учество на околу 800 пензионери од 29 здруженија. Домаќин бил ЗП Ресен, а на свеченото отворање зборувале **Дорчо Крстевски**, претседател на ресенското здружение, **д-р Арсо Гошаревски**, градоначалник на општината Ресен, **Вите Исјановски**, претседател на СЗПМ и **Бедредин Ибраими**, заменик–претседател на Владата на Република Македонија и министер за труд и социјална политика.



Учествувале 221 натпреварувач во 7 дисциплини. Најдобра екипа во шах кај мажите била на ЗП Битола, а кај жените на ЗП Гостивар. Во стрелање со воздушна пушка победила екипата на ЗП Тетово со најдобар стрелец Јордан Наумовски, а кај жените екипата на ЗП ОВР каде што најдобра е Ленче Алтаноска. Победници во машка и женска конкуренција во пикадо беа екипите на ЗП Радовиш и ЗП Куманово предводени од најдобрите Маринко Тодоров и Надежда Јаневска. Во тегнење јаже најдобри беа ЗП Струмица кај мажи и ЗП Тетово кај жени. Во фрлање ѓуле кај мажи победи екипата на ЗП Куманово со најдобар Малко Амдовски, кај жените ЗП Тетово, а најдобра била Ратка Милевска. Во трчање победија екипите на ЗП Гостивар кај мажи и ЗП Куманово кај жени, а најдобар во скок од место бил Ѓорѓи Трпчески од ЗП Охрид. Севкупен победник и освојувач на преодниот пехар на СЗПМ беше ЗП Куманово.



Како посебен и траен документ за оваа значајна спортска пензионерска манифестација СЗПМ од 2000 година започнува да изготвува и објавува специјален Информативен билтен на 40 страници во боја. Со збор и слика, но и преку разни прегледи и графикони, се создаваат трајни траги за учесниците и организаторите на овие масовни спортски натпревари, кои од година на година не само што стануваат сè помасовни, туку и сè поквалитетни.



## 2001

Шестите РПСН се одржани на **16-ти септември 2001** година кај Велешкото Езеро **„Младост“**, а домаќин бил ЗП Карпош од Скопје. На свеченото отворање говореле **Неделко Трајановски**, потпретседател на ИО на ЗП Карпош, **Стевка Богоевска**, претседавач на Советот на општината Велес, **Киро Зрмановски**, секретар на АД Стопанска банка – покровител на натпреварите и **Вите Исјановски**, претседател на СЗПМ.

Учествуваа 600 пензионери од кои 182 натпреварувачи во 7 дисциплини и тоа 105 мажи и 77 жени од 22 здруженија. Во шах мажи првото место го освои екипата на ЗП Битола, а кај жените ЗП Виница. Во стрелање најдобри биле стрелците на ЗП Куманово, а како најдобар бил прогласен Љубе Димитриев, додека кај жените ЗП Гази Баба, а најдобра била Лепосава Џамбазова од ЗП Штип. Во машка конкуренција во пикадо победи ЗП Тетово со Вука Перић како најдобар,  а во женска ЗП Куманово со Надица Јаневска како најдобра. Во тегнење јаже кај мажи победи ЗП Гостивар, а кај жени ЗП Тетово. Тетовци–



те беа најдобри во двете конкуренции во трчање, а како најдобри беа прогласени Винко Смилевски и Божа Тасевска. Во фрлање ѓуле победници беа ЗП Тетово кај мажи со Винко Смилевски како најдобар, а кај жените ЗП Куманово со Елена Апостолова како најдобра. Во скок од место екипно победи ЗП Тетово, а како најдобар со трет златен медал се закити Винко Смилевски.

Севкупен победник беше екипата на ЗП Тетово која освои преоден пехар.



## 2002

Седмите РПСН се одржани на **14 септември 2002** година, во комплексот Горица во **Охрид** со учество на околу 860 пензионери, од кои 235 натпреварувачи и тоа: 138 мажи и 97 жени. На отворањето на игрите говореле во име на домаќинот **Крсте Спростновски**, претседател на ЗП Охрид, **м-р Вите Исјановски**, претседател на СЗПМ и **Љупчо Мешков,** директор на Фондот на ПИОМ**.**

Натпреварите се одржаа во 7 дисциплини. Во шах мажи најдобра беше екипата на ЗП Струга, а кај жените ЗП Штип. Во стрелање и во двете конкуренции победија екипите на ЗП Тетово, а носители на златните медали беа Јордан Пауновски и Менка Флорческа. Во пикадо победи ЗП Делчево мажи, а најдобар беше Бранко Налбатовски и ЗП Карпоше – жени со најдобра Добрица Лазарова. Во тегнење јаже кај мажите победи екипата на ЗП Струмица, а кај жените ЗП Куманово. Во фрлање ѓуле кај мажи златен медал освои Винко Смилевски од ЗП Тетово, а кај жените Елена Апостолова од ЗП Куманово. Во трчање златните медали повторно ги освоија Винко Смилевски и Божана Тасевска и двајцата од ЗП Тетово. Во скок од место првото место го освои Владо Трајановски од ЗП Пробиштип.



Севкупен победник повторно беше ЗП Тетово кое го доби и преодниот пехар.

Градоначалникот на општината Охрид **д-р Никола Наумов** за раководството на СЗПМ и гостите приреди прием. Притоа беше истакнато дека се повеќе се настојува кај пензионерите осаменоста, песимизмот и депресијата да се заменат со другарување и желба за спортување, рекреирање, забава и користење на слободното време во едукација. На тој начин пензионерите нема да бидат товар на семејството и општеството, туку фактор на својот живот.

## 2003

Осмите РПСН беа одржани на **13 септември 2003** година во **Кавадарци**. Со пригоден говор на средбата се обратиле новиот претседател на СЗПМ **Душко Шурбановски** како и претседателот на Собранието на ЗП Кавадарци **Панче Грков**, а игрите за отворени ги прогласи **Ѓорѓи Трпчески**, претседател на Комисијата за спорт на СЗПМ**.** Бодрени од околу 1.050 навивачи и гости, 276 натпреварувачи и тоа 155 во машка и 121 во женска конкуренција се натпреваруваа





во 9 дисциплини, а како нови беа воведени брзо одење и домино. Во шах екипно мажи најдобра беше екипата на ЗП Центар, а кај жените ЗП Штип. Во пикадо мажи екипно победи ЗП Прилеп, а кај жени ЗП Радовиш. Во стрелаштво мажи најдобра беше екипата на ЗП Тетово, а кај жените ЗП Штип. Во тегнење јаже ЗП Гостивар беше победник и во машка и женска конкуренција. Во фрлање ѓуле златни медали повторно освоија Бранко Почуча од ЗП Куманово и Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово. Во новата дисциплина брзо одење златни медали освоија Славко Трајковски од ЗП Тетово и Ѓурѓа Јосифова од ЗП Штип. Во скок од место златен медал освои Владимир Трајанов од ЗП Пробиштип. Во домино златни медали освоија Петре Зафиров од ЗП Велес и Олга Поповска од ЗП Гостивар. За севкупен победник е прогласен вториот регион кој го сочинуваат здруженијата: Карпош и ОВР од Скопје, Тетово и Гостивар. Пехарот за прв и единствен пат во историјата на натпреварите беше доделен на еден регион, иако најголем успех имаше ЗП Тетово. Прием за гостите приреди градоначалникот на Кавадарци Панче Минов.

## 2004

На **11. септември 2004 година** се одржаа 9–тите РПСН крај Еуротел во **Струга**, а домаќини беа здруженијата од Центар од Скопје  и Струга. На натпреварите имаше 1.070 учесници од кои 289 натпреварувачи и тоа 160 пензионери и 129 пензионерки. На свеченото отворање говореа **Павле Спасов**, претседател на ЗП Центар и **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ кој ги прогласи  натпреварите за отворени. Поздравни говори имаа и **д-р Љубо Секулиќ**, претседател





на СЗП Црна Гора, **Сава Гарбузанов**, претседател на Обединетиот сојуз на пензионерите на Бугарија, **д-р Иса Горица,** претседател на пензионерите на Албанија и **Ирфан Јенѓинѓуи**, претставник на Фондот на пензионерите од јавните служби на Турција.



На натпреварите во шах за мажи победи екипата на ЗП Тетово, а кај жените на ЗП Куманово. За најдобра шахистка беше прогласена Олга Спировска од ЗП Центар, а за шахист Младен Симјановски од ЗП Тетово. Во пикадо победи екипата на ЗП Велес со најдобар стрелец Илија Димовски, а кај жените екипата на ЗП Крушево со најдобра  Марија Димчевска. Во стрелаштво екипно мажи победи ЗП Охрид, а кај жените ЗП Кавадарци. За најдобри поединци во стрелаштво беа прогласени Миодраг Јовановски од ЗП Гази Баба и Цвета Димова од ЗП Кавадарци. Во тегнење јаже и во машка и во женска конкуренција најдобри беа екипите на ЗП Тетово. Во фрлање ѓуле и овој пат златни медали освоија Бранко Почуча од ЗП Куманово и Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово. Во трчање златен медал освои Илија

Јаќимов од ЗП Велес и Божана Тасевска од ЗП Тетово, а во брзо одење Симеон Илиевски од ЗП Охрид и Љубица Кузмановска од ЗП Куманово. Во скок од место најдобар беше Томислав Поповски од ЗП Куманово, а во домино Борче Божинов од ЗП Радовиш и Ратка Спасовска од ЗП Пробиштип. Севкупен победник беше ЗП Тетово.

Присуството на гостите беше искористено за одржување посебна меѓународна средба на која се разговараше за соработка на пензионерите од Балканот при што се покрена и иницијатива за создавање Балканска асоцијација на пензионерите.

## 2005

Јубилејни 10–ти РПСН се одржаа на **10-ти септември 2005 година** кај Велешкото Езеро „**Младост**", а домаќин беше ЗП Велес. Присуствуваа над 900 пензионери, пред кои говореа **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ, градоначалникот на Велес **Аце Коцевски** и тогашниот претседател на Владата на РМ **Владо Бучковски** кој посебно нагласи дека секоја држа–





ва мора да ги почитува и цени резултатите, трудот и енергијата на постарите генерации, барајќи решенија за сите отворени прашања на пензионерското живеење и дејствување. Во деветте дисциплини се натпреваруваа 299 натпреварувачи од кои 166 во машка и 133 во женска конкуренција од 33 здруженија. Во шах првото место го освои екипата на ЗП Центар, а за најдобар шахист беше прогласен Стеван Весков од ЗП Карпош. Во женска конкуренција победи екипата на ЗП Штип, а за најдобра шахистка беше прогласена штипјанката Елица Манаскова. Во стрелаштво победи екипата на ЗП Тетово, а најдобар поединец беше Миодраг Јовановиќ од ЗП Гази Баба. Кај жените првото место го освои ЗП ОВР Скопје, а најдобра стрелачка беше Ефка Јошева од ЗП Кавадарци. Во пикадо мажи победи екипата на ЗП Демир Хисар од каде е и најдобриот пикадо стрелец Борис Рутевски, а во женска конкуренција ЗП Карпош, а најдобра беше Маре Ненковиќ од ЗП Штип. Во тегнење јаже со златни медали се закитија ЗП Гостивар во машка и ЗП Тетово во женска конкуренција. Бранко Почуча од ЗП Куманово и Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово и овој пат беа најдобри во фрлање ѓуле. Во брзо одење златни медали освоија Славко Трајковски од ЗП Тетото и Наумка Пенезиќ од ЗП Охрид и Љубица Кузмановска од ЗП Куманово. Во трчање исто така во машка конкуренција имаше двајца победници Илија Јаќимов од ЗП Велес и Славко Пекевски од ЗП Берово, додека кај жените златен медал освои Благица Маркуловска од ЗП Охрид. Во скок од место златен медал освои Томислав Пановски од ЗП Куманово. Во домино златни медали освоија Петар Зафиров од ЗП Велес и Ленче Тановска од ЗП Ресен. Севкупен победник беше ЗП Куманово.



## 2006

На **9-ти септември 2006 година**, кај автокампот **Крани** на брегот од Преспанското Езеро се одржаа **11-тите РПСН** на кои за првпат учествуваа над илјада учесници, поточно 1.114, од кои



351 натпреварувач и тоа 192 пензионера и 159 пензионерки. На свеченото отворање говореа **Душко Шурбановски**, градоначалникот на општината Ресен **Димитар Бузлевски, Назив Далјани,** претседател на пензионерскиот синдикат на Поградец – Република Албанија и **Татјана Калајџиева** во име на покровителот Стопанска банка АД Скопје.



Во шах победи екипата на ЗП ОВР Скопје со најдобар шахист на прва табла Димитар Илиевски, а кај жените ЗП Куманово со најдобра шахистка Вера Трајковска. Во стрелаштво најдобри беа кај мажите ЗП Штип со најдобар стрелец Ванчо Денков, а кај жените ЗП Охрид со најдобра стрелачка Невена Костовска. Во тегнење јаже во машка конкуренција победи ЗП Тетово, а во женска ЗП Гази Баба. Во пикадо победи машката екипа на ЗП Охрид, а за најдобар пикадо стрелец беше прогласен Димитар Тутковски од ЗП Ресен, а во женска конкуренција победи екипата на ЗП Крива Паланка, најдобар стрелец беше Катица Боризовска. Во трчање златни медали освоија Благоја Станојков од ЗП Куманово и Ленче Митевска од ЗП Кратово. Во фрлање ѓуле повторно златни медали освоија Бранко Почуча од ЗП Куманово и Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово. Во скок од место носител на златен медал стана Никола Данев од ЗП Неготино. Во домино победија Димитар Стаменов од ЗП Ново Село и Ангелина Цурева од ЗП Делчево. Во табла златни медали освоија Павле Шлаков од ЗП Ресен и Тодорка Савева од ЗП Валандово. Најдобри резултати остварија спортистите од ЗП Охрид.



## 2007

На **15-ти септември 2007 година**, 12–тите РПСН по трет пат се одржаа кај Велешкото Езеро „**Младост**" во присуство на 760 учесници од кои 364 натпреварувачи и тоа 172 мажи и 122 жени. На оваа масовна пензионерска спортска манифестација говореа **Душко Шурбановски** и градоначалникот на општината Велес **Аце Коцевски.** На средбата свое обраќање и поздрав имаше претседателот на Владата **Никола Груевски** кој во својот говор истакна дека пензионерите се група граѓани кои целиот свој живот работеле, создавале и го давале својот придонес за развој на државата и општеството. Токму затоа државата е должна да им возврати на овие граѓани, водејќи грижа за нив и работејќи на обезбедување услови во кои ќе можат спокојно и достоинствено да ги минуваат пензионерските денови.



Во стрелаштво најдобра беше екипата на ЗП Охрид



со најдобар стрелец Тоше Јанкуловски, а кај жените ЗП Центар со најдобра стрелачка Марија Јаневска. Во шах победи екипата на ЗП Штип со најдобар шахист Васко Крстев, а кај жените ЗП Куманово со најдобра шахистка Јаника Костадиновска. Во пикадо и во машка и во женска конкуренција победи екипата на ЗП Делчево, а за најдобар во пикадо беше прогласен Никола Камчев од ЗП Кавадарци и Невена Иванова од ЗП Струмица. Во тегнење јаже златни медали освоија екипите во машка и женска конкуренција од ЗП Тетово. Во фрлање ѓуле златни медали освоија Бранко Почуча од ЗП Куманово и Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово. Во трчање златни медали освоија Владо Станојков од ЗП Куманово и Ленче Митевска од ЗП Кратово. Во скок од место со златен медал се закити Никола Данев од ЗП Неготино, а во домино Цветко Завковски од ЗП Прилеп и Ратка Спасовска од ЗП Пробиштип. Во табла златни медали освоија Петре Петров од ЗП Кратово и Милевка Здравковска од ЗП Пробиштип. На натпреварите најдобри беа претставниците од ЗП Тетово.





## 2008

На спортскиот центар Шампион во **Радовиш** на **6-ти септември 2008 година**, се одржаа 13-тите РПСН со 800 учесници, од кои 192 во машка и 172 во женска конкуренција од 34 здруженија. Поздравна реч имаше **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ, градоначалникот на Радовиш **д-р Роберт Велков** и **Валентина Топлева**, менаџер на Тутунска банка Скопје, која натпреварите ги прогласи за отворени.



Во стрелаштво во машка конкуренција најдобра беше екипата на ЗП Прилеп, а во женска ЗП ОВР Скопје. За најдобар стрелец беше прогласен Борис Грнчароски од ЗП Прилеп, а најдобра од жените беше Божана Милошевска од ЗП Кичево. Во шах победи екипата на ЗП Охрид мажи, а кај жените ЗП Штип. За најдобар шахист беше прогласен Владо Тодоровски од ЗП Центар, а кај жените Вера Огњанова од ЗП Штип. Во тегнење јаже екипите на ЗП Пробиштип кај мажи и на ЗП Тетово кај жени освоија златни медали. Во пикадо екипно најдобри беа членовите на ЗП Дојран за мажи со најдобриот Нико Поптомов, а кај жените ЗП Кочани со најдобра Павлина Богданова. Во трчање златен медал освои Блажо Станојков од ЗП Куманово и Ленче Митева од ЗП Кратово, а во фрлање ѓуле Бранко Почуча и Елена Апостоловска од ЗП Куманово. Златни медали освоија во скок од место повторно Никола Данев од ЗП Неготино, додека во домино Никола Почу од ЗП Крушево и Цветанка Ристевска од ЗП Прилеп. Во табла првото место го освои Адли Белчишта од ЗП Дебари Центар Жупа и Сто-






јанка Атанасова од ЗП Делчево. Овој пат најдобри беа спортистите од ЗП Куманово. Прием за раководствата на пензионерските организации приредија градоначалниците на општините Радовиш и Конче д–р Роберт Велков и Стојан Лазаров.

## 2009

На **26-ти септември 2009 година** кај „Еуротел“ **Струга** на брегот од Охридското Езеро**,** се одржаа **14-тите РПСН**, а домаќин беше ЗП Центар – Скопје, под покровителство на **Коце Трајановски,** претседател на ЗЕЛС и градоначалник на градот Скопје. На свеченото отворање говореа **Павле Спасев**, претседател на Извршниот одбор на ЗП Центар и **Душко Шурбановски** претседател на СЗПМ.





На натпреварите присуствуваа околу 860 учесници од кои 376 натпреварувачи, 198 во машка и 178 во женска конкуренција. Натпреварите за првпат се одржаа во 11 дисциплини, со воведување на три нови: табла, двобој и тробој, а оправдано отпадна брзо одење. Во стрелаштво победи екипата на ЗП Охрид во машка и ЗП Кавадарци во женска конкуренција. За најдобар стрелец беше прогласен Костадин Стојанов од ЗП Кочани, а за најдобра стрелачка Ефка Јошева од ЗП Кавадарци. Во шах најдобра беше екипата на ЗП Ресен кај мажи и на ЗП Штип кај жени. За најдобар шахист беше прогласен Тодор Големеов, а од жените Вера Огњанова и двајцата од ЗП Штип. Во тегнење јаже најдобра беше екипата на ЗП Пробиштип во машка конкуренција, а кај жените ЗП Тетово. Во пикадо кај мажи најдобра беше екипата на ЗП Прилеп со Божин Талески, а кај жените на ЗП Струмица, но за најдобра беше прогласена Славка Велковска од ЗП Кисела Вода. Во трчање златни медали освоија Гоце Ангелов од ЗП Куманово и Павлина Камчева од ЗП Струмица. Во фрлање ѓуле Бранко Почуча и Бранка Веселиновска од ЗП Куманово биле најдобри. Во двобој за жени и тробој за мажи златни медали освоија Славица Ламбаша и Блажо Станојков од ЗП Куманово. Во скок од место и овој пат најдобар беше



Никола Данев од ЗП Неготино, во домино златни медали освоија Ѓорѓи Соколовски од ЗП Делчево и Добрила Ѓолева од ЗП Струмица, а во табла Анѓел Шутев од ЗП Штип и Славица Јованова од ЗП Прилеп. Севкупен победник повторно беше ЗП Куманово.

Со цел спортските натпревари да бидат сосема регуларни беше изготвен и Правилник од страна на Комисијата за спорт при СЗПМ, кој во наредните години се надоградуваше. При тоа се истакнува да се посвети поголемо внимание и квалитет на осум регионални спортски натпревари.



Во **првиот** регион говореа Павле Спасев, претседател на ИО на ЗП Центар, градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, претседателот на Собранието на ЗП Центар Крсте Ангеловски и градоначалникот на општината Центар Владимир Тодоровиќ. Најдобра беше екипата на ЗП Центар. Во **вториот** регион што се одржа на спортските терени кај Езерото Треска во Скопје говореа д–р Јован Тасевски, претседател на Собранието на ЗП Ѓорче Петров, Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ, Блерим Беџети, градоначалник на општината Сарај и Сокол Митревски, градоначалник на општината Ѓорче Петров, а најдобри беа спортистите на ЗП Тетово. Во **третиот** регион натпреварите се одржаа во Крушево. Во името на домаќините на средбата зборуваше Крсто Стојановски, претседател на ЗП Крушево и Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ. Севкупен победник беше ЗП Прилеп. Во **четвртиот** регион на спортскиот центар „Биљанини Извори“ победник беше домаќинот ЗП Охрид. На свеченоста говореа Ѓорги Трпчески, претседател на ИО на ЗП Охрид и Дебрца, Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ, Митре Вељановски од Собранието на Охрид и градоначалникот на Дебрца, Љупчо Којчиноски. Во **петтиот** регион во Кавадарци најуспешни беа домаќините. Поздравна реч имаа Илија Пемов, претседател на ИО на ЗП Кавадарци, градоначалникот Александар Панов и Чедо Георгиевски, потпретседател на СЗПМ. Натпреварите во **шестиот** регион се одржаа во Злетово. Во името на домаќинот говореше Данка Јосифовска, претседателка на ЗП и градоначалникот на општината Пробиштип Тони Тоневски. Најдобри резултати имаа натпреварувачите од ЗП Куманово. Во **седмиот** регион во Ново Село говореа Чедо Георгиевски, потпретседател на СЗПМ, Петар Спасов, градоначалник на општината Ново Село и Никола Калпачки претседател на ЗП домаќин. Најдобри резултати имаа спортистите на ЗП Штип. Во Виница во **осмиот** регион најдобри беа натпреварувачите од ЗП Кочани. На свеченоста говореа Младен Петров, претседател на ЗП Виница, Драги Аргировски, секретар на ИО на СЗПМ и Емил Дончев, градоначалник.

## 2010

На **18-ти септември 2010 година**, се одржаа **15-тите јубилејни РПСН** на спортскиот центар „Шампион“ во **Радовиш** со учество на 380 натпреварувачи од 35 здруженија од кои 200 во





машка и 180 во женска конкуренција. Во присуство на околу 900 учесници оваа републичка спортска манифестација за отворена ја прогласи заменик–министерот за труд и социјална политика **Спиро Ристевски**. На свеченото отворање говореа и градоначалникот на Радовиш **д-р Роберт Велков**, **Јован Ефтимов**, претседател на ЗП Радовиш и Конче и **Ленче Ташкова** во име на покровителот Комерцијална банка Скопје.

Во стрелаштво најдобра беше екипата на ЗП Охрид со најдобар стрелец Цветко Поповски, а кај жените ЗП Центар со најдобра стрелачка Ангелина Темелкова. Во шах победи екипата на ЗП Штип, а за најдобат шахист беше прогласен Љубомир Хаџиманов од ЗП Кисела Вода, а кај жените победи екипата на ЗП Штип со најдобра шахистка Вера Огњанова. Во пикадо првото место го освои екипата на ЗП Кратово, најдобар беше Јове Јованов, а кај жените ЗП Пробиштип и Лилјана Јаќимовска. Во јаже победи екипата на ЗП Гази Баба во машка и ЗП Тетово во женска конкуренција. Во трчање златен медал освои Мицо Мицоски од ЗП Прилеп и Павлина Камчева од ЗП Струмица. Во фрлање ѓуле рекордерите Бранко Почуча од ЗП Куманово и Јабланка Веселиновска од ЗП Тетово и овој пат освоија златни медали. Традиционално златен медал во скок од место освои Никола Динев од ЗП Неготино, во двобој жени Софка Јованова од ЗП Велес, а во тробој мажи Митко Богдановски од ЗП Тетово. Во домино најдобри беа Борко Миновски од ЗП Кисела Вода и Добрила Ѓолева од ЗП Струмица. Во табла носители на златни медали беа Ванчо Бојаџиев од ЗП Неготино и Снежана Атанасова од ЗП Свети Николе. Овој пат севкупен победник беше ЗП Тетово.



Успешно беа организирани и јубилејните регионални пензионерски спортски натпревари. Во **првиот** регион пензионерите од ЗП Центар беа најдобри. Натпреварите се одвиваа на спортските терени на ЗП Гази Баба. На свеченоста говореа Душан Перески, претседател ИО на ЗП Гази Баба, Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ и Вукашин Спасовски, претседател на Собранието на ЗП Гази Баба. На спортските терени кај Езерото Треска се натпреваруваа спортистите од **вториот** регион, при што најдобри беа спортистите од ЗП Тетово. Во името на домаќинот говореше претседателот на ЗП Сарај Руфат Рамадани, потоа Драги Аргировски, секретар на ИО на СЗПМ и градоначалникот на општината Сарај Блерим Беџети. Во **третиот** регион во Прилеп најдобри беа домаќините. Учесниците ги поздрави претседателот на ЗП Прилеп Кирил Ѓоргиоски, а игрите за отворени ги прогласи Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ. Во **четвртиот** регион во Кичево свеченоста ја отвори Мехмед Мехмеди, претседател на Собранието на ЗП Кичево, а говореше Драги Аргировски, секретар на ИО на СЗПМ и Назив Даљани, претседател на пензионерската организација од Поградец, Р Албанија. Севкупен победник беше ЗП Охрид и Дебрца. Во **петтиот** регион пензионерите се натпреваруваа покрај Велешкото Езеро Младост, а најдобри беа спортистите на ЗП Кавадарци. На отворањето говореа Момчило Марковски, претседател на ЗП Велес, градоначалникот Горан Петров и Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ. Во **шестиот** регион во Крива Паланка традиционално најдобри беа пензионерите спортисти од ЗП Куманово. На свеченоста говореа Арсен Илиевски, потпретседател на општинското здружение, Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ и Арсенчо Алексовски, градоначалник на Општината. Во **седмиот** регион во Лозово најуспешни беа штипските натпреварувачи. На свеченоста говореа Тозо Манчев, претседател на ЗП, Орце Цветковски, градоначалник на Општината и Драги Аргировски, секретар на ИО на СЗПМ. На спортските терени во Делчево се натпреваруваа пензионерите од **осмиот** регион. Натпреварите свечено ги отвоти Љуба Ангеловска, претседателка на ЗП Делчево. Најдобри беа кочанските пензионери.



## 2011

На **10-ти септември 2011 година** се одржаа **16-тите РПСН** во **Струга** на комплексот Ливадиште. На истите присуствуваа 1.100 пензионери, а учествуваа 384 пензионери спортисти и тоа 200 мажи и 184 жени. Во името на домаќинот ЗП Струга добродојде на учесниците им посака **Лиман Положани,** претседател на ЗП. Главен говорник беше новиот претседател на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој натпреварите ги прогласи за отворени, а на завршниот дел го врачи и преодниот пехар на ЗП Охрид и Дебрца кое имаше најдобри резултати. Во стрелаштво и во двете конкуренции првото место го освои ЗП Охрид и Дебрца со најдобар стрелец од мажите Цветко Поповски и најдобра од жените Снежана Милошевска. Во шах мажи победи ЗП Штип, а кај жените ЗП Центар. Најдобри шахисти беа Ѓорѓи Ќука од ЗП Охрид и Дебрца и Лидија Кизова од ЗП Центар. Во пикадо најдобра беше екипата на ЗП Прилеп со најдобар поединец Божин Талески, а кај жените ЗП Тетово со Душка Ивановска. Во тегнење јаже победија ЗП Кочани кај мажи и ЗП Тетово кај жени. Во трчање златни медали освоија Мицко Мицковски од ЗП Прилеп и Благица Маркулеска од ЗП Охрид и Дебрца. Најдобар во фрлање ѓуле беше Бранко Почуча од ЗП Дојран, додека за првпат најдобра беше Марија Каракамишева од ЗП Богданци. Во скок од место победи Никола Донев од ЗП Неготино, во двобој жени Софка Јованова од ЗП Велес, а во тробој Симе Цветаноски од ЗП Прилеп. Во домино златен медал освои Благоја Богоевски од ЗП Демир Хисар и Надица Ѓуровска од ЗП Ѓорче Петров. Во табла победија Илија Ристески од ЗП Крушево и Станојка Атанасова од ЗП Делчево.







И оваа година се одржаа осум регионални пензионерски спортски натпревари. Во **првиот** регион домаќин беше ЗП Солидарност – Аеродром. На свеченоста говореа Димитрија Богатиноски, претседател на ИО на ЗП и Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ. Најдобри беа домаќините ЗП Солидарност – Аеродром. Во **вториот** регион и овој пат најдобри беа тетовци. Домаќин на натпреварите беше ЗП Тафталиџе, а говореа Павле Василевски, секретар на ЗП и Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ, а натпреварите ги отвори градоначалникот Стевче Јакимовски. Во **третиот** регион прилепските пензионери беа најуспешни. Натпреварите се одржаа во Демир Хисар, а на свеченоста говореа претседателот на ЗП Драган Ангелески, градоначалникот Тони Ангелески и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Во **четвртиот** регион и овој пат најдобри беа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца. Натпреварите се одржаа во Дебар, а говореа Бесник Поцеста, претседател на ЗП Дебар и Центар Жупа, градоначалникот на општината Дебар д–р Аргетим Фида и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **петтиот** регион на спортските терени кај Негорски Бањи, говореа Рис–



то Танелов, претседател на ИО на ЗП Гевгелија како домаќин, Иван Франгов, градоначалник на Општината и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во изедначена борба најдобри беа натпреварувачите од ЗП Велес. Во **шестиот** регион кумановските пензионери беа домаќини и први. На свеченоста говореше Спирко Николоски, претседател на ЗП, а игрите ги отвори Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **седмиот** регион на натпреварите во Штип најдобри беа домаќините. На свеченоста говореа претседателот на ЗП Штип и Карбинци Миле Василев, градоначалникот на Штип д–р Зоран Алексов и Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ. Во **осмиот** регион триумфираа кочанските пензионери, а натпреварите се одржаа во Македонска Каменица. На свеченоста говореа Видан Коневски, претседател на ЗП, градоначалникот Дарко Митевски и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ.



## 2012

На **11-ти септември 2012 година 17-тите РПСН** за првпат во својата историја се одржаа во **Скопје** во хотелскиот комплекс NEW STAR, а покровител беше претседателот на Владата на Република Македонија **Никола Груевски** кој имаше и пригодно обраќање. Притоа премиерот посебно истакна дека јакнењето на стандардот, почитта и љубовта, достоинственото поминување на зрелите години во третата животна доба и обезбедување мир и спокој во пензионерското секојдневје се едни од основните потреби, но и обврски на Владата на РМ. Поздравна реч имаше и министерот за труд и социјална политика **Спиро Ристовски**, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски,** градоначалникот на општината Ѓорче Петров **Сокол Митровски** и **Методија Новковски**, претседател на ИО на ЗП како домаќин.



Во присуство на 1.150 пензионери од кои 395 натпреварувачи од 38 здруженија најдобри резултати во 11 дисциплини имаше ЗП Охрид и Дебрца на кои им припадна и преодниот пехар. Во стрелаштво во машка и женска конкуренција победи екипата на ЗП Охрид и Дебрца, а за најдобар стрелец беше прогласен Коста Стојанов од ЗП Кочани и за најдобра стрелачка Мара Илиќ од ЗП ОВР Скопје. Во шах–мажи првото место го освои ЗП Куманово со најдобар шахист Срѓан Христовски, а кај жените ЗП Охрид и Дебрца со најдобра шахистка Менка Јовановска. Во пикадо мажи – најдобра беше екипата на ЗП Свети Николе, а кај жените ЗП Делчево. За најдобар пикадо–стрелец беше прогласен Љубе Петрушевски од ЗП Солидарни пензионери Илинден, а од жените Снежана Спасевска од ЗП Делчево. Во тегнење јаже ЗП Гази





Баба мажи беа најдобри и ЗП Тетово кај жените. Во трчање мажи до 65 години златен медал освои Моме Цветановски од ЗП Куманово, а кај мажи над 65 години Блаже Србиновски од ЗП Охрид и Дебрца. Кај жените до 65 години најбрза беше Благица Маркулеска од ЗП Охрид и Дебрца, над 65 години Павлина Камчева од ЗП Струмица. Во двобој жени златен медал освои Љупка Трифуноска од ЗП Охрид и Дебрца, а во тробој мажи Симе Цветаноски од ЗП Прилеп. Во фрлање ѓуле победија Блажо Станојков од ЗП Куманово и Марија Каракамишева од ЗП Богданци. Златен медал во скок од место освои Мирослав Кузманоски од ЗП Прилеп, во играње домино Никола Манасиев од ЗП Злетово и Даница Попзахариева од ЗП Кочани и во табла победија Иван Хаџиев од ЗП Струга и Миланка Панделевска од ЗП Охрид и Дебрца.

На регионалните натпревари во **првиот** регион во изедначена борба најдобри резултати имаше ЗП Гази Баба. Домаќин беше ЗП Кисела Вода. Говореа претседателот на Собранието на ЗП Доне Тодоровски и потпретседателот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски. Во **вториот** регион во Гостивар најуспешни беа пензионерите од ЗП Тетово. Говореше претседателот на ЗП Гостивар Нијази Џелили и потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста. Домаќин на **третиот** регион беше ЗП Ресен, а најдобри резултати остварија спортистите од ЗП Прилеп. За значењето на овие натпревари говореа Костадина Барандовска, претседател на ЗП, градоначалникот на Општината Мишко Волкановски и Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ. Во **четвртиот** регион домаќините од ЗП Охрид и Дебрца беа најдобри. На свеченото отворање говореа претседателот на ИО на ЗП Ѓорѓи Трпчевски, градоначалникот на Охрид Александар Петрески и потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста. Натпреварите од **петтиот** регион се одржаа во Валандово, а најдобри беа натпреварувачите од ЗП Неготино. На свеченоста говореа Томе Илиев, претседател на ЗП и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ. Во **шестиот** регион во Пробиштип говореа Груица Манасијев, претседател на ЗП, градоначалникот Тони Тоневски и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ. Најдобри беа спортистите на ЗП Куманово. Во Струмица се одржаа натпреварите од **седмиот** регион, а најдобри резултати имаа натпреварувачите од ЗП Радовиш и Конче. На свеченоста говореа Данче Даскаловска, претседател на ИО на ЗП, градоначалникот Зоран Заев и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во Кочани на натпреварите од **осмиот** регион најдобри резултати остварија домаќините. Учесниците ги поздравија Ѓорѓи Серафимов, претседател на ЗП, градоначалникот Ратко Димитровски и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.



## 2013

**18-тите РПСН** се одржаа во **Штип** на **7-ми септември 2013 година** во комплексот на „Македонка“. Рекордниот број присутни ги поздравја и им посакаа добри резултати на натпреварувачите, министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов** и **Драги Аргировски,** претседател на СЗПМ. Поздравна реч имаа и градоначалниците на општините Штип и Карбинци м–р **Илчо Захариев** и **Зоран Минов**, како и **Михаил Василев,** претседател на ЗП Штип и Карбинци. На оваа пензионерска спортска Олимпијада во Штип присуствуваа и се дружеа 1.380 пензионери од цела Македонија, а во натпреварите учествуваа 396 натпреварувачи од 38 здруженија. Во играње табла златни медали освоија Иван Тошев од ЗП Неготино и Мирјана Чалова од ЗП Демир Капија. Во стрелаштво победи екипата на ЗП ОВР Скопје со најдобар стрелец Зоран Саздов, а



кај жените ЗП Охрид и Дебрца, а за најдобра беше прогласена Мирослава Бошњаковска од ЗП ОВР. Во шах победи ЗП Тетово со најдобар шахист Јакуп Лика, а кај жените ЗП Штип со најдобра шахистка Шенка Балтовска од ЗП Тетово. Во пикадо победи ЗП Куманово кај мажи и ЗП Гази Баба кај жени. За најдобри беа прогласени Митко Митевски и Севда Димитрова од ЗП Кавадарци. Во тегнење јаже кај мажите победи ЗП Гази Баба, а кај жените ЗП Пробиштип. Во трчање до 60 години за мажи златен медал освои Моме Цветановски од ЗП Куманово, а над 60 години Ѓорѓи Јованов од ЗП Радовиш и Конче. Кај жените до 60 години златен медал освои Благица Маркулеска од ЗП Охрид и Дебрца, а над 60 години Блага Михова од ЗП Кочани. Во фрлање ѓуле прво место освоија Гласе Симоновски од ЗП Неготино и Мара Каракамишева од ЗП Богданци. Во скок од место со златен медал се закити Марјан Николовски од ЗП Охрид и Дебрца. Во играње домино победи Стоилко Крајнин од ЗП Ѓорче Петров и Царка Доклевска од ЗП Тафталиџе, во двобој жени Љупка Трифуновска од ЗП Охрид и Дебрца, а во тробој мажи Влатко Спасовски од ЗП Куманово. Најдобри резултати постигнаа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца кои и по третпат едноподруго го освоија највисокото признание, преодниот пехар, што им остана во трајна сопственост.





На регионалните натпревари во **првиот** регион кои се одржаа во Гази Баба говореа Ѓорге Андонов, претседател на ИО на ЗП, Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ и Тони Трајковски, градоначалник на Општината. Најдобри резултати имаа спортистите на Гази Баба. Во **вториот** регион повторно најдобри беа тетовци. На натпреварите што се одржаа кај Езерото Треска во Скопје, говореа во име на домаќинот Јован Гиновски, претседател на Собранието на ЗП Карпош, Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ и Стевче Јакимовски**,** градоначалник на општината Карпош. Во **третиот** регион натпреварите се одржаа во Битола кајшто најдобри беа прилепчани. Говореа Томе Илиоски, претседател на ИО на ЗП, градоначалникот Владимир Талески и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Охридските спортисти победија на натпреварите во **четвртиот** регион во Струга. Говореа Лиман Положани, претседател на ЗП Струга и *Бесник Поцеста,* потпретседател на Собранието на СЗПМ. Во **петтиот** регион на натпреварите што се одржаа во Неготино говореа Петар Захарчев, претседател на ЗП





и Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ. Најдобри резултати постигнаа пензионерите од ЗП Кавадарци. Натпреварите во **шестиот** регион се одржаа во Кратово, а најдобри беа натпреварувачите од ЗП Куманово. На свеченоста говореа Љупчо Ангеловски, претседател на ЗП, градоначалникот Мите Андоновски и Станка Трајкова секретар на СЗПМ. Во **седмиот** регион во Радовиш победија штипјани, а говореа Јордан Костадинов, претседател на ЗП Радовиш и Конче, градоначалникот на општината Радовиш Сако Николов, градоначалникот на општината Конче Благој Јованов и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **осмиот** регион во Виница најдобри беа спортистите од ЗП Кочани. На свеченоста говореа Младен Петров, претседател на ЗП, Емил Дончев, градоначалник и Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ.

## 2014



**19-тите** по ред **РПСН** се одржаа на **6-ти септември 2014 година** во комплексот „Тетекс“ во **Тетово**. Покровител на натпреварите повторно беше министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов** кој пред околу 1.000 присутни имаше пригодно излагање, а обраќање имаше и **Драги Аргировски,** претседател на СЗПМ. Говореа и **Ахмед Ќазими,** раководител на секторот Јавни дејности во општината Тетово, **Гојко Ефтоски,** претседател на Собранието и **Шабан Азизи,** претседател на ИО на ЗП Тетово.

Се натпреваруваа 400 најдобри спортисти од рекордни 46 здруженија и тоа 208 во машка и 192 во женска конкуренција. Натпреварите се одржаа во традиционалните 11 дисциплини. Во стрелаштво мажи победи екипата на ЗП Кочани, а кај жени ЗП Прилеп. За најдобар стрелец беше прогласен Тоше Јанкулоски од ЗП Охрид и Дебрца, а за најдобра стрелачка Вера Димитриоска од ЗП Прилеп. Во шах во машка конкуренција победи ЗП Ѓорче Петров, а кај жените ЗП Центар. Ристо Крстев од ЗП Тетово беше прогласен за најдобар шахист, а Лилјана Славевска од ЗП Центар за најдобра шахистка. Во пикадо победи ЗП Гази Баба со најдобар Насте Игњатовски, а кај жените ЗП Свети Николе со најдобра Тана Михајлова. Во тегнење јаже и во двете конкуренции победи ЗП







Гази Баба. Во трчање мажи до 60 години златен медал освои Ристо Нетков од ЗП Штип и Карбинци, а над 60 години Блаже Србиновски од ЗП Охрид и Дебрца. Кај жените до 60 години златен медал освои Љупка Трифуновска од ЗП Охрид и Дебрца, а над 60 години Павлина Камчева од ЗП Струмица. Во скок од место со златен медал се закити Марјан Николовски од ЗП Охрид и Дебрца, а во фрлање ѓуле Блажо Станојков од ЗП Куманово и Марија Каракамишева од ЗП Богданци. Во двобој жени најдобра беше Верица Пулеска од ЗП Охрид и Дебрца, а во тробој мажи нејзиниот колега Ѓоко Јаневски. Во табла златен медал освои Никола Атанасовски од ЗП Крушево и Тодорка Савева од ЗП Солидарност – Аеродром. Во домино златни медали освоија Фејзи Рустеми од ЗП Тетово и Љубица Настоска од ЗП Струга. Најдобри резултати и овој пат имаа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца кои го освоија преодниот пехар.

Во **првиот** регион натреварите се одржаа на терените на ЗП Бутел, а победници беа од ЗП Гази Баба. На свеченоста говореа Љупчо Димовски, претседател на ЗП, Петре Латиновски, градоначалник на општината Бутел и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **вториот** регион тетовци повторно беа најдобри, натпреварите се оджаа на терените на Езерото Треска, а домаќин беше ЗП ОВР Скопје. Говореа Спирко Николовски, претседател на ЗП и Бесник Поцеста потпретседател на Собранието на СЗПМ. Прилепските пензионери беа најдобри на натпреварите во **третиот** регион, што се одржаа во Крушево. Говореа Никола Николовски, претседател на ИО на ЗП, Методија Тошевски потпретседател на ИО на СЗПМ и д–р Ѓорѓи Дамчевски градоначалник на Крушево. Во **четвртиот** регион натпреварите се одржаа во Самоков кај Македонски Брод, а зборуваа Илија Лазески претседател на ЗП, Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ и Милосим Војнески, градоначалник на општината Македонски Брод. Најдобри беа спортистите од ЗП Охрид и Дебрца. Во Богданци се одржаа натпреварите од **петтиот** регион, говореа Славчо Узунов, претседател на ЗП, градоначалничката Анастасија Олумчева и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ. Најдобри резултати имаа пензионерите од ЗП Кавадарци. Во **шестиот** регион во Злетово, најдобри беа натпреварувачите од ЗП Куманово. На свеченоста говореа Трајан Пецов, претседател на ЗП Злетово, градоначалникот на општината Пробиштип Тони Тоневски и Станка Трајкова**,** секретар на ИО на СЗПМ. Пензионерите од ЗП Радовиш и Конче беа најдобри на натпреварите во **седмиот** регион што се одржаа во Свети Николе. Говореа Мирко Данаилов, претседател на ЗП, градоначалникот Зоран Тасев и Станка Трајкова**,** секретар на ИО на СЗПМ. Во **осмиот** регион победија кочанчани, а натпреварите се одржаа во Берово. Говореа Драги Наџински, градоначалник на Општината и Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ.



## 2015

Во **2015** година, **20-тите јубилејни спортски пензионерски натпревари** се одржаа на **4 септември** во **Скопје** во комплексот на хотелот „NEW STAR“. Покровител на јубилејната пензионерска спортска манифестација која прерасна во вистинска спортска пензионерска Олимпијада беше **Диме Спасов,** министер за труд и социјална политика во Владата на Република Македонија, кој имаше пригодно излагање. На свеченото отворање пред над 1.200 учесници говореа и **Драги Аргировски,** претседател на СЗПМ, **Коце Трајановски,** градоначалник на Скопје и претседател на ЗЕЛС, градоначалникот на општината Бутел **Петре Латиновски** и во име на домаќинот **Љупчо Димовски,** претседател на ЗП Бутел**.**

Во 11 традиционални дисциплини се натпреваруваа 397 пензионери спортисти и тоа 208 во машка и 198 во женска



конкуренција од 41 здружение. Во стрелаштво кај мажите победи екипата на ЗП Кочани со најдобар стрелец Костадин Стојанов, а кај жените ЗП Куманово со најдобра Богица Димитриевска. Во шах мажи најдобра беше екипата на ЗП Тетово, а за најдобар шахист беше прогласен Панче



Захариев од ЗП Штип, додека кај жените победи ЗП Центар со најдобра шахистка Лилјана Славевска. Во пикадо кај мажи најдобра беше екипата на ЗП Тафталиџе со најдобар стрелец Славе Симовски, а кај жените ЗП Делчево со најдобар пикадо стрелец Цвета Џабирска. Во тегнење јаже првото место кај мажи го освои ЗП Гевгелија, а кај жени ЗП Тетово. Во трчање мажи до 60 години златен медал освои Моме Цветановски од ЗП Куманово, а над 60 години Блаже Србиновски од ЗП Охрид и Дебрца, додека кај жени до





60 години победи Галаба Георгиева од ЗП Штип и Карбинци, а над 60 години Благица Маркулеска од ЗП Охрид и Дебрца. Во фрлање ѓуле со златни медали се закитија Ѓорѓи Механџиски од ЗП Дојран и Марија Каракамишева од ЗП Богданци. Во скок од место победи Марјан Николовски од ЗП Охрид и Дебрца, а неговата колешка Верица Пулеска освои златен медал во двобој жени, а во тробој мажи прв беше Симе Цветановски од ЗП Прилеп. Во табла најдобри беа Мустафа Ефатоски од ЗП Кичево и Софија Арсова од ЗП Ѓорче Петров. Во домино златни медали освоија Хајро Куртовиќ од ЗП Македонска Каменица и Блага Вељановска од ЗП Куманово. Најдобри резултати имаа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца.

И јубилејните регионални пензионерски спортски натпревари минаа во одлична организација и се постигнаа солидни резултати. Во **првиот** регион домаќин беше ЗП Солидарни пензионери – Илинден. Најдобри беа спортистите на ЗП Центар. На свеченото отворање говореа Благоја Атанасовски, претседател на ИО на ЗП, градоначалникот на Општината Жика Стојановски

и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **вториот** регион традиционално најдобри беа тетовчани, кои беа и домаќини. На свеченоста говореа Стојан Соколовски и Шабан Азизи, претседател на Собранието и на ИО на ЗП Тетово, а во името на СЗПМ говореше потпретседателот на Собранието Бесник Поцеста. Во **третиот** регион најмногу први места освоија прилепчани, кои беа и домаќини. На отворањето говореа Кирил Ѓоргиески, претседател на ЗП, градоначалникот на општината Прилеп Марјан Ристески и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Домаќин на натпреварите на **четвртиот** регион беше ЗП Кичево, а надмоќно победија спортистите на ЗП Охрид и Дебрца. Говореа Љубомир Лукароски, претседател на ЗП и Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ. Во **петтиот** регион средбите се одржаа во Дојран. Говореа **Б**оривое Бојаџиев, претседател на ЗП, градоначалникот Борче Стамов и секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова. Најмногу први места освоија кавадарчани. Во **шестиот** регион домаќин на натпреварите беше ЗП Крива Паланка, а се одржаа во спортско–рекреативниот комплекс




„Парк“ кај Гиновци во општината Ранковце. На свеченото отворање говореа Иван Јакимовски, претседател на ЗП Крива Паланка, градоначалниците на Крива Паланка и Ранковце Арсенчо Алексовски и Момчило Алексовски и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Најдобри резултати имаа спортистите на ЗП Куманово. Во **седмиот** регион натпреварите се одржаа во Ново Село каде што триумфираа учесниците од ЗП Штип и Карбинци. Говореа Илија Ковачев, претседател на ЗП, Блажо Велков, градоначалник на општината Ново Село и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **осмиот** регион спортските игри се одржаа во Македонска Каменица, каде на свеченото отворање говореа Видан Коневски, претседател на ЗП и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Традиционално најдобри резултати остварија кочанчани.

## 2016

**21-вите РПСП** се одржаа на **3 септември 2016 година** во спортскиот центар „Шампион" во Радовиш. Оваа традиционална спортска манифестација се одржа и во чест на 70–годишнината на пензионерското организирање во нашата земја и 25 години од независноста на Република Македонија. Главен говорник беше **Диме Спасов**, заменик–министер за труд и социјална политика кој посебно истакна дека со особена чест и задоволство Министерството во изминатите години финансиски ја поддржуваше успешната реализација на овие пензионерски спортски игри кои се вистински пример за тоа како пензионерите можат да бидат активни и во третата доба. На над 1.200 присутни, гости и учесници им се обрати и првиот човек на најголемата невладина и неполитичка мултиетничка организција, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски,** кој во своето обраќање ги честиташе двата јубилеја и ја



потенцираше големата важност на спортот за психофизичкото здравје на пензионерите. Во име на домаќините средбата ја поздравија градоначалникот на општината Радовиш **Сашко Николов** и **Јордан Костадинов**, претседател на ЗП Радовиш и Конче.

На 21–та пензионерска спортска олимпијада се натпреваруваа рекордни 501 натпревару–

вач од кои 264 мажи и 237 жени. Натпреварите се одржаа во 11 дисциплини и за првпат наместо двобој и тробој се воведоа две нови дисциплини: кошарка – слободно фрлање на кош и фудбал – пенали на мали голчиња. Во стрелаштво мажи победи ЗП Кочани со најдобар стрелец Драги Гацев, а кај жените ЗП Охрид и Дебрца како најдобра стрелачка беше Снежана Милошевска. Во шах и во двете конкуренции најдобри беа екипите на ЗП Центар, за најдобар шахист беше прогласен Александар Степановски од ЗП Битола, а за шахистка Лилјана Славевска од ЗП Центар. Во пикадо мажи прва беше екипата на ЗП ОВР Скопје, а кај жените ЗП Делчево. За најдобри стрелци во пикадо беа прогласени Цветан Ефтимовски од ЗП Делчево и Марија Станковиќ од ЗП Солидарни пензионери Илинден – Скопје. Екипата на ЗП Кочани мажи беше најдобра во тегнење јаже, а кај жените традиционално ЗП Тетово. Во трчање мажи до 60 години златен медал освои Мојсо Балевски од ЗП Битола, а над 60 години Блаже Србиноски од ЗП Охрид и Дебрца. Носителка на златен медал во трчање до 60 години беше Славица Тимосиевска од ЗП Тетово, а над 60 години Благица Маркулеска од ЗП Охрид и Дебрца. Во фрлање ѓуле златни медали освоија Блажо Станојков од ЗП Куманово и Марика Каракамишева од ЗП Богданци. Во скок од место најдалеку скокна Ѓорѓи Николов од ЗП Кочани. Во домино со златни медали се закитија Димитар Стаменов од ЗП Ново Село и Слободанка Талевска од ЗП Ресен, а во табла Кирил Стојанов од ЗП Тафталиџе и Наташа Мишева од ЗП Чаир. Во фудбал – пенали на мали голчиња кај мажи победи екипата на ЗП Крушево, а кај жените ЗП Прилеп, додека во кошарка – слободно фрлање на кош најдобри беа екипата на ЗП Кочани – мажи и ЗП Крива Паланка – жени.






Најуспешни и најсреќни беа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца кои по шести пат едноподруго го освоија пехарот на СЗПМ.

На регионалните пензионерски спортски натпревари во 2016 година во **првиот** регион најдобри беа спортистите од ЗП Гази Баба. Домаќин беше ЗП Чаир, а говореа Ментор Ќоку – претседател на ЗП, Бесник Поцеста, претседател на Собранието на СЗПМ и Захир Бектеши, претседател на Советот на општината Чаир. И овој пат во **вториот** регион најдобри беа тетовци. На спортскиот рекреативен центар „Треска“ во Скопје домаќин беше ЗП Ѓорче Петров, а на свеченото отворање говореа Методија Новковски, претседател на ИО на ЗП и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **третиот** регион прилепчани повторно беа најдобри. Домаќин беше ЗП Демир Хисар. Говореа Пере Петрески, претседател на ЗП, Љупчо Блажевски, градоначалник и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ. Традиционално во **четвртиот** регион триумфираа охридските пензионери. Домаќин беше ЗП Дебар и Центар Жупа, а говореа Џавид Карпузи, претседател на ЗП, градоначалникот на општината Дебар Ружди Лапа и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ. Во **петтиот** регион натпреварите се одржаа во Кавадарци, а домаќините беа најдобри. Говореа Ристо Анѓушев, претседател на ЗП и Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ. Во **шестиот** регион домаќин беше ЗП Куманово чии спортисти беа најуспешни. Говореа Спирко Николовски, претседател на ЗП, градоначалниците на Куманово и Старо Нагоричане Зоран



Дамјановски и Милован Стојковски, а игрите за отворени ги прогласи Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ. Домаќин на натпреварите во **седмиот** регион беше ЗП Лозово. Говореа Марија Моневска, претседател на ЗП, членот на Советот на Општината Бошко Цветковски и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ. Најдобри беа спортистите на ЗП Радовиш и Конче. На натпреварите на **осмиот** регион домаќин беше ЗП Делчево, најдобри беа кочанци, а говореа Моне Георгиевски, претседател на ЗП, градоначалникот Дарко Шахтански и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ.

Преглед на Републичките пензионерски спортски натпревари во изминатите 21 година:

| | | |
|---|---|---|
| **1996** | **Охрид,** | **150 учесници** |
| **1997** | **Гевгелија (Дојранско Езеро)** | **350 учесници** |
| **1998** | **Куманово (Кумановска Бања)** | **500 учесници** |
| **1999** | **Виница** | **550 учесници** |
| **2000** | **Ресен - Крани (Преспанско Езеро)** | **800 учесници** |
| **2001** | **Велес (Езеро „Младост“)** | **600 учесници** |
| **2002** | **Охрид - „Горица” (Охридско Езеро)** | **857 учесници** |
| **2003** | **Кавадарци (Хотел „ФЕНИ“)** | **1.050 учесници** |
| **2004** | **Струга „Еуротел“** | **1.070 учесници** |
| **2005** | **Велес (Езеро „Младост“)** | **920 учесници** |
| **2006** | **Ресен - Крани (Преспанско Езеро)** | **1.114 учесници** |
| **2007** | **Велес (Езеро „Младост“)** | **760 учесници** |
| **2008** | **Радовиш (СРЦ „Шампион“)** | **800 учесници** |
| **2009** | **Струга („Еуротел“)** | **858 учесници** |
| **2010** | **Радовиш (СРЦ „Шампион“)** | **900 учесници** |
| **2011** | **Струга (Ливадишта)** | **1.100 учесници** |
| **2012** | **Скопје (комплекс „NEW STAR“)** | **1.150 учесници** |
| **2013** | **Штип (комплекс „Македонка“)** | **1.380 учесници** |
| **2014** | **Тетово (комплекс „Тетекс“)** | **1.008 учесници** |
| **2015** | **Скопје (комплекс „NEW STAR“)** | **1.205 учесници** |
| **2016** | **Радовиш (СРЦ „Шампион“)** | **1.241 учесник** |

За одбележување е дека паралелно со регионалните и Републичките пензионерски спортски натпревари се одржувани и натпревари меѓу здруженијата – членки на СЗПМ. Така, повеќе години се одржуваат спортски средби помеѓу ЗП Кратово, ЗП Крива Паланка, ЗП Пробиштип и ЗП Свети Николе. Подолго време опстануваат и натпреварите помеѓу здруженијата на пензионерите од Гази Баба, Куманово и Струмица, а во поново време остварени се двомечеви помеѓу ЗП Центар и ЗП Кочани, ЗП Кавадарци и ЗП Кочани, ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност – Аеродром. Традиционално се одржува шаховски турнир по повод Денот на ослободувањето на Скопје на кој учествуваат сите скопски здруженија на пензионерите. Во организација на ЗП Чаир започна да се одржува и шаховски турнир на кој покрај домаќините учествуваат и ЗП Бутел, ЗП Шуто Оризари, ЗП Солидарност – Аеродром и ЗП Кисела Вода.

Ова јасно покажува дека кај пензионерите расте свеста за значењето на спортот за здраво и активно стареење, но и грижата на СЗПМ за здравјето на своите членови. Исто така е сè поприсутен и позитивниот однос и поддршката од државата и локалната самоуправа кон највозрасната и сè побројната популација во нашата земја, на секој план.

# PJESA VIII




# ИНФОРМИРАЊЕТО ПРИОРИТЕТ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

# ИНФОРМИРАЊЕТО ПРИОРИТЕТ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

## 1. НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ИНФОРМИРАЊЕТО

Информирањето е еден од приоритетите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Отсекогаш Сојузот на информирањето гледал како на важен елемент во животот на пензионерите, бидејќи ако нема точно и навремено информирање како ништо и да не се случува и само добро информираниот пензионер е добар за Сојузот, за здружението, за себе и за општеството.

На почетокот информирањето било скромно и соодветно на времето и на развојот на информатичките случувања на глобално ниво. Но исто така, на информирањето влијаел и субјективниот фактор и енергијата која во овој сегмент ја вложувало раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и на здруженијата членки на Сојузот.

Почетоците на информирањето било главно на ниво на состаноци, записници, огласи и други пишани информативни форми. Повремено текстови за пензионерската проблематика и живот се објавувале во синдикалниот весник „Трудбеник“, како и во весникот „Нова Македонија“.

По регистрирањето и по Конститутивното собрание на Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија се создале услови и ова здружение да се појави со информативен весник. Немајќи можности за издавање сопствен весник, Здружението на пензионерите на НР Македонија се договорило да има своја страница во рамките на веќе постојниот весник на српските пензионери. Така почнувајќи од јули 1952, по повеќе од една година од формирањето, во бројот 7 на српскиот весник „Пензионерски ГЛАСНИК“ се печати страница на македонски јазик, и неа ја уредува македонското здружение, а главен уредник бил Ѓорѓе Ристиќ.


Пензионерски ГЛАСНИК
Год. VI — БРОЈ 7 — Београд, ЈУЛИ 1952
ОРГАН УДРУЖЕЊА ПЕНЗИОНЕРА НР СРБИЈЕ И МАКЕДОНИЈЕ – САСТАВНЕ ОРГАНИЗАЦИЈЕ С. С. ЈУГОСЛАВИЈЕ
ВЕЛИКИ КОРАК НАПРЕД | БРАТСКИ ПОЧЕТАК

Соработката со српскиот весник траела 16 години. Кога се создале услови македонските пензионери донеле Одлука да издаваат свој весник како прилог во дневниот весник „Вечер“. Првиот број со наслов „Наш ЗБОР“ излегол на 31 март 1967 година.


НАШ ЗБОР
ГОД. I. БР. 1 — СКОПЈЕ, ПЕТОК 31 МАРТ 1967 ГОДИНА
По повод првиот број на Прилогот

Третиот број од 3 август 1967 година бил преименуван и насловен како „ПЕНЗИОНЕР“.


ПЕНЗИОНЕР
ВЕСНИК НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ОД МАКЕДОНИЈА
ГОД. I. БР. 3 — АВГУСТ — СЕПТЕМВРИ 1967 ГОДИНА
НОВО ИМЕ

Весникот го уредувал уредувачки одбор, а одговорен уредник бил Милош Константинов.

Во почетоците на транзицијата во нашата земја доаѓа до згаснувања на повеќе информативни весници, меѓу кои и на „Трудбеник“. Направената компаративна анализа, во која е применет аналитички метод и приказ на изво–

рен материјал од документацијата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во десетгодишниот период од 1991 до 2001 година, утврдено е дека информирањето на пензионерите во тој период не е на посакуваното ниво и владее речиси информативен мрак во оваа област. Единствено во 1997 година објавена е монографија „Сојузот на пензионерите на Македонија 1946 до 1996" што ја приредил новинарот Димче Апостолски.

Во 1996 година се одржуваат Првите републички пензионерски спортски натпревари во Охрид. Се чувствува потреба од подобро информирање за спортските пензионерски натпревари, со што се придонесува тие не само да бидат афирмирани туку и да се создаде еден натпреварувачки карактер кај пензионерите, да се зголеми масовноста и да се добие подобар квалитет.

Во 1998 година, се појавува и првиот Билтен за Третите републички спортски натпревари во Куманово. Во наредните години се продолжува со објавувањето билтени, но со поголем квалитет. Последниот е од 21–те републички спортски натпревари што во 2016 година се одржаа во Радовиш. Од 2013 година почнува да излегува и Билтен за ревии на песна, музика и игри кој редовно се печати веќе 14 години.

Од историска гледна точка кога е во прашање информирањето, многу значајно е што на 28 јануари 2005 година, по иницијатива на пензионираниот новинар Драги Аргировски, во соработка со раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Главниот и одговорен уредник на дневниот весник „Нова Македонија" Александар Димковски, излезе првиот број на **„Пензионерски видици".** Првата сезона на овој фељтон е до 24



НОВА МАКЕДОНИЈА
Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
АКТУЕЛНО
Средба со министерот за труд и социјална политика
Стр.13
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

април 2008 година, а отпечатени се 40 броја што ги подготви и уреди Драги Аргировски. Тоа, како и воведувањето на емисијата „Трето доба" на МТВ значително придонесува да започне да се разбива тогашниот информативен мрак за пензионерската проблематика во нашата земја.

На иницијатива на претседателот Аргировски и главниот уреденик на „Нова Македонија" Димковски, од 16.2.2012 година, започнува



ПЕНЗИОНЕРСКИ видици
НОВА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Не се користи мудроста на пензионерите

втората сезона на фељтонот „Пензионерски видици" во весникот „Нова Македонија". На 10



ПЕНЗИОНЕРСКИ видици
НОВА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија
Одбележување на уште еден значаен јубилеј
ЗП-КАВАДАРЦИ
Масовна пензионерска средба за празникот на лозарите

март 2016 година излезе 50–тиот број на овој додаток.

По повод излегувањето на 50–тиот број на „Пензионерски видици“, се одржа средба во СЗПМ со директорот на весникот „Нова Македонија“ Ратко С. Лазаревски и главниот и одговорен уредник на весникот и уредник на прилогот Александар Димковски, на која присуствуваше раководството на Сојузот, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, потпретседателот и секретарот на Извршниот одбор Салтир Каровски и Станка Трајкова, и уредниците на прилогот Калина Сливовска – Андонова и Мендо Димовски.



Покрај задоволството на двете страни од одличната соработка и констатацијата дека овој пример би било убаво да го следат и другите медиуми, беше констатирано дека весникот „Нова Македонија“ го издава „Пензионерски видици“ бидејќи опстојува 72 години и генерациски е врсник со многумина од припадниците на третата доба, а со тоа не може да се пофали ниту еден друг весник во земјата. На средбата беше констатирано дека „Нова Македонија“ се купува и чита и кога во неа не е поместен прилогот „Пензионерски видици“ заради другите содржини и прилози, коментари, колумни, но исто така беше истакнато дека овој прилог овозможува случувањата во здруженијата и во Сојузот да се знаат и прочитаат не само во земјата туку и многу пошироко, оти во иднина тој ќе биде уште побогат, а соработката уште подобра.

Во 2004 година тогашниот претседател на Сојузот на пензионерите на Македонија Вите Исјановски ја објавил книгата „Македонските пензионери денес“ Во публицистичката дејност со пензионерска проблематика посебно се истакнува Драги Аргировски со делата „Неговото височество пензионерот“ издадена во 2006 година, „Пензионерска сага” и „Во виорот на тре–
























тото доба" во 2007 година, „Моето име е пензионер" 2010, „Наши пензионерски времиња" 2012, „Студија за пензионерско организирање" (коавтор Илија Глигоров) и „Аргументите ја осветлуваат вистината" во 2016 година.

Актуелниот претседател на СЗПМ, новинарот и публицист Драги Аргировски е единствен автор кој има многу дела поврзани со пензионерската популација и го сметаат за основоположник на вистинското информирање во СЗПМ, за пензионерите и старите луѓе во земјата и пошироко во опкружувањето, заради што е прогласен за експерт за трета доба од Европскиот институт „Хеврека" во Република Словенија.

Истражувањата на Аргировски, покажуваат дека голем број пензионери во рамките на СЗПМ и во здруженијата на пензионерите, од година на година сè повеќе се вклучуваат во програмските активности во општеството, во пензионерскиот аматерски спорт, во фолклорните ревии и друго, како резултат на влијанието на информирањето на сите нивоа во Сојузот.

За да се постигне саканата цел односно добро, точно и навремено информирање, посебен придонес има и развојот на средствата за масовно информирање почнувајќи од печатените медиуми, преку радио–телевизиските, па се до најмодерните форми и облици вклучително и интернетот, кои информациите наменети за афирмирање на пензионерските настани ги пласираат професионални новинари како и голем број аматери дописници и фоторепортери – пензионери. Така се овозможува и правото на информираност на граѓаните за активностите на пензионерската популација, но и за поттикнување на разновидноста во мислењата и во идеите.

## 2. ФОРМИ НА ИНФОРМИРАЊЕ ВО СЗПМ

Во изминатите години на информирањето во Сојузот, но и во здруженијата членки на СЗПМ му беше посветувано големо вниманите. Информирањето беше двосмерно што придонесуваше на јакнење на довербата и соработката меѓу здруженијата и Сојузот. Здруженијата и пензионерите беа информирани и за соработката на Сојузот со Владата и нејзините министерства, особено со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура. Исто така не помало внимание беше посветувано и на информирањето за активностите на СЗПМ на пошироката јавност во земјата.

Транспарентноста и јавноста во работата придонесе некои неосновани напади врз Сојузот да бидат препознаени како такви, како шпекулации и невистини.

Што се однесува до формите може да се каже дека тие беа преку сите можни начини на информирање, а пред сè преку весникот „Пензионер плус", прилогот во весникот „Нова Македонија" „Пензионерски видици" и прилогот за пензионери во весникот на албански јазик „Коха", а повремено во други весници и списанија, како и преку повеќе радио и ТВ–емисии на локално и национално ниво. Информирањето се одвиваше и преку содржините на веб–страницата на СЗПМ на која редовно се поместуваат весникот „Пензионер плус", двата билтена за спорт и за ревиите, а на инфо беа најинтересните и најбитните информации и содржини кои беа објавувани на други веб–страници или во други списанија. Исто така беа изработени и 28 потстраници на 28 здруженија на кои е поместена личната карта на здружението, програмата, организационата структура на здружението и податоци за контакт. Прво здружение кое даде податоци за формирање подстраница беше ЗП Карпош од Скопје Ова ја зголеми соработката меѓу здруженијата и помогна за нивно подобро запознавање.

Покрај гореспоменатите форми на информирање, „Пензионерски видици", „Пензионер плус" и прилогот за пензионери во весникот на албански јазик „Коха", Сојузот издава и флаери, постери и други печатени форми.

Во пензионерската организација на Македонија, преломна е 2008–та година, кога по проект на Драги Аргировски се појавува првиот самостоен бесплатен информативен весник на СЗПМ „Пензионер плус" што е вистинска најава за еден нов начин на информирање на пензионерите.

Во уводникот на првиот број на „Пензионер плус" лавниот и одговорен уредник **Чедо Георгиевски** укажува дека весникот и веб–страницата се крупен исчекор во информирањето и истакнува дека СЗПМ со околу 250.000 членови има потреба од свој систем на информирање кој би требало да ги задоволи основните цели и задачи што се поставуваат во оваа


ПЕНЗИОНЕР плус

Кон првиот број

Крупен исчекор во информирањето

Средба со повод со Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ

Информирање од непосреден интерес на пензионерите

ZEGIN

ВО ОВОЈ БРОЈ...

ЗЕЛС ПОТПИША МЕМОРАНДУМ СО СОЈУЗОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

WEB СТРАНИЦА НА СЗПМ

РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ ИГРИ

ОД СЕГА!

„Пензионер плус“.

Ќе излегува еднаш месечно, но за разлика од „Видици“ ќе има четири пати поголем простор, односно 16 страници. Тоа е првата голема разлика во однос на „Видици“. Втората е многу поголем тираж од 7.000 примероци, што значи дека може да го добијат повеќе пензионери доколку би се делел само на нив, се разбира бесплатно. Ова е, значи, трета голема новина и разлика. Четвртата би била многу поголем број на информации од „терен“, односно од здруженијата преку побројна дописничка мрежа. А тоа значи нов квалитет, а не само квантитет, многу повеќе написи од нашето секојдневје, за активностите и збиднувањата во огранокот, здружението, во клубот, во секцијата и што уште не. А преку написите и фотографиите себе ќе се најдат, препознаат, видат мнозина, ќе се верификува нивниот придонес за подигање на квалитетот на активностите во нивната средина; нова подобра содржина во животот на пензионерите. Со информациите ќе се влијае позитивно на околината, ќе се предизвикуваат нови стремежи и кај себе и кај другите.

ПЕНЗИОНЕР плус

Весник за сегашните и идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година I – број 1 – јули 2008 год.

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:
Душко Шурбановски (претседател)
Андон Марковски
Ѓоко Серафимов
Нурие Кадриу
Ѓоко Трпчески
Чедо Георгиевски и
Драги Аргировски

Редакциски одбор:

Главен и одговорен уредник;
Драги Аргировски

Членови:
Димче Апостолски,
Иванчо Кузмановски,
Калина Сливовска Андонова,
Костадинка Кајмаковска,
Цветанка Илиева,
Хисен Шакири

Адреса:
СЗПМ „12 ударна бригада“
бр. 2. зграда на ССМ - Скопје
Телефон: 02 3223 710
тел-факс: 02 3128 390
Web: www.szpm.org.mk
E-mail: kontakt@szpm.org.mk

Проект Развој Македонија

Пензионер плус
Тел. 02 321 3227
E-mail: prm@szpm.org.mk

Дизајн и компјутерска обработка:
www.koma.com.mk

Печати:
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

област. За што всушност се работи? Во Сојузот подолго време се бара ефикасен начин на информирање. Досега беа користени различни облици. Во последните три и пол години со успех се издаваше прилог во дневниот весник „Нова Македонија“ именуван „Пензионерски видици“ Излегуваше еднаш месечно на четири страници, квалитетот беше на висина, корисниците задоволни. Прилогот значеше голем чекор напред во областа на информирањето. Но тоа беше недоволно.

Паралелно на МТВ одеше емисијата „Трето доба“ која од членството се цени високо и, заедно со „Видици“, го комплетираше системот на информирање на пензионерите на републичко ниво.

– Пензионерите отсега па натаму ќе имаат свој весник! Кажавме збор кој има голема значење. Да се има свој весник, независен, самостоен, е големо достигање. Еве, ние пензионерите стекнавме свој весник. Му дадовме име

За првиот број на „Пензионер плус“ заменик–главен и одговорен уредник на весникот Драги Аргировски подготви интервју со **Душко Шурбановски,** претседател на Собранието и на ИО на СЗПМ. Главен акцент беше даден на информирањето како непосреден интерес на пензионерите. Притоа Шурбаноски нагласи:

– На корисниците на пензија излегувањето на пензионерскиот весник „Пензионер плус“ ќе придонесе со повеќе информации за прашања од нивен непосреден интерес и што се поблиски до нивните потреби. Весникот ќе придонесува и за информирање на пошироката јавност за состојбите на оваа популациона група граѓани и за нивните потреби, како и за анимирање на надлежните органи на Државата за потребите на оваа популација, за зголемување на чувството на солидарност на помладата популација кон нивните родители, дедовци и баби. Весникот ќе придонесува за запознавање на помладите со придонесот на

оваа популација не само за создавање на Македонската држава со учествување во Народноослободителната војна, туку и во обновувањето на разорувањата од војната и изградбата на материјалната основа на земјата.

Се очекува и отворање на **ВЕБ-страница на СЗПМ**, бидејќи оваа форма на презентирање и комуникација со големиот број членки – 48 здруженија на пензионерите, е неопходна, но и на нашинците кои живеат секаде во светот.

Информативниот весник на СЗПМ „Пензионер плус” со своите содржини за сегашните и идните пензионери, денес се печати во 6.000 примероци и е еден од најчитаните весници во Република Македонија бидејќи го има и во електронско издание, а се доставува до сите 400 клубови на пензионери во Македонија, каде што неделно престојуваат и другаруваат околу 150.000 пензионери и граѓани. Од 2011 година во „Пензионер плус“ се печати една страница и на албански јазик, а во весникот на албански јазик „Коха“ неколку години се печати страница наменета за пензионерите.


Aktuale
Shtëpia e pleqve është nevojë

Од 2016 година прилогот се поместува на веб–страницата на СЗПМ.


ИЗБОР НА АЛБАНСКИ
Akademi solemne me rastin e 65 vjetorit nga organizimi i pensionistëve në Maqedoni

Во 2011 година се збогатува веб–страницата на СЗПМ, која до денес претставува битен фактор за информирање и на пензионерите и старите лица надвор од нашата држава, насекаде во светот.

Во етерот се емитуваат специјалните неделни емисии „Трета доба“ на МТВ и „Врати време“ на ТВ Алфа, „Златни години“ на Македонското радио, како и голем број прилози во рамките на разни ТВ–емисии и програми.

## 2.1. КОМИСИЈА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА ИО НА СЗПМ

Информирањето на почетокот било преку Комисијата за културно–забавен живот. Комисијата за информирање и издавачка дејност на ИО на СЗПМ формирана е во 2008 година. Прв претседател на Комисијата е Драги Аргировски. Таа има своја програма и план за работа која се донесува секоја година и според која се одвиваат нејзините активности, цели и активности:

- Навремено и точно информирање
- Обезбедување информации за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите до членките и обратно
- Обезбедување информации за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите до пошироката јавност и обратно
- Обезбедување информации за работата на сите владини и невладини институции, организации поврзани со пензионерската проблематика до Сојузот на здруженијата на пензионерите и неговите членки
- Поттикнување на творењето и издавачката дејност на луѓето од третата доба.

Во 2011 година за претседател на комисијата е избрана Калина С. Андонова.

## СВЕЧЕНО ДОДЕЛЕНИ ПРИЗНАНИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ

На 21 декември 2016 година, Комисијата за информирање и издавачка дејност на СЗПМ одржа седница на која покрај членовите на истата, присуствуваа и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, потпретседателот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски, секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова и претседателот на Комисијата за културно–забавен живот на



СЗПМ Мендо Димовски.

Во свечениот дел беа доделени благодарници на медиуми за нивниот придонес во развојот на пензионерското организирање во Македонија во изминатите 70 години со кои соработува Сојузот и кои го збогатиле информирањето во врска со пензионерската проблематика во нашата земја. Благодарници добија: весникот „Нова Македонија“, ГЦС, весниците „Дневник“, „Вечер“ и „КОХА“, МТВ, Македонско радио, ТВ АЛФА и МТМ. Исто така беа доделени и признанија на 10 дописници новинари на весникот „Пензионер плус“, најдолгогодишни и најистакнати дописници кои со своите написи придонеле весникот од број до број да биде сѐ поквалитетен. Признанија добија: **Милевка Здравковска, Гојко Ефтоски, Цвета Спасикова, Крсте Спасески, Добре Тодоровски, Вјолца Садику, Снежана Кутузовска, Васил Пачемски, Вукица Петрушева и Кирил Ристески.**


ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
NLB Banka
Година IX, број 100
Годината на Јубилејот нема да се заборави
ВО ОВОЈ БРОЈ...

**ПЕНЗИОНЕР** *плус*
**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година IX – број 100
ноември 2016 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Лена Семенакова
Павле Спасов
Д–р Веле Алексоски
Груица Манасиев
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Мендо Димовски**,
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Спирко Николовски,
Вадије Зендељи
Димитар Чавдаров

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

## 2.2. РАБОТИЛНИЦИ ЗА ДОПИСНИЦИ

Информирањето како и досега е еден од приоритетите на СЗПМ бидејќи ако нема точно и навремено информирање изгледа како ништо и да не се случува.

Со цел овој приоритет да биде квалитетно реализиран, формирана е дописна мрежа која го храни весникот „Пензионер плус“, „Пензионерски видици“ и „КОХА“. За обука на овој кадар досега се одржани и 4 работилници.

Прва работилница 2012 година
**Благовремено и точно информирање**

Со почетокот на новиот милениум, пензионерите во Македонија имаат, со секој нов ден, се поголема можност да дојдат до квалитетни и интересни информации од општ карактер, со



особен акцент на она што е нивен првенствен интерес – пензионерскиот стандард, нивото на пензиите, нивните усогласувања со порастот на животните трошоци, условите за амбулантно и болничко лекување и цените на лековите, бањско–климатската рехабилитација и рекреација, изградба на нови домови за стари лица...

Весникот „Пензионер плус” – бесплатен месечник на СЗПМ, прилогот „Пензионерски видици” што еднаш месечно излегува во дневниот весник „Нова Македонија” и месечниот прилог за пензионери на албански во весникот „КОХА“ објавуваат повеќе информации за тоа.



За да се реализира зацртаната цел – тие изданија да бидат побогати со содржини од разновидна тематика и поинтересни за многубројната пензионерска читателска публика, на 15 ноември 2012 година, на Велешко Езеро се одржа првата работилница со дописниците и соработниците од Република Македонија.

– Благодарејќи на медиумскиот плурализам и развојот на медиумскиот пазар во Република Македонија, постојано се поттикнува активноста на пензионерската организација, особено во информирањето заради остварувањата и проблемите на пензионерското и инвалидското осигурување, здравствената заштита, создавањето на подобар стандард и услови за живот на сите корисници на пензија – рече на почетокот од оваа работна средба претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

– За сите случувања пензионерите треба да бидат благовремено и точно информирани, а јавноста треба да добие поцелосна слика за пензионерскиот живот и за нивните проблеми, истакна Методија Тошевски, главен и одговорен уредник на „Пензионер плус“.

Во работниот дел, средбата беше поделена во две сесии:

- Пишување написи од новинарски аспект и
- Основни поими за компјутерот и Интернетот.
- На учесниците на работилницата им беше поделен Прирачник за изготвување на написи кој го подготвија Калина Сливовска – Андонова за компјутерско–информатичкиот дел и Мендо Димовски за новинарскиот дел.

Во дискусиите учествуваа: Добре Тодоровски, Перо Миленковски, Веле Алексовски, Таска Гавровска, Михаил Василев, Божана Ќулафкова, Јордан Костадинов, Цвета Спасикова и други.

Втора работилница 2014 година

**Информирање и едукација**

На 29 јануари 2014 година, се одржа втората работилница на која присуствуваа дописници од повеќе здруженија, Редакцискиот одбор, Издавачкиот совет и Комисијата за информирање на СЗПМ. Медијатор на работилницата беше главниот и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“, Методија Тошевски. Тој на почетокот ги поздрави присутните и рече:

– Во 2012 година беше одржана првата работилница со дописниците на нашите информативни гласила. Добиените резултати покажаа дека истата ја оправдала целта.

Оваа втора по ред работилница претставува континуитет во работата и содржи како и претходната, теоретски и практичен дел. Дописниците покрај со анатомијата на информацијата ќе се запознаат и со понапредно користење на Интернетот, за праќање и примање на текстови



и фотографии, – истакна при отворањето Методија Тошевски.

Секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова ги запозна присутните со Програмата на Сојузот за 2014 со посебен акцент на Проектот „Социјална карта“ и активностите кои ќе бидат преземени во 2014 година која од страна на Сојузот е прогласена за година на солидарност.

Потоа според агендата на работилницата, претседателот на СЗПМ и претседател на Издавачкиот совет Драги Аргировски, врз база на неговото педесетгодишно новинарско искуство зборуваше како се прави добра информација и при тоа потенцираше:



– При правење напис или информација истражувајте ги сите аспекти и секогаш држете се до вистината. Објективноста се гради само на тој начин.

По теоретскиот дел, Калина Сливовска – Андонова им презентираше на присутните како се користи Интернет за примање и праќање на написи и фотографии. Таа информираше и за веб–страницата на СЗПМ која во минатата година беше надоградена со архивата на сите весници и билтени, а оваа година и со архива на инфо–новости и настани.

За корисноста и резултатите од претходната работилница зборуваше Мендо Димовски, а Таска Гавровска зборуваше за чистотата на јазикот и вообичаени грешки кои ги прават дописниците.

Во дискусијата учествуваа: Милевка Здравковска, Перо Миленковски, Добре Тодоровски, Крсте Спасески, Цветанка Илиевска, Гојко Ефтовски, Севастија Сотировска, Соња Смилевска, Светлана Петковска, Спирко Николовски и Цвета Спасикова.. Заклучок беше дека ваквите работилници се повеќекратно корисни бидејќи на истите се едуцира, разменува искуства и се дружи.

Трета работилница 2015 година

**Сојузот има дописничка мрежа каква што посакуваат многу медиуми**

Во Скопје, на 20.2.2015 година, се одржа работилница со дописниците на СЗПМ. Во полната сала во која беа присутни над педесет дописници од речиси сите здруженија членки на Сојузот, беше задоволство да се констатира дека информирањето на пензионерите и на пошироката јавност во земјата и надвор од неа, за пензионерите и нивните проблеми и успеси, на „своите плеќи“ ја носат овие припадници на третата доба.

Најстар соработник меѓу нив, кој црта илустрации за страницата за забава во „Пензионер плус“ беше Миле Топуз, кој ја почнува деветтата деценија од животот, но кој неуморно соработува и испраќа цртежи, ја користи и совладува информатичката технологија за да биде ефикасен, независен од синот и внуците.



Најдолгогодишен дописник беше Гојко Ефтоски, новинар од Тетово, а меѓу присутните единствен Албанец беше Баки Бакиу, уредник на страницата на албански јазик во „Пензионер плус“ кој пишува и преведува написи и на албански и на македонски.




Во дописничката мрежа на која можат да и позавидат многу посериозни медиуми во земјата имаше и новинари со големо новинарско искуство, писатели, поети, но и новинари – аматери од разни професии кои со упорност и љубов го совладуваат овој тежок и одговорен занает. Тие не само што пишуваат туку праќаат и прават фотографии за нивните написи за да бидат што подобри и поверодостојни.

Работилницата почна со излагањето на претседаелот на СЗПМ Драги Аргировски. Во своето обраќање меѓу другото тој потенцираше дека за да се биде добар новинар треба да се истражува и секогаш да се биде на страната на објективноста и вистината, да се критикува, а не и да се критизира, но и да се потенцира и истакне она што е добро. Како и секогаш, неговото обраќање со респект и внимание беше следено од присутните.

За новите програмски проекти на Сојузот зборуваше Станка Трајкова, секретар на Извршниот одбор на СЗПМ. По нејзиното елаборирање на Програмата на СЗПМ за 2015 година, излагање за некои аспекти, но и грешки кои најчесто се среќаваат во написите кои ги праќаат дописниците зборуваше Мендо Димовски, заменик главен уредник во весникот „Пензионер плус“, со цел истите да се елиминираат и квалитетот на информативните весници: бесплатниот весник на СЗПМ „Пензионер плус", на прилогот „Пензионерски видици“ во „Нова Македонија“, прилогот за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА“ и веб–страницата на Сојузот, да бидат на што е можно повисоко ниво.

На работилницата стана збор и за користењето на информатичката технологија и надоградување на информатичките знаења на дописниците за што зборуваше Калина С. Андонова, претседател на Комисијата за информирање на ИО на СЗПМ и главен и одговорен уредник на „Пензионер плус“. Во излагањето таа истакна дека во оваа насока има виден напредок, бидејќи само три здруженија праќаат написи, вести и фотографии по пошта, останатите тоа го прават по електронски пат, а ако се земе во предвид дека возраста на дописниците е околу 70 до 75 години тоа е за секоја пофалба и восхит! На почетокот беше обратно, рече Андонова.

Исто така на работилницата стана збор и за веб–страницата на СЗПМ која се повеќе е посетена од посетители од сите јазични подрачја и од разни земји во светот. Со додавање на подстраници за секое здружение членка на Сојузот на страницата на СЗПМ, контактот меѓу здруженијата е сè подобар, а резмената на искуства меѓу нив поквалитетна.

Во завршниот дел имаше дискусија, во која присутните констатираа дека информирањето во Сојузот добро функционира и придонесува активностите, резултатите и успесите на здруженијата и Сојузот во целина, да се на посакуваното ниво, пензионерската популација да не биде на маргините на општеството, а пензионерите да имаат квалитетен живот и активно содржајно стареење. Беше истакнато дека овие констатации не значат дека треба да се застане тука, и дека не може и не треба да биде уште подобро, бидејќи интелектуален потенцијал постои и треба да биде искористен.

Четврта работилница 2016 година

**Во фокусот: 70-годишниот јубилеј на СЗПМ**

Во знак на одбележувањето на јубилејот 70 години од пензионерското организирање во Македонија, во организација на СЗПМ на 12–ти април 2016 година, во ресторанот „Панини“ на Велешко Езеро, се одржа четвртата работилница со дописниците на весникот „Пензионер плус“, на прилогот во „Нова Македонија“ „Пензионерски видици“ и страницата за пензионери на албански јазик во „Коха“. Покрај дописниците од здруженијата на пензионерите членки на Сојузот, на работилницата присуствуваа членовите на Издавачкиот совет и Редакцискиот одбор на весни–



кот „Пензионер плус“ и на Комисијата за информирање при СЗПМ. Во име на организаторот присутните најпрво ги поздрави и средбата ја отвори Калина Сливовска – Андонова, главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“ и уредник на „Пензионерски видици“ и на страницата на албански во „КОХА“, која во воведното обраќање го нагласи значењето на работилницата од аспект на согледувањата на резултатите од работата и размената на искуства, со цел да се подобри квалитетот на информирањето.



Потоа, на дописниците им се обрати претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој е и претседател на Издавачкиот совет на весникот „Пензионер плус“. Тој во излагањето ги потенцираше ефектите од правилното и навремено информирање, кои во оваа јубилејна година, кога се одбележува 70–годишнината од пензионерското организирање, треба да бидат уште поголеми и позабележителни, што е особено важно поради настојувањата на некои деструктивни елементи кои се обидуваат да го намалат значењето на пензионерското организирање и да создадат услови за остварување лични цели и интереси. Затоа, треба да се кажува и да се знае вистината за Сојузот, постојано да се презентираат целите и активностите на СЗПМ за уште повеќе да се афирмира и да јакне рејтингот на Сојузот. Со силата на аргументите и на новинарското перо поинтензивно ќе може да се дејствува за побрзо и пореално да се информираат пензионерите за да можат и самите да ги застапуваат и да ги бранат своите интереси.

Главниот и одговорен уредник на весникот, Калина С. Андонова говореше за значењето на надоградувањето на информатичките знаења на дописниците, а заменикот–главен и одговорен уредник Мендо Димовски, направи компарација помеѓу првата и сегашната работилница во однос на напредокот на дописниците во подготвувањето на текстовите за објавување. Секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова, ги апострофираше целите на пензионерското организирање во однос на исполнувањето на разните облици на дејствување во здруженијата имајќи ги предвид активностите и актуелностите што се од интерес за пензионерите. Потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Салтир Каровски говореше за значењето на пишаниот збор, земајќи ги предвид и електронските медиуми, како линк со јавноста за транспарентен настап и објавување на резултатите на здруженијата на пензионерите и на Сојузот. Собирот на новинарите го поздрави и претседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста, кој ги посочи резултатите во информирањето и изрази надеж дека во иднина ќе бидат уште поголеми. Во дискусијата учествуваа: Веле Алексоски, Цвета Спасикова, Добре Тодоровски, Нада Алексоска, Спирко Николовски, Елица Даниловска, Крсте Спасески и други дописници кои работилницата ја истакнаа како натамошна потреба за насочување во работата и размена на искуства и како поттик за уште поголеми достигнувања во областа на информирањето на пензионерите.

### 2.3. ВЕБ-СТРАНИЦА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија му дава посебна важност на информирањето на членството, но и на сите случувања во Сојузот и здруженијата за пошироката јавност. Тој тренд со засилено темпо продолжува, се разбира, преку весникот „Пензио–












нер плус“, додатокот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“ и страницата за повозрасната, односно пензионерската популација во весникот „КОХА“ на албански јазик. Информирањето на членството и на пошироката јавност се одвива и преку печатот и електронските медиуми, на национално и на локално ниво.

Што се однесува до веб–страницата на СЗПМ, таа постојано добива нов изглед и содржина. И понатаму се поместува весникот „Пензионер плус“, но од почетокот на 2014 година постои архива на сите инфо–новости, како што постои од 2013 година, архива на сите изданија на весникот. На веб–страницата објавени се и билтените за спорт и фолклорните ревии. Убава новина е, кога станува збор за веб–страницата на СЗПМ, тоа што на истата се поместени и потстраниците на здруженијата членки на Сојузот. Свои потстраници имаат следните здруженија: ЗП Гази Баба, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Дојран, ЗП Карпош, ЗП Кисела Вода, ЗП Тафталиџе ДДД, ЗП Крушево, ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Солидарност – Аеродром и ЗП Бутел. Во наредниот период се очекува да бидат изработени потстраници и за другите здруженија. На овој начин афирмацијата на здруженијата и на Сојузот како целина, е уште покомплетна, а комуникацијата меѓу нив е многу подобра.

Кога сме кај веб–страницата, можеме да се пофалиме дека истата од ден на ден е сè попосетена. На пример од 11 март до 10 април 2014 година, бројот на посетители изнесувал 573, односно во однос на декември 2013 година се зголемил за 40 %, кога страницата имала 335 посети. Од овој број речиси сите посетители се нови. Страницата најмногу ја посетуваат посетители од Р. Македонија 53%, а 19 % од Скопје.

Од податоците се гледа дека најмногу посетители се на возраст од 25 до 34 години, но 23, 5 % се посетители над 45 години. Бројките се доказ дека страницата ја посетуваат речиси сите генерации, а што се однесува до полот состојбата е следна: жени: 45.84%, мажи: 54. 16%. Меѓу посетителите има владини и невладини организации, туристички работници, компјутерџии, социолози, спортисти, фолклористи, инструктори за здрава храна и други.

Што се однесува пак до државите и јазичните подрачја, најголем број од посетителите се од англиското јазично подрачје, односно од земјите каде што се користи англискиот јазик и тој број изнесува 80.28% во посочениот период.

Со содржините поместени на www.szpm.org.mk обезбедено е целосно информирање и транспарентност во работењето на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во земјата и надвор од неа.

И во 2016 година показателите се слични со пораст од нови 5–10 проценти во бројот на посетители.

### 2.4. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНА ОД СЗПМ

Поттикнување на творењето и издавачката дејност на луѓето од третата доба е една од задачите, но и од желбите на Сојузот. Заради тоа веќе пет години по ред во финансискиот план на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се издвојуваат средства за оваа намена. Средствата ги распоредува трочлена комисија во состав: д–р Васил Тоциновски, Тамара Арсова и Томе Стојков.

**Во 2004 година**, со поддршка на СЗПМ издадена е книгата „Македонските пензионери денес“ од м–р Вите Исјановски.

**Во 2006 година** СЗПМ издал своја Монографија по повод 50 години од пензионерското организирање, која ја подготви Димче Апостоловски.

**Во 2013 година** поддржани се следните проекти и изданија на автори пензионери:
1. Баки Бакиу – „Анегдоти од цел свет“
2. Здружението на пензионери од општина Св. Николе – Монографија на ЗП Св. Николе
3. Трајко Стојковски и Јован Ѓуровски – Монографија: Калешангината старавина – Мариово
4. Санда Игњатовска – книгата поезија со наслов „Душа“
5. Милевка Здравковска – поетска книга „Песни од дамарите“
6. Мице Пашоевски – детски сказни „Болната принцеза“ и „Дедо мраз со внуците кај нас“
7. КУД Куманово – драмскиот проект – за „Р“
8. Мендо Димовски, – публицистичка книга „Чекорења низ животот“

**Во 2014 година** поддржани се следните проекти и изданија на автори пензионери:
1. Стојан Кукунешоски – поезија
2. Снежана Лазаровска – изложба на слики од ориз
3. Театарска работилница Куманово
4. Божана Цуцуловска – поезија
5. Благојка Филипчева и Лидија Симовска – изложба „Каменот има душа”
6. Јован Мазгански – книга поезија
7. Лидија Јеремиќ – книга поезија
8. Светлана Петковска – проект „Разбојот на баба ми Вета“
9. Стојан Стефановски – Монографија
10. Ненад Батковски – Монографијата за шахистот Димитар Илиевски
11. Душан Ристоски – Монографија „Споменици“
12. Александар Стојанов – Природни катастрофи
13. Борис Шуминовски – „Чувај го зборот“ – книга
14. Благоротка Стојчевска – „Песни за љубовта“ (поезија)
15. Иван Русјаков – „Зрнца“ (афоризми)

**Во 2015 година** поддржани се следните проекти и изданија на автори пензионери:
Нада Алексоска – „Песни за ѕвездите“
Иван Глигоровски – „Последниот илинденец“ – книга
Анастас Ќушков – „Глува река“
Петар Шаламанов – „Поезија“
Баки Бакиу – „Басни“
Лидија Јеремиќ – „Лулка на душата“ – поезија
Благој Арсов – Монографија
Ленка Говска – „Раскази“
Михаил Белдедовски – „Македонски Малеења“ – книга
Калина С. Андонова – „Судбини“ – раскази
Душко Јосифовски – „Гроздана“ – роман
Сава Таковска – „Ехо во квечерината“ – поезија
Благоја Алексоски – „Џунџуле“
Стојан Насевски – „Кратовска област“ – книга
ЗП Куманово – 10 години културно живеење
Театарска претстава „Сомнително лице“ – ЗП Куманово

**Во 2016 година** поддржани се следните проекти и изданија на автори пензионири:
Илија Глигоров и Драги Аргировски – Студија за пензионерското организирање
Драги Аргировски – „Аргументите ја осветлуваат вистината“ (публицистичка книга за третата доба)
Д–р Васил Дрвошанов – „Спевот Јаска од Методија Ст. Тошевски“ – книга
Мендо Димовски – „ЈАС“ – книга

**<u>Сојузот исто така издал и:</u>**
Правилници













Прирачник за сметководители (3),
Прирачник за дописници за изготвување написи
Прирачник за компјутерско работење (2)
Билтени за спортски натпревари (18)
Билтени за ревии на песни, музика и игри (14).

Свои монографии издадоа здруженијата: ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Кочани, ЗП Пробиштип, ЗП Тетово, ЗП Центар, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Карпош, ЗП Воени пензионери, ЗП Бутел, ЗП Куманово. Информатор издава ЗП Куманово и тоа на македонски и албански јазик.

Од прикажаното во врска со информирањето во СЗПМ и здруженијата на пензионери не–гови членки, како и преку печатените и електронски медиуми во државата, може да се заклучи дека информирањето во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија е на доста високо ниво и е пример за многу пензионерски асоцијации во опкружувањето и пошироко на Балканот и во Европа.

Јубилејни изданија на билтени за спорт биле издадени во 2000, 2005, 2010 и 2015 година.












Првиот билтен за песни, музика и игри е издаден во 2003 година, и континуирано се издаваат секоја година до денес.

























**Од доста голем број на изданија финансиски потпомогнати од СЗПМ ја издвојуваме промоција на книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината“, која беше издадена по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија од авторот Драги Аргировски.**

На 26. август 2016 година, во преполната сала на ССМ пред над 200 љуботели на пишаниот збор, меѓу кои беа и Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, градоначалникот на општина Ѓорче Петров Сокол Митровски, Љупчо Ајдински, почесен претседател на граѓанската организација „Скопјанката Мајка Тереза“ и други гости, беше промовирана книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината“ од Драги Аргировски, познат новинар и публицист. Прв за книгата и за авторот, зборуваше промоторот **Александар Димковски**, главен и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија“.

– Она што воодушевува кај пензионерите и треба да биде пример за сите е чувството на заедништво, сплотеност и припадност кон државата и нивниот патриотизам во третата доба, наспроти редицата примери на делби по социјална, политичка или партиска линија, на кои често сме сведоци. На многубројните настани кои ги организираат пензионерите масовно учествуваат Македонци, Албанци, Срби, Турци, Власи, Роми... Се дружат, се натпреваруваат, се шегуваат. Со еден збор, му се радуваат на животот. Затоа и нè изненадува податокот од книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината“ дека СЗПМ денес, во поглед на богатството на инфомативни содржини, достапни за своето членство, но и за сите граѓани, е единствен пример на Балканот. Книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината” на почитуваниот претседател на СЗПМ Драги Аргировски, ценет новинар и публицист, изобилува со факти, аргументи кои се поткрепени со релевантни податоци. Вистината е поим од врвно значење во животот, затоа сите ние секојдневно трагаме по неа. Книгата на Аргировски

изобилува со показатели за вистината, кои се систематизирани и презентирани и преку споредбени анализи. На еден разбирлив, сликовит, инспиративен начин, изграден и препознатлив новинарки стил, авторот ја третира проблематиката, задржувајќи го на високо ниво вниманието на читателот. По своето значење несомнено и оваа книга, како и неговите претходни 19 дела, ќе влезат во антологијата на домашната публицистичка дејност, особено кога станува збор за пензионерската проб-





лематика. Во тој правец и делото „Аргументите ја осветлуваат вистината" претставува најдобар доказ, печат за сегашноста, но и своевиден паметник за идните генерации, што нуди одговори на сите најактуелни теми и дилеми поврзани со животот на пензионерите.

Потоа на присутните им се обрати **Калина С. Андонова**, главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус", рецензент на книгата и еден од промоторите. Меѓу другото таа рече:

– Книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината" од Драги Аргировски, како што се гледа од самиот наслов е посветена на вистината и трагањето по неа. Публицистот и новинар Драги Аргировски, со своето големо искуство има што да каже, и затоа пишува. Доказ за тоа се неговите 20 книги! Аргировски е умен и храбар автор со визионерски погледи. Тој преку своите размислувања, обраќана и коментари, преку своите анализи со успех ја осветлува вистината, изнесувајќи низа аргументи и факти. На тој начин, тој преку неговите книги се претвора од набљудувач во активен учесник и бранител на вистината во границите на своите можности. Книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината" од Драги Аргировски е дело во кое се поместени голем број негови видувања, но и истражувања поврзани со пензионерскиот живот. Книгата содржи анализи и истражувања за активното стареење, за подобрување на животниот стандард во поодминати години, написи во кои се опишани исклучителни напори сето тоа да се преточи во конструктивна соработка со сите надлежни институции на сите нивоа во државата. Книгата „Аргументите ја осветлуваат вистината" е личен придонес на претседателот Драги Аргировски во чест на 70–годишнината од пензионерското организирање во Македонија, како прв човек, на најголемата невладина, мултиетничка пензионерска организација. Од книгата многумина ќе ја дознаат вистината и ќе се информираат за многу нешта. При тоа, некои ќе бидат среќни заради тоа, некои можеби не, во секој случај сите ќе бидат побогати за едно сознание кое како светлина ќе допре до нивниот ум и срце, зашто вистината само така се препознава.

На промоцијата беше презентирано и мислењето за книгата, за авторот и за творештвото од познатиот режисер и драматург **Бранко Ставрев:**

– Од морето информации содржани во 20 книги, Драги Аргировски создаде своевидна социолошка студија која го следи комплетно и комплексно човековиот живот. Филозофијата за „активното стареење" станува базична идеја

– водителка на Аргировски и се однесува на неговата цврста намереност и натаму да кажува и докажува дека човекот мора да твори дури „колка душа“ или до неговиот последен здив. Драги Аргировски прави огромен напор да ги реализира позитивните идеи, но истовремено, како паралелизам на севкупните дејства сврзани за битките за подобар живот на луѓето од третата доба, перманентно поддржува и една вторична акција, а таа е да се забележи сѐ, да се запише и најкусата вест за каков било настан, да се полемизира со неистомисленици, да се направи предговор за книга, да информира за активности, културни, политички, спортски и, се што се обелоденило во весник, на радио, на телевизија, а во најново време и на социјалните мрежи да се претвори во книга–документ за едно време сегашно, кое веќе утре, според метафизичките закономерности ќе се преточи во време минато. Со прецизност на стенодактилограф општественикот Драги Аргировски го ангажира новинарот Драги Аргировски, кој секое и најмало парче дејство го „снима“, го овековечува, за така минливото да го пресоздаде во трајност, со надеж дека ќе и послужи на иднината. Ќе сумираме дека во Драги Аргировски рамноправно суштествуваат две личности. Онаа на журналистот и онаа на општественикот, што се преточуваат во една, за да го закрепнат доказот дека староењето е неминовно, но ете можело да биде и активно. Од неговите дела дознавме дека уште пред да излезе на животната сцена, знаел која и каква улога ќе одигра и со тоа ќе ја декларира смислата на својата творечка присутност пред таткото и татковината.

Свои мислења и пофалби за авторот и неговото творештво дадоа  и Мендо Димовски, Методија Новковски и Нијази Џељиљи, кои истакнаа дека ова најново дело на авторот е и своевидна читанка и учебник за истражувачкото новинарство, но и за случувањата во СЗПМ и пошироко.

На крајот авторот на книгата Драги Аргировски, искрено им се заблагодари на сите присутни.

# IX ДЕЛ










# ПЛАКЕТИ, ПРИЗНАНИЈА И БЛАГОДАРНИЦИ

# ПЛАКЕТИ, ПРИЗНАНИЈА И БЛАГОДАРНИЦИ

## 1. ПЛАКЕТИ И ПРИЗНАНИЈА

По повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија додели 97 плакети и 162 признанија на истакнати личности и институции, докажани активисти, градоначалници и истакнати организации кои придонеле за развојот на пензионерската организација во нашата земја.

### ПЛАКЕТИ ЗА ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

1. Претседател на РМ Ѓорге Иванов
2. Собрание на Република Македонија
3. Влада на РМ
4. Министерство за труд и социјална политика
5. Министерство за култура
6. Министерство за здравство
7. Министерство за финансии
8. Министерство за одбрана
9. Сојуз на синдикати на Македонија
10. Сојуз на борци на Македонија
11. Црвен крст на Македонија
12. Фонд на ПИОМ;
13. Фонд за ЗОМ
14. Диме Спасов, министер за труд и социјална политика
15. Елизабета Канческа Милевска, министер за култура
16. Спиро Ристовски, зам. министер за образование
17. Коце Трајановски, градоначалник на град Скопје
18. Андреј Јус, Хеврека Љубљана
19. Антон Донко, ЗДУС Словенија;
20. ЗДУС Словенија
21. Марјан Шифтар – ЗДУС Словенија
22. Конфедерација на синдикати на Албанија
23. Кол Николај, претседател на КСА
24. Назиф Далјани, претседател на КС Пградец – Албанија.

### ПЛАКЕТИ ЗА ИСТАКНАТИ АКТИВИСТИ

1. Драги Аргировски, претседател на СЗПМ
2. Бесник Поцеста, претседател на Собрание на СЗПМ
3. Салтир Каровски
4. Станка Трајкова
5. Илија Адамовски
6. Душко Шурбановски
7. Андон Марковски
8. Крсте Ангеловски
9. Ѓорѓи Серафимов
10. Ѓорге Андонов
11. Данче Даскаловска

12. Томе Илиоски
13. Димитрија Богатиноски
14. Ѓорѓи Трпчески
15. Кирил Ѓорѓиоски
16. Спирко Николовски – ЗП Куманово
17. Павле Спасев
18. Александар Захариев
19. Јордан Костадинов
20. Шабан Сабриу
21. Душан Ристески
22. Фиданчо Стоев
23. Славко Стојановски
24. Петар Захарчев
25. Јован Гиновски
26. Методија Новковски
27. Шабан Азизи
28. Љупчо Димовски
29. Рамиз Ќазимовски
30. Александар Димковски
31. Ристо Франгов
32. Мирко Макрешански
33. Здравко Петковски
34. Ристо Анџушев
35. Веле Алексоски
36. Нијази Џељиљи
37. Лена Семенакова
38. Ристо Трајкоски
39. Станко Сипковски
40. Михаил Василев
41. Ментор Ќоку
42. Груица Манасиев
43. Калина С. Андонова
44. Мендо Димовски
45. Илија Глигоров
46. Олга Новачева
47. Митре Стојановски
48. Милевка Здравковска
49. Љубица Кузмановска
50. Стојанче Стефановски
51. Зико Зиков

**ПЛАКЕТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ**

1. Ратко Димитровски, градоначалник на Општина Кочани
2. Сокол Митровски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров
3. Петре Латиновски, градоначалник на Општина Бутел
4. Стевче Јакимовски, градоначалник на Општина Карпош
5. Зоран Дамјановски, градоначалник на Општина Куманово
6. Илчо Захариев, градоначалник на Општина Штип
7. Марјан Ристески, градоначалник на Општина Прилеп
8. Владимир Талевски, градоначалник на Општина Битола
9. Славчо Чадиев, градоначалник на Општина Велес
10. Зоран Заев, градоначалник на Општина Струмица
11. Сашко Николов, градоначалник на Општина Радовиш
12. Иван Франгов, градоначалник на Општина Гевгелија
13. Дарко Митровски градоначалник на Општина Македонска Каменица
14. Тони Тоневски, градоначалник на Општина Пробиштип
15. Изет Меџити градоначалник на Општина Чаир
16. Арсенчо Алексовски, градоначалник на Општина Крива Паланка
17. Жика Стојановски, градоначалник на Општина Илинден
18. Тони Трајковски, градоначалник на Општина Гази Баба
19. Трајче Димитриев, градоначалник на Општина Демир Капија
20. Љупчо Блажевски, градоначалник на Општина Демир Хисар
21. Борче Митевски градоначалник на Општина Петровец
22. Беким Мурати, градоначалник на Општина Сарај

**ПРИЗНАНИЈА ЗА ИСТАКНАТИ ОРГАНИЗАЦИИ**

1. Дом на АРМ Скопје
2. Дирекција на „Нова Македонија“
3. НЛБ Банка Скопје
4. Сава осигурување Скопје
5. ЗЕГИН
6. Комерцијална банка Скопје
7. Графички центар Скопје
8. Печатница РИ–графика Скопје
9. Македонска телевизија – Трета доба
10. Македонско радио Радио Скопје

11. Редакција на КОХА
12. Редакција на Дневник
13. Редакција на Вечер
14. Телевизија Канал 5
15. МТМ телевизија
16. Телевизија К–3 Куманово
17. Катлановска Бања
18. Дебарски бањи „Цапа“
19. Негорски Бањи
20. Здравствена Организација – Природно Лекувалиште Бања Банско
21. КУД „Ѓоко Симоновски“ ЗП Куманово
22. КУД „Весели пензионери“ – ЗП Пробиштип
23. КУД на ЗП Кочани
24. КУД на ЗП Тетово
25. КУД „Пензионер“ и „Пенка Котеска“ ЗП Прилеп
26. КУД на ЗП Радовиш
27. КУД на ЗП Македонска Каменица
28. Клуб на љубители на книгата „Солидарност – Аеродром“ – Скопје
29. HAK- BUS
30. GAZMEND TURIST Дебар
31. NEW STAR Скопје
32. ШАМПИОН Радовиш
33. Редакција на „Пензионер плус“ СЗПМ
34. Македонски народен театар

**ПРИЗНАНИЈА ЗА ИСТАКНАТИ АКТИВИСТИ**

1. Трајко Савевски
2. Ристо Прентовски
3. Ѓорѓи Зарински
4. Младен Петров
5. Драган Петков
6. Боривое Бојаџиев
7. Трајан Пецов
8. Љупчо Лукарски
9. Лиман Положани
10. Видан Конески
11. Никола Атанасов
12. Мирко Данаилов
13. Мирко Трпевски
14. Димитрија Димовски
15. Ариф Бекир
16. Нурие Кадриу
17. Вангелица Марковска
18. Надежда Давчева
19. Доне Тодоровски
20. Стојан Настевски
21. Јован Ефтимов
22. Адем Османфари
23. Зоре Мицковски
24. Стево Бојаџиев
25. Стамен Филипов
26. Софија Симовска
27. Свето Димовски
28. Цветанка Илиева
29. Баки Бакиу
30. Фруска Костадиновска
31. Љубомир Георгиев
32. Спирко Николовски – Скопје
33. Милорад Ристевски
34. Жаклина Мучева
35. Гојко Ефтоски
36. Арсен Илиевски
37. Вадије Зендељи
38. Мирко Јанакиев
39. Цветанка Ангеловска
40. Вера Бужаровска
41. Николајчо Николов
42. Марија Ѓоргиева
43. Лилјана Младеновска
44. Драган Георгиев
45. Јордан Арсовски
46. Лидија Јеремиќ
47. Славица Ламбаша
48. Новко Петрушевски
49. Фаик Јашари
50. Кирил Дамески
51. Љубинко Ристов
52. Киро Герасимов
53. Бранко Почуча
54. Јабланка Веселиновска
55. Благица Маркулеска
56. Никола Донев
57. Блажо Станојков
58. Марија Каракамишева
59. Божана Тасевска
60. Павлина Камчева
61. Симе Цветаноски
62. Моме Цветановски
63. Елена Апостолова
64. Тоше Јанкуловски
65. Костадин Стојанов
66. Вјолца Садику
67. Кенан Мимидиновски
68. Верица Тоциновска
69. Томче Стојков
70. Перо Андреевски
71. Најдо Ефтовски
72. Лилјана Трајановска
73. Зоран Андреески
74. Томе Ангеловски

**ПРИЗНАНИЈА ЗА ЗП ЧЛЕНКИ НА СЗПМ**

1. Здружение на пензионери Берово
2. Здружение на пензионери Битола
3. Здружение на пензионери Богданци
4. Здружение на пензионери Бутел Скопје
5. Здружение на пензионери Валандово
6. Здружение на пензионери Вевчани
7. Здружение на пензионери Велес
8. Здружение на пензионери Виница
9. Здружение на Воени пензионери Скопје
10. Здружение на пензионери Гази Баба Скопје
11. Здружение на пензионери Гевгелија
12. Здружение на пензионери Гостивар
13. Здружение на пензионери Дебар и Центар Жупа
14. Здружение на пензионери Делчево
15. Здружение на пензионери Демир Капија
16. Здружение на пензионери Демир Хисар

17. Здружение на пензионери Дојран
18. Здружение на пензионери Ѓорче Петров Скопје
19. Здружение на пензионери Злетово
20. Здружение на пензионери Кавадарци
21. Здружение на пензионери Карпош Скопје
22. Здружение на пензионери Кисела Вода Скопје
23. Здружение на пензионери Кичево
24. Здружение на пензионери Кочани
25. Здружение на пензионери Кратово
26. Здружение на пензионери Крива Паланка
27. Здружение на пензионери Крушево
28. Здружение на пензионери Куманово
29. Здружение на пензионери Лабуниште
30. Здружение на пензионери Лозово
31. Здружение на пензионери Македонска Каменица
32. Здружение на пензионери Македонски Брод
33. Здружение на пензионери Неготино
34. Здружение на пензионери Ново Село
35. Здружение на пензионери ОВР Скопје
36. Здружение на пензионери Охрид и Дебрца
37. Здружение на пензионери Пехчево
38. Здружение на пензионери Прилеп
39. Здружение на пензионери Пробиштип
40. Здружение на пензионери Радовиш и Конче
41. Здружение на пензионери Ресен
42. Здружение на пензионери Солидарност – Аеродром Скопје
43. Здружение на пензионери Струга
44. Здружение на пензионери Струмица
45. Здружение на пензионери Тафталиџе ДДД Скопје
46. Здружение на пензионери Тетово
47. Здружение на пензионери Центар Скопје
48. Здружение на пензионери Чаир Скопје
49. Здружение на пензионери Штип и Карбинци
50. Здружение на пензионер Шуто Оризари Скопје
51. Здружение на пензионери Свети Николе
52. Здружение на солидарни пензионери – Илинден Скопје
53. Здружение на пензионери Сарај Скопје
54. СЗП на град Скопје

Секоја година Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и здруженијата – негови членки доделуваат благодарници за учество на спортски натпревари, ревии на песни, музика и игри, и други разни манифестации на учесници, но и Сојузот и здруженијата добиваат од разни институции и организации поврзани со пензионерската проблематика.

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 70-ГОДИШНИНАТА ОД ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

1. Драги Аргировски, претседател на Одборот
2. Бесник Поцеста
3. Салтир Каровски
4. Станка Трајкова
5. Душко Шурбановски
6. Андон Марковски
7. Илија Адамоски
8. Ѓорге Андонов
9. Ѓорѓи Серафимов
10. Данче Даскаловска
11. Александар Захариев
12. Шабан Сабриу
13. Душан Ристески
14. Јордан Костадинов
15. Крсте Ангеловски
16. Мирко Макрешански
17. Димитрија Богатиноски
18. Олга Новачева
19. Ристо Трајкоски
20. Ментор Ќоку
21. Ристо Франгов
22. Станко Сипковски
23. Томе Илиоски
24. Веле Алексоски
25. Методија Новковски
26. Васил Зимбаков
27. Спирко Николовски – Куманово
28. Ѓорѓи Трпчески
29. Кирил Ѓорѓиоски
30. Шабан Азизи
31. Павле Спасов
32. Митре Стојановски
33. Зико Зиков
34. Фиданчо Стоев
35. Мендо Димовски
36. Здравко Петковски
37. Стојанче Стефановски
38. Калина С. Андонова
39. Андреја Наумовски

**1. Комисија за подготовка на предлог за одликување на СЗПМ по повод јубилејот**: Драги Аргировски, Калина Андонова, Томе Илиоски, Шабан Азизи, Методија Новковски, Илија Адамоски и Ристо Трајкоски.

**2. Комисија за признанија за истакнати членови на СЗПМ**: Салтир Каровски, Ѓорѓи Серафимов, Ристо Франгов, Ѓорѓи Трпчески, Здравко Петковски.

**3. Комисија за протокол и коктел:** Димче Богатиноски, Ментор Ќоку, Кирил Ѓорѓиоски и Митре Стојановски.

**4. Комисија за подготовка на свечена академија и меѓународна соработка**: Драги Аргировски, Бесник Поцеста, Салтир Каровски, Станка Трајкова, Данче Даскаловска, Ѓорѓи Серафимов, Александар Захариев, Андреја Наумовски и Илија Глигоров.

**5. Комисија за информирање**: Калина Андонова, Мендо Димовски, Цветанка Илиева, Баки Бакиу и Зоран Андреески.

**6. Стручна поддршка - секретаријат**: Перо Антреевски, Лиле Трајановска, Најдо Ефтовски, Мара Илиќ, Томче Стојков и Томе Ангеловски.

**ЈУБИЛЕЈНА МОНОГРАФИЈА
„70 ГОДИНИ ПЕНЗИОНЕРСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА
1946-2016“**

**Рамка:** период на опфат 1946 – 2016
**Јазик:** македонски и дел на тиражот на албански и англиски
**Формат:** А–4 колор
**Приближен број на страници**: 200
**Издавачки совет**: Бесник Поцеста, Салтир Каровски, Илија Адамоски, Ѓорге Андонов, Душан Ристоски, Спирко Николовски, Веле Алексоски, Крсто Ангеловски и Баки Бакиу.

**РЕДАКЦИЈА:**
**Автори:** Драги Аргировски (главен уредник), Калина С. Андонова (уредник), Станка Трајкова, Мендо Димовски и Илија Глигоров.
**Графичка подготовка и уредување**: Томе Ангеловски
**Лектор и коректор**: Верица Тоциновска
**Фотографии:** Зоран Андреески и Мендо Димовски (сите фотографии се сопственост на СЗПМ)
**Рецензенти**: Александар Димковски, главен уредник на „Нова Македонија”

Организациски одбор
Претседател Драги Аргировски

# X ДЕЛ

СОБРАНИЕ

ИЗВРШЕН ОДБОР

НАДЗОРЕН ОДБОР

СТАТУТАРНА КОМИСИЈА

КОМИСИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

КОМИСИЈА ЗА СОЖИВОТ

ЕКОНОМСКО-ПРАВЕН ФОРУМ

КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО

ОРО ЗА СОЛИД. ФОНД И ЧЛЕНАРИНА

КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО-ЗАБАВЕН ЖИВОТ

КОМИСИЈА ЗА МЕНАЏИРАЊЕ ПРОЕКТИ

КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

КОМИСИЈА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

# ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА СЗПМ

# ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА СЗПМ

## ИЗВРШЕН ОДБОР НА СЗПМ 2006 ГОДИНА



## ИЗВРШЕН ОДБОР НА СЗПМ 2009 ГОДИНА



## ИЗВРШЕН ОДБОР НА СЗПМ 2011 ГОДИНА



# ОРГАНИ И ТЕЛА НА СЗПМ ВО 2015 ГОДИНА



**ДРАГИ АРГИРОВСКИ**
претседател
на СЗПМ



**БЕСНИК ПОЦЕСТА**
претседател на
Собрание на СЗПМ



**САЛТИР КАРОВСКИ**
потпретседател
на ИО на СЗПМ



**СТАНКА ТРАЈКОВА**
секретар
на ИО на СЗПМ

## ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕ НА СЗПМ



Драги Аргировски
Димитрија Богатиноски
Стојанче Стефановски
Димитар Богдановски
Станко Сипковски
Пеце Гештаров
Крум Стаменков
Тодор Василев
Светолик Николов
Славко Стојановски
Весна Попова
Груица Манасијев
Димитар Молосов
Петар Захарчев
Веле Алексоски
Олга Новачева
Љупчо Димовски
Ариф Бекир
Јордан Костадинов
Ѓорѓи Серафимов
Александар Захариев
Рамиз Ќазимовски
Ристо Анѓушев
Јован Гиновски
Крсте Ангеловски
Салтир Каровски

Димитрије Димовски
Ристо Франгов
Ментор Ќоку
Ѓорѓе Андонов
Славко Симонов
Баки Бакиу
Мендо Димовски
Здравко Петковски
Цане Антовски
Илија Адамоски
Кирил Ѓорѓиоски
Наум Чочоровски
Адем Османфари
Ирфан Уштеленца
Иван Коруновски
Лазар Ангелов
Шабан Сабриу
Софија Симоска
Мирко Макрешански
Хулуси Салии
Бранко Максимовски
Илија Ковачев
Ристо Трајковски
Ристана Мојсоска
Рефат Јаоски
Душан Ристовски
Данче Даскаловска
Митко Спасов
Марија Маневска
Тодор Сламков
Боривој Бојаџиев
Васил Зимбаков
Јован Кирковиќ
Мустафа Ќамуроски
Благој Ајдарски
Јован Ночевски
Јован Чичаковски
Јован Попов
Станка Трајкова
Бесник Поцеста
Зико Зиков
Маре Илиќ
Калина Андонова

## ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШЕН ОДБОР 2015-2019 ГОДИНА



Драги Аргировски – претседател
Салтир Каровски – потпретседател
Станка Трајкова – секретар
Душан Ристоски
Олга Новачева
Ѓорѓе Андонов
Ристо Франгов
Данче Даскаловска
Ристо Трајкоски
Шабан Сабриу
д–р Крсте Ангеловски
Димитрија Богатиноски
Станко Сипкоски
м–р Илија Адамоски
Ѓорѓи Серафимов
д–р Мирко Макрешански
Јордан Костадинов
Ментор Ќоку
Александар Захариев
Јован Кирковиќ
Калина С. Андонова

## НАДЗОРЕН ОДБОР

Митре Стојановски – претседател,
Нијази Џељиљи
Снежана Андова
Мирко Данаилов
Благој Арсов

## КОМИСИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Драги Аргировски – претседател
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
Станка Трајкова
Данче Даскаловска
Д–р Андреја Наумовски
Д–р Илија Глигоров
Ѓорѓи Серафимов
Александар Захариев

## ПРАВНО-ЕКОНОМСКИ ФОРУМ

Д–р Фиданчо Стоев – претседател
М–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Стеван Бојаџиев
Светолик Николов
Ристо Прентовски
М–р Ристе Нетков
Стефан Владимиров
Манојло Дамески

## ОДБОР НА РЕГИСТРИРАНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД И ЧЛЕНАРИНА

Салтир Каровски – претседател
Кирил Ѓорѓиески
Ѓорѓе Андонов
Јован Гиновски
Гидо Бојчевски
Крсто Цанев
Љубомир Јанев

## СТАТУТАРНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СЗПМ

Зико Зиков – претседател,
Никола Марковски
Пеце Гаштаров
Бекир Неџипи
Весна Поповска

## КОМИСИЈА ЗА МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОРАБОТКА И СОЖИВОТ

Шабан Азизи – претседател
Лилјана Источка
Хулуси Салиу
Адем Османфари
Благоја Арсиќ
Петар Захарчев
Рамиз Ќазимовски
Лилјана Атанасовска
Ариф Бекир

## КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО-ЗАБАВЕН ЖИВОТ

Мендо Димовски – претседател
Ленка Здравковска
Цветанка Ангеловска
Вангелица Марковска
Славица Ламбаша
Нурие Кадриу
Ванѓа Пенева
Борис Грковски
Леонид Манчев

## КОМИСИЈА ЗА МЕНАЏИРАЊЕ ПРОЕКТИ

Д–р Андреја Наумовски – претседател
М–р Васил Вангеловски
Д–р Илија Глигоров
Калина Сливовска – Андонова
Георги Хаџи Васков
Цветко Колчакоски
Емилија Стојаноска

## КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Здравко Петковски – претседател
Љубица Кузмановска
Ристо Трајкоски
Иван Цветановски
Гале Бобаровски
Лилјана Младеноска
Благоја Клекачкоски
Хараламп Ампов
Димче Митрев

## КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Д–р Стојанче Стефановски – претседател
Д–р Димитар Димитриевски
Д–р Илија Глигоров
Д–р Мирко Анакиев
Д–р Димитар Спасевски
Јордан Арсовски
Цвета Стаменова
Марија Ѓорѓиева
Ибраим Османи

## КОМИСИЈА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Калина Сливовска – Андонова – претседател
Цветанка Илиева
Гојко Ефтовски
Изеир Мустафаи
Димитар Димовски
Фруска Костадиновска
Благоја Спиркоски
Баки Бакиу
Арсен Илиевски

## ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ НА „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“

Драги Аргировски – претседател
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Лена Семеникова
Павле Спасов
Д–р Веле Алексоски
Груица Манасијев

## РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“

Калина Сливовска – Андонова – Главен и одговорен уредник
Мендо Димовски – зам. главен и одговорен уредник
Цветанка Илиева
Спирко Николовски
Баки Бакиу
Димитар Чавдаров
Вадије Зендели

# ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ ВО СЗПМ

## ЗП БИТОЛА

Здружението на пензионери Битола е едно од најстарите здруженија на Република Македонија, формирано во далечната 1946 година. Како ден на формирањето, Здружението го одбележува 15 октомври. Здружението на пензионери на општина Битола е невладина, доброволна организација, организирана во 30 урбани заедници односно разграноци во градската и во повеќе рурални средини.

Здружението во своите редови ги вбројува и пензионерите од општините Новаци и Могила. ЗП Битола со своето бројно членство од над 17.500 членови е најголемото пензионерско Здружение во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Правата и надлежностите на членовите се остваруваат врз основа на законските прописи и Статутот на Здружението на пензионери Битола. За одбележување е дека здружението издвојува значителни средства за помош на своите членови, но помага и голем број хуманитарни акции и установи. Покрај редовните активности, во фаза на разработка во здружението е и студија за волонтерско ангажирање на пензионерите. Здружението е мошне активно и во соработката со здруженија надвор од земјата. Соработката се остварува со здруженијата на пензионери од Врање и Пожаревац, Република Србија.



ЗП Битола одлично соработува со СЗПМ каде активно учествува и дава свој придонес во работата на најголемата масовна мултиетничка невладина организација, како и со други организации кои се бават со проблематика поврзана со пензионерската популација.



Редовно учествува на сите републички и регионални ревии на песни, музика и игри како презентер на македонското културно богатство. Во 2016 година успешно го претставуваше Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија на 16 Фестивал за 3 животно доба во Љубљана, заедно со ЗП Демир Хисар.

Повеќе години station наназад, ЗП Битола, се вклучува во одбележувањето и прославата на 4–ти ноември денот на ослободувањето на град Битола, вклучувајќи се во низата активности по тој повод кои што ги организираше општината. На овие прослави речиси секогаш настапува пејачката група „Сирма Војвода“. Во 2016 година пред многубројната публика пејачката група „Сирма Војвода“ изведе сплет на народни песни. Покрај ова за својата активност како невладина организација здружението има добиено повеќе признанија, како и највисокото признание, „4 – ти Ноември“ награда на градот Битола.

Претседател на Извршниот одбор и на здружението е Томе Илиоски, претседател на Собранието е Стеван Бојаџиев, потпретседател на Извршниот одбор е Цветанка Ангелковска, а секретар е Анета Петковска.

# ЗП ВЕЛЕС

Здружението на пензионери Велес формирано е во 1957 година. Тогаш Здружението имало околу 650, а денес брои над 8.800 членови и над 600 сопружници кои не се пензионери, но се членови на Здружението. Здружението е организирано со 14 месни и урбани заедници. Со сопствени средства, здружението го има изградено Домот на пензионери кој располага со 24 стана за домување на пензионери под закуп со исклучително ниска закупнина, главно наменет за пензионери со помали пензии. За потребите на пензионерите и младината ЗП Велес има уште два дома во населбата Отовица и во село Богомила. Рекреативниот дом во Богомила располага со 30 кревети за преноќување, спортска сала, кујна и во него можат да престојуваат и да се рекреираат сите пензионери и други граѓани.Здружението во својата работа особено внимание посветува на унапредување и омасовување на спортските и културно–уметничките дејности. Во спортот пензионерите од ЗП Велес не ретко освојуваат први места на Републичките спортски игри, а пејачката група се вбројува меѓу најдобрите во СЗПМ. ЗП Велес беше домаќин на три Републички пензионерски спортски натпревари во 2001, 2005 и 2007 година. Членовите на Здружението се чести посетители на театарски претстави, на промоции на книги и ликовни изложби, како и на организирани екскурзии во државата и странство. ЗП Велес заедно со општините Велес, Градско и Чашка имаат потпишано повеќегодишен меморандум – Стратегија за грижа на стари и изнемоштени лица.



На големиот верски празник Успение на Пресвета Богородица, дворот на црквата во населбата Чашка кај Велес, секогаш е премал за да може да ги собере над две илјадите пензионери и други гости кои доаѓаат од повеќе краеви на Македонија, самоиницијативно, но и организирано преку своите здруженијата на пензионери.




Овој празник ќе биде традиционално одбележуван, како слава на Општината Чашка.

Активно работи и Активот на пензионерки и други волонтери, кои се вклучени во активностите на Црвениот крст и други хуманитарни организации. Здружението секоја година партиципира за одмор и рекреација на пензионерите, за бањско лекување, како и за превозни трошоци за еднодневни и дводневни екскурзии. ЗП Велес има оформено Солидарен фонд кој е со хуманитарен карактер и преку него се исплаќаат средства за погребнина на сопружници на членовите пензионери. Здружението соработува со ФПИОМ, ФЗОМ, Министерството за труд и социјална работа, Црвениот крст и други.

Претседател на здружението и на ИО е д–р Веле Алексоски, претседател на собрание Олга Ѓорѓиевска, а секретар е Нада Алексоска.

## ЗП КУМАНОВО

Здружението на пензионери „Куманово“ – Куманово се вбројува меѓу најстарите членки на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. Според сеќавањата на постари членови, Здружението своите почетоци ги бележи од септември 1946 година, кога група пензионери се состанале во просториите на Синдикалниот совет во Куманово и формирале подружница на пензионери. Покрај изборот на раководство, избрале и делегати кои ќе ги претставуваат на основачко собрание на пензионери на Македонија. За постоењето и работењето на Здружението е пронајден објавен текст во „Нова Македонија“ во кој пишува дека на 2 август 1950 година е одржано отчетно Собрание на пензионерската подружница во Куманово. Овој податок потврдува дека подружницата делувала и пред тоа. Во 1952 година тогашното Собрание на општината Куманово има донесено одлука со која го ополномоштува пензионерското Здружение да управува со пливачкиот базен во долниот парк, и собраните средства од наплата на влезниците да ги користи за финансирање на своите активности. Со укинување на околијата во 1966 година, од тогашното регионално Здружение на пензионери од Куманово, Кратово и Крива Паланка, се формира посебно Здружение на старосни пензионери во Куманово во чиј состав се пензионерите од Липково и Старо Нагоричане. Со годините, нормално, бројот на пензионери во ЗП Куманово се зголемува и денес брои над 13.850 старосни, семејни, воени, полициски и осигурени брачни другари. Тие се организирани во 34 ограноци во општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане. Во Здружението членуваат македонци, албанци, срби, роми и власи.



Здружението перманентно се залага за заштита и унапредување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, подобрување на животниот стандард и друго. ЗП Куманово препознатливо е по КУД „Ѓоко Симоновски“, кое годишно приредува по 30–35 јавни настапи во државата, во опкружување и на Балканот. Посебно е атрактивна драмската работилница, чии актери имаат прикажаа над 60 претстави. Активни се и хорската, пеачката, фолкорната секција со оркестарот на народни иструменти.

Повеќе стотини пензионери се носители на златни, сребрени и бронзени медали. На сите досегашни натпревари, спортистите се вбројуваат меѓу најуспешните во државата. Приказната на постигањата ја дополнуваме и во областа на информативната и издавачката дејност. Повеќе од 16 години, Здружението издава списание „Пензионерски информатор” на македонски и на албански јазик. Издадени се 3 јубилејни монографии од кои две од областа на спортот и една за културно–уметничкото творештво на пензионерите. За своите многубројни активности, Здружението има добиени голем број признанија, меѓу кои Ноемвриска награда на градот Куманово за Здружението и посебно на КУД „Ѓоко Симоновски“. ЗП Куманово е првото здружение кое учествувало на Меѓународниот фестивал за трето животно доба во Љубљана Р. Словенија и успешно го претстави СЗПМ и културното богатство на Македонија.







ЗП Куманово 14 години по ред одржува меѓуетничка и меѓународна средба во легендарното Пелинце на која учествуваат гости од повеќе здруженија членки на СЗПМ, како и од пензионери од соседна србија.

Претседател на здружението и на ИО е Спирко Николовски, потпретседател е Љубица Кузмановска, а секретар .

## ЗП ТЕТОВО

Зад седумдецениското постоење, ЗП Тетово секогаш оставало впечаток на едно од најдобрите и најуспешните. И уште една констатација: ова здружение функционира на подрачје на шест општини во Долни Полог (Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце) во кое членуваат над 12.000 пензионери, со што се сврстува и меѓу најголемите во Македонија. Доминантни содржини во активностите на ЗП Тетово биле и остануваат организационото зацврстување, организирање манифестации со што помасовно учество на пензионери. Плод на активностите се многубројните признанија и награди што Здружението ги има добиено од разни асоцијации. Во рамки на Здружението функционираат 21 огранок и 5 клубови на пензионери, од кои два во Тетово, како и по еден во Теарце, Боговиње и Сараќино.









Во 2012 година Здружението издаде монографија за 65 годишниот опстој и работа. Монографијата беше издадена како една целина на македнски и албански јазик. ЗП Тетово е иницијатор за организирање и одржување на спортски републички натпревар. Доседа учествувало на сите регионални и републички натпревари. На ниво на регион, секогаш со пласман на првото место, додека оние што ги организира СЗПМ, осум пати било најдобро. Во 2014 година, ЗП Тетово беше домаќин на републичките натпревари, што се одржаа во кругот на комбинатот „Тетекс“.

ЗП Тетово се јавува и во улога на организатор на фолклорните ревии на песни, музика и игри, уште по одржувањето на првите регионални ревии пред 14 години, Тетовските играорци и песнопојци забележаа успешни настапи, како и на шесте републички ревии. ЗП Тетово, во 2013 година, ја претставуваа пензионерската организација на Македонија на фестивалот во Љубљана (Словенија), кој се одржа под мотото „Сите сме една генерација“, реферат имаше тогашниот претседател на Собранието Гојко Ефтоски поднесе реферат на тема: „Остварување на програмските задачи на пензионерите во мултиетничка животна средина“. Годишно најмалку 700 пензионери учествуваат на разни екскурзии во земјата, и во странство: Србија, Албанија, Бугарија, Турција, Косово и Грција. Долг е списокот на активностите што ги остваруваат тетовските пензионери. Сепак, посебно ја издвојуваме мултиетничката средба, што е прифатена и од СЗПМ како републичка манифестација, на која се игра и пее речиси на сите јазици во земјата.



Во овој мандат, претседател на Здружението, а воедно и на ИО е Шабан Азизи, на Собранието е Стојан Соколоски, а секретар е Светозар Димовски.

## ЗП СОЛИДАРНОСТ - АЕРОДРОМ

Здружението на пензионерите „Солидарност – Аеродром“ – Скопје, е релативно ново здружение. Формирано е со одвојување од ЗП „Кисела Вода“ – Скопје, по завршување на делбен биланс на задоволство на двете здруженија, поточно пред 6 години, а регистрирано е во Централниот регистар на 14 април 2009 година, кој ден здружението го одбележуваме на пригоден начин секоја година.



Покрај вообичаените органи и тела Здружението има 5 ограноци и тоа: Вардар, Аеродром, Јане Сандански, Ново Лисиче и Лисиче и брои околу 11.500 пензионери. Ограноците територијално ги покриваат сите урбани и месни заедници на подрачјето на општината Аеродром во Скопје. Во склоп на Здружението работат и 7 клубови на пензионери во кои се одвиваат речиси сите активности на ограноците. Здужението постигнува убави резултати благодарение и на интелектуалниот и организационен потенцијал кој го поседува раководството и членство. Може слободно да се каже дека здружението спаѓа во категоријата на најактивни здруженија членки на СЗП на град Скопје и пошироко во земјата, како членка на СЗПМ.



На 15 октомври 2014 година ЗП Солидарност – Аеродром се збратими и со ЗП „Охрид и Дебрца“. Формирано е Координативно тело на здруженијата, кое прави Годишна програма на активности согласно со средствата определени во финансиските планови на двете здруженија. Здружение во изминативе 6 години постигнува одлични резултати на сите полиња и притоа настојува средствата да ги врати назад на своите членови по сите основи, вклучувајќи ја работата на клубовите, одморот и рекреацијата, доделувањето парична помош, бањското лекување, спортските активности, како и фолклорните ревии на песни, музика и игра, а сето тоа се должи на колективната работа на органите и телата на Здружението. Во здружение функционираат Музичката секција и Историската секција кои според своите програми ги ориентираат своите активности. Активно работат и Клубот на љубителите на книгата и Активот на пензионерки. Клубот на љубители на книгата е еден од најактивните во СЗПМ, редовно поканува гости, поети и писатели и на тие средби сите уживаат во убавиот пишан збор. Здружението одлично соработува со другите членки на Сојузот, како и со локалната самоуправа и градоначалникот на општината.



Претседател на ИО и на здружението е Димитрија Богатиноски, претседател на Собранието е Стамен Филипов, а секретар е Милорад Ристоски.

## ЗП РАДОВИШ И КОНЧЕ

Здружението на пензионерите на општините Радовиш и Конче е формирано во 1961 година. Од формирањето до денес Здружението во континуитет се развива и остварува видливи резултати. Секоја генерација го дала својот придонес во доградбата на организацијата и во збогатувањето на програмските активности. Во здружението денес членуваат околу 4.000 пензионери организирани во 9 ограноци од кои 5 во градот и 4 во рурални населени места. Во здружението членуваат корисници на старосни, семејни, инвалидски и земјоделски пензии, кои се здружуваат заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси,остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување. Здружението активно соработува со Сојузот, со сите општински здруженија, локалните самоуправи на општините Радовиш и Конче, Центарот за култура „Ацо Караманов“, ФПИОМ, ФЗОМ, Општинската организација на Црвен Крст и други институции кои имаат допирни точки со реализацијата на програмата на ЗП Радовиш и Конче.



Во состав на здружението работат 4 пензионерски клубови. Здружението располага со скромни финансиски средства, но со домаќинско работење и поголемо ангажирање на органите и телата успева успешно да ги реализира програмските активности. Основна карактеристика на здружението е масовноста во дружењето на отворен и затворен простор, како и јавност и отчетност во целокупната работа.

Здружението на пензионерите на општините Радовиш и Конче има својство на правно лице и на ден 18.03.2008 година е извршено упис во Централниот регистар на РМ и веќе три пати беше домаќин на Спортската пензионерска олимпијада, а во 2015 го претставуваше успешно Сојузот на 3 меѓународен фестивал за 3 животно доба во Љубљана, заедно со здружението од Македонска Каменица.

ЗП Радовиш и Конче е организатор и домаќин на најмасовната средба која се одржува во манастирскиот комплекс Св. Ѓорѓија кај с. Ораовица, во пазувите на питомата планина Плачковица каде волшебноста на природата, убавините со раскош ги растурила. На средбите присуствува и градоначалникот на општината Радовиш Сашко Николов, како и Николајчо Николов кој со сопствени средства од темел ја изградил новата црква Св. Ѓорѓија, кој како што вели е изненаден од виталноста на пензионерите и од начинот на нивната организираност и со задоволство истакнува дека се додека е во можност ќе ја помага пензионерската организација.



На задоволство на сите присутни, штом ќе се слушнат веселите звуци на музиката никој не можеше да им одолее, да не заигра на убавото македонско оро и да не запее. На овие пикник средби присуствуваат по над 9000 пензионери од цела Македонија. ЗП Радовиш беше успешен домаќин и на 21 Пензионерска спортска олимпијада на која учествуваа над 1.200 пензионери и околу 500 натпреварувачи во 11 дисциплини.

Претседател на Здружението и на ИО е Јордан Костадинов, а секретар Петре Петров.

## ЗП ПРИЛЕП

Здружението на пензионери Прилеп брои околу 13.500 старосни и семејни пензионери, и е едно од поголемите здруженија во Македонија.

Во здружението членуваат пензионери од три општини: Општина Прилеп, Општина Кривогаштани и Општина Долнени и 19 ограноци. Пред десетина години здружението имало само 2 клуба, а сега има 10 клубови. Во сите активности пензионерот е во фокусот на дејствувањето и е едно од најактивните здруженија во Сојузот. Секоја година здружението доделува над милион денари на членови со ниски примања.



Во здружението активно функционираат две Културно уметнички здруженија и тоа: „Пенка Котевска“ и „Пензионер“ со кои здружението секоја година учествува на регионалните и републички ревии на песни, музика и игри, како и на други манифестации по разни поводи во градот и пошироко. Во 2014 го претставуваше успешно СЗПМ на Меѓународниот фестивал за трето животно доба во Љубљана, Република Словенија.



Одлично соработува со Локалната самоуправа и градоначалникот Марјан Ристоски. Од општината Прилеп 7 пензионери и ЗП Прилеп имаат добиено награда по повод 40 години од ослободувањето на Прилеп. Во градот веќе четврта година по ред се потпишува договор со Градоначалникот за проектот „Супер Марио“ за помош на стари лица во домашни услови, во кој се ангажирани 20 волонтери.

ЗП Прилеп е пример на хуманитарни активности, а секоја година во чест на Денот на македонското востание „11 Октомври“ се одржува републичка пензионерска средба.



ЗП Прилеп е сила и на спортски план. Редовно учествува на сите спортски натпревари на сите нивои и постигнува одлични резултати.

Посебно се истакнува со издвојување на сретства за хуманитарни цели и помош на своето членство. Здружението има своја подстраница на страницата на СЗПМ, Дописникот Кирил Ристески е еден од 10 најдобри дописници на СЗПМ.

Претседател е Кирил Ѓорѓиоски, а секретар Стеванка Николоска.

## ЗП ГАЗИ БАБА

Здружението на пензионери Гази Баба е едно од побројните во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, а формирано 1972 година. Четириесет и пет годишното работење, сведочи за тоа, дека, во сите години наназад е вложено многу ентузијазам, мудрост и истрајност. Во своето постоење, здружението минува низ многу тешки моменти, но сепак опстанало благодарение на желбата, другарувањето и амбицијата. Од ден на ден, растат активностите на здружението, за тие да кулминираат во последното десетлетие, кога и се постигнати завидни успеси. Здружението, територијално опфаќа три општини: Гази Баба, Петровец и Арачиново, и брои околу 12.000 пензионери од селски и градски населени места со различни етнички состав. Во ЗП Гази Баба функционираат 14 разграноци и толку клубови на пензионери, во кои се одвиваат сите активности на културно–забавен и спортско–рекреативен план, каде здружението постигнува забележителни резултати во однос на масовноста и квалитетот што се постигнува како на регионално така и на републчко ниво. Забележителни успеси редовно постигнува со хорот кој е во состав на КУД „Пензионер“. ЗП Гази Баба било домаќин на 14–та регионална ревија на песни, музика и игри во 2016 година. На полето на спортот, имаат постигнато врвни резултати, а повеќе години и освоено први места во неколку дисциплини. Во 2013 година било домаќин на 18–те регионални пензионерски спортски натпревари, прв регион. Забележителни активности Здружението остварува на полето на грижата за пензионерите со помали пензии, на кои им се доделува еднократна парична помош, а се испраќаат пензионери и на бањско–климатска рекреација. За време на поплавите во 2016 година, меѓу кои биле зафатени и некои членови од Здружението, им било дадена финансиска и материјална помош. Активот на пензионерки е главен двигател на повеќе акции. Здружението соработува со пензионерите од Р. Бугарија и Р. Србија и неодамна беше на презентација на храна од разни региони во Перник, Р. Бугарија. Соработката со СЗПМ е на високо ниво и секогаш дејствуваат според одлуките на Сојузот. Не заостанува и соработката со локалната самоуправа, а градоначалникот Тони Трајковски има целосно разбирање кон оваа популација.





Во ресторанот „Ханибал“ во Гази Баба традиционално се одржуваат пензионерски средби од општинско и републичко значење.

Претседател на ИО и на здружението е Ѓорге Андонов, претседател на Собранието е Ана Ѓорѓиева, а секретар е Митко Карчев.

## ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА

Здружението на пензионери Охрид и Дебрца Првото годишно собрание го одржа на 20 јуни 1950 година, а одобрение за формирање дал Сојузот на синдикатите. Здружението имало задача да го помага членството во врска со остварување на своите права кои произлегуваат од ЗПИО, колективно учество во општествените дејности на заедницата (културни, социјални, здравствени и др.), на членството во случај на смрт, помагање на членовите со ниски пензии и др. Раководната структура на Здружението ја сочинувале претседателот, секретарот и благајникот. Првиот претседател на ЗП Охрид е Кипро Илиоски кој бил еден од ретките учени луѓе од овој крај во тоа време. Денес здружението брои околу 9.800 пензионери кои се организирани во 30 Месни ограноци. Секој Месен огранок има свој Месен одбор на чело со претседател.



Во ова издание на Монографијата за 70 годишното постоење на СЗПМ и 66 години растеш на ЗП Охрид и Дебрца не смее да се изостави и еден од најголемите успеси на Охридското здружение во сите досегашни години на постоење. На 3 септември 2016 година во Радовиш на 21–те Републички пензионерски спортски натпревари. ЗП Охрид и Дебрца учествуваше со 63 пензионери од кои 50 спортисти и 13 одговорни на екипите. Охридските спортисти беа најдобро здружение шестта година по ред. Со ваков рекорд не може да се пофали ниту едно здружение во СЗПМ.



Исто така, Здружението е редовен успешен учесник и на Ревиите на песни, музика и игри, како и на ред други манифестации од хуманитарен и меѓугенерациски карактер.




По повод одбележувањето на 65 одишнината од постоењето, ЗП Охрид и Дебрца, на свечената прослава во јуни 2015 година, го промовира второто издание на Монографијата „Охридските пензионери низ времето, културата, спортот и рекреацијата“ од авторот Ѓорѓи Трпчески.

Прославата на 65–годишниот јубилеј од формирањето, во свечено украсената сала на општината Охрид, започна со химната на Македонија во исполнение на КУД при ЗП Охрид и Дебрца, „Далга“.

ЗП Охрид и Дебрца е збратимено со здружението ЗП Солидарност – Аеродром од Скопје. Соработката меѓу овие два бисера, Охрид познат по своите културни знаменитости и општината Аеродром како најдобро уредена скопска урбана општина е многу добра и е според Програма која ја изготвуваат секоја година.

Претседател на здружението и на ИО е Ѓорѓи Трпчески, потпретседател на ИО е Добринка Талева, претседател на Собранието е Димитар Спасески, потпретседател на Собранието е Крсте Бинбилоски, а секретар е Стефан Владимиров.

## ЗП ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Здружението на пензионери во Општината Ѓорче Петров е формирано во 2001 година, но негова вистинска активност почнува од 2006 година. На почетокот тоа било мало здружение кое опфаќало околу 5.000 пензионери. Со време бројот на пензионерите се зголемувал за да денес тој изнесува над 6.500 членови. Со зголемување на бројот на пензионерите неминовно доаѓа до потреба од формирање на разграноци кои денес ги има вкупно 7 на број. Во секој разгранок има Клуб на пензионери, а постои и Клуб за дневен престој во кој на пензионерите им се мери крвен притисок, шеќер во крвта и друго.



Што се однесува до активностите и работата на здружението на почетокот, првите обиди биле на спортски план, а потоа се заредиле и други активности како што се: учество на регионални и републички ревии и спортски натпревари, организирање на екскурзии,реализирање хуманитарни акции, подигање на стандардот на пензионерите, соработка со други здруженија и институции, соработка со локалната Самоуправа и друго. Според програмата, здружението секоја година дава хуманитарна помош на повеќе од 200 членови со ниски примања и на болни и изнемоштени лица и го посетува Геријатрискиот центар „13. Ноември“ и старскиот дом „Мајка Тереза“ со предавање на хуманитарна помош и изведба на пригодна културно-уметничка програма. Здружението е мошне активно на спортски и на културен план. Повеќе пати е домаќин на регионални ревии на песни, музика и игри и на спортски натпревари, а во 2015 година беше успешен соорганизатор и домаќин на Јубилејната 20–та Пензионерска спортска олимпијада во Скопје.







Здружението одлично соработува со локалната самоуправа, а градоначалникот на општината Сокол Митровски го поддржува здружението во сите активности.




Како едно од најактивните скопски здруженија беше избрано да го реализира и Пилот проектот „Пензионерска социјална карта“ и истиот успешно го реализираше.

Пензионерите од ова здружение секоја година учествуваат на голем број пензионерски средби и екскурзии. ЗП Ѓорче Петров е и еден од организаторите на новата пензионерска меѓуетничка средба во Сарај.

Претседател на Здружението и на ИО е Методија Новковски. Претседател на Собрание е Снежана Мирческа, а секретар е Љубинко Ристов. Здружението Ѓорче Петров е едно од ретките здруженија во кои на раководно место има избрано жена.

## ЗП КОЧАНИ

Здружението на пензионери на Кочани е формирано на 16 ноември 1972 година со решение број 03–857/1–72 и истото е регистрирано од страна на Секретаријатот за внатрешни работи на Кочани. Во изминатите 45 години кочанската пензионерска организација оствари значајни резултати на сите полиња на дејствувањето, почнувајќи од стандрадот на пензионерите, здравствената и социјална заштита, одморот и рекреацијата, културно–забавниот живот и спортот. Кочанското здружение делува на подрачјето на општините: Кочани, Зрновци и Чешиново Облешево со околу 6.500 членови, со вкупно 15 огранoци од кои 8 во градот и 3 во населените места на општина Кочани, еден во општина Зрновци и три огранока во општина Чешиново Облешево.



Во последно време во соработка со локалната самоуправа отворени се неколку нови клубови за пензионери и обезбедени современи работни простории на ЗП Кочани.



Денес во состав на Здружението на пензионери на Кочани успешно работат комисиите за здравство и стандард, за рекреација и екскурзии, за културно–забавен живот, за спорт, како и комисијата за активност на пензионерките. Исто така успешно работат и Статутарната комисија и Надзорниот одбор. ЗП Кочани во рамките на својата активнсот успешно соработува со ЗП од соседните градови од регионот, каде што е лидер, но сепак најуспешна соработка остварува со ЗП на Куманово, ЗП Кавадарци, ЗП Центар – Скопје и ЗП Прилеп, со кои разменуваат гостувања на спортски екипи и настапи на културно–уметнички приредби. Значајно за ЗП Кочани е соработката што ја има со Советот на општина Кочани и градоначалникот Ратко Димитровски. Оваа соработка резултираше со обезбедување на локација за изградба на Дом за стари лица кој ќе има регионален карактер и ќе го користат пензионерите од општините од Источна Македонија. ЗП Кочани со сопствени средства и со помош на Општина изработи идеен проект за идниот Дом за стари лица кој беше јавно презентиран. Општината заедно со ЗП на Кочани се очекува по пат на јавно приватно партнерство во наредниот период да ги градат овој дом кој ќе им служи на пензионерите од регионот.






ЗП Кочани и понатаму ги подржува активностите на СЗПМ во делот на спортот и рекреацијата со учество на пензионерските спортски игри, во делот на презентацијата на фолклорното богатство со учество на регионалната и републичката ревија на песни, музика и игри, како и во делот на останатите активности за поинтересен и посодржаен пензионерски живот. КУД од Кочани како претставник на СЗПМ учествуваше на Фестивалот во Љубљана.

Претседател на ИО и на здружението е Ѓорѓи Серафимов, а секретар на ИО е Ѓорѓи Манасиев.

## ЗП КАРПОШ

Здружението на пензионери Карпош е формирано на 5 јануари 1978 година и е едно од најпознатите здруженија во Република Македонија. Во тоа далечно време здружението брои 18.445 членови. Како одминуваат годините здружението има и убави и тешки години. Заради одредени случувања здружението повеќе пати се регистрирало и пререгистрилало (12 пати) барајќи правда низ повеќе институции и на повеќе нивои. Исходот бил позитивен бидејќи правдата секогаш доаѓа и упорноста на оние кои ја бараат се наградува. Во здружението егзистираат 7 ограноци и тоа: Козле, Влае (Злокуќани, Бардовци), Нерези, Карпош 1 и 2, Карпош 3 и 4, Тафталиџе 1 и 2.



ЗП Карпош активно учествува на регионалните и републички ревии на песни, музика и игри каде посебно го чува од заборав градскиот мелос како урбано здружение. Учествува и на спортските натпревари на сите нивои. Посебно е активен Активот на пензионерки кој е покренувач на многу екскурзии и хуманитарни акции. Соработката на здружението со локалната самоуправа и градоначалникот Стевчо Јакимовски е на посакуваното ниво, како и со други институции поврзани со пензионерите.



На 11– ти јануари 2013 година во преполната сала на Кинотеката на Македонија, се одржа свечена седница по повод 35 годишниот јубилеј на здружението на пензионери ЗП Карпош од Скопје. На седницата присуствуваа претставници на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, на локалната самоуправа, претседателот на Градскиот сојуз на здруженија на пензионери на Скопје, председатели на повеќе здруженија со кои соработува здружението и други гости.




Седницата започна со химната на Република Македонија во изведба на пензионерскиот хор на здружението. За историјата и за резултатите и успесите на Здружението зборуваше претседателот на Собранието на ЗП „Карпош“ Јован Гиновски. Потоа, на присутните им се обрати градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски кој истакна дека соработката меѓу пензионерите и општината била на највисоко ниво, а така ќе продолжи и во иднина. Присутните гости и пензионери ги поздрави и претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери, Драги Аргировски. Потоа, беше промовирана монографијата „ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ“ од авторите – пензионери Калина Сливовска – Андонова и Мендо Димовски. Монографијата ја промовираше Лидија Јеремиќ, претседател на Комисијата за културно–забавен живот во Здружението на пензионери „Карпош“, која истакна дека таа претставува пишан и неизбришлив белег за постоењето и дејствувањето на здружението, трага за минатото и патоказ за во иднина. На крајот на претседателот на СЗПМ, на граданачалникот на Општината како и на други институции и поединци, кои придонеле здружението да опстои и да се движи напред, им беа доделени благодарници. Денес здружението брои 5.200 пензионери.

Претседател на Собранието е Јован Гиновски, претседател на Извршниот одбор на ЗП Карпош е Трајко Савески, и секретар е Мирјана Гушевска.

## ЗП ЦЕНТАР

Здружението на пензионери Центар во Скопје е едно од најстарите здруженија во Сојузот на пензионери на Македонија и најстаро здружение на подрачјето на град Скопје. Формирано на 22 јануари 1954 година. На Основачкото Собрание донесен е Правилник за работа, а првиот Статут на здружението донесен е во 1956 година, до 2010 година донесени се 7 измени и дополнувања на Статутот по кој работело здружението. Здружението 20 години, до 1974 година, го носело името Општинско здружение на пензионери и трудови инвалиди во кое имало три ограноци: Идадија, Кисела Вода и Кале.



На 16 декември 1977 година донесена е одлука за престанок на работа на ова здружение и формирано е здружение на пензионери и трудови инвалиди на општина Центар во кое влегле месните заедници: Миле Арсовски, Парк, Гоце Делчев, Раде Јовчевски – Корчагин, Роберт Гајдиќ и Мито Хаџивасилев–Јасмин, а здружението броело 7.642 членови. Вака формираното здружение функционирало преку своите органи и тела: Конференција, Претседателство, Надзорен одбор, Комисии и Секција на инвалиди. Здружението имало свои фондови: деловен, резервен, за заедничка потрошувачка и социјална и заемна помош. Денес здружението има околу 9.800 членови.



По судското регистрирање во 1999 на конститутивна седница за претседател бил избран д–р Владо Стаменков. Во 2006 година за претседател е избран д–р Крсте Ангеловски на која функција е и денес. Од 2002 година претседател на Извршниот Одбор е Павле Спасев.




Во 2009 година по повод 55 години од постоењето здружението одржало свечена седница иа која биле доделени благодарници на истакнати поединци и инстируции. Денес во здружението функционират 9 ограноци и тоа: Мирче Ацев, Гоце Делчев, Дане Крапчев, Роберт Гајдиќ, Мито Хаџивасилев–Јасмин. Невена Георгиева – Дуња, Миле Арсовски, Раде Јовчевски – Корчагин и Пензионирани просветни работници.

Здружението соработува со повеќе здруженија и институции, а особено има добра соработка со локалната самоуправа и Црвениот Крст. Во здружението функционира Солидарен фонд. Пензионерите од ЗП Центар учествуват на разни екскурзии и манифестации, а особено се активни на културен и спортски план. Учествува на ревиите на песни, музика и игри, како и на спотрските натпревари. Повеќе пати е домаќин на традиционалниот шаховски турнир по повот 13 ноември, денот на ослободување на Скопје.

По повод 60 години од своето постоење здружнието издаде и Монографија, а издава и Пензионерски информатор. Здружението за своите активности има добиено повеќе благодарници и признанија.

Претседател на здружението и на ИО е Павле Спасев, на Собранието Крсто Ангеловски, а секретар Трајко Трајановски.

## ЗП СТРУМИЦА

Здружението на пензионери Струмица е формирано во далечната 1953 година од група на ентузијасти пензионери со име Општинско здружение на пензионери Струмица.

Во 1969 година тогашниот Управен одбор на здружението на иницијатива на Марика Ѓорѓиева донесува одлука за изградба на Дом на пензионери во Струмица, истата година е ставен камен темел на домот. Во октомври 1971 година Општинското здружение на пензионери Струмица добива новоизграден дом на улица Ленинова бр. 97 Струмица.



Во декември 1998 година со одлука на Собранието Општинското здружение на пензионери Струмица се преименува во Здружение на пензионери Струмица. Здружението на пензионери Струмица сега има околу 10.400 членови, организирани во 26 ограноци.



На територијата на здружението на пензионери во Струмица функционираат 18 клубови на пензионери. Пензионерите од ова здружение организираат екскурзии до повеќе излетнички места и манастири. Здружението активно учествува на спортските натпревари и на Ревиите на песни, музика и игри на сите нивои, а на неколку од нив било и успешен домаќин. Соработува со други здруженија членки на СЗПМ, како и со институции поврзани со пензионерската популација како што се општинската организација на Црвениот Крст и Центарот за социјални грижи. Посебно соработува со ЗП Дојран со кое заедно организираше пензионерска пикник – средба на која присуствуваа преку 5.500 пензионери од повеќе здруженија од Републиката. По повод верскиот празник „Тримери“ по 24 пат здружението организираше собир на кој учествуваат голем број пензионери од повеќе здруженија членки на СЗПМ. На овие собири редовно настапува мешовитата пејачка група и оркестарот од здружението, кои покрај песните пред присутните презентираат и тримерски традиционални обичаи. Исто така, здружението води посебна грижа за сместувањето на своите членови за што е изработен проект за проширување на пензионерскиот дом со триесетина гарсоњери.



Претседател на здружението и на ИО е Данче Даскаловска, а претседател на Собрание е Атанас Костов.

# ЗП БУТЕЛ

Здружението на пензионери во Општината Бител е формирано во 2011 година. На почетокот тоа било мало здружение, а денес брои околу 5.600 пензионери. Со зголемување на бројот на пензионерите неминовно доаѓа до потреба од формирање на ограноци кои денес ги има вкупно 8, Скопје Север, Бутел 2, Живко Брајковски, Радишани, Љуботенски пат, Љубанци и Климент Охридски и во 5 од нив има клуб на пензионери, благодарение на одличната соработка со градоначалникот на општина Бутел Петре Латиновски.



Интересен е податокот дека ова здружение на пензионери во најмладата скопска општина Бутел покажа значајни резултати со организирање екскурзии и други активности и создаде мошне поволни услови за исполнување на планираните активности и дружење на пензионерите во населбите и ограноците кои просторно се совпаѓаат со урбаните заедници.

Покрај многуте пензионери и граѓани од населбата, на свеченото отворање на клубовите присуствуваа и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, градоначалникот на Општина Бутел, Петре Латиновски, раководството на Здружението и претставници на повеќе медиуми.



Отворањето на клубовите е резултат на континуираната соработка на Здружението на пензионери со Општината Бутел, со Локалната самоуправа.

За успешната сорабвотка Здружението има добиено и плакета од општината. Денес ЗП Бутел зема масовно и квалитетно учество како на локално, така и на регионално и на републичко ниво во рамките на СЗПМ, чија активна членка е.




Во 2016 година по повод големиот пензионерски јубилеј, 70 години од пензионерското организирање во Македонија и одбележување на годишнината на здружението беше издадена Монографија, за периодот од 2011 до 2016 година. Во Здружението активно и со успех работи и Активот на пензионерки чии членки редовно учествуваат на манифестацијата „Зелникот на баба“ во Пробиштип, каде имаат освоено и прво место.

Здружението беше домаќин и на 20. јубилејни Републички пензионерски спортски натпревари што се одржаа во комплексот „New star“ во Скопје.

Љупчо Димовски е претседател на здружението и на ИО, а секретар е Марија Трифуновска.

# ЗП ГОСТИВАР

Здружението на пензионери Гостивар е основано и функционира од 1946 година како граѓанско здружение на пензионерите, а од 1970 година е именувано како Здружение на пензионери и трудови инвалиди. Од 25.02.1993 година е регистрирано во Централниот регистар на Р.Македонија како Здружение на пензионери „Гостивар“ со седиште на улица „Мајор Чеде Филипоски“ бр. 17 Гостивар. Здружението на пензионери Гостивар работи со Статут донесен на12.03.2011 година, како невладина и неполитичка општествена организација. На 25.02.2015 година е одржано изборно собрание за четири годишен мандатен период до месец март 2019 година и со 11 месец 2016 година брои 6.581 пензионери. ЗП Гостивар го сочинуваат 23 ограноци од три општини и тоа: Гостивар, Маврово – Ростуше и Врапчиште. Во Општина Гостивар егзистираат 16 ограноци и тоа: девет во градот (Саат мало, Македонско мало, Дутлок, Џамиџит мало, Бег мало, Ново мало, Мара Угринова, Питарница и Циглана) и седум во околините места (Долна Бањица, Вруток, Симница, Беловиште, Србиново, Чегране и Балилдол).





Општината Маврово – Ростуше ја сочинуваат четири огранока и тоа: Маврови – Анови, Жировница, Ростуше и Скудриње, а во Општина Врапчиште егзистираат три огранока и тоа: Неготино, Врапчиште и Зубовце. Секој огранок има Претседател, Секретар, благајник и два члена. Собранието на Здружението на пензионери Гостивар брои 33 делегати и тоа: 29 избрани од ограноците и 4 од Извршниот одбор на Здружението. Извршниот одбор брои 11 члена и тоа: Претседател и 10 члена. Надзорниот одбор брои 5 члена, Претседател и  четири члена. Исто така има и 1 делегат во СЗПМ – Скопје. Во ЗП Гостивар работат 4 комисии и Активот на пензионерки кој е мошне активен, благодарение на залагањето на претседателката на активот Вадие Зендељи која е пример за дружење и соживот и е еден од главните организатори на традиционалната меѓуетничка средба на која присуствуваат голем број членови речиси од сите здруженија членки на СЗПМ.



Претседател на здружението, на ИО и на Собранието е Нијази Џељиљи, а секретар е Воислав Лазаревски.

## ЗП ЧАИР

Пред повеќе од три децении, група активисти ја иницирале идејата за формирање на пензионерско здружение, на кое му го дале името „Чаир и Бутел”.Со формирањето на новите општини, Бутел и Шуто Оризари, пензионерите се одвојуваат по територијален принцип и Здружението, го сменува името во Здружение на пензионери „Чаир“. Денес, тоа брои околу 7.845 пензионери, и во него работат пет разграноци, од кои само еден разгранок има клуб, а кај другите проблем е обезбедување простории. Во текот на изминатите години, Здружението создало традиција за работа, но, воедно се влијаело и на продлабочувањето на пријателските врски, дружењето и соживотот, бидејќи средината е мултиетничка. Резултатите постигнати во последните години секако означуваат успех, кој е веќе потврден со бројни позитивни резултати. Членовите во Активот на пензионерки, кој е формиран пред повеќе години, се ангажираат главно во хуманитарни акции. На пензионерите со ниски примања и болни секоја година им се доделува неповратна парична помош, со што се докажува дека грижата за нив е секојдневна. Во здружението формирана е музичка група и хор, кои успешно настапуваат на регионалните и републичките музички ревии и на многу општински и други манифестации. Здружението е активно и на спортско поле. Учествува на сите регионални и републички пензионерски спортски натпревари и постигнува добри резултати, и има освоено и први места. ЗП Чаир во 2016 година, на 21–те регионални спортски игри од првиот регион, беше успешен домаќин. Во склоп на постојните активности и рекреацијата, се организираат екскурзии, во земјата и странство, во кои учествуваат повеќе од 1500 пензионери, а повеќето од екскурзиите се на товар на Здружението. Соработката со СЗПМ, е веќе традиционална. Соработката со локалната самоуправа е добра, но се работи да биде уште подобра.







Претседател на ИО и на здружението е Ментор Ќоку, претседател на Собранието е Исен Зекири, а секретар е Иванка Сецковска.

## ЗП КАВАДАРЦИ

Здружението на пензионери Кавадарци е фромирано 1964 година. Во 1997 година инвалидските и трудовите инвалиди се издвојуваат како посебен правен субјект, а Здружението на пензионери Кавадарци функционира како самостојно здружение. Првото собрание е избрано во септември 1998 година, веднаш по донесувањето на Законот за здруженија и фондации на Република Македонија и донесувањето на Статут на здруженија на РМ, а од 2002 година започна да функционира Извршниот Одбор.



ЗП Кавадарци брои над 5.800 пензионери кои се опфатени во поголем број на активности на Здружението од областа на културно забавниот живот, спортот, одмор и рекреација и друго. Во рамките на Здружението функционира КУД „Лоза“ со пејачка и играорна група, кои редовно настапуваат на сите позначајни републички, регионални и општински приредби. Кавадаречкото Здружение беше меѓу иницијаторите за одржување на манифестацијата „Пензионерите пеат“ за регионите на Повардарието и Пелагонијата.



Секоја година на 14 февруари се одржува средба на пензионери од Македонија, а од 2016 година и од странство, по повод Свети Трифун. Во 2016 година учествуваа 21 здружение.




Од спортот Здружението на пензионери Кавадарци е лидер во регионот според остварените резултати и добиени признанија, а беше домаќин на регионални и во 2003 година на републички спортски натпревари.

Околу 2.000 пензионери годишно се опфатени со повеќе од 20 екскурзии во земјата и странство, како и одмори во Охрид и Албанија.

Во неколкуте клубови кои се под капата на ЗП Кавадарци дневно престојуваат голем број на пензионери од Кавадарци, Росоман, Марена и други населени места.

Пред 10 години ЗП Кавадарци има издадно Информативен билтен за своите активности и резултати низ годините. Во тек се подготовнки за изградба на одморалиште за своите челнови во село Чемерско, како и иницијатива за изградба на Дом за стари лица за кој е најден инвеститор. ЗП Кавадарци соработува со речиси сите здруженија во Македонија, а е збратимено со Кочани, Лесковац, Р. Србија и Перник, Р. Бугарија.

Претседател на ИО и на Здружението е Ристо Анѓушев, претседател на Собрание е Виолета Андова и секретар Фруска Костадиновска.

## ЗП КИСЕЛА ВОДА

Здружение на пензионери Кисела Вода – Скопје е едно од најстарите здруженија во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Здружението брои околу 13.000 членови од следните општини: Кисела Вода, Зелениково, Сопиште и Студеничани. Здружението може да служи за пример на другите здруженија според своите многубројни активности на сите полиња на делување. Активностите се одвиваа преку 12 ограноци, како и во Клубовите на пензионери кои ги има во сите ограноци. Клуб на пензионери нема само во огранокот Студеничани, но во огранокот Кисела Вода има два Клуба на пензионери. Толкав број на Ограноци и Клубови нема ниту едно здружение членка на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Во здружението активно работи и Активот на пензионерки кој ја организира хуманитарната манифестација „Коријада“. Здружението на пензионери Кисела Вода – Скопје активно учествува на сите културни и спортски манифестации од ниво на ограноци до манифестации на ниво на државата каде постигнува забележителни резултати. По бројот на пензионери кои учествуваат на ревиите на песни, музика и игри ЗП Кисела Вода е едно од најмасовните здруженија.





Информирањето на членството е на висина, а масовноста исто така.



Во тек е изработка на социјална карта.

Ваквата активност на здружението е во континуитет од формирањето до денес, а така ќе биде и во иднина, благодарение на ангажираноста на раководството, на членството, на соработката со локалната самоуправа и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Претседател на здружението и на ИО е Васил Зимбаков, претседател на Собрание е Јован Кирковиќ и секретар е Александар Штерјовски.

## ЗП КИЧЕВО

Здружението на пензионери од Кичево е непартиска, мултиетничка, невладина организација и работи врз демократски принцип, со еднакви права на сите членови и пропорционална застапеност во органите, телата и комисиите во Здружението без разлика на полот, верата и националната припадност. Здружението е формирано во 1962 година под името Опш–



тинско здружение на пензионери – Кичево и било сместено во приватна куќа на улица. На ден 29.05.1968 година е покрената постапка за изградба на Дом на пензионери со простории за сместување на Здружението и 10 станови за сместување на материјално загрозени пензионери. Домот е изграден со сопствени средства и донации од други институции. Како значаен ден Здружението го одбележува 11–ти Септември ден на ослободувањето на Кичево, ден кога свечено



бил отворен за употреба и Домот на пензионери на улица Јанко Михајлоски бб – Кичево. ЗП Кичево работи во Домот од 1972 година и Домот е во сопственост на здружението. Во Здружението членуваат околу 4.500 пензионери, приматели на старосна и семејна пензија од Кичево распоредени во 11 месни ограноци. Членовите на ЗП Кичево своите права ги остваруваат врз основа на законските прописи, Статутот на СЗПМ и Статутот на ЗП Кичево. Во здружението особено се активни пензионерките. Во Кичево се одржува пензионерска средба посветена на солидарноста. Над 400 пензионерки и пензионери од здруженијата Охрид и Дебрца, Струга, Битола, Ресен, Демир Хисар, Крушево, Прилеп, Велес, Неготино, Штип, Струмица, Карпош, Гази Баба од Скопје, и од Тетово, како и од здружението од Кичево, кое е домаќин на средбата. На оваа голема и хуманитарна пензионерска средба присуствуваше и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, Драги Аргировски кој во поздравниот говор, покрај вообичаените топли поздрави, истакна дека ваквите средби на солидарноста треба да ги има почесто бидејќи пензионерите се познати и докажани како солидарни и хумани граѓани.

На средбата, покрај тоа што пензионерите ја покажуваат својата солидарност и хуманост, тие се дружат и се забавуваат. Инаку, престојот во Кичево пензионерите го користат да ги посетат и манастирите „Света Богородица – Пречиста“ и „Свети Ѓорѓија“ во селото Кнежино, како и Куќата на уметноста која е во непосредна близина на манастирот.

Претседател на ЗП Кичево и на ИО е Љупчо Лукароски, претседател на Собрание е Мехмед Мехмеди, а секретар е Добривој Лазарески.

# ЗП ПРОБИШТИП

Здружението на пензионери од Пробиштип, по бројот на членови се вбројува меѓу помалите здруженија, членки на СЗПМ, но со активностите од разни области, настојува да биде на исто или слично рамниште на поголемите здруженија.

Првото организирано дејствување на пензионерите во Пробиштип започнува во 1960 година со 571 пензионер. За прв претседател бил избран Угрин Котевски, а за секретар Петар Голубјатник. Денеска Здружението на старосни и семејни пензионери брои 1.950 членови и има свои акти за нормално работење. Највисок орган е Собранието кое брои 19 членови, Извршниот одбор 9, а комисии има за културата, спортот, здравството и друго.




Во своето 57 годишно опстојување, здружението бележи бројни постигнувања и награди преку културата, спортот и рекреацијата, здравството и бањско–климатското рекреирање.




За одбележување е што токму ова мало здружение ја одигра пионерската улога во културните и спортските збиднувања во СЗПМ. КУД „Весели пензионери“ кои 42 години работи во состав на ЗП и има забележано евидентни резултати на фестивалите во Македонија и надвор од нашата земја каде има освоено бројни први места, за негување на традиционален фолклор за најуспешно поставен обичај „Лупење класје“. Во 2011 година ЗП Пробиштип било втор претставник од СЗПМ на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана, а учесник е и на Балканскиот фестивал во Косово и Самоков во Бугарија од каде се врати со освоени први места. Витрините на друштвото се преполни со дипломи, награди, признанија, благодарници и плакети. Токму ЗП Пробиштип беше првиот организатор на фолклорните ревии на песни, музика и игри во 2003 година.

Во делот на спортот, ЗП Пробиштип првите регионални спортски натпревари ги организираше во 1996 година и до денес е постојан учесник на републичките спортски натпревари на СЗПМ. И во делот на спортот Здружението постигнува врвни резултати. Инаку ЗП Пробиштип над 30 години го негува спортот и одржува спортски натпревари кои се од Меѓуопштински карактер, а постојани учесници се Крива Паланка, Кратово, Пробиштип и Свети Николе. Во делот на здравството одржува едукативни предавања со здравствените институции, се испраќаат пензионери на бањско–климатска рекреација а дел од нив ги користат и мерките преку Владата на РМ. Голем интерес пензионерите покажуваат за еднодневните екскурзии на зелено што во текот на годината ги организира здружението а ги има повеќе од десетина, а е организатор и на масовната пикник–средба во Лесново.

Од работата на ЗП Пробиштип со особено задоволство треба да се спомене меѓугенерациската соработка во повеќе области, како и соработката со Локалната самоуправа, градоначалниците, Здравствениот дом и ОО на Црвен крст.

Претседател на Здружението и на Извршниот одбор е Груица Манасијев, а секретар Ангел Коцев.

## ЗП ШТИП

Здружението на пензионери на општина Штип е формирано во далечната 1946 година со седиште во Штип. Во текот на својот развој постојано ја зголемувало својата бројка така да во моментот истото брои околу 8.500 членови. Истото делува на подрачјето на општина Штип, а од 2010 година и на подрачјето на општина Карбинци. На својата територија на подрачјето на општините Штип и Карбинци, Здружението функционира преку 13 ограноци кои во својот состав имаат по 5 члена. Здружението исто така има формирано и отворено и 7 клуба за пензионери, и тоа еден централен сместен во Домот на пензионери, и 6 распоредени по ограноците. Во 1975 година е одлучено со сопствени средства да се изгради нов Пензионерски дом. Во текот на 2011 година, е дојдено до идеја дека има потреба од изградба на нов пензионерски дом пак со сопствени средства кои ги има заштедено Здружението со рационално и домаќинско трошење на средства од членарина. По неколку понуди, од страна на локалната самоуправа во Штип на чело со градоначалникот м–р Илчо Захариев, е предложено домот да се гради, на веќе постоечки објект, кој од сопственост на АРМ е предаден во сопственост на локалната самоуправа Штип, а таа во интерес на пензионерите го доделува на трајно користење на ЗП Штип и Карбинци. Во истиот се планира да бидат сместени околу 100 пензионери. Од самото создавање на Зружението формирана е пејачка група, која со староградски песни учествува на сите регионални и републички фолклорни манифестации. Од неодамна е формирана и пејачка група која ќе исполнува изворен фолклор. Здружението секоја година учествува на спортските игри и тоа како на регионалните така и на републичките и има постигнато солидни резултати. За своите членови во текот на годината реализира повеќе видови на плански активности – екскурзии и прославии. Секоја година согласно Статутот и препораките од Сојузот повеќето пензионери заминуваат на банско климатско лекување. ЗП Штип и Карбинци беше домаќин и на 18–те Републички спортски пензионерски натпревари во 2013 година кои успешно ги реализираше.







Претседател на здружението е Александар Захариев, кој воедно е и претседател на Извршниот одбор, потпретседател на Извршниот одбор е Коста Штериев, а секретар Ристе Нетков.

## ЗП КРИВА ПАЛАНКА

Здружението на пензионери „Крива Паланка“ – Крива Паланка самостојно функционира полни 48 години. Прелиствувајќи ја архивата на Здружението може да се констатира следново: дека прв пензионер од Општината бил Стојан Величковски од с. Герман пензиониран 1957 година. Денес здружението брои 3.100 пензионери. Се до 1969 година пензионерите од општините Крива Паланка и Ранковце, биле членови на ЗП Куманово. Во 1969 година во месец октомври, пензионерите од овие две општини се издвојуваат и формираат Општинско здружение на пензионери во општина Крива Паланка, во кое освен старосните и семејни членуваат и инвалидските пензионери. Прв претседател на Општинското здружение бил Филип Филиповски. Вака формираното здружение делувало се до осумдесетите години на минатиот век, кога се изделиле инвалидските пензионери и формирале посебно Здружение. Во седумдесетите години од минатиот век, во соработка со Општината и Фондот за ПИО изграден е Дом на пензионери. Подоцна во осумдесетите години на дваесетиот век во состав на зградата на подрачната единица на Фондот за ПИО е изграден нов клуб за дневен престој на пензионерите. Во ЗП Крива Паланка има 6 огранока и тоа: с. Ранковце со околните села, с. Петралица, с. Мождивњак, Крива Паланка, с. Жидилово, и с. Дубровница. Здружението има широка и сеопфатна соработка со СЗПМ, поголем број на здруженија на пензионери во Републиката, локалните самоуправи, со јавни претпријатија и државни субјекти.





По повод Денот на ослободувањето на Крива Паланка – 8–ми октомври, на свечената седница на Советот на општината, највисоката награда „8–ми октомври“ беше доделена на Здружението на пензионери Крива Паланка, како резултат на долгогодишната успешна активност како невладина организација.




Задоволни од ваквиот потег, раководните луѓе од Здружението се пријатно изненадени што нивното работење и успесите ги следеле и надлежните фактори од општината и затоа Здружението го номинирале како единствен кандидат за оваа висока општинска награда.

Секако, наградата е заслужена бидејќи Здружението со своите активности и постигнувања се истакнува во рамките на општината, а посебно во Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и пошироко. Соработката со општината е традиционална и навистина за пример. Претседател на Здружението и на ИО е Славко Стојановски, потпретседател на ИО е Арсение Илиевски, секретар Благоја Николовски.

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ

Здружението на воените пензионери на РМ (ЗВП на РМ) е формирано на 10–ти декември 1992 година. Во својство на правно лице е регистрирано на 23.03.1993 година, а поради усогласувања со новите закони и измените во Статутот, вршена е пререгистрација во 1999, 2008, 2011 и 2016 година. Од формирањето до 2010 година, Здружението беше организирано и дејствуваше на целиот простор на Републиката, а од 2011 година организирано дејствува само на територијата на Скопје, во почетокот со 7 огранока и околу 1600 членови, а сега со 3 огранока и околу 1.300 членови. Досегашни претседатели на ИО биле: генералот во пензија Димитрије Савевски (починат) и полковниците во пензија Трајче Постоловски, Јордан Јорданов, Драган Бозаревски и Ѓорѓи Заринcки (актуелен). ЗВП е членка на СЗПМ од 1998 година и членка на СЗП на град Скопје од 2013 година, каде остварува забележителни резултати. Од март 2012 година е збратимено со ЗП Куманово, а има успешна соработка со повеќе здруженија во градот и Републиката. Во целокупното функционирање на здружението, централно место зазема грижата за пензионерот, односно обезбедување услови за здраво и достоинствено пензионерско живеење. ЗВП низ разни форми се грижи за зачувување на стекнатите права од ПИО и за подобрување на социјалната положба, здравствената заштита, за информирањето на членството и друго. Организира хуманитарни и солидарни акции од секаков вид и спортско–рекреативни активности. Забележителни успеси постигнува во повеќе области, а особено во учеството на регионалните и Републичката ревија на песни музика и игри последните 3–4 години. Исто така успешно организира екскурзии, излети, пикници, посети и присуство на средби на пензионерите и на други манифестации од рекреативен карактер во градот и Републиката. Во 2013 и 2014 година е спроведено поединечно информирање на членовите за целите, задачите и активностите на ЗВП и анкетирање за социјално–здравствената положба, интересот, потребите, способностите и афинитетите за вклучување во организираните активности на Здружението.





На 10–ти декември 2007 и 2012 година на достоинствен начин е одбележана 15 и 20–годишнината од формирањето на ЗВП, по кој повод е издадена и Монографија на Здружението. ЗВП мошне успешно ги извршуваше доверените задачи од страна на ИО на СЗПМ во улога на домаќин на Регионалните и Републичките ревии на песни, музика и игри и на други јубилејни свечености и манифестации од поширок интерес и значење, за што доби посебно признание.

Опстојувањето на Здружението и постигнатите успеси се резултат на умешното раководење, големата упорност и снаодливост на ентузиастите во ЗВП, како и на разбирањето и помошта од СЗПМ и органите на МО и ГШ на АРМ, која може да биде и многу подобра.

Претседател на Здружението и на ИО е Ѓорѓи Заринcки, а секретар Ефтим Мишевски.

# ЗП ДЕБАР И ЦЕНТАР ЖУПА

Здружението е формирано во 18.10.1973 година и од тогаш е членка на СЗПМ. ЗП Дебар и Центар Жупа функционира преку следните органи, тела и комисии: Собранието на Здружението на пензионерите на општините Дебар и Центар Жупа кое брои 27 членови и 12 заменици или вкупно 39 члена, Извршниот одбор кој брои 18 члена, Надзорниот одбор 3 члена и 1 заменик. Во здружението работат 5 комисии. Зружението има 8 ограноци и тоа: Бајрам Бег, Инќар, Дервиш Мустафа, населбата Венец 1 и 2 во Дебар, Центар Жупа, селата Отишани и Џепиште, Долни Косоврасти и огранокот во село Могорче. Во Здружението работи и Актив на пензионерки, а претседател е Марионка Уштеленци. Долги години претседател на ЗП Дебар беше Бесник Поцеста, сегашен претседател на Собранието на СЗПМ. ЗП Дебар и Центар Жупа поседува Пензионерски Дом изграден во 1973 година со 10 соби, од кои две се користат за функционирање на здружението и просторија за дневен престој на пензионерите со големина од 100 м2. Исто така, здружението настапува на сите регионални ревии на песни музика и игри. Во здружението се одржуваат предавања на теми за кои се интересираат членовите, а се организираат и екскурзии. Интересно е што во Дебар некои хотели ги отворија своите капацитети за престој на осамени пензионери со пристапни цени и за оние кои имаат мали пензии. ЗП Дебар и Центар Жупа има Клуб на пензионери во Жупа кој доста активно работи. На отчетната седница на Собранието на кое учествуваа и претставници од сите ограноци на Здружението, посебна благодарност беше изразена за успешната соработка со „Дебарски бањи – Цапа“.







И на спортско поле дебарските пензионери имаа успеси на регионалните натпревари како и на Републичките пензионерски спортски игри и дружења.

Здружението брои околу 2.200 старосни и семејни пензионери, а особено соработува со пензионерите од Албанија.

Претседател на ИО и на Здружението на пензионерите на општините Дебар и Центар Жупа е Џавид Карпузи, секретар е Мухамед Хиса.

## ЗП ОВР на Р.М. - Скопје

Здружението на пензионираните работници од органите за внатрешни работи на Република Македонија – Скопје е формирано на иницијатива на пензионирани работници од ОВР на РМ со Одлука донесена на Основачкото собрание, одржано на 09.05.1969 година, на кое присуствувале над 250 пензионирани. Здружението е регистрирано со Решение на тогашниот РСВР (сега МВР), со право на дејност на подрачјето на СРМ, а на 16.05.1969 година е запишано во регистарот (што се водел при РСВР) на републички здруженија и тогаш се стекнува со статус на правен субјект. Основна цел за основањето на Здружението било изнаоѓањето форма на општествено ангажирање на пензионираните работници на ОВР (овластени службени лица), кои поради општествени процеси, а врз основа на посебни прописи (leh specijalis) правото на пензија го остваруваат често предвремено и на релативно млада возраст. За нивна ангажираност по пензионирањето, во рамките на Здружението, биле извршувани дејности меѓу кои: обука и полагање на возачки испит, за што била регистрирана Авто школа „Милиционер“, потоа се вршело обезбедување на објекти на претпријатија и организации, на саеми, разни манифестации и слично, а во соработка со МВР. Со промените кои настанале во законската регулатива, Здружението со Решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје на 07.04.1999 година се преригистрира и е запишано во Регистарот на здруженија на граѓани и фондации.





Во остварувањето на овие цели, секогаш соочувајќи се со предизвиците, Здружението има постигнато извонредно добри успеси и решавало многу важни прашања особено на планот на заштитата на правата од областа на ПИО, усогласување на пензиите на пензионираните работници од ОВР, на подобрувањето на материјалната и социјалната положба на членството и нивните семејства, а завидни успеси има и во областа на спортот, на планот на културата, како и во делот на рекреативниот живот на членството за активно и здраво стареење. Здружението брои над 1.600 члена. Иако Здружението е регистрирано со дејност на подрачјето на Републиката, тоа денес дејствува на подрачјето на Скопје. Во рамките на Здружението од 2014 година активно и со успех работи и Активот на пензионерки.

Претседател на здружението, на ИО и на Собранието е Спирко Николовски, а секретар Фенчо Атанасов.

## ЗП СВЕТИ НИКОЛЕ

Во далечната 1960. година, пензионери ентузијасти формирале Здружение на пензионери и тоа е прв облик на организирана активност на највозрасните граѓани во Свети Николе. Прв претседател на ова Здружение бил Стоимир Павлов. За изградба на Домот на пензионери, во кој се сместени и просториите на здружението заслужен е наредниот претседател Лазо Мишев.



Долги години успешен претседател на ЗП беше Мирко Данаилов. Денес здружението брои над 2.800 членови. Во здружението функционираат 8 ограноци, и тоа 3 во градот и 5 во селските населби. ЗП Свети Николе има свои органи и тела и свој Статут кој е усокласен со сите релевантни закони, како и со Статутот на СЗПМ чија членка е. Во состав на Здружението работат два пензионерски клуба, како и Активот на пензионерки. ЗП Свети Николе 2010 година беше успешен домаќин на 8 регионална ревија на песна, музика и игри и на 15–ти регионални спортски натпревари, на кои Снежана Атанасова, освои прво место и се закити со златен медал во дисциплина табла. Здружението 2014 година се покажа како успешен домаќин на 12–тата регионална ревија на песна, музика и игри, и добар организатор на Регионални спортски натпревари, а таа година на 19–ти Републички спортски натпревари, екипата на ЗП Свети Николе во дисциплина пикадо освои прво место. За најдобар стрелац поединец прогласена беше Тана Михајлова. 2015–та година се формира креативно уметничка секција „Овчеполска Зуница“ за ликовна уметност, уметност на правење макраме и слики од природни суви цвеќиња. Со години наназад ЗП Кратово, ЗП Крива Паланка, ЗП Пробиштип и ЗП Св. Николе континуирано се среќават на меѓуопштински спортски натпревари. Здружението, секоја година, го прославува патронатот на градот Свети Николај.





По повод 100–иот број на весникот „Пензионер плус“ и 70 години од пензионерско организирање во Македонија, Вукица Петрушева доби Признание како еден од десетте најдобри дописници на СЗПМ.

Претседател на здружението и на ИО е Никола Атанасов, а секретар е Трајче Сандев.

# ЗП СТРУГА

Според архивските податоци и Централниот регистар ЗП Струга функционира од 1960 година. Во првите години на формирањето здружението делувало согласно Законот за пензиско–инвалидско здравствено и социјално осигурување. Подоцна бил донесен и првиот Статут на здружението и другите правни акти, а во 2010 година, здружението се пререгистрирало согласно Законот за здруженија и фондации. Денес ЗП Струга брои 4.109 членови од кои 700 се Албанци. Ова здружение е едно од неколкуте со мешана меѓуетничка припадност бидејќи во него членуваат Македонци, Албанци, Власи, Роми и други етнички заедници,и е за пример како тие заеднички деполитизирано делуваат во сите сфери на живеење и работење. ЗП Струга од ноември 2012 година, делува самостојно, бидејќи во тој период, околу 400 пензионери од Вевчанска општина се одвоија од струшкото здружение и формираа свое здружение на пензионери Вевчани. ЗП Струга е организирано на територијален принцип со 14 Месни ограноци. Во здружението функционира и Активот на пензионерки, и повеќе комисии. Струшкото здружение е меѓу ретките кои го имаат решено административно – просторното прашање и располага и со Клуб на пензионери во кој дневно по стотина пензионери го минуваат времето. ЗП Струга има плодна соработка со СЗБ, како и со повеќе ЗП од Југо–западниот регион и со други институции, јавни претпријатија, фондации и невладини организации. Во 2014 година ЗП Струга се збратими со ЗП Крушево, а со општинскиот Црвен крст на Струга имаат потпишано и Меморандум за соработка. Во своето 57 годишно постоење ЗП Струга има постигнато добри резултати, особено во изминатите десетина години како резултат на актуелното раководство. За својата успешна работа ЗП Струга има добиено бројни Признанија, Благодарници, Пофалници, а на спортски план, златни, сребрени и бронзени медали.






Здружението на пензионери од Струга во 2004 и 2009 година во „Еуротел“ и 2011 во комплексот Ливадиште беше успешен домаќин на Републичките пензионерски спортски натпревари.

Претседател на Здружението и на ИО е Милорад Трпоски, а секретар Изеир Мустафаи.

## ЗП СОЛИДАРНИ ПЕНЗИОНЕРИ - ИЛИНДЕН

Здружението на пензионери, Солидарни пензионери – Илинден – Скопје, е релативно ново здружение. Формирано е на крајот на 2010 година, со одвојување од ЗП Гази Баба, со делбен биланс. Здружението има и пет разграноци и тоа во Илинден, Кадино, Миладиновци, Бујковци и Марино, а во склоп на нив, функционираат и клубови, каде пензионерите можат да се дружат. Главните активности на Здружението се насочени секогаш кон остварување на годишната програма и грижата за квалитетот на животот и стандардот на пензионерите. Здружението има околу 2.000 членови.



ЗП Солидарни пензионери – Илинден – Скопје се ангажира што поголем број пензионери да учествуваат во музичките и спортските манифестации, организирани на сите нивоа, каде тие постигнуваат и врвни реултати во повеќе дисциплини. Своето ангажирање тие го докажаа на 20–те регионални пензионерски спортски натпревари, како добри домаќини на првиот регион. Пензионерите од ова здружение учествуваат на речиси сите пензионерски дружења, а и на екскурзии до повеќе излетнички места и манастири.



Подобрување на работата и проширување на активностите е и формирањето на пејачката и фолклорната група по која здружението ќе биде препознатливо. Активот на пензионерки при Здружението, во изминатите години, посебен акцент дава на организирање хуманитарни акции, дружења и екскурзии, а се организираат и предавања на теми од областа на здравството. Здружението Солидарни пензионери е член на СЗПМ. Нивната соработка е добра и активно соработуваат за реализирање на повеќе програми. Со Локалната самоуправа, и градоначалникот Жика Стојановски, соработката е на многу високо ниво, и секогаш градоначалникот е со нив.



Претседател на ИО и на здружението е Благоја Атанасовски, претседател на Собрание е Васе Ѓорѓиевски, а секретар е Страшо Стојановски.

## ЗП ТАФТАЛИЏЕ ДДД

Здружението на пензионери Тафталиџе ДДД е регистрирано на 13.02.2008 година. Од формирањето до денес Здружението се развива и остварува забележителни резултати благодарение на раководството, но и на сите членови. Во здружението на пензионерите на Тафталиџе ДДД денес членуваат 6.700 пензионери организирани во 6 ограноци и тоа: Карпош 1 и 2, Карпош 3 и 4, Влае со Злокуќани и Бардовци, Тафталиџе 1 и 2, Владо Тасевски и Козле. Во здружението функционираат 3 Клубови на пензионери во кои пензионерите се дружат и забавуваат. Во здружението активно работи и Активот на пензионерки. Здружението се труди да ги заштити и унапреди заедничките цели и интереси на членовите. Активно соработува со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, со Сојузот на здруженија на пензионери на Град Скопје, со други општински здруженија, локалната самоуправи на општините Карпош, Фондот за ПИОМ, Фондот ЗОМ, Црвениот Крст, и други организации и институции кои имаат допирни точки со реализацијата на програмата на Здружението.



Претседател на здружението и на ИО е Димитар Димовски, претседател на Собрание е Слободанка Исијановска, а секретар е Павле Василески.

## ЗП САРАЈ

Здружението на пензионерите на општина Сарај, како самостојно здружение е формирано на 08.10.2007 година, согласно Законот за Здруженија на граѓани и фондации на Република Македонија, Статутот на СЗПМ и сопствениот Статут – Здружение на пензионери на општина Сарај, регистрирана во Централниот регистар во Скопје. Иницијатори за формирањето на Здружението на пензионерите на општина Сарај, беа: Руфат Рамадани, Гани Исмаили, Абедин Кроси, Бајрам Ебиби и некои други. Како самостојно Здружение на пензионери на општина Сарај, според последните податоци на СЗПМ брои околу 1.900 старосни и семејни пензионери. Здружението има три ограноци: Сарај, Кондово и Буковиќ. Има Собрание од 13 члена, Извршен одбор од 5 члена, Надзорен одбор од 3 члена, и 4 Комисии. Во здружението постои и Актив на пензионерки. Во присуство на голем број пензионери во ЗП Сарај, со помош на Црвениот Крст на Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, беше отворен Центар за дневен престој на лица од трета доба. На свеченоста присуствуваа: градоначалникот на општина Сарај, Беким Мурати, генералниот секретар на Црвениот Крст на Македонија, Саит Саити, претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Драги Аргировски, секретарот на Црвен крст на градот Скопје, Сузана Тунева – Пауновска, како и донаторите Џемаил Даути од „Фондацијата Албиз“ – Сарај и Игор Гиевски од „ЕВН Македонија“. Дневниот центар е отворен со финансиска поддршка на „Фондацијата Албиз“.



Претседател на Собранието е Баки Бакиу, на ИО и на здружението е Махир Дураку, а секретар е Имер Јакупи.

## ЗП ВЕВЧАНИ

Општинското здружение на пензионерите на Вевчани, формирано е на 29 ноември 2012 година и овој датум се смета за ден на здружението. Претходно, пензионерите од Вевчани членуваа во ЗП Струга. Иницијатори за формирањето на ЗП Вевчани се Витомир Костојчиноски, Јован Аврамоски, Сандре Русески и други. Со одвојувањето од струшкото здружение, ЗП Вевчани, според последните податоци на СЗПМ брои околу 400 старосни, семејни, инвалидски, трудови и други категории на пензионери и е едно од ретките здруженија во Републикава во кое заеднички делуваат сите категории на пензионери. Здружението е активно на повеќе полиња, а особено на зачувување на културното богатство и традиција. Благодарение на успешната соработка, општината му го реши просторното прашање на здружението, опремувањето и сите други неопходни услови за нормално работење, како и опремување на клубот на пензионерите во Домот на културата каде што е сместена и Локалната самоуправа. Претседател на ИО и на здружението е Витомир Костојчиноски, Наум Чочороски е претседател на Собрание, а Слободан Гогоски е секретар.



## ЗП ВИНИЦА

Отпочнувањето на пензионерското организирање и дружење на пензионерите од општина Виница е во 1946 година во рамките на создадената организација во општина Кочани. ЗП Виница како самостојно здружение формирано е на 27.05.1967 година со број на членови во пензионери околу 70.

Во изминатиот период, Здружението во своето дејствување, посебен акцент посветуваше на обезбедување подобри услови за животот и стандардот на пензионерите. Со изградбата на Пензионерскиот дом во 1975–76 година создадени се подобри услови за пензионерските активности и за нивна релаксација. Во Здружението членуваат пензионери со старосна, семејна и инвалидска пензија. Посебно за одбележување е воведувањето на Солидарниот фонд, преку кој се дава потребната помош на пензионерите со ниски примања, на болни и за отпремнина. Во 2017 година Здружението го одбележува 70 годишниот јубилејот со членство на над 2.600 пензионери. Здружението секоја година организира средба по повод „Томина недела“ на која присуствуваат 700–800 пензионери, како и средба кај манастирот Св. Спас во село Драгобраште (13 септември) на која присуствуваат над 2.000 учесници дојдени од повеќе здруженија. Средбата се организира со помош на Општината и Црковниот одбор на Манастирот „Вознесение Христово” од селото. Средбата кај манастирот завршува со народно оро, песна и веселба. ЗП Виница зема активно учество на Спортските натпревари на пензионерите и на Ревиите на песни, музика и игри. каде бележи добри резултати.



Претседател на ЗП Виница и на ИО е Драган Петков, а секретар Петруш Данилов.

## ЗП ВАЛАНДОВО

Здружението на пензионери Валандово го сочинуваат старосни, семејни и инвалидски пензионери од општината. Здружението е формирано со Одлука под името Сојуз на пензионери Валандово на 04.03.1984 година.

Со статус на правно лице се здобива со запишување во Централен регистер при Окружниот стопански суд Скопје со решение рег. Бр. 726/87 од 12.11.1987 година, согласно Законот за здруженија и фондации. ЗП Валандово е членка за СЗПМ. Во времето на формирањето здружението броело 763 члена. Во 1997 година бројот на пензионери изнесува 1.250 члена. Во 2002 година тој број е 1.381, за да во 2015 година бројот на пензионери – членови се зголеми на 1.800 корисници на пензија. Како претседатели на Здружението во изминатиот период се јавуваат: Динка Лазов, Ѓорѓе Сапунџиев, Александар Стојчев, Манчо Ширтовски, Ванчо Маркудов, Леонид Манчев и сегашниот седми по ред претседател Кирил Гошев. Здружението има 4 ограноци според географската поставеност на населените места. Здружението располага и е сопственик на Пензионерскиот дом во кој е сместен, Клуб на пензионери, како и 4 стана во кои живеат пензионери. Претседател на здружението и на ИО е Кирил Гошев, потпретседател е Миле Шунтов, а секретар е Горица Михајлова.



## ЗП НЕГОТИНО

Здружението на пензионерите – Неготино формирано е во далечната 1954 година. Тоа било првата пензионерска организација во регионот, а основачи биле: Пано Малиминов – претседател, Атанас Иванов – секретар и Васил Тефов – благајник. Иако бројот на пензионерите тогаш не бил голем, ги имало педесетина, сепак формирањето на организацијата имало и има големо значење, бидејќи преку неа се штитат интересите и правата на оваа категорија граѓани. Сега во ЗП Неготино членуваат над 3.000 старосни, семејни и инвалидски пензионери, како и инвалиди на трудот. Здружението поседува пензионерски дом. Во трите пензионерски клуба Неготино, Криволак и Дисан, пензионерите се среќаваат, комуницираат, се забавуваат и рекреираат.



Во ЗП Неготино функционираат 12 ограноци и тоа 5 во Неготино и 7 во руралните средини, во селата. Посебно треба да се истакне постоењето на Клубот на пензионерки „Неготинијана“. За развојот и унапредувањето на културно–забавниот живот во најголема мера придонесува и вокално–инструменталната група „Распеани пензионери“ кое има испеано многу песни и има реализирано голем број настапи во општината и Републиката.

Здружението има добра соработка со локалната самоуправа.

Претседател на здружението и на ИО е Петар Захарчев, потпредседател на Собрание Стојан Атанасовски и секретар Симеон Христовски.

## ЗП ДЕЛЧЕВО

Здружението ЗП Делчево формирано е во 1997 година и повеќе години функционира како самостален правен субјект преку своето Собрание од 31 член, Извршниот одбор од 11 членови, Надзорниот одбор од 3 членови и неколку комисии. Во здружението активно работи и Активот на пензионерки. Пензионерите во ЗП Делчево организирани се во 14 ограноци и еден клуб на пензионери. Здружението учествува на ревиите на песна, музика и игри и на спортските натпревари организирани од СЗПМ. Во 2015 година беше домаќин на 21 регионални натпревари од источниот регион. Одлично соработува со локалната самоуправа и со другите институции поврзани со пензионерската популација. Исто така, ЗП Делчево има и меѓународна прекугранична соработка со пензионерите од Благоевград со кои има потпишано Меморандум за соработка.



Здружението има околу 3.200 членови.

Претседател на ЗП и ИО е Моне Ѓорѓиевски, а секретар е Борис Муцунски.

## ЗП ЛАБУНИШТЕ

ЗП Лабуништа е формирано во 1998 година. Пред тоа пензионерите од ова здружение членуваа во ЗП Струга. Иницијатори за формирање на здружението според сеќавања на постарите пензионери, биле активистите: Назив Имероски, Рамиз Ќазимоски, Дилавер Шаќироски, Билал Максудоски, Нихад Салоски, Невзад Мустафовски, Шеврит Демироски, Сафет Салоски, Фејзула Фејзулоски, Спасе Мариноски, Есад Авмедоски, Саид Сефиданоски и други. ЗП Лабуништа е организирано ги опфаќа селата: Бороец, Подгорци и Лабуништа, и брои околу 700 членови од разни националности.



ЗП Лабуништа е меѓу ретките здруженија во Републикава кое има свој Дом на пензионери изграден акцијашки со сопствени средства и помош од пензионери и жители од селото, времено вработени во странство. Секако најголема донација за изградбата на Домот на пензионерите има дадено СЗПМ во вредност од 120.000 денари. Домот е современо опремен. ЗП Лабуништа има воспоставено добра соработка со здруженијата: Струга, Вевчани, Дебар и Центар Жупа, Охрид и Дебарца и други здруженија од западниот дел од Републикава. Многу значајна е соработката со СЗПМ од каде добива голема подршка. По повод јубилејот 70 години од пензионерското организирање во Македонија, членот во Собранието на СЗПМ Рамиз Ќазимоски, кој е прв претседател на здружението, доби плакета.

Претседател на здружението и на ИО е Љутви Ќазимоски, а секретар Љутвија Салоски.

## ЗП ЛОЗОВО

Општинското здружение на пензионери Лозово е мало здружение. Во него членуваат околу 450 пензионери од 9 села од општината Лозово, од кои 40 трудови инвалиди. До 27.12.1997 година, пензионерите од Лозово, беа членови во состав на ЗП Свети Николе. На 28.12.1997 година пензионерите од Лозово формираат сопствено здружение како Сојуз на пензионери на општина Лозово, со седиште во Лозово. Од 22.03.2011 година со промена на Статутот, Сојузот на пензионери на општина Лозово се трансформира во Здружение на пензионери Лозово. Своите активности здружението ги изведува волонтерски, бидејќи финансиската состојба е многу слаба. Зружението има доста активности меѓу кои и екскурзии и посети на соседните држави: Албанија, Бугарија и Србија. Според можностите на здружението на некои од пензионерите со ниска пензија им помага и парично. Здружението активно учествува во прослава на јубилеи, годишнини и други празници во градот и пошироко. Секоја година се одбележува денот на дрвото. ЗП Лозово учествува на ревиите на песни, музика и игри што ги организира СЗПМ. Во 2016 година беше домаќин на 21. Регионални спортски натпревари на VII регион. Во моментот се работи на изготвување на социјална карта на пензионерите од здружението.



Претседател на здружението и на ИО е Марија Маневска, претседател на Собрание Гроздан Тасевски, а секретар Цвета Клинчарева.

## ЗП ПЕХЧЕВО

Здружението на пензионери од Пехчево е меѓу најмалите десет по бројот на членови во СЗПМ со околу 1.000 пензионери. Се залага за заштита и унапредување на правата на пензионерите, за подобрување на здравствената заштита и создавање на услови за нивно дружење и соработка. Членовите учествуваат на регионални и Републички пензионерски спортски натпревари, а во последно време и на регионални и Републичка ревија на песни, музика и игри. Во организација на здружението во соработка со градоначалникот Игор Поповски во туристичкото место „Рамна река“ започнаа да се одржуваат и пикнин средби со учество на 1.500 пензионери од повеќе градови од нашата земја. Се настојува манифестацијата да биде традиционална и да придонесе за туристички развој на овој дел од Малешевијата. Зародиш на овие средби беше средбата на „Рамна река“ пред пет години меѓу пензионерите од Пехчаво и ЗП Гази Баба од Скопје. Пензионерите ги посетија водопадите што претставуваат туристичка атракција. На состанокот меѓу двете раководства беше извршено збратимување со договор за понатамошни заеднички активности.




Претседател на здружението и на ИО е Борис Зарински, претседател на Собрание е Бранко Хаџиски, а секретар е Стојан Хаџи Иванов.

## ЗП КРУШЕВО

Здружението на пензионерите – Крушево е самостојна, независна, невладина, непартиска и мултиетничка организација на слободно здружени корисници (старосни, семејни и инвалидски) пензионери од општината Крушево. Здружението дејствува во интерес на остварување и унапредување на заедничките цели и интереси на сите корисници на пензија во Општината, ги штити стекнатите права од пензиското и инвалидското осигурување и се залага за поквалитетна здравствена заштита. Здружението ги унапредува културните, спортските и хуманитарните активности на пензионерите и учествува во организираните спортски натпревари на ниво на Регион и на ниво на Сојуз, како и на манифестацијата на песна, музика и игри и соработува и со други здруженија и невладини организации во Општината и пошироко. Здружението има својство на правно лице од 20.10.1998 година и истото е регистрирано при Централниот регистар на РМ согласно Законот за здруженија и фондации. Членка е на СЗПМ и брои околу 1.600 корисници на пензија. Располага и е сопственик на Пензионерскиот дом во кој е сместен и Пензионерскиот клуб. Клубови на пензионери има и во село Бучин, село Врбоец, а се подготвува да се отвори и во село Житоше.



Претседател на здружението и на ИО е Глигор Ангелески, претседател на Собрание е Никола Атанасоски и секретар Димче Трајкоски.

## ЗП ДОЈРАН

Здружението на пензионерите на Општина Дојран е основано со Одлука на Собранието на Здружението на ден 05.02.1999 година, со раздружување од ЗП Гевгелија. Здружението е потврдено со Судска одлука од 06.04.1999 година. Прв претседател на Здружението на пензионерите на Општина Дојран е Војо Терзиев, а седиштето на здружение е во просториите на Општина Стар Дојран, што значи дека нема свои простории. Од 22 февруари 2011 година за претседател на Собранието и на Извршниот Одбор е избран Боривој Бојаџиев. Претседатели на Извршниот Одбор на ЗП Дојран досега биле: Петар Топчев, Петар Илиев и Елиница Попкочева. Здружението денес брои околу 600 членови, но иако е мало по број, учествува во сите активности за кои има сили и средства.



Една од најзабележителните активности на која по правило е соорганизатор е отворањето на туристичката сезона во Дојран на која секоја година учествуваат по над 5.000 пензионери речиси од сите здруженија членки на СЗПМ. На овие средби некои пензионери шетајќи уживаат во убавините на пределот околу Дојранското Езеро, некои одмораат под дебелите сенки, а некои се осмелуваат да се капат отворајќи ја буквално сезоната.

Претседател на ЗП, на Собрание и на ИО е Боривој Бојаџиев, а секретар Петар Илиев.

## ЗП ДЕМИР КАПИЈА

Здружението на пензионери „Демир Капија“ од општина Демир Капија е формирано на 7 јануари 2010 година, а во СЗПМ е примено во април 2010 година. При формирањето здружението броеше 600 од општина Демир Капија, а денес има околу 710 пензионери. Во здружението функционираат четири ограноци. Од самиот почеток Здружението организира екскурзии и викенд средби. Во излетничкото место Дошница, традиционално се одржува пензионерски собир на кој присуствуваат од 1200 до 1400 гости од повеќе здруженија. Во 2016 на средбата присуствуваше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и градоначалникот на општина Демир Капија Трајче Димитриев кој сесрдно го поддржува здружението во граници на можностите на општината. Согледувајќи ги активностите на пензионерите Советот на општината Демир Капија, по повод празникот 7 ми ноември – Ден на ослободувањето на Демир Капија, на Здружението му додели седмоноемвриско признание, со надеж и желба и понатаму пензионерите да продолжат со своите активности и да постигнуваат нови успеси.



Здружението има формирано спортска екипа која учествува на натпревари на сите нивои, како и на турнирот во мал фудбал „Света Богородица“ кој се организира во општината. Од 2016 година формирана е и пеачка фолклорна група која учествува на ревиите. Пензионерките учествуваат на разни натпревари како што е например во Пробиштип „Зелникот на баба“. По повод Новата година посетува околу 20 семејства на стари изнемоштени пензионери и им дели скромни подароци, а ја посетува детската градинка „Борис Трајковски“ во Демир Капија и на децата од предшколска возраст им подаруваат скромни подароци.

Од формирањето претседател е Благоја Кавазов, а секретар Ристо Ристовски.

## ЗП НОВО СЕЛО

**З**дружението е формирано на 18.12.1997 година. Од самото формирање до денес функционира како самостоен субјект, кој редовно учествува во сите активности организирани од СЗПМ. Здружението практикува посетување на болни и изнемоштени, екскурзии до одредени места, учество во спортски натпревари и фолклорни ревии и друго. Има отворено клубови на пензионери во Сушица, Мокриево и Смолари. 20–те регионални спортски игри се одржаа во ЗП Ново Село, 2015 година и на нив зедоа учество пензионери од 7 регион–исток. Завршната свеченост се одржа во ресторан Сонце, с. Борисово каде од ЗП Струмица, ЗП Радовиш, ЗП Конче, ЗП Штип, ЗП Лозово и ЗП Свети Николе беа присутни околу 360 пензионери. Во ЗП Ново Село членуваат пензионери од Сушица, Зубово, Колешино, Борисово, Мокриево, Мокрино, Смолари, Дражево, Старо Коњарево, Ново Коњарево и Самоилово.




Здружението брои околу 1.400 пензионери. Претседател на ЗП Ново Село е Илија Ковачев, а секретар е Киро Велков.

## ЗП БОГДАНЦИ

Здружението е формирано на 25.07.1998 година и на иститот ден е поднесена пријава за запишување во Централниот регистер. Здружението има четири ограноци: Богданци, Стојаково, Ѓавото и Селемлија. Од сите ограноци има претставници во Собранието и во ИО на здружението. Собранието има 21 член, а ИО има 9 члена. Во составот на ОЗП – Богданци има актив на пензионерки. Здружението брои околу 1.400 членови. Од областа на културата здружението учествува редовно на Регионалните ревии на песни, музика и игри, како и на манифестациите Пензионерите пеат во повардарскиот регион и градовите Прилеп и Битола. Пензионерите редовно се присутини на пикниците на зелено низ цела држава. Исто така, секоја година се организираат екскурзии. Две екскурзии – пролетна и есенска со партиципација од здружението. Се организираат и посети на театарски претстави. Хуманоста кон најзагрозените е присутна преку доделување на парична помош и пакети со основни артикли во вредност според средствата на здружението. Тоа редовно учествува на регионалните и републичките пензионерски спортски активности согласно со програмата на СЗПМ. Здружението нема свој пензионерски клуб. Канцеларијата и просторијата за активности се во сопственост на Фондот на ПИОМ.





Претседател на ЗП Богданци е Димитар Чавдаров, а секретар Санда Петрушева.

## ЗП ДЕМИР ХИСАР

Здружението на пензионери Демир Хисар е самостојна, невладина, непартиска и мултиетничка организација на слободно здружени старосни, семејни и инвалидски пензионери од општината. Формирано е 1965 година. Здружението дејствува во интерес на остварување и унапредување на заедничките цели и интереси на сите корисници на пензија во Општината, ги штити стекнатите права од пензиското и инвалидското осигурување и се залага за поквалитетна здравствена заштита на пензионерите. ЗП Демир Хисар функционира преку следните органи, тела и комисии: Собрание, Извршен одбор и Надзорен одбор, 5 комисии и тоа: за културен и забавен живот, за спорт и рекреација, за здравство и здравствена заштита, комисија за помош, социјални прашања и посета на болни пензионери, за набавка и расходување на основни средства. Здружението поседува Пензионерски Дом изграден во 1972 година со површина од 517,30 м2, од кои Здружението користи 403 м2. Дел од просториите ги користи и Подрачната служба на ПИОМ. Во 2016 година заедно со ЗП Битола успешно учествуваше на 16–от Фестивал за трето животно доба во Љубљана. Здружението брои околу 1.590 пензионери.



Претседател на здружението е Пере Петрески, а секретар е Борис Најдовски.

## ЗП ШУТО ОРИЗАРИ

Почетоците на пензионерското организирање на пензионери во Шуто Оризари, датираат уште од пред 8 години, кога во 2009 година, се одвојува од ЗП Чаир и Бутел. ЗП Шуто Оризари е релативно ново здружение. Во него членуваат околу 1.400 пензионери, од кои повеќето се од ромска националност, додека во помал број се од другите националности. Доделена им е работна просторија и клуб со површина од 130 м², во кои работат и ги извршуват сите свои активности. Во Здружението, активно работи, и е носител на повеќе акции, Активот на пензионерки. Дел од нивните активности се: посета на болни, предавања, учество во манифестации и организирање екскурзии во и надвор од земјата. Уште на самиот почеток, здружението активно се вклучи во повеќе активности организирани од СЗПМ. На сите регионални и републички ревии на песни, музика и игри, редовно настапува, а присутно е и на регионалните и републичките пензионерски спортските натпревари. ЗП Шуто Оризари особено води грижа за здравјето и стандардот на своите членови. На пензионерите со ниски пензии, болни и изнемоштени лица им доделува еднократна парична помош. Соработката со локалната самоуправа се настојува да биде на потребното ниво. Претседател е Ариф Бекир, а секретар е Лилјана Хајдар.



## ЗП ГЕВГЕЛИЈА

Здружението на пензионери на Општина Гевгелија е основано во 1986 година со седиште на ул. Маршал Тито бр. 147 Гевгелија. Како Здружение на пензионери дејствува на цела територија на Општина Гевгелија и има 14 ограноци и тоа: Гевгелија 5 огранока, Негорци, Миравци со Петрово Габрово и Милетково, Давидово, Прдејци, Богородица, Мрзенци, Моин со Горничет, Смоквица и Кованец, а брои околу 3.900 пензионери.

Органи во Здружението: Собрание кое брои 27 членови. Во Здружението на пензионери Гевгелија работат и Комисија за култура и забавен живот, во чиј состав работи и пејачката група „Сава Михајлова“, Комисија за спорт, Комисија за станбен и деловен простор, Комисија за социјални и здравствени работи, Комисија за пратење на работата на клубовите по населените места и одржување на станбениот и деловен простор. Здружението на пензионери располага со 21 стан во два Пензионерски дома во Гевгелија, ресторански простории со летна бавча и клуб на пензионери, како и деловни простории, канцеларии. Здружението исто така има и Викендица на Кожув – Смрдлива вода и сите се сопственост на Здружението на пензионери Гевгелија со имотни листови. Клубовите по населените места се сместени во простории на Општина Гевгелија и за нив има склучено договор за деловна соработка. Советот на општина Гевгелија по повод 7–ми ноември – Денот на ослободувањето на градот, на поединци и институции кои придонеле во севкупниот развој на Општината додели плакети. Златна плакета е доделена и на ЗП Гевгелија, како признание за постигнатите резултати во сите сегменти од животот на пензионерите.



Претседател на Здружението е Лена Семенакова, а секретар е Мирјана Карајнова.

## ЗП МАКЕДОНСКИ БРОД

Во Книгата за евиденција при Здружението на пензионери Македонски Брод, првите членови на здружението евидентирани се во јануари 1952 година. Број на пензионери, членови на подружницата во Македонски Брод, во декември 1959 година изнесувал 54 члена. Поранешни претседатели на здружението од 1982 година биле: Милан Миткоски, Музафер Зеќироски, Венче Станкоски, Милован Маркоски, а секретари Стојан Гиноски, Костадин Иваноски и Станојле Станоески. Денес ЗП Македонски Брод брои околу 1.300 членови (старосни, инвалидски и семејни пензионери) организирани во седум ограноци за општината Македонски Брод и општината Пласница. ЗП Македонски Брод е самостојно, невладино, непартиско, непрофитно и мултиетничко здружение, доброволно здружено со останатите 52 здруженија во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. ЗП Македонски Брод, со својство на правно лице, се залага за заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија. Со своите активности ЗП Македонски Брод соработува со СЗПМ, со здруженијата на пензионери од Југозападниот регион на Р. Македонија, локална самоуправа,ФЗОМ, Фондот за ПИОМ, Црвен крст, Меѓуопштински центар за социјални работи и други институции.



Претседател на здружението е Илија Лазески, а секретар Венче Кузманоски.

## ЗП РЕСЕН

Здружението делува повеќе години. Беше успешен домаќин на Републички пензионерски спортски натпревари во 2000 и 2006 година на терените на летувалиштето Крани на Преспанското Езеро. Собранието на ЗП Ресен, согласно усвоените програмски активности празникот „Св. Кирил и Методија“, Денот на словенската писменост, кој истовремено е и патрон на Ресен, на 24 мај го одбележа свечено. По овој повод, над 400 пензионери од нашава земја се дружеа на брегот на Преспанското Езеро. На почетокот од веселбата, по срдечниот пречек со благо, присутните ги поздрави претседателката на ЗП Ресен, Костадина Барандовска, која во своето обраќање, укажа на значењето на овој голем верски празник и се заблагодари на големиот одзив на пензионерите од здруженијата: Охрид и Дебрца, Струга, Битола, Вевчани, Демир Хисар, Штип и Карбинци, Ѓорче Петров и други. За значењето на празникот и за соработката со општината и ЗП Ресен, зборуваше и градоначалникот Ѓоко Стрезовски. Средбата за отворена ја прогласи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски акцентирајќи го значењето на јубилејот 70 години од пензионерското организирање во Македонија. Задоволството од дружењето се гледаше на лицата на присутните кои на заминување посакаа овој собир да прерасне во традиција, што е и цел на здружението кое брои 2.800 пензионери.





Претседател на здружението е Костадина Барандовска, а секретар е Гоце Бутевски.

## ЗП БЕРОВО

Организираниот живот на пензионерите од општина Берово започнува од 1965 година како градска организација на пензионери од град Берово со околу 20 членови. Прв раководител е пензионерот Димитар Чучевски, а прв клуб – кафана од 1967 година бил сместен



во приватен објект. Општинскиот Сојуз на пензионери – Берово со активности започнува од 1969 година со околу 50 члена. Во ЗП Берово делуваат повеќе Комисии под надлежност на Извршниот одбор преку кои се одвиваат сите активности во здружението. Комисија за доделување еднократна парична помош традиционално врши поделба на хуманитарни пакети за Велигден и Божиќ.

Во моментот ЗП Берово брои околу 2.250 членови пензионери, а на подрачјето на општина Берово делува и посебно Здружение на инвалидски пензионери Берово со околу 400 членови кои од матичното Здружение се одделиле во 1994 година. Се до 1973 година канцеларијата и Клубот на пензионери биле сместувани во приватни простории под кирија. Во 1973 година е изграден Дом на пензионери во Берово, со приземје и кат во кој се сместени канцеларија и Клуб на пензионери. Домот е надоградуван и реновиран во 1986–87, како и во 2008, 2010, 2013 и 2016 година.

Претседател на ЗП е Љупчо Готовски, а секретар Надежда Сашанска.

## ЗП КРАТОВО

Кратовското здружение на пензионери своите поголеми активности започнува да ги остварува во деведесетите години на минатиот век. Здружението е едно од иницијаторите



за одржување на традиционалните меѓуопштински спортски натпревари на пензионерите од Пробиштип, Крива Паланка, Свети Николе и Кратово кои имат 25 годишна традиција. Со успех учествуваат и на регионалните и републичките пензионерски спортски натпревари, како и на фолклорните ревии што ги организира Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. При тоа посебен успех имаат познатите кра-




товски пензионерски тамбураши. По повод празникот Свети Ѓорѓи Кратовски, патронот на градот Кратово, здружението организира традиционална средба на пензионерите од повеќе градови од нашата земја.Секоја година повеќе пензионери учествуваат и на празничните свечености на плоштадот „Павел Шатев“.

Здружението брои околу 1.700 членови и остварува многу добра соработка со локалната самоуправа и со градоначалникот Мите Андоновски, како и со повеќе здруженија – членки на СЗПМ.

Претседател на Здружението е Љупчо Ангеловски, а секретар е Манчо Антовски.

## ЗП МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Здружението на пензионери на општина Македонска Каменица како самостојно здружение делува од 28.01.1997 година. Дотогаш делувало како Огранок на ЗП Делчево со зголемени ингеренции. Постапката за формирање на Здружението демократски е спроведена, а делбениот биланс на средствата е извршен според бројот на пензионерите.



Прв претседател на Здружението е Симеон Ангелов. Здружението делува на делегатски принцип, па затоа во село Саса каде има поголем број на пензионери има Огранок. Селските населби се од маалски тип т.е расфрлани во повисоките зони во граничниот појас кон Р. Бугарија, и не може да дојде до групирање на повеќе населени места и формирање на огранок. Затоа секое населено место–месна заедница (10 месни заедници) во Собранието на Здружението застапено е со делегат или вкупно десет делегати. Во Здружението делуваат и Комисија за културен забавен живот, Комисија за спорт, Комисија за здравство, Комисија за работа со правни субјекти, Пописна комисија и Комисија за расход, како и Актив на пензионерки и фолклорна група „Разиграни пензионери“, со која во 2015 година на 15 ФЗЖД во Љубљана заедно со ЗП Радовиш и Конче го претставуваше СЗПМ односно Р. Македонија. Македонска Каменица во Собранието има 11 делегати, а во Извршен Одбор 7. Здружението на пензионери има и пензионерски клуб од 155м2.

ЗП Македонска Каменица е организатор на најголемиот собир на кој присуствуваат и по 5.000 пензионери во месноста Еленец, потпомогната од ЛС со која има потпишано Меморандум за соработка. Здружението брои околу 1.300 членови.

Претседател на Здружението е Видан Коневски, а секретар Кирка Атанасовска.

## ЗП ЗЛЕТОВО

Здружението на пензионери во Злетово е формирано во 1998 година со одвојувањето од ЗП Пробиштип. Досегашни претседатели на здружението биле Радослав Михајлов, Данка Јосифова, и Страхил Мијалчов. Здружението многу добро соработува со ЗП Пробиштип, ЗП Кратово, ЗП Штип и со други здруженија. Тоа е едно од намјалите здруженија – членки на СЗПМ со околу 500 членови. Здружението успешно учествува на регионални и републички спортски натпревари, како и на регионални и републички ревии на песни, музика и игри. Здружението се грижи и за материјално–социјалната сигурност на пензионерите и за нивната здравствена заштита, а организира и учество на пикник средби и екскурзии. При тоа посебна активност има Активот на пензионерки кое се грижи и за хуманитарните активности.



Најголем успех на здружението што во 2010 година изгради свој нов двокатен простор во центарот на Злетово со канцеларии и пензионерски клуб каде пензионерите се дружат играат шах, домино, табла, пикадо и друго... Тоа им е како втор дом. Се информираат, се договараат за активностите, а тука вежбаат и членовите на културно–уметничкото друштво.

Претседател на Здружението е Трајан Пецевски, а секретар е Трајко Попов.

# СЗП НА ГРАД СКОПЈЕ

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје се опфатени сите 14 здруженија на пензионери од главниот град на Република Македонија со над 80.000 членови. Сојузот делува подолго време, а забележителни резултати во своите активности остварува по осамостојувањето на Република Македонија, кога најпрвин претседател беше Васко Поповски. Значаен период претседател на Градскиот сојуз беше д–р Крсто Ангеловски. Од почеток на 2007 година во рамките на Сојузот беше формиран и Координативен одбор како посебен советодавен облик на дејствување, а со цел за поефиксно договарање, координирање и решавање на одредени прашања од интерес на скопските пензионери. Во фокусот на интересирање се прашањата за животниот стандард, работата на пензионерските домови и соработката со Фондот на ПИОМ, социјална и здравствена заштита, одморот и рекреацијата и друго. Се настојуваше Рекреративниот центар Катланово што повеќе и поефикасно да се користи и да се реши сопственоста.



На средбите со градоначалникот на Скопје Коце Трајановски во 2009 година беше потпишана и спогодба за одредување буџетски средства за реконструкција на РЦ Катланово, како и за воведување јавен градски превоз за стари лица, жени над 62 и мажи над 64 години. најпрвин секој вторник и петок, а потоа и сабота и недела. Со помош на градоначалникот се остварува и соработката со пензионерите од главните градови на Балканот. Под покровителство на градоначалникот се одржува и традиционалниот пензионерски шаховски турнир „13 ноемвмри“. Бенефитите што ги обезбедува градот Скопје за пензионерската популација постојано се зголемуваат. Последните години Градскиот сојуз на пензионерите е успешен домаќин на Републичките ревии на песни, музика и игри што ги организира СЗПМ.

СЗП на град Скопје е домаќин и на Меѓуетничката пензионерска средба во Сарај, која треба да стане традиционална.

Органи на Градскиот сојуз се Собрание и Извршен и Надзорен одбор, а има и комисии за култура и спорт. Нов претседател на Собранието е Љупчо Димовски, а на Извршниот одбор Методија Новковски.

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** – ДРАГИ АРГИРОВСКИ
**ГОДИНАТА НА 70-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ ЌЕ БИДЕ ЗАПАМЕТЕНА**....................................5

**РЕЦЕНЗИЈА** – АЛЕКСАНДАР ДИМКОВСКИ,
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“
**ГОДИНИ ИСПОЛНЕТИ СО ДРУЖЕЊЕ, СОЖИВОТ И АКТИВНОСТИ**....................................8

**I ДЕЛ** – ДРАГИ АРГИРОВСКИ
**„ПОВЕЛБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ЗА СЗПМ**.........................................................11

**II ДЕЛ** – ИЛИЈА ГЛИГОРОВ
**ПРВИТЕ ДВЕ ДЕЦЕНИИ НА РАЗВОЈОТ**..........................................................................21

**III ДЕЛ** – СТАНКА ТРАЈКОВА
**ЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ**.........................................................................29
(РУБРИКИТЕ 5, 6, 8 И 9 ГИ ПОДГОТВИ ИЛИЈА ГЛИГОРОВ)

**IV ДЕЛ** – ИЛИЈА ГЛИГОРОВ
**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ**..........................................................................53

**V ДЕЛ** – СТАНКА ТРАЈКОВА
**МЕЃУГЕНЕРАЦИСКО ДРУЖЕЊЕ И СОЖИВОТ**..................................................................65

**VI ДЕЛ** – МЕНДО ДИМОВСКИ
**ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВЕРНИ ЧУВАРИ НА КУЛТУРНОТО БОГАТСТВО НА МАКЕДОНИЈА**......71

**VII ДЕЛ** – ДРАГИ АРГИРОВСКИ
**СПОРТУВАЊЕ И ДРУЖЕЊЕ ЗА ЗДРАВО ТЕЛО И ЗДРАВ ДУХ**............................................97

**VIII ДЕЛ** – КАЛИНА С. АНДОНОВА
**ИНФОРМИРАЊЕТО ПРИОРИТЕТ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ**.......................................................119
(РУБРИКАТА 1 ЈА ПОДГОТВИ ИЛИЈА ГЛИГОРОВ)

**IX ДЕЛ** – КАЛИНА С. АНДОНОВА
**ПЛАКЕТИ, ПРИЗНАНИЈА И БЛАГОДАРНИЦИ**.....................................................................137

**X ДЕЛ** – КАЛИНА С. АНДОНОВА
**ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА СЗПМ**.........................................................................143

## ВО МОНОГРАФИЈАТА КОРИСТЕНИ СЕ ПОДАТОЦИ И СЛИКИ ОД:

- АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ
- СЛУЖБЕНИ ВЕСНИЦИ
- БИЛТЕНИ ЗА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ
- БИЛТЕНИ ЗА ФОЛКЛОРНИ РЕВИИ
- МОНОГРАФИИ НА ЗДРУЖЕНИЈА
- ИНФОРМАТОРИ
- ВЕСНИКОТ „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“
- ПОДЛИСТОКОТ „ПЕНЗИОНЕРСКИ ВИДИЦИ“ ВО НОВА МАКЕДОНИЈА
- ВЕСНИКОТ „КОХА“

# ЗБОРОВИТЕ ЛЕТААТ, ПИШАНОТО ОСТАНУВА

**ОСОБЕНО СЕ ЗАБЛАГОДАРУВАМЕ
ЗА ПОДДРШКАТА
НА МОНОГРАФИЈАТА НА:**

**САВА ОСИГУРУВАЊЕ
ЕУРОСТАНДАРД БАНКА
ШПАРКАСЕ БАНКА
КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
ЗЕГИН
РИ-ГРАФИКА**

# мБанка
# БАНКА НА ДОФАТ НА РАКА
Бесплатна. Едноставна. Сигурна

ПЛАЌАЈТЕ ГИ СМЕТКИТЕ БРЗО И ЛЕСНО

ВРШЕТЕ СИГУРЕН ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА



БЕЗ ТРОШОЦИ ИЛИ СО 60% ПОНИСКИ НАДОМЕСТОЦИ ОТКОЛКУ НА ШАЛТЕР

комерцијална банка ад скопје

2015/16 Superbrands Macedonia's Choice

Со **бесплатната** апликација **мБанка** имате можност **брзо, едноставно** и **сигурно** да ги плаќате сметките или да префрлате средства, **без дополнителни трошоци** или со **над 60% пониски надоместоци** отколку на шалтер.

www.kb.com.mk контакт центар: (02) 3 296 800



**Дебитни картички**



# Еден регион. Една Групација.

Повлекувањето средства со дебитните картички на Шпаркасе Банка од банкоматите во Групацијата (Австрија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија) е **БЕЗ ПРОВИЗИЈА.**

ERSTE BANK SPARKASSE BANK

Тел.: + 389 (0) 2 3200 500 | E-mail: contact@sparkasse.mk


Уникатен и модерен
подарок за секоја прилика!
EUROSTANDARD Bank
Gift Card
5259 8700 0000 0000
Овозможете им на вашите сакани и блиски да си одберат подарок по свој вкус. Најдобар избор за секоја прилика – платежни подарок картички на Еуростандард банка.
ЕУРОСТАНДАРД Банка
www.eurostandard.com.mk


ЕКСКЛУЗИВНА ПОНУДА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Безгрижно
чекориме кон иднината
Осигурување за целото семејство
Бидете носител на осигурувањето на било кој член од вашето потесно семејство.
Полиси на рати
10 еднакви рати без камата, со административна забрана на пензијата.
Голем број осигурителни продукти
Осигурување од автомобилска одговорност, зелен картон, каско-осигурување на моторни возила, домаќинско осигурување, како и останати имотни осигурувања според вашите потреби.
Продажна мрежа
Полисите можете да ги купите само во подружниците на Сава Осигурување и експозитурите на НЛБ Тутунска Банка.
Едноставна процедура
Дојдете во некоја од продажните локации, со себе носете чек од пензијата и лична карта, а потоа потпишете ја полисата со пропратната документација.
Сите останати процедури се обврска на Сава осигурување и Фондот на ПИОМ.
Партнери:
ФПИОМ
www.piom.com.mk
70
www.szpm.org.mk
SAVA
OSIGURUVANJE


ДО ЦЕЛ СВЕТ ПРЕКУ ЕДНО МЕСТО - ЦЕЛ СВЕТ НА ЕДНО МЕСТО
Користете туристички аранжмани
ПЛАТИ 100, А ДОБИЈТЕ 106 ЕВРА
ZEGIN TRAVEL
ПАТУВАЈТЕ СО ПРИВИЛЕГИИ
30 евра
45 евра
60 евра
Кај нас Вашите пари вредат повеќе.
Со купени авиобилети добивате 30, 45 и 60 ЕВРА ВРЕДНОСЕН ЧЕК
за бесплатно купување во сите ЗЕГИН аптеки.
Купувајќи авионски карти или уплаќајки аранжман преку нашата агенција,
станувате лојален член на интернационалниот клуб на Зегин со низа поволности.
ВРЕДНОСЕН ЧЕК
Ова го има само во Zegin Travel
За секоја купена авионска карта во зависност од дестинацијата или за уплатен аранжман дома или во странство, добивате вредносен чек со кој бесплатно пазарувате во сите Зегин аптеки, и тоа од целиот асортиман освен лекови.
30 евра (за патување во Европа)
45 евра (за патување во земјите на Блискиот Исток)
60 евра (за интерконтинентални патувања, САД, Канада, Австралија)
Вредносниот чек добиен при уплата на аранжман изнесува 10 % од сумата платена за него.
НАСКОРО ЛОЈАЛНИ КАРТИЧКИ ЗА БРЕМЕНИ ЖЕНИ И ЗА ПЕНЗИОНЕРИ СО ПОГОЛЕМ БОНИТЕТ
+389 2 2341 690 +389 2 2341 691
+389 2 2341 692 +389 2 2341 693
travel@zegin.com.mk
ЛОЈАЛНА КАРТИЧКА
6% – 10% попуст
При купување на авионска карта добивате и Зегин лојална картичка со која добивате попуст во зависност од висината на сумата за платената карта.
За износ до 200 евра – 6% попуст
За износ до 600 евра – 8% попуст
За износ над 600 евра – 10% попуст
(Попустот важи до висина на сумата платена за авионската карта)
Зегин лојална картичка добивате и за уплатен аранжман, која ќе ви овозможи попуст од 10% за сите наредни купувања во аптеките на Зегин до сумата потрошена за патувањето.
Вредносните чекови и попустите на лојалната картичка може да ги користите во период од една година.


РИ ГРАФИКА
дизајн & принт
печатење:
книги
брошури
флаери
каталози
дигитален колор печат
книговезница
Бул. "Јане Сандански" бр. 113
1000 Скопје, Р. Македонија
Тел/Факс :: ++389 (0)2 24 51 527
e-mail :: rigrafika@gmail.com

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

061.2-057.75(497.7)"1946/2016"

ПЕНЗИОНЕРСКИ активности за почит : 70 години 1946-2016 / [Драги Аргировски ... и др.]. - Скопје : Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија, 2017. - 200 стр. : фотографии ; 30 см

Автори: Драги Аргировски, Станка Трајкова, Калина Сливовска-Андонова, Илија Глигоров, Мендо Димовски

ISBN 978-608-65788-5-5
1. Аргировски, Драги [автор]
а) Сојуз на здруженијата на пензионери на Македонија - 1946-2016 - Јубилеи б) Пензионерски друштва - Македонија - 1946-2016
COBISS.MK-ID 103095306